# К А Т А Л О Г

## НА НАЦИОНАЛНИОТ ФИЛМСКИ ФОНД

## 1905 - 2000

КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА

КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА

# КАТАЛОГ НА
# НАЦИОНАЛНИОТ ФИЛМСКИ ФОНД
# 1905 - 2000

КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА

# КАТАЛОГ НА
# НАЦИОНАЛНИОТ ФИЛМСКИ ФОНД

## 1905-2000

Скопје, 2001

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

791.43(497.7) (06.064)

КАТАЛОГ на националниот филмски фонд : 1905–2000 / [го подготвија Павлина Пановска ... и др.]. – Скопје : Кинотека на Македонија, 2001. – 324 стр. ; 23 см

Регистри

ISBN 9989–643–11–3
1. Пановска, Павлина
а) Филмови – Македонија – Каталози
COBISS-ID 0

# ВОВЕД

Кинотеката на Македонија е основана во 1974 година од Собранието на Република Македонија, со донесување на Закон за нејзино конституирање, а активно започнува да работи во 1976 година. Кинотеката е формирана како национална институција, која се занимава со прибирање, чување, заштита, обработка и презентирање на филмови и филмски материјали. Во поголемиот дел од овие активности Кинотеката има постигнато завидни резултати.

Во доменот на прибирањето, Кинотеката поседува над **9.000 копии** на филмови, од кои **4,500 се наслови на филмови** од македонската и светската продукција (изразено попрецизно во бројки, ова визуелно кинематографско богатство се чува на повеќе од **39,700 филмски ролни**, кои, пак, изразени во тежина изнесуваат **140 тони**).

Филмската колекција на Кинотеката, поточно националното филмско наследство, содржи филмови што потекнуваат од самиот почеток на XX век. Ова, пред сè, се однесува на целокупниот филмски опус (негативи и позитиви) на браќата Манаки, кои датираат од 1905 година. Следуваат снимките на странски сниматели, кои снимале на тлото на Македонија за време на Првата светска војна, како и филмовите на домашните и странските филмски автори, кои снимале меѓу двете светски војни. На крај, се разбира, значајно место зазема и целокупниот филмски фонд од она што Кинотеката успеала да го прибере од повоената македонска организи-

рана филмска продукција (филмски журнали, документарни, анимирани и играни филмови).

Покрај ова, Кинотеката поседува колекција од над **30,000** фотографии, филмски плакати и најразновиден филмски пропаганден материјал, архив на пишувана граѓа со над **100,000** документи и библиотека со повеќе од **3,400** специјализирани книги и списанија.

Најголемиот дел од филмовите и другата филмско-архивска граѓа се обработени, и тоа на две нивоа. Првото ниво е примарната кинотечна обработка со која се врши еден вид демонтажа на филмот и се излачуваат најзначајните податоци за секој наслов со кратка содржина и одредници, кои се внесуваат во картотека. Второто ниво е, вака обработените филмови компјутерски се каталогизираат во локална мрежа, како и во кинотечна компјутерска база на филмови ДАТАФИЛМ, која е креирана двојазично (на македонски и на англиски јазик) и е достапна *on-line*.

Вака обработените филмови и систематизираните податоци многу често ѝ овозможуваат на Кинотеката да организира нивно презентирање на разни манифестации, како пред домашната, така и пред светската јавност.

Кинотеката е членка на FIAF (Меѓународна федерација на филмски архиви) и на ACE (Асоцијација на европските кинотеки), со што уште повеќе се интензивираат меѓународните релации и соработката со сродните институции во светот. Ова подразбира истражувања и побарувања на филмови, снимени во и за Македонија, за кои постојат сознанија и интерес во нашата институција, размена на филмови, размена и достапност до стручна литература и специјализирани списанија, стручно усовршување на наши кадри (двајца соработника од Кинотеката се едуцираа на две летни школи, во организација на FIAF), споделување на искуства со стручни лица од светските кинотеки итн.

Кинотеката на Македонија е секогаш отворена за сите заинтересирани корисници, особено во едукативни и истражувачки цели, но и во една поширока рецептивна смисла за дисперзија на кинематографската свест (преку поединечни и групни истражувачки проекти, кои се објавуваат во списанието „Кинопис" или во засебни едиции на Кинотеката, потем со организирање на тематски и пригодни изложби, филмски проекции, домашни и меѓународни сипозиуми на теми од областа на филмот итн.).

Токму овој каталог е уште еден придонес кон посеопфатно презентирање и приближување на нашето национално филмско наследство на филмската, но и на пошироката културна јавност.

Првиот обид да се изготви Каталог на националниот филмски фонд, во Кино-

теката е реализиран во 1977 година. Оттогаш, во 25-годишното постоење на Кинотеката, во прибирањето, истражувањето, обработката и каталогизирањето на филмовите опфатени во овој каталог, свој придонес и макотрпен труд имаат вложено една плејада стручни лица. Денес, каталогот го објавуваме како информативно средство и помагало на сите заинтересирани корисници, истражувачи и проследувачи на македонската кинематографија. Во него, филмовите се обработени и претставени со следниве податоци: наслов на филмот, година на производство, инвентарен број (сигнатура) на расположивите копии, кратка содржина и одредници. Потем следуваат податоците за продуцентот, за сценаристот, за режисерот и за снимателот, како и за аниматорот во анимираните филмови и за монтажерот во играните филмови. На крај се техничките податоци за ширината на филмската лента, за бојата, за звукот и за должината на филмот во метри. Филмовите се дадени хронолошки, според годината на нивното снимање, а оние каде што годината на производство не е идентификувана се ставени во загради или на крај. Филмовите снимени во иста година се средени по азбучен редослед. Доколку филмскиот материјал нема наслов на филмската лента, насловот е изведен од содржината на филмот. За полесно користење на каталогот, изготвени се индекси на насловите на филмовите, на имиња на авторите и соработниците, на имиња на значајни личности што се појавуваат во филмовите и на дескрипторите, клучните зборови (значајни настани, прослави, предели, градови, архитектонски градби итн.)

Каталогот е поделен на четири дела: документарни, анимирани, играни и кратки играни филмови. Најпрвин се пренесени филмовите снимени од браќата Манаки, а потоа и оние на филмските аматери, кои снимале меѓу двете светски војни и за време на Втората светска војна (Јовков, Мишковиќ, Дрнков, Здравев, Поп-Стефанија, Миноски, Миладинов). Следува документарната продукција. Овој дел содржи 415 наслови. Во другите делови може да се проследат 35 анимирани филмови, 48 играни и 22 кратки играни филмови.

На крајот, мора да напоменеме дека содржината и предметот на овој каталог се **само** филмовите што се депонирани во Кинотеката на Македонија и што се обработени. За старите филмови, Кинотеката сè уште вложува напори да ги прибере, а за поновата продукција, Кинотеката на Македонија и на овој начин апелира кај продуцентите за доследно спроведување на Законот за задолжителен примерок.

На тој начин, националното кинематографско наследство ќе биде зачувано и ќе биде овозможено негово користење и прикажување за овие и за следните генерации.

Весна Масловариќ

# КРАТЕНКИ

**А**

АВНОЈ – Антифашистичка војна на народното ослободување на Југославија
АК – агрокомбинат
АН – аниматор
АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на македонија

**Б**

БиХ – Босна и Херцеговина

**Г**

ГРО – градежна работна организација
ГШ – генерал–штаб
ГШ – генерален штаб

**Д**

ДАГ – Демократска армија на Грција
ДЕ – дескриптори (клучни зборови)
ДИК – дрвно–индустриски комбинат
ДЛУМ – Друштво на ликовни уметници на Македонија

**Ж**

ЖТО – железничко–транспортна организација

З

ЗИК – земјоделско-индустриски комбинат

И

ИО – издавачка организација
ИП – издавачко претпријатие
ИС – извршен совет
ИСИЗ – Институт за сеизмологија, инженерство и земјотреси

Ј

ЈНА – Југословенска народна армија

К

К – сниматeл (директор на фотографија)
КПД – казнено-поправен дом
КПЈ – Комунистичка партија на Југославија
КПМ – Комунистичка партија на Македонија
Кралството СХС – Кралство на Срби Хрвати Словенци
КУД – културно уметничко друштво

М

М – монтажа
МЗТ – Металски завод – „Тито“
МАНУ– Македонска академија на науките и уметностите
МНТ – Македонски народен театар
МРА – младинска работна акција

Н

НА-МА – Народен магазин
НО – Народен одбор
НОБ – народноослободителна борба
НОВ – народноослободителна војна
НР– народна република
НРМ – Народна Република Македонија
НФ – народен фронт

О

ОУ – основно училиште
ОХИС – Органско-хемиска индустрија – Скопје

П

ПК-КПМ – Покраински комитет на Комунистичка партија на Македонија
ПОЈ – Партизански одреди на Југославија
ПП – противпожарна
ПР – продуцент (продуцентска компанија)
ПТТ – пошта-телеграф-телефон

Р

Р – режија
РО – работна организација

С

САД – Соединети Американски Држави
СИС – Сојузен извршен совет
СКМ – Сојуз на комунисти на Македонија
СКОЈ – Сојуз на Комунистичката младина на Југославија
СКП (б) – Советска комунистичка партија (болшевичка)
СР Германија – Сојузна Република Германија
СР Хрватска – Социјалистичка Република Хрватска
СРМ – Социјалистичка Република Македонија
СССР – Сојуз на Советски Социјалистчки Републики
СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија
СЦ – сценарио

Т

ТМОРО – Тајна македонско-одринска револуционерна организација

Ф

ФАС – Фабрика за автобуси – Скопје
ф-ка – фабрика
ФНРЈ – Федеративна Народна Република Југославија

Х

ХЕ – хидроелектрана
ХЕК – хемиско-енергетски комбинат
ХЕЦ – хидро-електрична централа
ХМС – хидромелиоративен систем
ХС – хидро-систем
ХЦ – хидроцентрала

## Ц

ЦК–КПЈ – Централен комитет на Комунистичка партија на Југославија
ЦК–КПМ – Централен комитет на Комунистичка партија на Македонија
ЦК на ПОРП – Централен комитет на Полската обединета политичка партија
ЦК СКМ – Централен комитет на Сојузот на комунистите на Македонија

## Ч

ЧССР – Чехословачка Социјалистичка Република

## ВОДИЧ ЗА ИНВЕНТАРНИТЕ БРОЕВИ

/1 – негатив слика
/2 – негатив тон
/3 – работна копија
/6 – тон копија

# ПОПИС НА ФИЛМОВИТЕ

# ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ

## 1. БАБА ДЕСПИНА

(1905–1907)
Ин. број: 2726–A323/3

Во овој филмски материјал е овековечена бабата на Јанаки и Милтон Манаки, Деспина, како преде, која според одредени сеќавања имала 114 години. Ова е првиот филмски кадар снимен од браќата Манаки и воопшто на Балканот.
ДЕ: Деспина, бабата на Јанаки и Милтон Манаки; влашка женска народна носија; рачна работа, предење
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно–бел, нем, 4,8 м

## 2. ДОМАШНА РАБОТА - ПРЕДИЛКИ

(1905–1907)
Ин. број: 2725–A323/3

Еден од првите филмски материјали снимени од браќата Манаки. Пред семејната куќа во родното село Авдела, снимени се група жени и девојчиња, во влашка народна носија, при рачна изработка на волна, подготвувајќи ја за предење и ткаење.
ДЕ: рачна работа, сновење основа, подготовка на волната за предење; влашка женска народна носија
ПР: Браќа Манаки

Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 26,7 м

## 3. ШКОЛСКИ ЧАС НА ОТВОРЕНО

(1905-1907)
Ин. број: 2732-А323/3

На отворен простор, под дрво, деца, ученици се подготвуваат за училиштен час, се крстат. По молитвата се сместуваат во училишните клупи и ја следат наставата.

ДЕ: влашко училиште, настава на отворен простор; молитва, крстење пред почетокот на часот
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 54 м

## 4. БАЧИЛО

(1905-1911)
Ин. број: 2733-А323/3

Власите најчесто се занимавале со чување и одгледување овци, чија волна и месо ги користеле за сопствени потреби, како и за продавање. Во овој материјал се забележани колењето на овците и понатамошната обработка.

ДЕ: бачило; овчари, Власи; колење овца
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 12,4 м

## 5. ВЕРСКИ ПРАЗНИК „ЗАДУШНИЦА"

(1905-1911)
Ин. број: 2748-А324/3

Голем дел од филмските материјали снимени од браќата Манаки се однесуваат на верските празници и обичаи на Македонците и на Власите во Битола и Битолско, како и во останатите места кадешто снимале браќата. Филмскиот материјал на кој е снимен верскиот празник Задушница е доста краток, снимен на гробишта со само 5 кадри.

ДЕ: верски празник Задушница; народна носија, женска; Милтон Манаки, во темен костум со темен фес
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 28,5 м

## 6. ВЛАСИ НОМАДИ

(1905–1911)
Ин. број: 2731–А323/3

Забележан е еден карван на Власи номади. Подготовките, товарање на коњите, тргнувањето и од самиот пат. Материјалот е снимен на ридест предел, во заднина се гледа населено место, веројатно Гревена.

ДЕ: Власи номади, карван; влашка народна носија, машка; влашка народна носија, женска
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 61,5 м

## 7. ВЛАШКО ОРО

(1905–1911)
Ин. број: 2735–А323/3

Веројатно, станува збор за прослава на верски празник или селска слава на Власите. Целата прослава, односно народните танци се забележани на голема ливада. Интересно е што за цело време додека мажите и жените танцуваат нема музичка придружба.

ДЕ: влашко машко оро; женско влашко оро; влашка женска народна носија; машка влашка народна носија (светла и темна)
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 70,5 м

## 8. ГРАДСКА СВАДБА ВО БИТОЛА

(1905–1918)
Ин. број: 2745–А323/3

Покрај тоа што снимањето свадби бил личен интерес на браќата Манаки, и тоа најчесто го правеле за своја сметка, филмското бележење на овие обичаи во два случаи на браќата им донело и дополнителен финансиски ефект. Станува збор за свадбите на битолчанецот Петар Герас и прилепчанецот Ристо Зердески. Но, и во двата случаи, според сеќавањата на Милтон Манаки и на неговите соработници и современици, било договорено на нарачателите да им се отстапат и негативите и позитивите. Токму затоа, за овој филмски материјал на кој е забележана градска свадба не може да се утврди за која свадба станува збор, иако е сочуван телоп на кој пишува: „Свадба на Петар Герас индустријалец од Битола“. Поради ова, како и поради тоа што на табличките на автомобилите пишува Битола, може да се претпостави дека тоа е свадбата на Петар Герас во Битола.

ДЕ: градска свадба во Битола; автомобили, младоженците и сватовите на свадбата се возат низ градски улици

ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 54,3 м

## 9. ДЕФИЛЕ НА ВОЕН ОРКЕСТАР, КОЧИИ И КОЊАНИЦИ

(1905-1911)
Ин. број: 2790-А328/3

Уште едно кратко парче на кое е забележана парада, т.е. дефиле на воен оркестар, на кочии и коњаници. За жал, филмскиот материјал не е идентификуван (место, време, повод), но според изгледот на улицата по која се движи колоната, веројатно станува збор за Битола и дефиле по повод победата на Младотурската револуција.
ДЕ: дефиле, воен оркестар (дувачки), кочии и коњаници (веројатно во Битола)
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм., црно-бел, нем, 24 м

## 10. ЗАКОП ВО БИТОЛА

(1905-1913)
Ин. број: 2746-А324/3

Во списокот што го оставил Милтон Манаки при идентификацијата на своите филмови се среќава само еден наслов, еден филмски материјал на кој е снимен закоп. Но, според пронајдените и сочуваните филмски материјали очигледно е дека браќата снимиле повеќе закопи. Еден од нив е и овој закоп во Битола на, за жал, неидентификувана личност. Според должината, големината на погребната поворка, може да се заклучи дека станува збор за погреб на некоја важна личност, зашто улицата по која се движи колоната е преполна со народ, меѓу кој има и многу дами и господа.
ДЕ: закоп, погребна колона по улица во Битола
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм., црно-бел, нем, 21 м

## 11. ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ

(1905-1911)
Ин. број: 2737-А323/3

Во одредени извори насловот на овој материјал е „Ветеринарна станица", но, веројатно, станува збор за секојдневни активности во земјоделско училиште, при што, според кажувањето на Милтон Манаки, забележан е и професорот што го надгледува оплодувањето на кравата.
ДЕ: ветеринарна станица, земјоделско училиште; оплодување на крава
ПР: Браќа Манаки

Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм., црно-бел, нем, 6,6 м

## 12. МАНИФЕСТАЦИИ (СО ГРЧКИ НАТПИСИ)

(1908–1909)
Ин. број: 2743-А323/3

Филмски материјал што е со доста лош квалитет и е неидентификуван. Станува збор за една од прославите по повод победата на Младотурската револуција на која присуствува многуброен народ меѓу кој минува колона коњаници и луѓе што носат знамиња и транспаренти.

ДЕ: манифестации, дефиле на мажи во грчки народни носии, знамиња и транспаренти
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм., црно-бел, нем, 5,3 м

## 13. МАНИФЕСТАЦИИ ПО ПОВОД МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА

(1908–1909)
Ин. број: 2740-А323/3

Дел од големите манифестации по повод Младотурската револуција одржани во Битола. Станува збор за дефиле на голема колона народ, цивили, офицери, воен оркестар, низ Битола.

ДЕ: манифестации по повод Младотурската револуција; Битола, голема колона луѓе по улиците на градот; мост на реката Драгор во Битола
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм., црно-бел, нем, 30,1 м

## 14. МАНИФЕСТАЦИИ ПО ПОВОД ХУРИЕТ

(1908–1909)
Ин. број: 2742-А323/3

Уште еден филмски материјал на кој е снимен дел од прославата на победата на Младотурската револуција. Учесниците на парадата, долги колони мажи во бели и темни носии, како и членовите на друштвото „Пелистерски јунак“, се снимени од горен ракурс. И овој материјал не може точно да се датира. Филмот е снимен или во 1908 година, кога се случила Младотурската револуција, или, пак, во 1909 година на одбележувањето на нејзината годишнина.

ДЕ: манифестација по повод победата на Младотурската револуција; парада, дефиле на многуброен народ во народни носии; Битола, дефиле по свечено украсена улица; друштво „Пелистерски јунак“, на дефилето по повод Хуриет
ПР: Браќа Манаки

Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 39,8 м

## 15. ПАЗАР И КАСАПИ

(1905-1911)
Ин. број: 2730-А323/3

Пазар и пазаришни активности во пазарен ден. Според местоположбата пазарот е лоциран во Гревена (?).

ДЕ: пазар, продажба на земјоделски производи; фонтана, или чешма за вода, во средината на пазарот; касапи, продажба на месо на пазарот; домашна работа, плетење чорапи; џамија, минаре
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 29 м

## 16. ПАНАЃУР (?)

(1905-1911)
Ин. број: 2750-А324/3

Неидентификувано кратко парче во кое е забележан некаков собир во голем двор. Околу има објекти, чардаци. Веројатно станува збор за некаков панаѓур.

ДЕ: панаѓур; народна носија, женска; чардак
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 2,3 м

## 17. ПАНАЃУР ВО БЕР

(1905-1911)
Ин. број: 2751-А324/3

Според кажувањата на Милтон Манаки при идентификацијата на сопствените филмски материјали, тој на неколку наврати снимал панаѓури. Меѓутоа, од сочуваното парче не може точно да се идентификува за кое место станува збор. Како и во останатите материјали кадешто се снимени панаѓури, така и во овој материјал, најголемо внимание им е посветено на ората што се играле во тие прилики. Во овој случај, играорците (има и машко и женско оро) се во македонска народна носија.

ДЕ: панаѓур, мноштво народ, бозаџија: машко оро, бели фустанели, темни блузи и фесови; женско оро, бели носии и шамии, темни престилки
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 20 м

## 18. ПАНАЃУР ПРЕД ЦРКВА „СВ.НЕДЕЛА" ВО БИТОЛА

(1905–1911)
Ин. број: 2752–А324/3

Како и во другите филмски материјали, така и во овој, на кој е снимен панаѓурот пред црквата „Св. Недела“ во Битола, главниот акцент на синеастичкото интересирање на браќата Манаки, бил ставен врз народните танци иората на македонското население. Носиите што се забележуваат во филмот, веројатно, се од битолскиот крај, како иората.

ДЕ: панаѓур во Битола, многу народ; црква „Св. Недела“ во Битола; машко оро, бели носии со фустанели; женско оро, шарени носии; гајдаџија, свири во средината на сите ора; машка народна носија, од битолскиот крај; женска народна носија, од битолскиот крај
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно–бел, нем, 61,4 м

## 19. ПАРАДА НА ТУРСКА АРТИЛЕРИЈА

(1905–1911)
Ин. број: 2758–А324/3

Уште еден филмски материјал на кој е снимена парада на воени единици во Битола. И во овој случај станува збор за турска војска, односно парада на нејзиниот род артилерија. И оваа парада веројатно се одвива пред касарните во Битола.

ДЕ: парада на турска артилерија во Битола
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно–бел, нем, 15,9 м

## 20. ПАРАДА НА ТУРСКА ПЕШАДИЈА И КОЊАНИЦА

(1905–1911)
Ин. број: 2757–А324/3

Браќата Манаки во повеќе наврати снимале разни паради и дефилеа на војските што престојувале во Битола. На овој филм е забележана парадата на турска војска и тоа припадниците на нејзината пешадија и коњаница. Според околината, која се гледа сосема малку (бидејќи камерата најчесто е статична со мали швенкови, односно со мало поместување на аглите на снимање) парадата се одвивала во паркот во Битола, односно на широчината пред касарните.

ДЕ: парада на турска пешадија и коњаница во Битола; турска кавалерија, дефиле пред турски офицери; воен дувачки оркестар, ученик на парадата; Битола, воени касарни и парк
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно–бел, нем, 84,4 м

## 21. ПАРАДА ПО ПОВОД ХУРИЕТ

(1908–1909)
Ин. број: 2741–А323/3

Победата на Младотурската револуција била прифатена со големо задоволство и кај Турците и кај останатото население. Токму затоа, манифестациите со кои се одбележувал овој настан, уште познат и како Хуриет (од турскиот збор што значи „слобода"), биле поздравувани од многуброен народ, особено од Битола. Браќата Манаки и овие манифестации ги забележале на филмска лента. Во овој материјал станува збор за голема колона народ (во разновидни носии) со многу знамиња, пароли и кочии а сите предводени од дувачки оркестар.
ДЕ: манифестации, прослава на победата на Младотурската револуција, Хуриет; парада, дефиле, многуброен народ, знамиња, транспаренти; дувачки оркестар, воен; Битола, парада по повод Хуриет; кочија со бели завеси и со девојчиња; кочија со сиви (светли) кубиња
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 103 м

## 22. ПЕРАЧКИ

(1905–1911)
Ин. број: 2728–А323/3

Во еден краток кадар е забележано перење облека и други ткаенини на стар, традиционален начин, покрај река.
ДЕ: рачно перење на река, на стар, традиционален начин
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 4 м

## 23. ПРОСЛАВА НА ВОДИЦИ ВО БЕР

(1905–1911)
Ин. број: 2736–А323/3

Филмски материјал за прославата на верскиот празник Водици или Богојавление во местото Бер.
ДЕ: Бер, плоштад на кој доминира голема зграда; Водици, верски празник, фрлање на крстот; камен мост со лакови, од каде што е фрлен крстот
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 66 м

## 24. ПРОСЛАВА НА ЃУРЃОВДЕН

(1905–1911)
Ин. број: 2753–А324/3

Уште еден филмски материјал на кој е забележана верска процесија, церемонија. Според луѓето и носиите, може да се заклучи дека прославата е снимена во околината на некое влашко село, бидејќи и жените и мажите се облечени во влашки народни носии. И повторно, како и во сите други случаи каде што се забележани разни верски празници или панаѓури, главен акцент е ставен на народните танци, ората.
ДЕ: прослава на верски празник Ѓурѓовден; женско оро, влашко; женска народна носија, влашка; машка народна носија, влашка
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 67 м

## 25. ПРОСЛАВА НА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

(1905-1911)
Ин. број: 2747-А324/3

При идентификацијата на филмските материјали, Милтон Манаки не навел филм со овој наслов, но поради целата колона, како и поради натписот што го носат членовите на друштвото „Пелистерски јунак":"Во спомен на Св. Кирил и Методиј од Пелистерските јунаци", заедно со иконата на овие двајца светители, може да се заклучи дека станува збор за наведената манифестација. Веројатно, и овој материјал не е целосно сочуван, зашто не е забележана целата процесија.
ДЕ: верски празник Св. Кирил и Методиј, прослава; Битола, Широк сокак, процесија; „Пелистерски јунак", членови на друштвото
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 50,2 м

## 26. РЕПРЕСАЛИИ ВРЗ МАКЕДОНСКО НАСЕЛЕНИЕ

(1905-1911)
Ин. број: 2734-А323/3

На филмскиот материјал се забележани повеќемина обесени мажи во Битола. Причината зошто се обесени не е докрај идентификувана?!?
ДЕ: обесени мажи; Битола, дрвен мост на реката Драгор
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 28 м

## 27. СЕЛСКА СВАДБА

(1905-1911)
Ин. број: 2744-А323/3

Обичаите на македонското и на влашкото население особено го привлекувале синеастичкото внимание на браќата Манаки. Овде посебно треба

да се истакнат свадбените обичаи, не само чинот на венчавањето, туку и сите останати придружни церемонии и манифестации, што му претходеле или, пак, следувале по самиот свадбен обред. Сите овие случувања се забележани на овој филмски материјал врз примерот на една влашка свадба. Но, за жал, оваа свадба не е докрај целосно идентификувана, односно не се знаат младоженците, ниту, пак, местото на нивното венчавање. Единствено од материјалот може да се заклучи дека станува збор за влашка свадба во некое планинско село.
ДЕ: селска свадба, обичаи; планинско село, куќи, архитектура; влашка народна носија, женска; влашка народна носија, машка; влашко оро, мешано, машко и детско
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 136,2 м

## 28. ТУРСКИ ПРОФЕСОР ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ

(1905–1911)
Ин. број: 2738–А323/3

Веројатно, станува збор за материјал што е снимен на истото место како и записот „Земјоделско училиште (ветеринарна станица)". Значи, станува збор за секојдневни активности во земјоделско училиште, со тоа што на овој материјал е снимено оплодувањето на кобила, во дворот на училиштето. И овој наслов е изведен од сеќавањата на Милтон Манаки.
ДЕ: Земјоделско училиште (ветеринарна станица); оплодување на кобила
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 11,6 м

## 29. ТУРЦИ ДРЖАТ ГОВОР НА ХУРИЕТ

(1908–1909)
Ин. број: 2739–А323/3

Дел од манифестациите одржани во Битола по повод победата на Младотурската револуција и прокламирање на Хуриетот.
ДЕ: манифестации по повод прокламирањето на Младотурската револуција; дипломатски кор во Битола, членови; парада на турска пешадија и коњаница
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 34,2 м

## 30. ЗАКОП НА МИТРОПОЛИТОТ ЕМИЛИЈАНОС ОД ГРЕВЕНА

1911
Ин. број: 2824–А331/3

Во филмот е забележана церемонијата на закопот на митрополитот Емилијанос од Гревена. Филмот започнува со панорама на Гревена и со фотографија на Емилијанос, за да се префрли на самиот закоп, кој почнува во црквата во Гревена (има фотографија од ентериерот на црквата, со умрениот митрополит). Церемонијата продолжува со изнесувањето на митрополитот од црквата, потем се забележани поворката низ градот и пристигнувањето до гробиштата, па сè до самиот чин на закопувањето. За цело време на процесијата, митрополитот го носат во седечка положба.(!) Ова е единствениот пронајден материјал снимен од браќата Манаки, кој тие самите го развиле, го монтирале и го вкомпонирале во документарна целина, со натписи, подготвена за јавно прикажување.
ДЕ: Гревена, гратче во Грција, панорама; фотографија, умрените Емилијанос и Дијакон; црква, во Гревена, „Св. Ахил"; фотографија, ентериер на црквата „Св. Ахил" со умрениот Емилијанос во седечка положба, облечен во свечена одора; закоп на митрополитот Емилијанос; процесија, од закопот на митрополитот Емилијанос, кого за цело време го носат во седечка положба
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 149 м

## 31. ПАНОРАМА НА ГРЕВЕНА

1911
Ин. број: 2727-А323/3
Во еден единствен кадар е снимена панорама на Гревена, населено место кое денес се наоѓа во Република Грција. Извонредно долг швенк од 180°.
ДЕ: Гревена, панорама на градот со сите објекти
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 15,4 м

## 32. РОМАНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНИЈА

1911
Ин. број: 2754-А324/3
Од 1 до 20 април 1911 година, во посета на Македонија престојувала 29-члена романска делегација. Делегацијата била предводена од Константин Истрати, поранешен романски министер, инаку професор по хемија на Универзитетот во Букурешт и член на Романската академија на науките и уметностите. При оваа посета, меѓу другите, гостите од Романија ги посетиле и местата: Скопје, Велес, Прилеп, Крушево, Битола, Гопеш, Моловишта, Охрид, Воден и Бер. Престојот на делегацијата го забележале, на филмска лента, и браќата Манаки. Според одредени документи и сеќавања филмот е подолг. Делот од престојот на делегацијата во Моловишта, Магарево и Охрид не е сочуван. Инаку,

филмот е поделен во три целини, според сеќавањата на Милтон Манаки, за посетата на делегацијата на Битола, на Гопеш и на Ресен. Во Ресен делегацијата ја пречекал Нијази-бег, еден од водачите на Младотурската револуција. Браќата Манаки ја следеле делегацијата и покрај кадри од населените места во филмот среќаваме и интересни кадри од патот по кој минувале гостите од Романија.
ДЕ: делегација од Романија, во посета на Македонија, од 1 до 20 април 1911 година; Константин Истрати, водач на романската делегација, член на Романската академија на науките и професор по хемија на Универзитетот во Букурешт; Битола, романската делегација во посета на градот; Гопеш, делегацијата во посета на ова македонско село во кое живееле многу Власи; дувачки оркестар, на чело на делегацијата на влезот во Гопеш; романската делегација на патот од Гопеш кон Ресен; Ресен, архитектура, мало плоштатче и многу народ на пречекот на делегацијата од Романија; Нијази-бег, еден од водачите на Младотурската револуција, ја пречекува делегацијата и ја придружува при нејзината обиколка на Ресен; И. Воинеску, уметнички фотограф од Букурешт, член на делегацијата
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 216 м

## 33. ТУРСКИОТ СУЛТАН МЕХМЕД V РЕШАД ВО ПОСЕТА НА БИТОЛА

1911
Ин. број: 2760-А324/3

Благодарение на победата на Младотурската револуција, во 1909 година за нов турски султан бил поставен Мехмед V Решад (1909-1918), претпоследен во Отоманската Империја. Во 1911 година Мехмед V Решад ги посетил пределите и местата каде што започнала Младотурската револуција и каде што биле извојувани првите нејзини победи (Ресен, Битола, Солун). Браќата Манаки, благодарение на специјалната дозвола го снимале султанот на неговиот пат и престој во Солун и во Битола. Во овој филм се снимени патот на султанот од Солун до Битола (со воз) и попатните станици (меѓу кои се идентификувани само Суровичево и Лерин); потем пристигнувањето на султанот на Битолската железничка станица и пречекот; разни парадни прошетки на султанот низ Битола; како и патот на султанот и неговиот престој на Тумбе-кафе. Најголем и најимпресивен дел од овој извонреден материјал е парадата која се одвивала пред зградата на Општината во Битола, каде што бил сместен султанот, и во која учествувале припадници на сите народи и верски заедници во Отоманската Империја, потем сите општествено-политички и воени структури, како и луѓе од сите возрасти.
ДЕ: железничка станица, Сорович (Суровичево), Лерин (Флорина); Мехмед V Решад, претпоследниот турски султан (1909-1918), во посета на Битола; Битола, железничка станица, улици и згради за време на престојот на султанот Мехмед V Решад; Битола, зградата на Општината во која бил сместен султанот; парада, дефиле по улиците на Битола; турски војници, офицери и великодостојници, воен дувачки оркестар, во придружба на султанот; Тумбе кафе, излетничко место крај Битола

ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 431,3 м

## 34. ТУРСКИОТ СУЛТАН МЕХМЕД V РЕШАД ВО ПОСЕТА НА СОЛУН

1911
Ин. број: 2759-А324/3

По победата на Младотурската револуција (1908 година) на местото на автократот Абдул Хамид, во 1909 година, за нов султан бил поставен Мехмед V Решад кој владеел до 1918 година и бил претпоследен турски Султан. Во 1911 година султанот Мехмед V Решад тргнал во посета на пределите и градовите од каде што почнала и каде што прво победиле поборниците и учесниците на Младотурската револуција, меѓу кои биле и градовите Солун и Битола. Браќата Манаки успеале да добијат специјална дозвола и го придружувале султанот, снимајќи ги целиот негов пат од Солун до Битола и престојот во овие градови. Од овој престој на султанот Мехмед V Решад, браќата Манаки снимиле две импозантни репортажи за неговите посети на Солун и Битола. На овој материјал е забележана посетата на Солун, од пристигнувањето на султанот во Солунското пристаниште, преку разните манифестации, паради и дефилеа, сè до неговото заминување со воз за Битола.

ДЕ: Мехмед V Решад, претпоследниот турски султан (1909-1918), во посета на Солун; Солун, пристаниште полно со бродови и чамци, во чест на доаѓањето на султанот; Солун, кејот и улицата покрај морето по која се движи колоната со султанот; турски војници, офицери и великодостојници, во придружба на султанот; воен дувачки оркестар, во придружба на султанот
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 281,6 м

## 35. ЦРКВА ВО ГРЕВЕНА

1911
Ин. број: 2729-А323/3

Панорама на црквата „Св. Ахил“ во Гревена.

ДЕ: Гревена, црква „Св. Ахил“
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 4 м

## 36. ОТВОРАЊЕ НА ГРАДСКА КАФЕАНА ВО БИТОЛА

(1911-1928)
Ин. број: 2764-А324/3

И овој материјал не е докрај идентификуван. Според кажувањата на Милтон Манаки, станува збор за првиот српски клуб во Битола, но на сочуваниот телоп пишува:„Отворање на градска касина во Битола“. Материјалот не е прецизно датиран, но претпоставката за 1913 година е заснована врз српски жандарми, како и појава на лице што личи на Бранислав Нушиќ во српска униформа. Според одредени пишани документи, Нушиќ бил на служба во Битола во периодот 1912–1913 година.
ДЕ: градска кафеана во Битола, екстериер; женска градска облека, свечена; машка градска облека
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 44,3 м

## 37. АЛЕКСАНДАР КАРАЃОРЃЕВИЌ ВО ПОСЕТА НА БИТОЛА

(1912–1918)
Ин. број: 2761–А324/3

Уште една забележана посета на значајна личност на Битола. Станува збор за Александар Караѓорѓевиќ. Годината на посетата не е точно утврдена, бидејќи тој во Битола престојувал повеќепати, но според кажувањата на Милтон Манаки, за време на неговата посета, тој сè уште бил престолонаследник, така што веројатно станува збор за периодот непосредно пред I Светска војна. Според одредени сеќавања, повод за неговата посета на Битола биле поставувањето и осветувањето на темелите на Споменикот на паднатите српски војници од I балканска војна, кој никогаш не е изграден. Во придружба на Караѓорѓе, меѓу другите е и Никола Пашиќ.
ДЕ: Александар Караѓорѓевиќ, во посета на Битола; Никола Пашиќ, во посета на Битола; Битола, железничка станица, улици и згради за време на престојот на Караѓорѓе; осветување на темели на споменик (?) во Битола
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 86 м

## 38. ПАРАДА НА СРПСКА ВОЈСКА ВО БИТОЛА

(1912–1928)
Ин. број: 2763–А324/3

Иако филмскиот материјал е многу блед, можат да се идентификуваат српски офицери и војници. Станува збор за парада на српска коњаница во Битола, како и пристигнување на српски офицери на Битолската железничка станица.
ДЕ: српска коњаница, парада на Широк сокак во Битола; српски офицери во автомобил (војводата Путник)
ПР: Браќа Манаки

Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 17,5 м

## 39. ПРОСЛАВА НА ВОДИЦИ ВО БИТОЛА

(1913–1928)
Ин. број: 2762–А324/3

Браќата Манаки снимале и празнувања на верски празници. Во овој материјал е снимено прославувањето на верскиот празник Водици, Богојавление во Битола. Материјалот може да се подели на два дела: во првиот е снимен многуброен народ, предводен од свештени лица, по улиците на Битола, а во вториот дел е снимена самата церемонија.

ДЕ: Битола, кеј и мост на реката Драгор; верски празник Водици, прославување во Битола
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 25,2 м

## 40. ПРЕЧЕК НА ГРЧКИОТ КРАЛ И ПРЕСТОЛОНАСЛЕДНИКОТ ПАВЛЕ ОД СТРАНА НА ГЕНЕРАЛ БОЈОВИЌ ВО БИТОЛА

(1914–1928)
Ин. број: 2825–А331/3

На овој филмски материјал е забележан престојот во Битола на високи грчки и српски политички и воени лица. Податоците за насловот на филмот и годината кога е снимен се изведени според сеќавањата на Милтон Манаки. Меѓутоа, во филмот се среќава личност што многу личи на Александар Караѓорѓевиќ, поради што не може со сигурност да се потврди веродостојноста на насловот и годината кога е снимен овој материјал.

ДЕ: Битола, улици и згради украсени со српски и грчки знамиња; џамијата Јени во Битола; пазар во Битола, покриен; офицери, во грчки и српски униформи
ПР: Браќа Манаки
Р: Јанаки и Милтон Манаки К: Јанаки Манаки; Милтон Манаки
35 мм, црно-бел, нем, 41,5 м

## 41. МАКЕДОНИЈА

1923
Ин. број: 1970–А321/1; 1975–А321/1; 1969–А321/3; 1971–А321/3; 1972–А321/3; 1973–А321/3; 1974–А321/3

Идејата за снимање филм и средствата за реализирање на проектот ги дала илинденската организација, околу која биле собрани прогресивните политички емигранти од Македонија. Организацијата сакала со филмот да ја

одбележи 20-годишнината од Илинденското востание.
Филмот е конципиран и реализиран во два дела но, за жал, сочуван е само првиот дел. Филмот е реализиран како визуелен колаж на Македонија и рекапитулација на македонската ослободителна идеја и нејзините најзначајни протагонисти. Дејците за ослободувањето на Македонија се прикажани со фотографии и кратки информации за нив, пишувани на телопи. Следуваат слики за нивните родни места и градови, пак со кратки описи. Градовите од Пиринска Македонија (Горна Џумаја, Банско, Мехомија-Разлог и Неврокоп) се претставени со филмски снимки. Покрај тоа, во почетокот на филмот, среќаваме битови снимки за дебарскиот крај.
Најзначаен дел од филмот се документарните снимки направени на 2 август 1923 година, на кои е регистрирана процесијата на пренесувањето на саркофагот со посмртните останки на Гоце Делчев од куќата на Михаил Чаков кон катедралната црква „Света Недела" во Софија, каде што биле положени за поклонение, а потем погребени. Во филмот, покрај снимките на поворката, која ја сочинувале свештени лица, роднини и пријатели на Гоце Делчев, членови на илинденската организација и на македонските братства во Бугарија, неколкупати во крупен план е даден саркофагот со моштите на Гоце Делчев, на којштo е запишано: „Ги заколнуваме поколенијата што доаѓаат светите коски да бидат погребени во столицата на независна Македонија. Август 1923, Илинден". Филмот бил неколку пати прикажан, а потоа забранет од бугарската цензура.
ДЕ: Горна Џумаја; Банско; Мехомија-Разлог; Неврокоп; битови снимки за дебарскиот крај; пренесувањето на саркофагот со посмртните останки на Гоце Делчев на 2 август 1923; куќата на Михаил Чаков, Софија; катедралната црква „Света Недела" во Софија
СЦ: Арсениј Јовков Р: Арсениј Јовков
35мм, црно-бел, нем, 266 м

## 42. ЗЕМЈОТРЕС НА ЈУГОТ

1931
Ин. број: 1979-А321/3

Филмот е снимен во март 1931 година, како филмски документ за последиците од катастрофата што ги погодила Валандово и околните места на овој регион. Инсерти од овој филм биле користени во неколку странски журнали.
ДЕ: Валандово; земјотрес во Валандово
ПР: Хигиенски завод - Скопје
Р: д-р Драго Хлоупек К: Стеван Мишковиќ
35 мм, црно-бел нем, 847 м

## 43. КАТОЛИЧКА ПРОЦЕСИЈА

1935
Ин. број: 1933-А320/3; 1934-А320/3

Ова е документ за еден редок црковен чин - католичка процесија - која минува низ главните улици на Скопје. Во преден план се движат деца во свечена

бела облека, носат венци од цвеќиња во рацете. Следуваат свештени лица облечени во бели световни облеки. Од двете страни на колоната се гледаат луѓе коишто држат големи свеќници. Процесијата се движи од плоштадот кон Железничката станица во Скопје. Со еден швенк Дрнков ја открива главната скопска улица, се идентификуваат слаткарницата „Милка“, Ристиќевата палата, куќата на Икономови, кафеаната „Маргер“ за на крајот да се појави Офицерскиот дом. Филмот има вкупно 6 кадри.
ДЕ: католичка процесија, Скопје; слаткарницата „Милка“, Скопје; Ристиќевата палата, Скопје; куќата на Икономови, Скопје; кафеаната „Маргер“, Скопје;
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 8 м

## 44. ИНСТИТУТ ЗА БОРБА ПРОТИВ МАЛАРИЈА

(1937-1938)
Ин. број: 1911-А319/3; 1912-А319/3
К: Др. Здравев
16 мм, црно-бел, 13 м

## 45. СПОМЕНИК

1937
Ин. број: 1915-А319/3; 1916-А319/3

Од овој филмски запис се сочувани само два кадра. Првиот кадар е споменикот во центарот на Охрид снимен во швенк одгоре-надолу, а потоа следува швенк оддесно налево, на насобраните луѓе.
ДЕ: споменикот во центарот на Охрид
СЦ: Благоја Поп-Стефанија К: Благоја Поп-Стефанија
8 мм, црно-бел, нем, 3,3 м

## 46. НА ПЛАЖА

1938
Ин. број: 1913-А319/3; 1914-А319/3

Овој филмски запис има четири кадри. Записот започнува со општ план на плажата, швенк по капачите, а потоа камерата следи едно дете, кое влегува во вода. Вториот кадар е веќе една мала игра, на жена и дете, потоа детето излегува од водата, а жената влегува во чамец. Третиот кадар е општ план, чамецот се оддалечува од брегот, а во четвртиот кадар камерата статично ја регистрира играта на две деца со песок на брегот крај Охридското Езеро.
ДЕ: брегот крај Охридското Езеро
СЦ: Благоја Поп-Стефанија К: Благоја Поп-Стефанија
8 мм, црно-бел, нем, 7,2 м

## 47. ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО ВО ПРИЛЕП

1938
Ин. број: 1919–А319/3; 1920–А319/3

Филмот е реализиран во вкупно 53 кадри, кои формираат една единствена тематска целина. Се следи една вежба на противпожарникарското друштво, но и некои други негови акции. Во цела низа кадри, камерата на Миноски во логична низа ги следи, статично или со швенк, сите дејствија. Се користи и крупен и среден план, а исто така се користи и деталјот. Камерата швенкува и фиксира заминување на колоната. Целината е заокружена, приказната е раскажана. Овој документарно-игран филмски запис нема резови, филмот е снимен монтажно, што значи дека редоследот на секвенците, а со самото тоа и на кадрите, е реализиран со самото снимање.
ДЕ: вежба на противпожарникарското друштво
СЦ: Кирил Миноски К: Кирил Миноски
8 мм, црно-бел нем, 29 м

## 48. СВАДБАТА НА ФЕРЧО СТОЈАНОВ И ВЕРА ГЛИГОРОВА

1938
Ин. број: 1951–А320/3; 1952–А320/3

Запис за типична свадбарска прошетка на младенци. Од кадрите се гледа дека градот низ кој се движат сватовите е Штип. Меѓу гостите е регистриран и Киро Глигоров, братот на невестата. Во еден кадар се појавува и самиот сниматeл Дрнков, со фотоапарат во рацете. Филмот има 7 кадри.
ДЕ: Штип; свадбарска прошетка на младенци, Штип; Киро Глигоров; Ферчо Стојанов; Вера Глигорова
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
8 мм, црно-бел, нем, 16 м

## 49. БОМБАРДИРАНА БИТОЛА

1939
Ин. број: 1943–А320/3; 1944–А320/3; 1945–А320/3

Во 1939 година, Битола беше бомбардирана по грешка. Ова е филмски документ за овој настан и последиците од него. Во дваесетина кадри, Дрнков успева да ја прикаже сликата на градот по бомбардирањето. Празна улица, дупки од гранати, фасади со искршени прозорци, разурната куќа, внатрешност на нечиј разурнат дом, искршени детски играчки. Лица на луѓето што стојат пред урнатите домови, редови за леб. Во еден кадар, снимен од височина, Дрнков ја прикажува целата драматика на настанот, меѓу урнатините, луѓето се движат како духови.
ДЕ: Битола, бомбардирана по грешка; градот Битола, по бомбардирањето во 1939
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9.5 мм, црно-бел, нем, 40 м

## 50. ДЕЦАТА КРАЈ ЕЗЕРСКИОТ БРЕГ

1939
Ин. број: 1929–А319/3; 1930–А319/3

Овој филмски материјал изгледа како пејзаж симнат од слика. Композицијата на кадарот е поделена во три хоризонтални плана, кои се стопени во единствена глетка. Во првиот план – дел од езерото со брегот, во вториот – две деца во топла облека, кои фрлаат песок и камчиња во водата и зад нив се разлева хоризонтална глетка со поле и над него планина. Камерата е статична, движењето е внатре, во кадарот. Филмот има вкупно 8 кадри.
СЦ: Кирил Миноски К: Кирил Миноски
8 мм, во боја, нем, 6,5 м

## 51. ЕДРИЛИЧАРСКИ МИТИНГ

1939
Ин. број: 1959–А320/3; 1960–А320/3; 1961–А320/3

Документарен запис за едриличарскиот митинг одржан во 1939 година на Зајчев Рид, во околината на Скопје. Записот има стотина кадри, кои ја регистрираат целата манифестација. Офицери од скопската воена област и нивниот командант, кој рапортира. Генералот на авијацијата Горјуп и банот Жика Рафајловиќ, кој пристигнува со автомобил, ги пречекува патријархот Варнава и по церемонијалното бакнување рака, се упатуваат кон централната ложа. Следува парада на офицерите, кои генералот Горјуп војнички ги поздравува. Камерата потоа ги регистрира цивилните гости, меѓу кои се издвојуваат новинарот на „Политика“ Боро Антиќ и дописникот на „Правда“ Пајо Дорошки. Следните кадри го регистрираат почетокот на митингот, а потоа следуваат многубројни активности сврзани со летањето и слетувањето на едрилиците. Следува доделувањето на наградите и признанијата на воени и цивилни лица.
ДЕ: едриличарски митинг одржан во 1939 година на Зајчев Рид, Скопје; генералот на авијацијата Горјуп; банот Жика Рафајловиќ; патријархот Варнава; новинарот на „Политика“ Боро Антиќ; дописникот на „Правда“ Пајо Дорошки
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 160 м

## 52. ГАЛИЧНИК

1939/1940

Филмот е снимен во лето кога печалбарите се враќаат во своето родно место. Во почетокот на филмот се претставени природните убавини на Галичник. Низ сите кадри е присутна раздвиженоста на селаните облечени во народни носии. Во продолжение се снимени обичаите на една галичка свадба. Карактеристично за галичката свадба е тоа што таа традиционално се одржува еднаш во годината, секогаш на Петровден. Следуваат кадри во кои дефилираат невестата и младоженецот во народни носии опкружени со многубрен народ, низ кои се прикажуваат традиционалните галички свадбени обичаи.

ДЕ: Галичник; галичка свадба; галички свадбени обичаи
СЦ: Сифрид Миладинов К: Сифрид Миладинов
16 мм, во боја, нем, 300 м

## 53. СЛЕТ

1940
Ин. број: 1917-А319/3; 1918-А319/3

Поп-Стефанија со овој филм, кој има вкупно 13 кадри, го регистрира импресивниот слет што се одвива на кејот покрај езерото во Охрид. За да ја долови импресивноста на фискултурниот слет, тој користи повеќе планови – општи и средни, но во неколку наврати има и крупни планови со цел да детализира одредени движења значајни за одредени вежби. Авторот користи мирно панорамско снимање со фиксирање на значајни детали.

ДЕ: слет на кејот покрај езерото во Охрид
СЦ: Благоја Поп-Стефанија К: Благоја Поп-Стефанија
8 мм, црно-бел, нем, 14 м

## 54. ВОЕН КОЊИЧКИ НАТПРЕВАР

1942
Ин. број: 1935-А320/3; 1936-А320/3

Краток филмски запис за коњички натпревар што се одвива на теренот на фудбалскиот клуб „Граѓански". Се редат кадри на јавачи на коњи кои што прескокнуваат пречки. Во среден план, луѓе во униформи, кои го следат натпреварот. Во крупен план, оценувачка комисија со листови хартија пред себе на кои се бележат резултатите и оценките. Во еден кадар, воен фотограф, кој, исто така, го регистрира натпреварот.

ДЕ: коњички натпревар; теренот на фудбалскиот клуб „Граѓански" во Скопје
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 37 м

## 55. ПАРК - ЗООЛОШКА ГРАДИНА ВО СКОПЈЕ

1942
Ин. број: 1949-А319/3; 1950-А319/3
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
16 мм, црно-бел, 51 м

## 56. СКИЈАЧИ НА БУКОВО

1942
Ин. број: 1924-А319/3; 1925-А319/3

Од овој запис се сочувани само два кадра, и тоа многу нејасни. Се гледаат контури на скијачи на бела снежна површина. Доснимувањето на овој

запис го завршил, со повеќе кадри, Кирил Миноски.
ДЕ: Буково
СЦ: Благоја Поп-Стефанија К: Благоја Поп-Стефанија
8 мм, црно-бел, нем, 6,6 м

## 57. ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР МЕЃУ „ЛЕВСКИ" И „МАКЕДОНИЈА"

1942
Ин. број: 1953-А320/3; 1954-А320/3

Фудбалски натпревар меѓу екипите на „Левски“ од Бугарија и „Македонија“ од Македонија, одржан на игралиштето на фудбалскиот клуб „Граѓански“ во Скопје во 1942 година.

ДЕ: Фудбалски натпревар меѓу екипите на „Левски“ од Бугарија и „Македонија“ од Македонија во 1942; игралиштето на фудбалскиот клуб „Граѓански“ во Скопје
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 23 м

## 58. ВЕЛИГДЕНСКИ АДЕТИ ВО ВАРОШ

1944
Ин. број: 1926-А319/3; 1927-А319/3; 1928-А319/3
ДЕ: Прилеп, велигденски обичаи во Варош
СЦ: Кирил Миноски К: Кирил Миноски
16 мм, во боја, 5.5 м

## 59. ВО ГРАДИНАТА

1944
Ин. број: 1931-А320/3; 1932-А320/3

Во 13 кратки кадри, снимени се семејството и пријателите на Кирил Миноски во дворот на неговата куќа.

СЦ: Кирил Миноски К: Кирил Миноски
8 мм, црно-бел, нем, 11,7 м

## 60. МИТИНГ ВО ПРИЛЕП

1944
Ин. број: 1921-А319/3; 1922-А319/3; 1923-А319/3

Значаен филмски историски документ, снимен на 3 ноември, од првиот митинг во штотуку ослободениот Прилеп. Во вкупно 30 кадри, Миноски ги доловува атмосферата и настаните на тој општонароден собир. Тој го користи тоталот за да укаже на масовноста на настанот и да го лоцира местото каде што се одржува митингот, на плоштадот Ат-пазар, пред зградата на Занаетчискиот

дом. Со детаљ ги фиксира одредените личности, паролите или деловите од декорацијата. Камерата особено се задржува на говорниците Бане Андреев, Крсте Црвенковски, Светозар Вукмановиќ - Темпо и свештеникот Цветко Крстевски.
ДЕ: митинг во штотуку ослободениот Прилеп; плоштадот Ат-пазар, Прилеп; Бане Андреев; Крсте Црвенковски; Светозар Вукмановиќ - Темпо; свештеникот Цветко Крстевски
СЦ: Кирил Миноски К: Кирил Миноски
8 мм, во боја, нем, 14,8 м

## 61. ВТОРОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

1945
Ин. број: 1937-А320/3; 1938-А320/3

Значаен филмски документ за Второто заседание на АСНОМ, одржано на 15 април 1945 година во Собранието на Македонија. Камерата ги регистрира присутните гости, украсената сала на Собранието. Објективот нагласено е вперен во централните личности на настанот: Светозар Вукмановиќ - Темпо, Благоја Нешковиќ, Мара Нацева, Едвард Кардељ, Димитар Влахов, Лазар Колишевски и др. Филмот има вкупно 30 кадри.
ДЕ: Второто заседание на АСНОМ, одржано на 15 април 1945 година во Собранието на Македонија; Светозар Вукмановиќ - Темпо; Благоја Нешковиќ; Мара Нацева; Едвард Кардељ; Димитар Влахов; Лазар Колишевски
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 55 м

## 62. ПРВОМАЈСКА ПАРАДА ВО СКОПЈЕ 1945

1945
Ин. број: 1946-А320/3; 1947-А320/3; 1948-А320/3

На плоштадот во Скопје народна прослава, дефиле на победниците. Луѓе во занес и радост за штотуку извојуваната победа. Овој документарен запис има вкупно 54 кадри. Се гледаат Ристиќевата палата, Офицерскиот дом, зградата на Народната банка.
ДЕ: плоштадот во Скопје; Ристиќевата палата, Офицерскиот дом, зградата на Народната банка
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 70 м

## 63. ПРЕЧЕКОТ НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ВО КУМАНОВО И СКОПЈЕ

1945
Ин. број: 1940-А320/3; 1941-А320/3; 1942-А320/3

Низ улиците на Скопје и Куманово доаѓањето на Димитар Влахов е

проследено со општонародна веселба. Регистрирани се настапите на генералот Михаило Апостолски, Методија Андонов-Ченто, Мане Чучков, Бане Андреев и други. Филмот има вкупно 38 кадри.
ДЕ: Димитар Влахов, низ улиците на Скопје и Куманово; генералот Михаило Апостолски; Методија Андонов-Ченто; Мане Чучков; Бане Андреев
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 60 м

## 64. СВЕЧЕНО ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ЖЕЛЕЗНИОТ МОСТ ВО СКОПЈЕ

1945
Ин. број: 1955-А320/3; 1956-А320/3; 1957-А320/3

Дрнков најнапред ја регистрира изложбата на фотографии која е некаков вовед во свеченото пуштање на мостот во употреба. Фотографиите го прикажуваат мостот обраснат во трева, со рѓосани шини. Веќе следните кадри се со нова димензија и композиција. Се работи за своевидна драматургија, од подвижни слики, преку статични кадри, до распеани подвижни слики на новото време што доаѓа, со отворањето на мостот и со поминувањето на возот по шините што веќе не се рѓосани. Филмот има вкупно 43 кадри
ДЕ: свечено пуштање во употреба на Железниот мост во Скопје
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 59 м.

## 65. 48-та ДИВИЗИЈА

1945
Ин. број: 1962-А320/3; 1963-А320/3; 1964-А320/3

Значаен документарен филм за триумфалното враќање на борците од крвавата епопеја на Сремскиот фронт во Скопје. Во 36 кадри низ плоштадот на Скопје, се движат изморените борци, кои ги носат ранетите другари. Среќните граѓани на Скопје ги даруваат со цвеќе. На камионите во кои се возат војниците, испишани пароли: „Отидовме да го уништиме непријателот, се враќаме да ја градиме татковината“ и слично.
ДЕ: враќање на македонските борци од Сремскиот фронт во Скопје
СЦ: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
9,5 мм, црно-бел, нем, 134 м.

## 66. ПРОСЛАВА НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК

1946
Ин. број: 1828-К59/3

По повод националниот празник на македонскиот народ, 11 Октомври, откриен е споменик на борецот за слобода на Македонија, Гоце Делчев, во Градскиот парк во Скопје. Материјалот е снимен за прилог на „Филмске новости“.

ДЕ: Скопје, улица „Илинденска“; Лазар Колишевски, на откривањето на споменикот; Бане Андреев; Павел Шатев; Споменикот на Гоце Делчев, Градски парк
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, нем, 26 м

## 67. ВО ИЗБОРИ ЗА НОВИ ПОБЕДИ

1947
Ин. број: 3931–М290/1; 3724–М278/2; 3930–М290/3; 176–М79/3

Првите избори за народни одбори во НР Македонија и од повоената изградба, како и од културниот, просветниот и стопанскиот живот во републиката.

ДЕ: Скопје, тврдината Кале; гимназија „Јосип Броз Тито“ во Скопје, женска гимназија; Дом на ЈНА во Скопје; Народна банка, зградата во Скопје; избори, предизборна пропаганда; парола, „ДА ЖИВЕАТ ИЗБОРИТЕ ЗА НАРОДНИ ОДБОРИ“, напишана на камион; избирачи, организирано одење на избирачки места; фотографии на Јосип Броз Тито, Лазар Колишевски и Јосиф Висарионович Сталин; парола, „ГЛАСАЈТЕ ЗА КАНДИДАТИТЕ НА НФ“; избирачки места 41, 29 и други; избори, постапка при гласање; работна акција, масовно учество на населението; работна акција, правење цигли; работна акција, средношколци во униформи; рудник „Радуша“, производство; Фабрика за автобуси „11 Октомври“, склопување на автобуси; Државна музичка школа, зградата; Филозофски факултет, зградата во изградба; Македонски народен театар, зградата; театарска претстава во МНТ; Петре Прличко, во театарска претстава во МНТ; Цветанка Јакимовска, во театарска претстава во МНТ; куклена претстава; блатиште, исушување; гимнастички слет, на Градскиот стадион во Скопје; риболов на Охридско Езеро; Лазар Колишевски, во посета на (?); тутун, откуп; аналфабетски курсеви; основно училиште, ученици во училница
ПР: Филмско Скопје
СЦ: Коле Чашуле Р: Коле Чашуле К: Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, нем, 300 м

## 68. ЖИТО ЗА НАРОДОТ

1947
Ин. број: 175–М79/6

Откуп на житото од реколтата во 1947 година и приказ на постигнувањата во другите области на стопанството во НР Македонија.

ДЕ: жетва, со механизација; жетва, рачно; градилиште, правење керпич; градилиште, правење оплата за носечка конструкција; градилиште, мешање бетон со мешалка; топилница, истекување на металот; металостругарски погон; текстилен погон, предилница; текстилен погон, ткајачница; Моноспитовско Блатиште; исушување на Моноспитовско Блатиште; земјоделска механизација, поправка; вршидба со механизација; Металски завод „Тито“, Скопје; веење на житото; откупна станица за жито; Текстилна фабрика „Кузман Јосифовски–Питу“;

пароли: ДА ЖИВЕЕ НАРОДНИОТ ФРОНТ; НИЕ ЗНАЕМЕ ЗОШТО ГО ДАВАМЕ ЖИТОТО, ЗА РАБОТНИОТ НАРОД, ЗА НАРОДНАТА АРМИЈА И ЗА НАРОДНАТА ВЛАСТ; ДА ЖИВЕЕ ПЕТГОДИШНИОТ ПЛАН; НЕКА 1947 ГОДИНА БИДЕ ГОДИНА НА УШТЕ ПОГОЛЕМИ...;ШТО ПОВЕЌЕ ЖИТО ВО ТОЛКУ ПОВЕЌЕ ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВЕДЕНИЈА; НА ВРЕМЕ ПРЕДАВАЊЕ НА ИЗЛИШОЦИТЕ ВАШ ДОПРИНОС ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЕТГОДИШНИОТ ПЛАН; земјоделска задруга „Пчиња" од село Катланово; откупна станица, снабдување со ткаенини; откупна станица, предавање на житото; продавница РЕКООПС бр.14 на Реонски кооперативен сојуз; продавница ОРАЧ; продавница ГРАНАП; КУД „Кочо Рацин", во откупна станица; КУД „Кочо Рацин" од Скопје при М.С.Совет Скопје, на камион во центарот на Скопје; пченично поле; транспорт на жито на добиток; натурална размена; ѕидарски работи
ПР: Филмско Скопје
СЦ: Јован Бошковски К: Трајче Попов
35 мм, црно-бел, звучен, 257 м

## 69. НИЗ ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА

1948
Ин. број: 3596-М271/2

Престој на делегација на НР Македонија во Пиринска Македонија, односно во НР Бугарија. Кадри снимени во Мелник, Банско, Свети Врач, Рожденскиот манастир.

ДЕ: Пирин Планина; Мелник, село во Пиринска Македонија; стара македонска архитектура, во с.Мелник; Банско, село во Пиринска Македонија; мајката на Никола Јонков Вапцаров, (веројатно) чита поезија од синот; митинг, во с.Мелник, по повод денот на загинувањето на Јане Сандански; фотографија, Јане Сандански, Ј.В.Сталин, Ј.Б.Тито, Л.Колишевски, Г.Димитров; парола, „Да живее и јакне делото на Јане Сандански"; свечена академија, во градот Свети Врач,; Иван Белев, народен пратеник, зборува на свечената академија во Свети Врач; Славко Јаневски, зборува на свечената академија во Свети Врач; Гого Ивановски, зборува на свечената академија во Свети Врач; оро, машко и женско, на свечената академија во Свети Врач; Рожденски манастир, тотал, каде што е гробот на Јане Сандански; свеченост, во Рожденскиот манастир на гробот на Јане Сандански; гробот на Јане Сандански, положување венци; Фердинанд Козловски, генерал-лајтнант, зборува на гробот на Ј.Сандански во името на Националниот совет на Отечествениот фронт на Бугарија; Димче Мире, министер за народна просвета на Македонија, зборува на гробот на Ј.Сандански; Крсто Стојчев, член на Президиумот на Народното собрание на Бугарија, зборува на гробот на Ј.Сандански; штафета, тргнува од гробот на Јане Сандански до Скопје; изложба на книги, фотографии, весници; училиште, настава на македонски јазик, учениците го учат македонскиот правопис; парола, „Преку изучување на мајчиниот литературен јазик кон изградуење на македонската национална култура"; плакат, „Обласниот македонски театар од Горна Џумаја во сабота 7-11-1947 отвора нова сезона со драмата 'Печалбари'". Настапуваат артистите Илија Милчин и Крум Стојанов"; театарска претстава „Печалбари"; печатница, весник „Пиринско дело"

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Трајче Попов
35 мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 70. ПРЕД ОКТОМВРИСКИТЕ ФЕСТИВАЛИ 1948

1948
Ин. број: 178-М79/6; 179-М79/6; 619-М105/6

Забележани мотиви од битот на македонскиот народ, преку неговата народна уметност презентирана со ткаенините, резбата, архитектурата, земјоделските култури специфични за ова поднебје, па сè до народните песни и танци, кои културно-уметничките друштва имаат можност да ги прикажат на фестивалите во Битола и Штип. Шпицата на филмот е во маска од дрворез во која се гледаат двајца зурлаџии и еден тапанџија.

ДЕ: село; архитектура, на село; товарно возило, двоколка; коњи, карван; Галичник; Охрид, градска архитектура; Велес, горен ракурс; рибари, на Охридското Езеро; тутун, нижење; рачна работа, плетење; рачна работа, ткаење; рачна работа, предење; народни ора; оро, „Тешкото"; оро, „Русалиско"; оро, „Чифте чанче"; Културно-уметничко друштво „Кочо Рацин"; Раштани, село во Скопско
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Благоја Дрнков Р: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, звучен, 510 м

## 71. СТОЧАРСТВОТО ДЕНЕС

1948
Ин. број: 1712-М204/1; 1713-М204/2; 177-М79/3

Пропаганден филм за задружното сточарство во повоениот период. Покрај одгледувањето на овците, претставен е и процесот на преработка на овчото млеко во сирење и кашкавал.

ДЕ: овчарство, бачила во планински предели; бачило; преработка на млеко, во бачило; производство на сирење, во бачило; производство на кашкавал, во задруга; народна носија, галичка, машка; народна носија, галичка, женска; народна носија, влашка, женска; обработка на волна, рачно предење и ткаење; Галичник, село; земјоделска задруга, „Државно сточарско стопанство - Црвени брегови - Шар"; Задруга за колонијална стока, „Општа снабдителна кооперација", во с. Галичник; курсеви, за описменување на овчари; весник, „Нова Македонија", насловна страница
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски (*) Р: Киро Билбиловски К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, нем, 216 м

## 72. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.2/48

1948

Филмот содржи прилози: за фестивалите на македонските народни игри и песни одржани во Битола и Штип; за едно секојдневие во Штип; потоа во конфекциската фабрика „Прогрес"; како и за жетвата на ориз од првата година на петгодишниот план.

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски (редактор) К: Трајче Попов; М. Стојановиќ

35 мм, црно-бел, звучен, 344 м

## 73. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.3/48

1948

Ин. број: 1053-М139/6; 4012-М503/6; 3961-М500/1

Филмскиот магазин обработува содржини од првиот слет на ударниците, новаторите и рационализаторите; потем за борбата против неписменоста во Свети Николе; за риболовот на Дојранското Езеро во зимски услови; па за судскиот процес против шпионско-терористичката организација „Јуџел"; од третата изложба на македонските уметници и за скијачкиот центар на Попова Шапка.

ДЕ: Народен театар во Скопје, ентериер; слет на ударници; Боге Кузмановски, претседател на Синдикатот, држи говор; Борче Петровски, Каролина Домина, Димче Сиљановски, ударници; Борис Таневски, рационализатор во фабриката за цигари; Свети Николе, плакат „Описменујте неписмени", аналфабетски курс; Невенка Циклева, учителка што го води аналфабетскиот курс; Дојранско Езеро, риболов во зимски услови, чунови; рибарски мрежи, крпење; судски процес, против членовите на шпионско-терористичката организација „Јуџел"; Панта Марина, претседател на Судскиот совет; Ремзи Исмаил, Мемед Шакири, членови на судскиот совет; Благоја Поповски, јавен обвинител; Шуади Азиз, Алија Абдураман, Назми Јумер Јакуб, членови на „Јуџел" осудени на смрт; Сулејман Пашиќ, осуден на 15 години затвор; Трета изложба на македонски сликари; Никола Мартиноски, пред својот автопортрет; уметнички слики од Лазар Личеноски, Томо Владимирски и Василие Поповиќ-Цицо; Попова Шапка, планинарски дом, скијачи

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Благоја Дрнков; Љубе Петковски; Киро Билбиловски; Трајче Попов; Кочо Недков

35 мм, црно-бел, звучен, 339 м

## 74. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.4/48

1948

Ин. број: 2135-М34/3; 1054-М139/3; 4013-М503/3

Информации за: I избори на фронтовските раководители во 1948 година; за изградбата на кооперативните домови во НР Македонија; за пролетната сеид-

ба; потоа за најдобрите остварувања во првото тромесечие од втората планска година и за културно-просветната работа во Лазарополе. На крајот е информацијата за школување на нови трговци, за новиот начин на тргување и настава за школување на келнери, како и за државното фудбалско првенство, натпреварот Партизан-Вардар.
ДЕ: фотографија, Јосип Броз Тито; фотографија, Лазар Колишевски; парола, „За членови на фронтовските раководства да ги избереме наиработните другари и другарки"; фотографија, Ј.В.Сталин; избори, за фронтовски раководства; парола, „Да живее Тито - народен фронт"; весници, „Трудбеник", „Млад Борец", „Единство", „Нова Македонија"; весници, вести за изградбата на кооперативни домови ширум Републиката; Проектантско биро за Македонија; Лазарополе, панорама; основно училиште, „Димитар Влахов", во Лазарополе, кревање на југословенското знаме; весник, „Пионер кооперант", излегува во училиштето во Лазарополе; парола, „Без книга нема знаење, без знаење нема комунизам"; приредба, во Лазарополе, мешан хор, детски балет и играорна група; курс, трговски, и практична настава за келнери
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Киро Билбиловски; Трајче Попов
35 мм, црно-бел, нем, 530 м

## 75. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.5/48

1948
Ин. број: 1055-М139/6; 1056-М139/6; 4014-М503/6; 4015-М503/6; 3963-М500/1/2

Активностите на членовите на Народниот фронт на Македонија меѓу двата конгреса на НФ, забележани и користени како илустрација на говорот на Лазар Колишевски, и од работата на II конгрес на НФ на Македонија.
ДЕ: работни акции, на членовите на НФ на Македонија; машинска хала; текстилна фабрика, погон; ѕидарски работи; Скопје, во деновите на II конгрес на НФ на Македонија свечено украсено; транспаренти, за време на одржувањето на Конгресот; портрети, Тито, Кардељ, Ранковиќ; Железничка станица во Скопје; Македонски народен театар, каде што се одржа II конгрес на НФ на Македонија; Димитар Влахов, на Конгресот; Вера Ацева, на Конгресот; Бане Андреев, на Конгресот; Лазар Колишевски, на Конгресот; Реиз Шакири, на Конгресот; Васа Јовановиќ, генерал, на Конгресот; Миха Маринко, на Конгресот; Богоја Фотев, на Конгресот; Страхил Гигов, на Конгресот; Благоја Талески, на Конгресот; ученици, од учителската школа „Браќа Миладиновци", на камион; избори, за делегати на НФ; обработка на земја, со воловска запрега; обработка на земја, со механизација; жетва, со механизација; овци, стадо; кашкавал, правење на Бистра, задруга; расчистување на неплодно земјиште; Моноспитовско Блато, исушување; Откупен пункт, на земјоделски производи ОВЧЕ ПОЛЕ бр.1; МНТ, ентериер; курсеви, аналфабетски; списанија, ПИОНЕР КООПЕРАТОР И ОМЛАДИНА; фестивали на народни игри и песни, во Штип и Битола; театарска претстава; Тодор Николовски, во театарска претстава; Тодорка Кондовска-Зафировска, во театарска претстава; курсеви, оспособување на млади стручни кадри; Народен магазин, зградата во Скопје; земјоделски алатки, изложени пред зградите на НА-МА и Народната банка во Скопје

ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Јово Камберски К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 343 м

## 76. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.6/48

1948
Ин. број: 3966-М500/1; 3967-М500/2; 3968-М500/2; 1057-М139/3

Филмот содржи прилози: за III Републички фискултурен слет; за изградбата на хидроцентралите во Маврово; за првата пионерска пруга во Македонија и за младите моделари и едриличари.

ДЕ: слет, на Градски стадион во Скопје; хидроцентрала „Маврово", изградба; пруга, пионерска; едриличари, моделари
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Киро Билбиловски; Благоја Дрнков; Кочо Недков, Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 415 м

## 77. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.7/48

1948
Ин. број: 3969-М500/1; 3970-М500/2; 1058-М139/3; 4016-М500/3

Филмскиот магазин опфаќа неколку стории, кои ги обработуваат следниве содржини: одржување на конгрес (собир) во Металскиот завод „Тито"; за постигнувањата во земјоделските задруги; за борбата за исполнување на планот во дрвната индустрија; понатаму завршните работи на хидроцентралите во Маврово и за првенството на ФНРЈ во кајак на мирни води.

ДЕ: фотографии, тема од НОБ, музејски експонати; конгрес, собир во Металскиот завод „Тито", говорници цивили и офицери, биста на Ленин и Сталин; дрвна индустрија, првична фаза, сечење и транспортирање на стебла низ река; свеченост по повод завршните работи на хидроцентралата „Маврово"; првенство на ФНРЈ во кајак на мирни води што се одржа во Охрид; Охрид, панорама
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски; Кочо Недков; Љубе Петковски; Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 78. 11 ОКТОМВРИ

1949
Ин. број: 180-М79/6; 181-М79/6; 968-М130/6; 2532-М243/1/2; 3601-М271/2; 3730-М278/2

Прославата на 11 Октомври 1948 година во Прилеп, Куманово, Кичево и одбележување на денот на ослободувањето на Дебар. Во чест на празникот во Скопје, во Даут-пашин амам, е отворена изложба за Револуцијата и НОБ. Потоа

одржување народни панаѓури, земјоделски изложби и изложба на книги по повод „Неделата на книгата“.
ДЕ: прослава на 11 Октомври; Прилеп, народен собир по повод 11 Октомври; споменик, кај некогашната Менкова колиба од каде што I кумановски одред тргнал во борба против окупаторот; спомен-плоча, откривање... на куќата во која е оформен Месниот комитет на КПМ за Кичево; Дебар, народен собир по повод 8 Септември, денот на ослободувањето на Дебар; спомен-плоча, откривање... на Младинскиот дом во Дебар; Даут-пашин амам, Скопје, изложба за НОБ и Револуцијата; факсимил, Проглас за вооружено востание; фотографија, Јосип Броз Тито, Едвард Кардељ, Милован Ѓилас, Александар Ранковиќ, експонати на изложбата во Даут-пашин амам; фотографија, Светозар Вукмановиќ-Темпо, Иван Милутиновиќ, Сретен Жујовиќ, Лазар Колишевски, експонати на изложбата во Даут-пашин амам; фотографија, Цветко Узуновски, Михајло Апостолски, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, експонати на изложбата во Даут-пашин амам; Сливово, селото во кое во 1943 година престојувал ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија и од каде што е издаден манифест за масовна борба; факсимил, манифестот издаден во с.Сливово, експонат на изложбата; фотографии, Февруарски поход, експонати на изложбата; бисти, на народните херои Страшо Пинџур, Стив Наумов, Орце Николов, Кузман Јосифовски, Цветан Димов, Мирче Ацев, Христијан Тодоровски; карта, географска, на движењето на партизанските единици во мајско-јунската офанзива во Пиринска и Егејска Македонија; фотографии, од борбите на Сремскиот фронт; земјоделски трудови задруги; парола, „Преку работни задруги до социјализам“; стопанство, државно; земјоделска изложба во Прилеп; производство на тутун; Институт, сојузен тутунски...во Прилеп; сеалки, земјоделски машини; жнеалки, земјоделски машини; косилки, земјоделски машини; плугови, земјоделски машини; краварство; свињарство; живинарство; панаѓури, народни; претпријатија, градски трговски...; „Народен магазин“; трговски курсеви; изложба, по повод „Недела на книгата“; основно училиште „Гоце Делчев“, каде што е одржана изложбата на книги; Книгоиздателство „Култура“, Скопје; Книгоиздателство „Просвета“, Београд; Државно издавачко претпријатие „Свијетлост“, Сараево; буквар, македонски...; читанки, македонски...учебници; Алгебра, македонска; Историја на стар век, учебник; Историја на СКП(б), книга; Говори од Сталин,
книга
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски; Благоја Дрнков; Трајче Попов Р: Благоја Дрнков К: Трајче Попов
35 мм, црно-бел, звучен, 400 м

## 79. I КОНГРЕС НА КПМ

1949
Ин. број: 3708-М277/2; 3750-М279/2; 183-М79/3

Одржувањето на I конгрес на Комунистичката партија на Македонија, во зградата на Народниот театар во Скопје. Опфатена е работата на конгресот, потоа Скопје свечено украсено по повод конгресот, производствениот процес во МЗТ и резултатите за време на одржувањето на конгресот.

ДЕ: I конгрес на Комунистичката партија на Македонија; фабрика, МЗТ, металска работилница, производство на копачи; Благоја Нешовиќ, зборува на I конгрес на КПМ; Македонски народен театар, Скопје, каде што се одржа I конгрес на КПМ, ентериер; фотографија, Ј.Б.Тито; бисти, Маркс, Енгелс, Ленин, Сталин; плоштад „Маршал Тито" во Скопје, свечено украсен по повод одржувањето на I конгрес на КПМ; Дом на ЈНА, Скопје, свечено украсен по повод одржувањето на I конгрес на КПМ; Собрание на СРМ, зградата на...; зградата на ЦК КПМ; Лазар Колишевски, зборува на I конгрес на КПМ; Светозар Вукмановиќ-Темпо, зборува на I конгрес на КПМ; Видое Смилевски-Бато, зборува на I конгрес на КПМ; фабрика, МЗТ, производство на пумпи

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Ацо Петровски; Аки Павловски Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски; Трајче Попов

35 мм, црно-бел, нем, 300 м

## 80. СИНДИКАЛНО ОДМОРАЛИШТЕ ВО ОХРИД - ПРВИ ДЕТСКИ ЈАСЛИ

1949

Ин. број: 1761-К57/6

Филмот е составен од неколку прилози-информации за: Синдикалното летувалиште во Охрид, потоа за развивањето на физичкото воспитување преку низа спортски натпревари и рекреација, за исушувањето на мочуриштата заради спречување на маларијата, за развивањето на здравствената заштита преку формирање амбуланти по селата и за формирањето на првите детски јасли во НР Македонија.

ДЕ: Синдикално одморалиште во Охрид; фудбалски натпревар; атлетски натпревар, дисциплини:фрлање копје, диск и кладиво и скок во височина и во далечина, трчање; скијање, на снег, како рекреација; слет, младинци вежбаат на стадион; мочуришта, прскање (рачно и со авион) на... исушување заради спречување на маларијата; здравствени амбуланти, развивање здравствена заштита по селата; детски јасли, згрижување на најмладите во установи; болница, здравствена заштита на возрасни

35 мм, црно-бел, звучен, 170 м

## 81. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.8/49

1949

Ин. број: 3971-М500/1; 3972-М500/1; 3973-М500/2; 4017-М500/3

Филмот содржи прилози: за активностите на градежното претпријатие „Дебарца"; за научната работа на тутунскиот институт во Прилеп; за натпреварите на младинците од текстилната фабрика „Кузман Јосифовски-Питу"; потоа судењето на Асен Богданов и неговата група поради злосторствата што ги направиле во II светска војна, врз недолжното население; како и за училиштето за применета уметност и за еден ден во градските детски јасли.

ДЕ: градежно претпријатие „Дебарца“; Прилеп, тутунски институт; текстилна фабрика „Кузман Јосифовски-Питу“; судска пресуда, изречување на...на Асен Богданов; фотографии, на злосторствата на групата на Асен Богданов; фотографии, на групата на Асен Богданов, од воените денови; Асен Богданов, во судот при неговото судење; училиште за применета уметност; детски јасли
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Тихомир Божиновски; Киро Билбиловски; Љубе Петковски; Кочо Недков; Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, нем, 421 м

## 82. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.9/49

1949

Филмот содржи прилози: за подготовките и за сеидбата на памук; за одгледување свињи во стопанството „Острово“; за железничкиот сообраќај во Скопје, како и за републичкиот натпревар во возење велосипеди на валјци.
ДЕ: памук, сеидба; свињи, одгледување во стопанството „Острово“; Скопје, железнички сообраќај
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Кочо Недков; Нико Буклевски; К. Ангелов; Љубе Петковски; Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 415 м

## 83. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.10/49

1949
Ин. број: 1059-М139/6; 3976-М500/1; 3977-М500/2; 4018-М503/3

Филмот опфаќа содржини од одржувањето на II конгрес на инвалидите на Македонија; за регулацијата на реката Црна; за образованието, поточно за начинот на изведување на наставата во Средното специјализирано индустриско училиште во Скопје, како и за одржувањето на Републичкиот пролетен атлетски крос, исто така во Скопје.
ДЕ: училиште, средно специјализирано индустриско, во Скопје; настава, теоретска и практична; машини и машински елементи, за изведување практична настава; леарница, за практична настава; градежно изведување, ѕидање и градење на покривна конструкција; настава за сточарството, теоретска и практична; градски стадион, во Скопје; градски парк, во Скопје; атлетски натпреварувачи, учесници на крос; биста, Сталин, Ленин; фотографија, Ј.Б. Тито, Лазар Колишевски; река Црна, регулирање на коритото
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јован Бошковски К: Бранко Михајловски; Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 355 м

## 84. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.11/49

1949

Целокупниот филмски преглед е посветен на прославата на 1 Мај во Скопје.

ДЕ: Скопје, прослава на 1 Мај
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Трајче Попов; Киро Билбиловски; Кочо Недков; Бранко Михајловски; Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 480 м

## 85. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.12/49

1949

Филмот содржи прилози: за одржувањето на II конгрес на ССМ; за активностите во дрвната индустрија; потоа за протестниот митинг против фашизмот; за електрификација на селото Буково и за најдобриот колектив во одбранбената обука.

ДЕ: II конгрес на ССМ; дрво, обработка; митинг, против фашизмот; Буково, електрификација
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јован Бошковски К: Љубе Петковски; Бранко Михајловски; Кочо Недков; Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 159 м

## 86. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.13/49

1949

Ин. број: 1060-М139/6; 4020-М503/6; 3984-М501/1; 3984-М501/2; 3986-М501/2; 4021-М503/3

Филмскиот преглед е целосно посветен на прославата на петгодишнината на НРМ и, меѓу другите, ги содржи сториите: отворање изложба по повод петгодишнината од постоењето на НР Македонија; пуштање во погон на термоцентралата во Маџари крај Скопје и посетата на претседателот Јосип Броз Тито на главниот град на Македонија, Скопје, по повод прославата на Илинден во 1949 година.

ДЕ: изложба, по повод петгодишнината од постоењето на НР Македонија; Страхил Гигов, ја отвора изложбата; термоцентрала во Маџари, предавање во употреба; Борко Темелковски, Никола Петровиќ, при пуштањето во работа на термоцентралата; прослава на Илинден во 1949 година, митинг; Скопје, 2 август 1949, плоштад „Маршал Тито", Народна банка, НАМА, свечено украсени; Јосип Броз Тито, во Скопје на Илинден; Лазар Колишевски, Владимир Бакариќ, Петар Стамболиќ, на митингот во Скопје на Илинден; Гоце Делчев, портрет на Ристиќевата палата
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јован Бошковски К: Трајче Попов; Бранко Михајловски;

Љубе Петковски; Кочо Недков; Нико Буклевски; Тихо Божиновски; Кицо Сиљановски
35 мм, црно-бел, звучен, 390 м

## 87. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.14/49

1949
Ин. број: 4022-М503/3

Од овој филмски преглед се сочувани сторииите за една посета на Јосип Броз Тито на Скопје и за извршување на неколку активности во изградбата на земјата.

ДЕ: Јосип Броз Тито, во Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Трајче Попов; Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, нем, 292 м

## 88. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.15/49

1949
Ин. број: 3988-М501/1; 3989-М501/1; 3990-М501/2; 3991-М591/2; 4023-М503/3

Овој преглед е составен од прилози: за прославата на шестгодишнината од формирањето на Првата македонско-косовска бригада; за изградбата на нови железнички пруги во Македонија; за пошумувањето на околината на Скопје, како и за одбележувањето на 5-годишнината од излегувањето на весникот „Нова Македонија".

ДЕ: прослава, 6 години од формирањето на Првата македонско-косовска бригада; железничка пруга, изградба; Скопје, пошумување; „Нова Македонија", одбележување на 5-годишниот јубилеј
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Кицо Силјановски; Љубе Петковски; Тихо Божиновски; Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 89. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД (?)

(1949-1951)
Ин. број: 1691-Д54/3

Материјалот нема натписи и, веројатно, е дел од филмски преглед што не е идентификуван. Филмот е составен од три стории: процесот на производство на свилен конец од свилени буби; митинг и полагање венци на споменик во град, веројатно Гевгелија, по повод денот на ослободувањето 7 Ноември и сторија за прифаќање на голема група бегалци, деца, жени и мажи, од страна на нашите граничари.Групата бегалци ја минува нашата граница, се прифаќа, им се дава прва помош и храна.

ДЕ: црница, бесцветно дрво, храна за гасениците на свилените буби; кожурец на

свилена буба; свилен конец, производство; Гевгелија, митинг по повод денот на ослободувањето 7 Ноември, зборува Ристо Бајалски, полагање венци на споменик; парола, „Да живее 7 Ноември денот на ослободувањето на нашиот град", „Да живее КПЈ на чело со Тито"; парола, „Слава на паднатите првоборци", „Да живее ЦК-КПМ на чело со другарот Лазо Колишевски"; југословенски граничари, прифаќање бегалци, се чита датум 14-VII-1949
ПР: неидентификувано
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, нем, 185 м

## 90. НАРОДНА ТЕХНИКА

1950
Ин. број: 185-М79/1; 3595-М271/2; 186-М79/3

Од активностите на Народна техника, која имала битна улога во подигнувањето на техничката култура и знаење во годините по ослободувањето.
ДЕ: Скопје, авионски снимки на центарот на градот; Скопје, авионски снимки на левата страна на Вардар; Камен мост, Скопје; Македонски народен театар, зградата снимена од десната страна на Вардар; Народна техника, секции; секција, за механичари, радио-аматери, едриличари, фотографска и макетарска; едрилица, обука за летање; авион, двосед
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, нем, 230 м

## 91. НЕДЕЛА НА НАЦИОНАЛНА КУЛТУРА

1950
Ин. број: 609-М105/6; 610-М105/6; 618-М105/6; 1714-М204/1; 1715-М204/1/2; 3576-М270/2; 3577-М270/2

Прослава на петгодишнината од културниот живот во НР Македонија, која се одржува во Охрид, 1950 година, во чии рамки се одржуваат повеќе културни манифестации, откривање на споменик на браќата Миладиновци во Струга, отворање на изложба на културните достигања, како и II конгрес на просветните работници.
ДЕ: црква „Св. Јован Канео", во Охрид; архитектура градска, во Охрид, куќата на Робевци; црква „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос" во Охрид; автобус, патнички; собир на културно-просветните работници, во Охрид; парола, „Да живее КПЈ организатор на културната преродба на македонскиот народ"; II конгрес на просветните организации, одржан во Охрид; Лилјана Чаловска, го отвора II конгрес на просветните организации; Крсте Црвенковски, го поздравува II конгрес на просветните организации и го открива споменикот на браќата Миладиновци; брод „Охрид"; културно-уметничко друштво, членовите облечени во носии пеат на брод; споменик, браќа Миладиновци, во Струга; свеченост, откривање на споменикот на браќата Миладиновци во Струга; население, од Струга и Струшко, облечено во народни носии; изложба, на национална култура,

по повод 5-годишниот слободен развиток; фреска, „Кирил и Методиј", експонат на изложбата; Јоаким Крчовски, портрет, експонат на изложбата; Кирил Пејчиновиќ, портрет, експонат на изложбата; Григор Прличев, портрет, експонат на изложбата; Крсте Мисирков, портрет, експонат на изложбата; Никола Карев, портрет, експонат на изложбата; Даме Груев, портрет, експонат на изложбата; Питу Гули, портрет, експонат на изложбата; Гоце Делчев, портрет, експонат на изложбата; Манифест на Крушевската република, изложбен експонат; парола, „Македонската култура е неопходност за правилно развивање на македонската револуција" - Гоце Делчев; табела, за достигнувањата во масовното повоено описменување, изложбен експонат; преглед на филмските достигнувања, изложбен експонат; печатарство, увид во 5-годишното достигнување; весник, „8 Март", „Пирински глас", „Спортски глас", „11 Октомври", „Народна задруга", изложбени експонати; весник, „Лазарополе", „Братство-единство", „Трудбеник", „Служben весник", „Пионерски весник", „Партиски живот", изложбени експонати; весник, „Просветно дело", „Културен живот", „Флака е влазеримит", „Бирлик", „Млад борец", изложбени експонати; пано, насловни страници на весници на кои е напишан тиражот на печатење, изложбен експонат
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 230 м

## 92. НЕДЕЛА НА НАЦИОНАЛНА КУЛТУРА (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

1950
Ин. број: 1735-К57/6

Прослава, која се одржува во Охрид, проследена со огномет и приредба, на која присуствува локалното население. На приредбата се изведуваат фолклорни игри во исполнение на културно-уметничко друштво. Приредбата завршува со величествен огномет.

ДЕ: прослава во Охрид; кајчиња, во ноќен амбиент на езерската шир; огномет, над Охридското Езеро; фолклорна приредба, во Охрид; оро, „невестинско", женска фолклорна група во галичка носија; оро, „Чифте чанче", машка фолклорна група во носија од Западна Македонија (Битолско); оро, „русалиско", машка фолклорна група од гевгелискиот крај; оро, „калаџиско", машка фолклорна група; ромски фолклорен танц, женска фолклорна група
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, звучен, 120 м

## 93. ПАМУК ОД ЗАДРУЖНИТЕ ПОЛИЊА

1950
Ин. број: 187-М79/6; 188-М79/6; 1716-М204/1; 3935-М290/2

Производството на памук во НР Македонија, поточно во работната задруга на селото Градошарци. Подготвување на семето на памукот, негово миење, сушење, чистење и пакување, потоа орање и сеење, па сè до берба на памукот.

ДЕ: Градошарци, село во Македонија; тракторска станица; Земјоделска работна задруга „Мичурин", с.Градошарци; производство на памук, во НРМ; откупна станица за памук, Валандово; Памучен истражувачки институт; памук, берба; производство, сушење и пакување на памуково семе; орање; сеење; пролетна сеидба
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ацо Петровски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 94. ПЕТ ГОДИНИ НРМ

1950
Ин. број: 189-М79/6; 611-М105/6; 1720-79/6; 1718-М204/1; 1717-М204/1/2; 3936-М290/2; 3937-М290/2; 182-М79/3

Презентација на достигнувањата во повоениот петгодишен период по ослободувањето и добивањето државност. Повеќе аспекти на општествениот развиток во здравството, образованието, социјална грижа, земјоделско стопанисување, сточарство, индустријализација, достигнувања во областа на културата... Филмот содржи пет целини секоја за себе, а во исто време има интегрална целина.

ДЕ: фотографија, Јосип Броз Тито; гласачко место 41; Местен народен одбор на с.Горно Лисиче; Горно Лисиче, село; парола, „Да живее другарот Тито", „Да живее другарот Лазо", „Да живее законот за аграрната реформа"; текстилна фабрика, национализација од поранешниот сопственик Вангел Костов; училница, ученици од прво одделение; Филозофски факултет, Скопје, предавање; мочуришни терени, уништување на маларичен комарец со рачно и авионско прскање; детски јасли, грижа за деца на село и град; болница, операциона сала; училиште, настава на албански јазик; весник, „Нова Македонија", „Млад борец", „Трудбеник", „Партиски живот", „Единство", „Македонка"; весник, „11 Октомври", „Братство", „Народна задруга", „Пирински глас"; Црна Река, мелиоративни зафати; хидроенергетски систем „Маврово", изградба; пруга Куманово-Свети Николе, изградба; пруга Скопје-Гостивар, изградба; рудник, вагонетки; синдикално одморалиште „Орце Николов", Охрид; Градски стадион-Скопје, натпревари во атлетика, слет; здравствена заштита на село; Гарска Река; село Лазарополе, задружен дом, ресторан и библиотека во домот, килимарница, готови производи, килими; хидроцентрала во Лазарополе, изградба; Ѓорѓи Несторовски, ја прави турбината за хидроцентралата во Лазарополе; весник „Лазарополе", редакција; бачило, молзење на овци, описменување на овчари на планината Бистра; Државно сточарско стопанство „Црвени брегови" - Шар, производство на кашкавал; жито, жнеење со механизација и рачно; говеда, од расата „Сименталка"; афион, засечување на афионови шишарки; тутун, берба; ориз, плевење; памук, берба; јаболка, берба; Македонски народен театар, ентериер; „Печалбари", изведба на театарска претстава во МНТ; Мери Бошкова во претставата „Печалбари"; Добрила Пуцкова во претставата „Печалбари"; Драги Костовски, во претставата „Печалбари"; „Грабнување од сарајот", опера од Гаетано Доницети, изведба во МНТ; Зина Крења во операта „Грабнување од сарајот"; Тодор Скаловски, диригент на операта „Грабнување од сарајот"; балетска претстава во МНТ; Натка

Пенушлиска, во балетска претстава во МНТ; Скопје, центарот на градот, Дом на ЈНА, НА-МА; скулптура на Ј.В.Сталин; портрет, Јосип Броз Тито, Едвард Кардељ, Моша Пијаде, Александар Ранковиќ, Борис Кидрич, Л.Колишевски; I конгрес на КПМ; Лазар Колишевски, претседател на Президиумот на ЦК КПМ, зборува на I конгрес на КПМ; Видое Смилевски-Бато, на I конгрес на КПМ; Крсте Црвенковски, на I конгрес на КПМ; Охрид, дел од градот десно од пристаништето; основно училиште „Климент Охридски", Скопје; хидроцентрала „Зрновци", изградба; хидроцентрала „Маврово", изградба; термоцентрала „Маџари", екстериер; Споменик на паднатите борци во НОБ, откривање на споменикот на 2.08.1949; Крсте Црвенковски, зборува на откривањето на Споменикот на паднатите борци во НОБ, Скопје, 2.08.1949; транспарент, парола „Да живее НРМ во која се остварени и надминати идеалите на Гоце Делчев и Илинденското востание"; транспарент, парола „Да живее Илинден 1944-1949"; плоштад „Маршал Тито", Скопје, свечена бина пред книжарницата на ИП „Култура" по повод Илинден 1949 година; свеченост, по повод Илинден 1949, зборуваат Ј.Б.Тито и Л.Колишевски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коле Чашуле Р: Киро Билбиловски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 1094 м

## 95. ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР

1950
Ин. број: 1721-M204/1; 1722-M204/2/1; 3932-M290/2; 3933-M290/2; 3934-M290/2; 1099-M141/3

Филмот претставува сестран приказ на развојот на регионот по течението на реката Вардар. Филмот ги опфаќа индустрискиот развој, развојот на земјоделието, културните придобивки од новото социјалистичко општество, културните и етнолошките особености на жителите, археолошките и историските карактеристики, а последната секвенца е посветена на егзодусот на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Реализирани се стории за: градењето на ХЕ „Маврово", електрификација на земјата, градење на пругата Тетово-Гостивар, Земјоделскиот техникум во Тетово, првата пионерска пруга, Градскиот парк во Скопје, матине во кафеаната „Кермес", работата на Радио Скопје, Македонскиот народен театар, градот Велес и поетскиот, револуционерниот и животниот пат на поетот Кочо Рацин со посета на неговата родна куќа и неговата мајка, црквата „Св. Пантелејмон" во Велес, индустријата и земјоделството во велешкиот регион, археолошкиот локалитет Стоби, рудникот „Злетово", Земјоделската задруга „Тиквеш" од Демир Капија, земјоделските задруги од селата Пирава и Миравци, сторија за свадбарските обичаи во Миравци, одгледувањето на свилените буби во „Изворски" од Богданци, прослава на денот на ослободувањето на Гевгелија и сторија за егзодусот на Македонците од Грција, како резултат на граѓанската војна и грчкиот шовинизам.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Трајче Попов К: Нико Буклевски
35 мм, црно-бел, звучен, 1180 м

## 96. РАДОСНО ДЕТСТВО

1950
Ин. број: 184–M79/1; 3575–M270/2; 3717–M277/2; ПР.БР./6

Грижа на заедницата за воспитување, разонода и одмор на најмладите членови. (Извор: ФЈФ 45–65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Борис Бојаџиски Р: Благоја Дрнков К: Томо Димов, Мишо Самоиловски
35мм, црно–бел, звучен, 570 м

## 97. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.17/50

1950
Ин. број: 3992–M501/1; 3993–M501/2; 4024–M503/3; 1061–M139/3

Овој филмски преглед содржи прилози: за изборите на пратеници во конфекциската фабрика „Прогрес“; за македонскиот државен фолклорен ансамбл „Танец“; за еден зимски престој на извидници, пионери и младинци на Пелистер, каде што учат да скијаат; и за зимско сточарење на планината Бистра, за начинот на хранење на овците и сл.
ДЕ: фабрика за текстил „Прогрес“; „Танец“, фолклорен ансамбл; Скопје, плоштад „Маршал Тито“; извидници, зимска школа за скијање на планината Пелистер; планина Бистра, бачило; село Лазарополе; овци, чување во зимски услови
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Мишо Самоиловски; Бранко Михајловски; Кицо Силјановски
35 мм, црно–бел, звучен, 420 м

## 98. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.18/50

1950
Ин. број: 1062–M139/6; 1063–M139/6; 4025–M503/6; 3994–M501/1; 3995–M501/1/2; 3996–M501/2; 3997–M502/2; 4026–M503/3

Информација за две големи работни победи на нашиот народ. Првата е скротувањето на реката Зрновка и изградбата на хидроцентралата „Зрновци“. Втората е од скопската ложилница, во која беше извршен целосен ремонт на две локомотиви, и тоа 10 дена пред рокот. Во вториот дел се дадени две стории: за работата на Земјоделскиот техникум во Тетово и за Куклениот театар во Скопје.
ДЕ: Зрновка, река; Хидроцентрала „Зрновци“; Аспарух Каневче, зборува на собирот по повод пуштањето во работа на ХЦ”Зрновци“; Ложилница – Скопје, ремонт на две локомотиви; Земјоделски техникум, Тетово, теоретска и практична настава; Куклен театар, Скопје, подготовка и изведба на претставата „Снежана и седумте џуџиња“; Петре Прличко, учесник во куклената претстава
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски; Тихо Божиновски
35 мм, црно–бел, звучен, 361 м

## 99. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.19/50

1950
Ин. број: 1064–M139/6; 4027–M503/6; 3998–M502/1; 3999–M502/2; 4028–M503/3

Филмскиот преглед број 19 ги содржи прилозите: за изградбата на Битола, за регрутирањето нови борци во Југословенската армија, за пионерската морнарица во Охрид и за IV републички фискултурен слет, одржан на 15 и 16 јуни во Скопје.

ДЕ: Битола, кадри од градот и стара архитектура; Битола, новоградби: основно училиште, поликлиника, Металски завод „Георги Наумов", Учителска школа; Народен театар Битола, зградата; детска градинка во Битола; регрутирање, за Југословенската армија, во регрутната комисија на воениот отсек Скопје I; слет, IV републички фискултурен; Охрид, пристаниште, пуштање на „Пионер", првиот брод на Охридската пионерска морнарица
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Кицо Силјановски; Мишо Самоиловски; Бранко Михајловски; Тихо Божиновски; А.Ивановски
35 мм, црно-бел, звучен, 332 м

## 100. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.20/50

1950

Филмот содржи 2 прилога: за активностите во фабриката „Алкалоид" од Скопје и за изложба на постигнувањата во индустријата и во занаетчиството
ДЕ: „Алкалоид", фабрика во Скопје; изложба, индустриски и занаетчиски производи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Мишо Самоиловски; А. Ивановски
35 мм, црно-бел, нем, 250 м

## 101. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.21/50

1950
Ин. број: 1065–M139/6; 4029–M503/6; 4001–M502/1; 4002–M502/2; 4003–M502/2; 4030–M503/3

Филмскиот преглед бр. 21 ги содржи прилозите за предавањето на фабриката „Мичурин" на работниците и за воздухопловниот митинг одржан на 2 август во Скопје.

ДЕ: фабрика, металска, кожарска, гумарска, текстилна, за цигари; прехранбена фабрика „Мичурин"; Работнички совет, избор на... во фабриката „Мичурин"; Скопје-Хиподром, одржување на воздухопловен митинг по повод 2 август; Лазар Колишевски, на воздухопловниот митинг одржан во Скопје по повод 2 август; воздухопловен митинг, акробатски летови; едрилици, на воздухопловниот митинг одржан во Скопје; моделари, на едрилици, пионери; авиони, дефиле на воздухопловниот митинг одржан во Скопје; падобранци, на воздухопловниот митинг одржан во Скопје

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Кицо Силјановски; Љубе Петковски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 326 м

## 102. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.23/50

1950

Овој преглед содржи прилози: за Третиот конгрес на Народниот фронт на Македонија; за Фабриката за преработка на дрво, „Треска"; за жетва на ориз и за младите од селото Вевчани.
ДЕ: конгрес, Народен фронт на Македонија; „Треска", фабрика за преработка на дрво во Скопје; ориз, жетва; Вевчани, животот и активностите на младите во селото
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски; Васе Василевски; Кицо Силјановски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 103. КУЛТУРЕН ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА

1951
Ин. број: 1719-М79/6; 1723-М205/1; 3589-М270/2; 203-М80/3

Филмот е составен од прилози за културниот живот во Македонија. Одбележување на 5-годишнината на Македонскиот народен театар; концерти, Куклен театар, Струмички театар, Македонска филхармонија и настапот на хорот на КУД „Владо Тасевски" за железничкиот колектив по повод 11 Октомври.
ДЕ: настава во природа, пионери; Куклен театар, претстава; Македонски народен театар, ентериер и екстериер на зградата; плакати, за оперски и театарски претстави на МНТ; театар на отворено, претстава на Струмички народен театар; Македонска филхармонија, концерт на...; концерт, на ученици на Средното музичко училиште; хор, КУД „Владо Тасевски", настап пред железничкиот колектив по повод 11 Октомври
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Киро Билбиловски Р: Киро Билбиловски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, нем, 240 м

## 104. МАВРОВО СЕ ГРАДИ

1951
Ин. број: 2468-М240/1; ПР. БР./3

Почетни работи во изградбата на ХЦ „Маврово". Во изградбата учествуваат и младинските работни бригади. Свечености при отворањето. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм

СЦ: Јован Поповски Р: Благоја Дрнков К: Нико Буклевски
35мм, црно-бел, 425 м

## 105. НАШИТЕ ПРВИ ИСКРИ

1951
Ин. број: 204-М80/6; 1724-М205/1; 3578-М270/2; 3579-М270/2

Филм за изградбата на хидроцентралата во селото Тресонче, на реката Радика. Филмот е снимен со учество на учениците од Електростопанското училиште „Никола Тесла“ во Скопје, 1950 година.

ДЕ: Охрид; село; селска куќа; Железничка станица во Скопје; Градежно-средно техничко училиште; Електростопанско училиште; интернат, на Електростопанското училиште; настава на Електростопанското училиште; термоцентрала, во Маџари, учениците од Електростопанското училиште на монтажа на машините; матурски испит, полагање... во Електростопанското училиште во Скопје; портрети, Ј.Б.Тито и Л.Колишевски, во Електростопанското училиште; пароли, во Електростопанското училиште; Тресонче, панорама на селото; црква, во село Тресонче; расчистување на теренот за подигнување на хидроцентрала; минирање на теренот за подигнување на хидроцентрала; брана, на хидроцентралата во с. Тресонче, изградба; Скопје, центарот на градот, камион со турбините и контролната табла за задружната хидроцентрала во с.Тресонче; спомен-плоча, на задружната хидроцентрала во с.Тресонче; сеча на дрва, за правење бандери; електрична инсталација, поставување во селото Тресонче; народна веселба, по повод пуштањето во работа на задружната хидроцентрала; пароли, во с.Тресонче, на денот на пуштањето во погон на хидроцентралата; Охрид, Синдикално одморалиште, бригадирите на одмор во септември 1950 год.; Синдикално одморалиште, Охрид, бригадирите на одмор во...; инсталирање на електрични направи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 499 м

## 106. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.25/51

1951
Ин. број: 1066-М139/6; 4007-М502/1; 4008-М502/2; 4031-М503/3

Прегледот ги содржи прилозите: за организирањето и изведувањето на вонармиска воена вежба; за здравствената акција во оддалечените планински села, заради подигање на хигиената и здравствената заштита во селата и за забавниот парк и циркусот во Градскиот парк во Скопје.

ДЕ: воена вежба; форсирање река, воена вежба; санитетска служба, воена вежба; здравствена заштита, проширување на...во селата; здравствено просветување, народно; социјални грижи, по селата; Градски парк во Скопје; забавен парк, во Градскиот парк во Скопје; циркус, во Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
Р: неидентификувано К: Кочо Недков; Љубе Петковски; А.Ивановски
35 мм, црно-бел, звучен, 327 м

## 107. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.26/51

1951
Ин. број: 4009-M502/1; 4032-M503/3; 1067-M139/3

Магазинот е составен од три прилози со следниве содржини: за Охрид во летните дни, за Титов Велес и за спомени од 11 Октомври 1941 година во Прилеп.
ДЕ: Охрид, стара архитектура, куќата на семејството Робеви; Охридско Езеро, кајчиња и едрилици; црква, „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос", „Св. Јован Канео", во Охрид; Титов Велес, стара архитектура; грнчарски занает, рачна изработка; Прилеп, прослава на 11 Октомври; Лазар Колишевски, зборува на прославата во Прилеп
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Бранко Иванов Гапо К: Кицо Силјановски
35 мм, црно-бел, нем, 240 м

## 108. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР.27/51

1951
Ин. број: 1068-M139/6; 4033-M503/6; 4010-M502/1; 4011-M502/2

Прегледот содржи прилози: за работата на стопанството „Тиквеш"; за одржувањето на I конгрес на Народна техника на Македонија и за изложбата што се одржа во рамките на конгресот.
ДЕ: стопанство „Тиквеш"; кошници пчели, на стопанството „Тиквеш"; фарма за крави, молзење, на стопанството „Тиквеш"; живинарска фарма, на стопанството „Тиквеш"; лозови плантажи, на стопанството „Тиквеш", орање, подврзување и прскање на лозите; винарска визба, на стопанството „Тиквеш"; лабораторија на винарската визба, на стопанството „Тиквеш"; конгрес, I на Народна техника на Македонија; Страхил Гигов, член на Политбирото на ЦК-КПМ, го поздравува конгресот; Ацо Иков, претседател на гавниот одбор на Народна техника, зборува на конгресот за нејзиниот развој; изложба, во рамките на I конгрес на Народна техника на Македонија, разни експонати; фотографии на учесници во изградбата на пругата Бања Лука-Добој, од 14 земји, снимени од аматерот Цветко Ивановски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Јово Камберски; Бранко Иванов Гапо К: Бранко Михајловски; Аки Павловски
35 мм, црно-бел, звучен, 250 м

## 109. БЕЛИ МУГРИ

1952
Ин. број: 190-M80/6; 882-M123/6; 1726-M205/1; 3645-M274/2; 3646-M274/2; 3647-M274/2; 3759-M274/2

Филмска поема според стиховите на македонскиот поет и револуционер Кочо Рацин. Неговиот поетски пат предаден преку филмска панорама на животот на македонскиот народ во минатото.
ДЕ: Коста Солев Рацин, портрет; Велес, панорама; музеј, спомен...на Рацин;

Оризишта; жетва; Лазарополе; голема ливада, Лазарополе; сама бука, Лазарополе; тутун, берба; тутун, калапење; тутун, нижење; тутун, балирање; оро, „Тешкото“; народна носија, галичка; печалбарство, адети; знаме на I македонска народноослободителна бригада
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Јован Бошковски Р: Трајче Попов К: Нико Буклевски
35 мм, црно-бел, звучен, 535 м

## 110. ПРОТЕСТЕН МИТИНГ ПО ПОВОД АНЕКСИЈАТА НА ТРСТ

1952
Ин. број: 623–М105/3

Дел од манифестациите што работните луѓе и граѓаните од Скопје ги организираа во знак на протест, по повод анексијата на Трст. Протестни собири на Скопската железничка станица и на плоштадот „Маршал Тито“.
ДЕ: Скопје, протестен митинг по повод анексијата на Трст; митинг, протестен, во Скопје, по повод анексијата на Трст; железничка станица, во Скопје; плоштад „Маршал Тито“, во Скопје, протестен митинг по повод анексијата на Трст; фабрика „Цветан Димов“, во Скопје; Лилјана Манева, зборува на протестниот митинг по повод анексијата на Трст на плоштадот „Маршал Тито“; Ќемал Сејфула, зборува на протестниот митинг по повод анексијата на Трст; Трпе Јаковлевски, зборува на протестниот митинг по повод анексијата на Трст
ПР: неидентификувано
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, нем, 186 м

## 111. СО БРОДОТ „МАКЕДОНИЈА“ ОД РИЕКА ДО ЊУЈОРК

1952
Ин. број: 1727–М205/1; 3593–М271/2; 205–М80/3

Патописна репортажа за бродот „Македонија“ кој исплловува од риечкото пристаниште, патува по Средоземното Море и пристигнува во Њујорк.
ДЕ: брод, прекуокеански, „Македонија“; Александрија, пристаниште каде што запира бродот „Македонија“; Александрија, кадри од градот; море, морски пространства; архитектура, градска, во Александрија; градски парк, во Александрија; географска карта на Средоземно Море, на која се означува маршрутата на бродот „Македонија“; вулкан Стромболи, на Сицилија, активен; морски премин, сицилиски; Алжир, дел од одредиштата на бродот „Македонија“; Коло, место во Алжир; товарење стока на брод, бали тутун; бура на Атлантски Океан; Њујорк, Кипот на слободата и Менхетн, снимени од бродот „Македонија; Њујорк, ноќна атмосфера, светлечки реклами
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Благоја Дрнков; Кочо Недков Р: Благоја Дрнков К: Кочо Недков
35 мм, црно-бел, нем, 239 м

## 112. ФИЛМСКИ ПРЕГЛЕД БР. (?)/52

1952
Ин. број: 1068-М139/6; 4033-М503/6; 4010-М502/1; 4011-М502/2

Филмот се состои од два прилога. Првиот се однесува на Македонскиот народен театар, поточно на неговите сегменти, Драмата, Операта и Балетот, кои се сместени во старата зграда разурната по земјотресот. Вториот прилог ги прикажува комеморативниот митинг на плоштадот во Скопје и погребната поворка, по повод загинувањето на двајца граничари. Веројатно, и овој материјал е дел од некој филмски преглед кој не е докрај идентификуван.

ДЕ: Македонски народен театар, ентериер на старата зграда разурната во земјотресот; едночинка, во изведба на артисти на МНТ; Мери Бошкова, во артистичка игра; опера, „Бахчисарајска фонтана", во стариот МНТ; балет, во изведба на ансамблот на МНТ; плоштад „Маршал Тито", Скопје; погребна поворка, по повод загинувањето на двајца граничари; посмртна стража, на загинатите граничари; парола, „Бараме да се престане со злочинечката провокација против нашата мирољубива земја"; парола, „Бараме најстрога одговорност за организаторите и извршителите на овој гнасен злочин"; парола, „Слава на паднатите борци чувари на нашата граница"; парола, „Долу провокаторите подбуцнувачи на нова војна"

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, нем, 185 м

## 113. ГРАДИНАР

1953
Ин. број: 3666-М274/1; 3758-М279/2; ПР.БР./6

Продавници на претпријатието „Градинар", нивната стока и начин на работење. (Извор: ФЈФ 45-65)

ПР: Вардар филм
СЦ: Јово Камберски Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски
35мм, црно-бел, звучен, 85 м

## 114. ЕВРОПА

1953
Ин. број: 4059-М199/6

Слатките производи на фабриката „Европа" во Скопје. Нивниот пат од првите елементи на производството сè до последниот: консумирање во масовна потрошувачка. (Извор: ФЈФ 45-65)

ПР: Вардар филм
СЦ: Александар Маркус Р: Александар Маркус К: Љубе Петковски
35мм, црно-бел, звучен, 78 м

## 115. КОЈ Е КРИВ?

1953
Ин. број: 1733–М205/1; 3702–М277/2; 3703–М277/2; ПР.БР./6
Најчестите причини за сообраќајни несреќи. (Извор: ФЈФ 45–65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Вера Кличкова Р: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
35 мм, црно-бел, звучен

## 116. МИРАВСКА СВАДБА

1953
Ин. број: 191–М80/6; 602–М104/6; 693–М110/6; 2466–М240/1; 3625–М272/2; 3626–М272/2; 3627–М272/2
Свадбени обичаи во селото Миравци, во близината на Гевгелија.
ДЕ: свадбарски обичај: фрлање погача, дарување на свекорот и машко дете, земање дарови, поздравување со кумот, гледање низ прстен; режење афионови шишарки; оро; гајда; зурла; пиростија; ѕидано огниште; ентериер на селска куќа
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 518 м

## 117. МУГРА ВО ПОЛИЊАТА

1953
Ин. број: 3714–М277/2; 3819–М282/1; 3820–М282/2; ПР.БР./6
Примена на агротехничките машини и вештачкото ѓубриво на земјоделските поседи во околината на Битола. (Извор: ФЈФ 45–65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Бранко Гапо, Цветко Самоиловски Р: Бранко Гапо К: Бранко Михајловски
35мм, црно-бел, звучен, 200 м

## 118. НАШИНСКИ РАЗГОВОРИ

1953
Ин. број: 1732–М205/1; 3872–М290/1; 3873–М290/2; ПР.БР./6
Економската и социјалната положба на македонските иселеници во САД.
ПР: Вардар филм
СЦ: Благоја Дрнков Р: Благоја Дрнков К: Кочо Недков
35мм, црно-бел, звучен,

## 119. ПАРТИЗАН

1953
Ин. број: 1731–М205/1; 3755–М279/2; ПР.БР./6

Изведување вежби во организацијата за телесно воспитување „Партизан", пречек и испраќање на Титовата штафета. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Ацо Петровски Р: Ацо Петровски К: Кочо Недков
35мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 120. ПАСТЕРИЗИРАНО МЛЕКО

1953
Ин. број: 1730-М205/1
Процес на производство на млечни производи во фабриката „Конзумна млекара" во село Маџари кај Скопје. Широка потрошувачка на тие производи.
ПР: Вардар филм
СЦ: Јово Камберски Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски
35мм, црно-бел, звучен, 220 м

## 121. ПОЖАР

1953
Ин. број: 1728-М205/1; 3597-М271/2; 3769-М279/1; 4060-М199/3; ПР.БР./6/3
Најчестите предизвикувачи на пожарите, заштита и борба против оваа опасност. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Александар Маркус Р: Кочо Недков К: Нико Буклевски
35мм, црно-бел, звучен, 450 м

## 122. ПРИКАЗНА ЗА ЧОВЕКОТ И ОВЦИТЕ

1953
Ин. број: 1729-М205/1; 3570-М269/2; 3572-М269/2; ПР.БР./6
Споредувајќи го индивидуалното, истакнато е современото, задружно, одгледување на овци. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Чочи Мичели Р: Трајче Попов К: Бранко Михајловски, Љубе Петковски
35мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 123. СЛУЖБА ЗА ТРАНСФУЗИЈА НА КРВ

1953
Ин. број: 3846-М284/2; 3903-М188/3
Репортажа за доброволните донатори на крв. Нивното доаѓање во заводот, работата на заводот и постапката при давање крв.
ПР: Вардар филм
СЦ: Ацо Петровски Р: Ацо Петровски К: Кочо Недков
35мм, црно-бел, звучен, 80 м

## 124. АЗОТ

1954
Ин. број: 196–М80/6; 3537–М185/6; 1740–М206/1; 1741–М206/2

Месноста Азот, која се протега по течението на реката Бабуна до нејзиниот средиштен тек, е населена со Брсјаци, а во две нејзини населби живеат Мијаци. Од несловенско население во едно село живеат Албанци. Филмот, всушност, претставува реконструкција на дел од битовото живеење во оваа географска оаза, реконструкција на обичаите што се практикуваат при свадбите и при негувањето на култот кон мртвите. Исто така, реконструирана е и севкупната стопанска дејност: качарството, склопчарството, ковчегарството, а посебен акцент е ставено на сточарството и на обичаите врзани за него: објагнување на првото јагне, стрижењето и сл. Жените – припаднички на брсјачко-мијачкиот род своето време наполно го посветуваат на домаќинството, а ретките слободни мигови ги минуваат во подготовка на волната за изработка на ткаенини. Особено интересен е приказот на едноделната куќа за живеење, како и понатамошниот развиток на станбената архитектура.

ДЕ: Азот, месност во Македонија; Бабуна, река во Македонија; црква „Св. Атанас“, над село Нежилово; гробишта, во месноста Кораб, крај Богомила; Нежилово, село во Македонија; едноделна куќа, во с.Нежилово; племна, во с.Нежилово; куќа, покрив со чукана 'ржаница; Богомила, село во Македонија; куќа, надградба со кат-бољме, во с.Богомила; чардак; едноделна куќа, ентериер; ковчег за брашно; ковчег за руба; водник, предмет за домаќинство во едноделна куќа; каца, предмет за домаќинство во едноделна куќа; амбар; огниште; кревет, предмет за домаќинство во едноделна куќа; сновење, женска рачна работа; ткаење, женска рачна работа; дрвено рало, без уши; земјоделски алатки, дикел, копач, лопар, мотика; народен обичај, жетварски, сеење, пречекување на невестата, дуовденски; сточарство, во Азот; правење сирење, во Азот; Кадиица, планина каде што летно време се чуваат овците; занает, качарство, зачуван во с.Капиново; занает, ковчегарство, зачуван во с.Папрадиште; занает, склопчарство; стружница, качарска алатка; Папрадиште, село во Македонија; народни носии во Азот; Петровден, прослава во с.Папрадиште; Дуовден, празник на мртвите, прослава

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Вера Кличкова – директор на Етнолошкиот музеј Р: Ацо Петровски К: Кочо Недков

35 мм, црно-бел, звучен, 819 м

## 125. ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ

1954
Ин. број: 193–М80/6; 194–М80/6; 801–М116/6; 1735–М205/1/2; 1736–М205/1; 1755–М207/2

Прослава на Велигден во селото Грешница, Бродско (Поречје) и народните адети врзани за овој верски празник. „Преку филмот 'Велигденски обичаи' од Поречје, Етнолошкиот музеј има за цел ги запази богатите традиции од нашата културна историја, кои ќе послужат како документ за проучување на битието на нашиот народ.“

ДЕ: Грешница, село во Поречје; Поречје, област во централна Македонија; пештери, Пешница и Долноманастиречка, во Поречје; Треска, река; воденица; чарк; воденица, ентериер; пагански обичаи во Поречје; архитектура во Поречје, народна; овци, стадо; црква, во с.Грешница; надгробни споменици, с.Грешница; погачи, мијалници и шарени велигденски...; селска куќа со огниште, ентериер, с.Грешница; велигденски адети во Поречје, бојосување јајца; гробишта, с.Грешница; народни носии, Поречје; народни ора, Поречје, машко, женско и мешано; велигденски народни игри, Поречје; велигденски народни песни, Поречје; поток; Велигден, празнување во Поречје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Вера Кличкова - директор на Етнолошкиот музеј Р: Ацо Петровски К: Кочо Недков
35 мм, црно-бел, звучен, 540 м

## 126. ИЛИНДЕН 1903

1954
Ин. број: 2178-М61/6; 195-М80/6; 1739-М205/1; 3731-М278/2

Подготовките за востанието на македонскиот народ во 1903 г. против ропскиот живот во прангите на Отоманската Империја. Приказ на историските места и личности.

ДЕ: споменик на Гоце Делчев, во Градскиот парк во Скопје; Ѓорче Петров, фотографија; Пере Тошев, фотографија; Печат на II македонско-одрински револуционерен округ; Гоце Делчев, портрет; Христо Узунов, портрет; Кљашев, портрет; Васил Чакаларов, портрет; Јане Сандански, портрет; Ѓорѓи Сугарев, портрет; Славејко Арсов, портрет; Петре Ацев, портрет; Никола Карев, портрет; Солун, зградата во која е одржан Солунскиот конгрес, јануари 1903; Гарванов, портрет; Лозанчев, портрет; Смилево, фотографија; Ордан Пиперката, портрет; Борис Сарафов, портрет; Даме Груев, портрет; востаничка чета, во Кичевско, Костурско, Охридско и во Битолско; споменик на Никола Карев, во Крушево; Крушево, панорама; Крушево, фотографија; мурал „Македонија во НОБ" на Борко Лазески, фрагменти од фреската на железничката станица во Скопје, пред 26.07.1963; фотографија, загинати востаници; Крушево, месност Мечкин Камен; Мечкин Камен, месност во околината на Крушево; Куршумли-ан, една од ќелиите
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 452 м

## 127. МАКЕДОНСКИ ТУТУН

1954
Ин. број: 9876-М00/6; 207-М81/6; 3673-М275/2; 3743-М279/2; 3744-М279/2; 3777-М280/2

Пропаганден филм, кој нагледно ги претставува фазите во одгледувањето на тутунот, и тоа од приготвувањето расад, па засадувањето, бербата, нижењето, штавењето, сè до сушењето. Филмот има и наставно-едукативно

значење, бидејќи фазите се опишани од научен аспект, со сите совети за правилно одгледување на тутунот, заради добивање што повисоки приноси.
ДЕ: „Македонија“, цигари; тутун, типовите што се одгледуваат во Македонија, „Прилеп“, „Јака“ и „Отља“; тутун, расад; тутун, запрашување за заштита на расадот од штетници; инсектициди; ѓубрење, на тутуновиот расад и на обработливото земјиште; стакленици, начин на одгледување на расадот во зимски период; тутун, берба; тутун, нижење; тутун, сушење на т.н. скелиња; тутун, складирање во суви и чисти простории, „галерии“; Тутунски институт Прилеп; списание „Тутун“, го издава Тутунскиот институт Прилеп
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: инж.Рудолф Горник Р: Киро Билбиловски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 715 м

## 128. МАКЕДОНСКИ ТУТУН II

1954
Ин. број: 9875-М01/6; 179-М80/6; 2636-248/1; 3676-М275/1; 3674-М275/2; 3743-М279/2

Во филмот, како што стои и во поднасловот „домашна манипулација“, е прикажан процесот на сортирање на тутунот во класи, пакување во бали и откупот. Посебен осврт на начинот и критериумите на сортирање на тутунот од типовите „Прилеп“, „Јака“ и „Отља“.
ДЕ: тутун, од типовите „Прилеп“, „Јака“ и „Отља“; тутун, омекнување, овлажување на низите; тутун, сортирање во шест класи по боја, квалитет, оштетување и сл.; пакување во бали, на сортираниот тутун; тутун, откуп
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: инж.Рудолф Горник Р: Киро Билбиловски К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 470 м

## 129. IV СОЈУЗНО ПАДОБРАНСКО ПРВЕНСТВО

1954
Ин. број: 208-М81/6; 3746-М279/2

Филмот е репортажа од Четвртото падобранско првенство на Југославија во организација на Воздухопловниот сојуз на Југославија, кое се одржа во Охрид.
ДЕ: котлина, Струшко-Охридска; Охридско Езеро; првенство, IV сојузно падобранско; Методија Антов, зборува на IV сојузно падобранско првенство; авион, двокрилец; авион, транспортен,"Јулка“; Владо Трајковиќ, од екипата на Македонија, екипен победник на првенството; Љубинко Атанасовски, од екипата на Македонија, екипен победник на првенството; Томислав Кнежевски, од екипата на Македонија, екипен победник на првенството; Младен Миличевиќ, од центарот во Вршац, поединечен победник на првенството; Назим Селимовиќ, од екипата на БиХ, младински државен првак; падобранци, учесници на IV сојузно падобранско првенство
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков; Љубе Петковски Р: Кочо Недков; Љубе Петковски К: Кочо

Недков; Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 278 м

## 130. ГАЛИЧКА СВАДБА

1955
Ин. број: 199-М80/6; 1747-М206/1; 2467-М240/1; 3624-М272/2; 200-М80/3

Во филмот се прикажани свадбените обичаи за време на Петровден во галичкиот крај. Од подготовките за свадбата, преку сите обичаи до првата ноќ на младоженците.

ДЕ: Галичник, панорама; свадбарски обичај, идната невеста вечерта пред свадбата полни вода во бардак од трите чешми во селото; свадбарски обичај, младоженецот ги кани мртвите предци на свадба; свадбарски обичај, бричење на младоженецот; свадбарски обичај, деверот, младоженецот и другите неженети момчиња, на коњи, вртат круг околу селото; свадбарски обичај, невестата го гледа младоженецот низ прстен; свадбарски обичај, на момчето му се дава бела крпа и јаболко, што е знак дека невестата ќе му биде дадена; свадбарски обичај, дарување на невестата, која им бакнува рака на свекрвата и на останатите сватови; свадбарски обичај, „купување" на невестата и чеизот; свадбарски обичај, невестата е покриена со бел вел, дулак, за да се заштити од уроци; свадбарски обичај, штом невестата ќе дојде во својот нов дом, се поклонува, се „тоцнува" од оџакот и меси тесто; свадбарски обичај, невестата „гувее" во еден агол на собата стоејќи на папрат; свадбарски обичај, за да бидат невестата и младоженецот една душа, тој ѝ хукнува во лицето и ја попрскува со вино; свадбарски обичај, венчавање на младоженците во црква; оро, се игра на свадбата, машко и мешано - мажи и жени; свадбарски обичај, невестата го соблекува младоженецот; свадбарски обичај, кршење на шутка - колку парчиња, толку деца; народна носија, галичка, машка; народна носија, галичка, женска
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Тома Леов Р: Ацо Петровски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 487 м

## 131. ДЕРВИШИ

1955
Ин. број: 209-М81/6; 210-М81/6; 211-М81/6; 1746-М206/1; 3704-М277/2

Во филмот се прикажани верските обреди на дервишите од сектата Рифаи.

ДЕ: минаре; џамија, Мустафа-пашина, во Скопје; стара македонска архитектура; секта Рифаи; теќе, внатрешен изглед; надгробни споменици; турбе, гробница на поглаварите на теќето; старотурско писмо; олтар-михраб; так, бодеж-реликвија; дарп, бодеж-реликвија; дервиши, припадници на сектата Рифаи; кафе-одаси, просторија каде што се пие кафе; мејдан-одаси, просторија за гости; молитва, дервишка игра; верници пејачи, зекири; деф, музичка реликвија; зил, музичка реликвија; кудум, музичка реликвија
ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Тома Леов Р: Ацо Петровски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 132. КОМИТСКА ЛЕГЕНДА

1955
Ин. број: 198-М80/6; 1742-М206/1; 3584-М270/2; 3585-М270/2

Отпорот и борбата на македонскиот народ против турското ропство, предадени преку народните ора „Тешкото" и „Комитското". Филмот содржи и доста играни елементи.
ДЕ: оро, „Тешкото", „Комитско"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 450 м

## 133. РИТАМ И ЗВУК

1955
Ин. број: 603-М104/6; 604-М104/6; 605-М104/6; 1743-М206/1; 1744-М206/1; 1754-М207/1; 1745-М206/2; 2370-М235/2; 3619-М272/2; 3620-М272/2; 3621-М272/2; 3622-М272/2; 3623-М272/2

Народни игри од Македонија во изведба на КУД „Танец" од Скопје.
ДЕ: тапан, музички инструмент; зурла, музички инструмент; акумулационо езеро, „Матка"; оризови полиња; афионови полиња; афион, режење на шишарките; жетва; овци, во трло; женско оро, „Чифте чанче"; машко оро, „Беранче"; машко оро, „Старо тиквешко"; машко оро, „Русалиско"; машко оро, „Комитско"; машко оро „Калајџиско"; мешано оро „Вардарско"; оро, „Зајачко"; машко оро, „Тешкото"; занает, калајџиски; долап за наводнување; Александар Сариевски, тапанџија во „Тешкото"; гајда, музички инструмент; народни носии
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, нем, 564 м

## 134. СТАРА ЧАРШИЈА

1955
Ин. број: 212-М81/6; 213-М81/6; 214-М81/6; 1749-М206/1; 1750-М206/1; 1751-М206/1; 1752-М206/1/2

Филм за живописноста на Стара скопска чаршија во која, покрај другите, егзистираат старите древни занаети: абаџискиот, казанџискиот, кујунџискиот, ќурчискиот, сарачкиот и филигранскиот, со дел од процесот на производството.
ДЕ: Стара чаршија, скопска; ќепенци, на дуќаните во Старата скопска чаршија; занает, ќурчиски; Крсте Мирков, ќурчија; тарак, за чешлање волна во ќурчискиот занает; ендезе, за мерење во ќурчискиот занает; занает, сарачки; занает, кујунџиски; Иван Глигоровски, кујунџија; занает, филигрански; занает, казанџиски;

калаисување, во казанџискиот занает; занает, абаџиски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Тома Леов Р: Ацо Петровски К: Љубе Петковски; Душан Гаиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 135. ТЕНДА

1955
Ин. број: 237-М82/6; 238-М82/6; 1748-М206/1; 3807-М282/1; 3808-М282/2

Филмот зборува за животот на последната македонска номадска етничка група Каракачани. Нивните предци, потомци на Трако-Илирите, предводени од ќајата Папуцороши, уште во 18 век, се повлекувале од Грамос, минувајќи ги македонските планини. Се населиле на подножјето на планината Осогово, во селото Врбица, Кочанско. Тие денес можат се видат, облечени во црно, во пазарните денови во градовите низ Источна Македонија. Познати се и како Армани, Каравласи, Каракачани, Цинцари, Црногунци или Власи како што се нарекуваат самите. Напролет, пред да почнат да ги издигаат стадата во планините, овците ги стрижат и изработуваат ракотворби за домашни потреби. Додека се во планините, се занимаваат со преработка на млекото. Живеат сосема номадски живот, селејќи се во потрага по подобри пасишта. Зимскиот период го минуваат во потоплите предели, во долината на реката Вардар. Филмот ги опишува нивните обичаи, носии, а воедно и целокупниот начин на живеење.

ДЕ: Врбица, село во Кочанско; овца, влашка; стрижење овци, волна; женска рачна работа, сновење; женска рачна работа, предење; женска рачна работа, ткаење; чокан, дрвена алатка за изработка на ортоми; женска рачна работа, ткаеници, од волна; карван од Каракачани; етничка група-тајфа, номади Каракачани; ќаја, водач на тајфата Каракачани; печење леб, Каракачани; фурна за печење леб, Каракачани; адети на номадите Каракачани; тенда, пребивалиште на номадите Каракачани; Калин Камен, овчарска населба на Каракачаните на Осоговска Планина; млечни производи: биено сирење, кашкавал, бело сирење; народна носија, влашка
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Тома Леов Р: Ацо Петровски К: Душан Гаиќ; Кицо Силјановски
35 мм, црно-бел, звучен, 480 м

## 136. ЃУРЃОВДЕНСКИ ОБИЧАИ ОД СКОПСКО

1956
Ин. број: 629-М106/6; 630-М106/6; 2462-М240/1/2; 3908-М188/3

Филмот е посветен на Ѓурѓовден, еден од најголемите верски празници, чие празнување ја има генезата во пролетта, будењето на природата и обновувањето на животот. На падините на Скопска Црна Гора се протега селото Булачани, каде што ѓурѓовденските обичаи се негуваат и денес.

ДЕ: Булачани, село во Скопско; народна носија, од село Булачани; собор, во село Булачани; Ѓурѓовден, верски празник; ѓурѓовденски обичај, собирање билки; народен обичај, ѓурѓовденско китење на куќите; ѓурѓовденско китење на луѓето;

ѓурѓовденско китење овошки; закрмување на стоката на Ѓурѓовден; стадо овци; ѓурѓовденско метење на куќата со коприва; млеко, заматување на млекото на Ѓурѓовден; ѓурѓовденско матење на млекото; милогледче, верска реликвија за здобивање милост; занишување на дреново дрво; чешање од стрмен камен; протнување под капина; миење со ливадска роса; миење со вода под воденица; миење коса на Ѓурѓовден; миење со ѓурѓовденска вода; чистење со коприва против зли духови; опашување со 'ржано снопје; нишање на нишалка; мерење на кантар; народен обичај, јадење лук наутро на Ѓурѓовден; чешлање со 'рж
ПР: Етнолошки музеј – Скопје
СЦ: Вера Кличкова Р: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
16 мм, црно-бел, звучен, 220 м

## 137. ПАЗ - ВОЕНА ГОТОВНОСТ

1956
Ин. број: 2530-M243/1; 3757-M279/2

Упатства наменети за цивилите во случај на напад од воздух. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Киро Никовски Р: Кочо Недков К: Душан Гаиќ
35мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 138. ПО ТРАГИТЕ НА КАТАСТРОФАТА ВО МАВРОВСКО

1956
Ин. број: 217-M81/6; 3756-M279/1; 3663-M274/2

Филмот е посветен на жртвите од снежната катастрофа во Мавровско од 11-14 февруари 1956 година.
ДЕ: Кораб, планина во Западна Македонија; Радика, река во Западна Македонија; лавина; Скопје, февруари 1956 година; плоштад „Маршал Тито" во Скопје, испраќање на загинатите од снежната лавина во Мавровско 1956; Крсте Црвенковски, на испраќањето на загинатите во Мавровско 1956 година, на плоштадот „Маршал Тито" во Скопје; помош, на повредените во катастрофата во Мавровско, 1956; церемонија, на плоштадот „Маршал Тито" во Скопје, испраќање на загинатите во катастрофата во Мавровско, 1956
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 256 м

## 139. ПРВ ОЏАК ПОД ПЕЛИСТЕР

1956
Ин. број: 3403-M180/6; 3446-M181/1/2; 3447-M181/1

Во филмот е прикажан процесот на обработка на суровата кожа и крзно од транспортирањето во фабриката, сите процеси на обработка и преработка во

погоните кожара, крзнара и конфекција, со етапно презентирање на работата, сè до повторното транспортирање, овој пат на готовите полупроизводи и производи што се извезуваат во повеќе земји на светот.
ДЕ: фабрика за ситни кожи; кожара, преработка на кожата; крзнара, преработка на крзното; конфекционирање на кожа и крзно
ПР: Сојуз на фото и киноапаратери на НР Македонија; Фабрика за ситни кожи „Борис Кидрич“ , Битола
Р: Саша Маркус, наставник на I киноаматерски курс при Фото и кино-клубот “Битола“
16мм, црно-бел, звучен, 255 м

## 140. ПРВА ИЗЛОЖБА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ТУТУН

1956
Ин. број: 2439-М239/1; 3667-М274/2; 3668-274/2; 216-81/3

Филм по повод I изложба на југословенскиот тутун со делумна презентација на производството на тутун и на цигари. Низ штандовите на производителите на цигари од Југославија и рекламирање на цигарите.
ДЕ: Скопје, центар; плакат, за I изложба на југословенскиот тутун; изложба на југословенскиот тутун, прва; тутун, собирање; тутун, нижење; обработка на тутун, во фабриката за тутун во Прилеп; обработка на тутун, во фабриката за тутун во Кочани; Лазар Колишевски, на I изложба на југословенскиот тутун; реклама за цигари
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славчо Косторлиев; Димитрие Османли Р: Димитрие Османли К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, нем, 300 м

## 141. ПТИЦИТЕ ДОАЃААТ

1956
Ин. број: 239-М82/6; 848-М120/6; 3711-М277/1; 3681-М275/2

Филмот е играно-документарна приказна за начинот на риболов на Дојранското Езеро, со помош на птиците-корморани. Филмот зборува за поврзаноста на луѓето со птиците, кои се најдобар работник и незаменлив помошник на рибарите. Кога птиците ги нема, рибарите се тажни но кога птиците ќе дојдат, ловот може да почне.
ДЕ: Дојранско Езеро; корморани, птици за риболов на Дојранското Езеро; рибари, на Дојранско Езеро; риболов со птици, на Дојранско Езеро, по начинот единствен во светот; рибарски мрежи, на брегот на Дојранско Езеро; Дојран, село; рибарски чун, за риболов на Дојранското Езеро; престапници, рибарски мрежи за риболов на Дојранското Езеро; мандра, место каде што се фаќаат рибите; пилекатник, место каде што се фаќаат птиците за да им се скратат крилјата; кутец, најтесен дел на мандрата од каде што со црпалки се вадат рибите; добровен, ветер на Дојранското Езеро
ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Славко Јаневски Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 500 м

## 142. ПУЛА 1956

1956
Ин. број: 2603-М19/6; 215-М81/6; 620-М105/6; 796-М116/6; 1757-М207/1

Преглед на Фестивалот на југословенскиот игран филм во Пула, 1956 година. Средби со филмските творци.

ДЕ: филмски фестивал во Пула, 1956; Пула, панорама; плажа во Пула, Златни карпи; Јосип Броз Тито, на филмскиот фестивал во Пула, 1956; Јованка Броз, на филмскиот фестивал во Пула, 1956; Евелин Волфаер, на филмскиот фестивал во Пула, 1956, награда за најдобра женска улога; Франце Штиглиц, на филмскиот фестивал во Пула, 1956; Џон Кицмилер, на филмскиот фестивал во Пула, 1956, во разговор со Ф.Штиглиц, добитник на наградата за глума; Антун Налис, лови риба во Пула, 1956; Марјан Ловриќ, се капе во Пула, 1956; Берт Сотлар, добитник на наградата за глума на фестивалот во Пула, 1956; Љуба Тадиќ, добитник на наградата за глума на фестивалот во Пула, 1956; Јозо Лауренчиќ, добитник на наградата за глума на фестивалот во Пула, 1956; Јован Милиќевиќ, на фестивалот во Пула, 1956; Оливера Марковиќ, во Пула, 1956; Бранко Бауер, добитник на наградата за режија на фестивалот во Пула, 1956; Ратко Ѓуровиќ, добитник на наградата за сценарио на фестивалот во Пула, 1956; Марјан Козина, добитник на наградата за музика на фестивалот во Пула, 1956; Александар Секуловиќ, добитник на наградата за снимателска работа на фестивалот во Пула, 1956
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Славко Јаневски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 130 м

## 143. РАСПЛАМТЕНИ ФАКЕЛИ

1956
Ин. број: 1756-М207/1; 3803-М281/1; 3890-М187/3; ПР.БР./3

Десет години просвета, наука и култура во НР Македонија. (Извор: ФЈФ 45-65)

ПР: Вардар филм
СЦ: Нико Този, Димитрие Османли Р: Димитрие Османли К: Љубе Петковски
35мм, црно-бел, звучен, 460 м

## 144. ФИЛМСКИ РЕПОРТЕР БР.1/56

1956
Ин. број: 1069-М140/6; 1070-М140/6

Филмски репортер составен од пет стории: за работата на Осмото заседание на Народното собрание на НР Македонија, потоа за пробната работа на стакларницата во Скопје, за прославата на 45-годишнината на професионал-

ното противпожарно друштво во Скопје, за десеттата, јубилејна изложба на членовите на ДЛУМ и за пречекот на Новата 1956 година во Скопје.
ДЕ: Собрание на НРМ, зградата; заседание, осмо на Народното собрание на НРМ; Републички собор, на Собранието на НРМ, од работата; Лазар Колишевски, на Осмото заседание на Собранието на НРМ; Крсте Црвенковски, на осмото заседание на Собранието на НРМ; Никола Минчев, на Осмото заседание на Собранието на НРМ; Киро Глигоров, на Осмото заседание на Собранието на НРМ; Собор на производителите, на Собранието на НРМ, од работата; Страхил Гигов, на Осмото заседание на Собранието на НРМ; Трајче Груевски, поднесува извештај од Извршниот совет на Осмото заседание на Собранието на НРМ; Стакларница, Скопје, пробна работа; Противпожарно друштво, Скопје, прослава на 45-годишнината; Васил Ѓоргов, претседател на Народниот одбор за Скопска околија, го предава знамето на противпожарната чета; изложба, десетта јубилејна на ДЛУМ; уметничка галерија, Даут-пашин амам во Скопје; Новогодишни празници, прослава; Дом на ЈНА, пречек на Нова година; Клуб на писатели, прослава на Нова година; Љубе Петковски, на пречек на Нова година во Клуб на писатели; Кочо Недков, на пречек на Нова година во Клуб на писатели; Томе Момировски, на пречек на Нова година во Клуб на писатели; Ацо Петровски, на пречек на Нова година во Клуб на писатели; Бранко Михајловски, на пречек на Нова година во Клуб на писатели; Ацо Шопов, на пречек на Нова година во Клуб на писатели
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Димитрие Османли (редактор) К: Љубе Петковски; Мишо Самоиловски; Душан Гајиќ; Васе Василевски
35 мм, црно-бел, звучен, 291 м

## 145. ФИЛМСКИ РЕПОРТЕР БР.4/56

1956
Ин. број: 1071-М140/6; 1072-М140/6

Филмскиот репортер бр.4 е составен од следниве четири репортажи: Поздрав на Тито; Низ просториите на фабриката за кожи во Битола; Средба со нашиот прв репортер и Петти републички партизански игри.
ДЕ: штафета, манифестации по повод роденденската штафета на Ј.Б.Тито во 1956 година; Скопје, Градски стадион, свеченост по повод пристигнување на штафетите во 1956 г.; Страхил Гигов, говори на Градскиот стадион во Скопје по повод пристигнувањето на штафетите од Македонија; Белград, стадион на ЈНА, завршни свечености по повод пристигнувањето на штафетите од сите републики; Белград, Белиот дворец на Дедиње, претседателот Тито ги прима штафетните палки на 25 мај 1956 година; Мијалко Тодоровиќ, на 25.05.1956; Јован Веселинов, на 25.05.1956; Мирослав Крлежа, на 25.05.1956; Владимир Бакариќ, на 25.05.1956; Моша Пијаде на 25.05.1956; Едвард Кардељ, на 25.05.1956; Битола, центарот на градот во 1956 г.; ф-ка за кожи „Борис Кидрич" во Битола; Милтон Манаки снимен во Битола; Милтон Манаки снимен во Белград во 1955 г. на свеченоста во Југословенската кинотека; архивски материјали снимени од браќата Манаки; Петти републички партизански игри; слет на Градскиот стадион во Скопје по повод Петтите републички партизански игри; Скопје, центарот на градот со

учесниците на Петтите републички партизански игри во јуни 1956 г.; Лазар Колишевски на Градскиот стадион во Скопје, 1956 г.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Кочо Недков (редактор); Димитрие Османли (редактор)
К: Душан Гаиќ; Мишо Самоиловски; Бранко Михајловски; Љубе Петковски; Милош Калиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 146. ЧОВЕКУ НЕ УНИШТУВАЈ МЕ

1956
Ин. број: 1758-М207/1; 3598-М271/2; ПР.БР./6

Заштита на шумите, едно од нашите најдрагоцени стопански добра. (Извор: ФЈФ 45-65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Митко Зобровски Р: Трајче Попов К: Бранко Михајловски
35мм, црно-бел, звучен, 290 м

## 147. ВО СТАРИОТ КРАЈ

1957
Ин. број: 225-М81/6; 953-М129/6; 2999-М406/6; 3000-М406/6; 1760-М207/1; 3766-М279/1; 3679-М275/2

Посета на иселениците од Југославија на стариот крај и прослава на „Недела на иселениците" во Македонија.
ДЕ: Скопје, Дрвениот мост во 1957 година; Камен мост, Скопје, снимен во 1957 година; Скопје, зградата на Народната банка во 1957 година; Скопје, Офицерскиот дом снимен во 1957 година; Скопје, плоштад „Маршал Тито" во 1957 година; Скопје, плоштад „Слобода" во 1957 година; Скопје, Интерна клиника, при нејзиното предавање во употреба во 1957 година; Охрид, Копаничарско ателје „Андон Дуков", 1957 година; Охрид, црква „Св. Софија, 1957 година; Охрид, панорама на градот во 1957 година; Охрид, „Билјанини извори", 1957 година; Охрид, месноста „Св. Наум", 1957 година; Охрид, црква „Св. Јован Богослов Канео", снимена од езерото во 1957 година; Лазар Колишевски; Спиро Мартинов, иселеник
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ацо Петровски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 148. ЗЕМЈОДЕЛИЕ

1957
Ин. број: 3716-М277/2; 224-М81/3

Неколку кадри од земјоделие, поконкретно овоштарство и лозарство, како и кадри од индустриски објект.

ДЕ: гроздобер; берба на праски; телиња на пасиште
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, звучен, 164 м

## 149. КОНЗЕРВИРАНИ ВИТАМИНИ

1957
Ин. број: 219-М81/6; 220-М81/6; 1764-М207/1; 3591-М270/2

Пропаганден филм за новата фабрика за преработка на овошје и зеленчук „Зора" од Гевгелија, која е пуштена во производство во 1956 година. Филмот го прикажува современиот начин на производство и преработка на овошјето и зеленчукот од плодното Гевгелиско Поле.

ДЕ: Гевгелиско Поле; земјоделски култури, обработка во Гевгелиско Поле; лозови насади, во Гевгелиско Поле; домати, берба во Гевгелиско Поле; домати, преработка во фабриката „Зора" од Гевгелија; Фабрика за преработка на овошје и зеленчук „Зора", од Гевгелија; конзервирање во лименки, процесот на преработка на овошје и зеленчук во фабриката „Зора"; конзервирање на овошје, индустриска преработка во „Зора"; конзервирање на зеленчук, индустриска преработка во „Зора"; ладилник, при фабриката „Зора"; магацин, за готови производи на фабриката „Зора"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Јово Камберски К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 215 м

## 150. МЕРИНО

1957
Ин. број: 233-М82/6; 234-М82/6; 235-М82/6; 236-М82/6; 3686-М275/2

Филмот зборува за борбата за зголемување на волната и месото во овчарството во нашата Република, преку меринизација на старите видови овци. Оваа меринизација се врши со овцата мерино по пат на вештачко осеменување и новиот тип овца дава шест пати повеќе волна од стариот. Покрај тоа, вештачкото осеменување има и други предности како што се: поголем број оплодени овци, намалувањето на заразните полови болести и друго.

ДЕ: овци, стадо на пасиште; молзење, на овците во трло; јагне, нова рожба од меринизацијата; вештачко осеменување, меринизација; селекциска овчарска станица, меринизација, мерење и споредување на новородените јагниња; изложба, II републичка и саем за овчарство; Лазар Колишевски, во посета на II републичка изложба и саем на овчарството; волна, стрижење на овците и откуп на волната; килими, производи од волна од овца
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 475 м

## 151. НА ГОСТИ ВО СТАРИОТ КРАЈ

1957
Ин. број: 1761–M207/1/2

Филм реализиран за потребите на Матицата на иселениците по повод „Недела на иселениците“ од Југославија во Македонија.
ПР: Матица на иселеници
СЦ: Киро Билбиловски К: Киро Билбиловски
16 мм/цвајбанд, црно бел, звучен, 200 м

## 152. НИЗ ИНДУСТРИСКИТЕ ОБЈЕКТИ НА МАКЕДОНИЈА

1957
Ин. број: 1765–M207/1; 3716–M277/2; 3889–M187/3; ПР.БР./6

Изградба на фабрики и напредок на индустриското производство во Македонија. (Извор: ФЈФ 45–65)
ПР: Вардар филм
СЦ: Мито Хаџивасилев Р: Благоја Дрнков К: Бранко Михајловски
35мм, црно–бел, звучен

## 153. ПОЛОГ (ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД)

1957
Ин. број: 222–M81/6; 223–M81/6; 612–M105/6; 853–M121/6;943–M128/6; 3586–M270/2

Филм за стопанскиот развој на Тетовската околија.
ДЕ: планинско езеро на Шар Планина; овци, стадо; Лазарополе; обработка на волна, рачно; Радика, река; тутун, собирање и нижење; грав, собирање и чукање; Теарце, село; пченка, рачно собирање; домати, берба; јаболки, берба; Тетово; Пена, река; арабаџија, стар занает; терзија, стар занает; лимар–котлар, стар занает; Гостивар, железничка станица; акумулација, ХЦ „Маврово“; риболов на пастрмки, на Мавровско Езеро; хидроцентрала „Маврово“; текстилна фабрика „Тетекс“, Тетово; фабрика „Силика“, Гостивар; фабрика „Југохром“, Јегуновце
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Нешо Марковски Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 154. ПОЛОГ (ДОКУМЕНТАЦИЈА)

1957
Ин. број: 1438–K38/4

Туристичка разгледница на Полошката Котлина; природните убавини, туристичките места, Тетово и други населени места и стари занаети во Тетово.
ДЕ: Шар Планина, покриена со снег, скијачи; сирење, производство и ставање во канти; Лазарополе, панорама; ткајачница, рачно ткаење килими; галичка свадба, обичаи; црква, ентериер и екстериер; Тетово, кадри од градот; џамија, „шарена“

во Тетово, екстериер и ентериер; стари занаети, во Тетово (кујунџија, арабаџија, терзија)
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Нешо Марковски Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, нем, 300 М

## 155. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО ПОСЕТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА ИЗВОРСКИ С. БОГДАНЦИ

1957

Дел од серијата репортажи снимени за посетата на претседателот Тито во Македонија, односно за посетата на претседателот на задругата „Изворски" од Богданци во 1957 година.
ДЕ: Јоспи Броз Тито; Лазар Колишевски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Гојко Секуловски, Ацо Петровски К: Бранко Михајловски, Мишо Самоиловски, Никола Христовски
35 мм, црно бел, звучен, 122 м

## 156. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО ПОСЕТА НА ТИТОВ-ВЕЛЕШКА ОКОЛИЈА

1957
Ин. број: 1050-М137/6

Репортажа од посетата на претседателот Тито на Титоввелешката околија, поточно на Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Богданци, Хамзали и месноста Ташли-баир.
ДЕ: Железничка станица Неготино, пречек на Претседателот Тито; Ацо Ицев, претседател на НО на Титовелешка околија, го пречекува претседателот Тито на железничката станица во Неготино; Јосип Броз Тито, во посета на Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Богданци, Хамзали и месноста Ташли-баир; Јованка Броз, во придружба на претседателот Тито; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; Видое Смилевски-Бато, во придружба на претседателот Тито; Тиквешко Поле, тутунови и афионови насади, лозови плантажи и овоштарници; винарска визба на АК „Тиквеш", во Кавадарци; Гевгелија, железничка станица, пречек на претседателот Тито; Богданско Поле, пумпната станица и каналите за наводнување, лозови плантажи и овоштарник со 14.000 стебла круши; канали за наводнување на Богданско поле; Хамзали, село во околината на Струмица; Методија Митевски, претседател на НО на Штипска околија, го пречекува претседателот Тито во Хамзали; Ташли-баир, месност на 8 км. од Струмица каде што се менува земјата на 700 хектари; лозови плантажи во Богданско Поле, ги разгледува претседателот Тито; овоштарник, со 14.000 стебла круши, го разгледува претседателот Тито

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, звучен, 270 м

## 157. СО ТИТО НИЗ МАКЕДОНИЈА

1957
Ин. број: 218-М81/6; 3918-М181/6; 2623-М247/1; 3776-М280/1; 4172-М247/1; 3738-М278/2; 3739-М278/2; 3740-М278/2; 3741-М278/2; 3717-М282/2

Филмот е репортажа за престојот на претседателот Тито на Македонија и посетите на Маврово, Скопје, Штип и Титов Велес, како и за посетите на неколку фабрики и за советувањето со претседателите на општините и секретарите на општинските комитети.

ДЕ: Броз, Јосип-Тито, во посета на Скопје, Маврово, Штип и Титов Велес; Броз Јованка, во придружба на претседателот Тито; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; хидроцентрала „Врбен-Равен", претседателот Тито во посета на ...; хидроцентрала „Маврово"; „Македонка", текстилен комбинат, претседателот Тито во посета на...; железничка станица, „Овче поле", претседателот Тито во разгледување на изложбата на меринизирани овци; советување на претседателот Тито, Лазар Колишевски и Крсте Црвенковски со претседателите на општините и секретарите на општинските комитети; Лазар Колишевски, зборува на советувањето со претседателите на општините и секретарите на општинските комитети; „Нонча Камишова", свиларски комбинат, претседателот Тито во посета на ...; „Борис Кидрич", порцелански комбинат, претседателот Тито во посета на...

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Ацо Петровски; Гојко Секуловски К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 390 м

## 158. СО ТИТО НИЗ МАКЕДОНИЈА III

1957
Ин. број: 546-Д34/6

Репортажа од престојот на претседателот Тито во Македонија и од неговите посети на Прилеп, Битола и Охрид.

ДЕ: Прилеп, панорама и кадри од градот; Институт за тутун во Прилеп; Јосип Броз Тито, во посета на Прилеп, Битола и Охрид; Јованка Броз, во придружба на Ј.Б.Тито при неговата посета на Прилеп, Битола и Охрид; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; Крсте Црвенковски, во придружба на претседателот Тито; Методи Татарчев, директор на Институтот за тутун во Прилеп, го пречекува и го поздравува претседателот Тито; Тутунски музеј, во Институтот за тутун, го разгледува претседателот Тито; Битола, железничка станица и кадри од градот; Фабрика за фрижидери „Георги Наумов", Битола, претседателот Тито во посета на...; Охрид, кадри од градот; Хидробиолошки завод, Охрид, го посетува претседателот Тито; извиднички логор, претседателот Тито во посета на...;

Ателје за уметничка резба „Андон Дуков", во Охрид, претседателот Тито во посета на...; Историски музеј, Охрид, Претседателот Тито во посета на...
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Гојко Секуловски; Ацо Петровски К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски; Никола Христовски
35 мм, црно-бел, звучен, 232 м

## 159. СРЕДНОВЕКОВНИ ФРЕСКИ ВО МАКЕДОНИЈА

1957
Ин. број: 229-М81/6; 227-81/6; 228-М81/6; 226-М81/6; 3280-М421/6; 1769-М207/1; 3696-М277/2; 3697-М299/2

Богатството и убавините на фреските во неколку познати цркви во Македонија, меѓу нив и во оние што се живописани од познатите мајстори Михајло и Еутихие.
ДЕ: црква „Св. Климент" во Охрид, некогашна „Св. Богородица Перивлептос"; црква, „Св. Софија" во Охрид; црква, „Св. Ѓорѓи" во с. Курбиново; црква, „Св. Пантелејмон" во с. Нерези, Скопско; црква, „Св. Никита" во с. Бањани; црква, „Св. Ѓорѓи" во с.Старо Нагоричани; фрески, во црквата „Св. Климент" во Охрид; фрески, во црквата „Св. Софија" во Охрид; фрески, во црквата „Св. Ѓорѓи"во с.Курбиново; фрески, во црквата „Св. Пантелејмон" во с.Нерези, Скопје; фрески, во црквата „Св. Никита" во с.Бањани, Скопско; фрески, во црквата „Св. Ѓорѓи" во с.Старо Нагоричани
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков; Коста Балабанов; Љубе Петковски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 335 м

## 160. МАКЕДОНСКИ ТУТУН III

1958
Ин. број: 240-М82/6; 2635-М248/1

Приказ на фабриките во Македонија кои што се занимаваат со преработка на тутун, како и процесот на сортирање и пакување на финалниот производ - палета од разни видови цигари од македонско производство.
ДЕ: претпријатија за преработка на тутун, низ Македонија; тутун, природна ферментација; тутун, ферментација во специјални комори со клима уреди, во фабриките; тутун, сортирање; тутун, машинско мешање; тутун, фабрикација, производство на цигари; тутун, дегустација со која се врши контрола на квалитетот и аромата; лабораторија, Институт за тутун во Прилеп, испитување на хемиските својства на тутунот; цигари, производство, фабрикација на тутун; цигари, „Прилеп", „Македонија", „Билјана", „Ориентал", „Домино", „Вардар", „Дрина" и „Морава"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: инж.Рудолф Горник Р: Киро Билбиловски К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 280 м

## 161. ОХРИДСКО ЕЗЕРО

1958
Ин. број: 244-М82/6; 245-М82/6; 246-М82/6; 831-М119/6; 3114-М412/6; 3115-М412/6; 3116-М412/6; 3117-М412/6; 3118-М412/6; 3363-М143/6; 1770-М207/1; 3649-М274/2; 3650-М274/2

Природните убавини на Охридското Езеро, стариот град и чаршијата во Охрид, со старата архитектура и археолошките наоди.
ДЕ: плоштад „Маршал Тито“ во Скопје; Јосип Броз Тито во Скопје, во бела маршалска униформа прима рапорт и врши смотра; Скопски универзитет, пред земјотресот; Архитектонско-градежен факултет, во Скопје; Интерна клиника, во Скопје; Кожно-венерична клиника, во Скопје; Оториноларинголошка клиника, во Скопје; Јосип Броз Тито, во Скопје предава признанија на припадници на ЈНА; хидроелектрана „Маврово“; Топилница за олово и цинк „Злетово“; Фабрика за автобуси „11 Октомври“, Скопје; Фабрика за цемент „УСЈЕ“, Скопје; Јосип Броз Тито, во посета на Маврово, Битола, Охрид; Јосип Броз Тито, фотографира; Фабрика за фрижидери „Георги Наумов“, Битола; Железничка станица, Скопје, „Синиот воз“ со претседателот Тито; населба „Карпош II“, изградба во Скопје; Синдикален дом, зградата во Скопје; „Инвалидски дом“, хотелот во Скопје; Студентски дом „Кузман Јосифовски-Питу“ во Скопје; Стоковна куќа НАМА, во Скопје; Александар Ранковиќ, во придружба на претседателот Тито; Јован Веселинов, во придружба на претседателот Тито; Мијалко Тодоровиќ, во придружба на претседателот Тито; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; Александар Грличков, на пречекот на претседателот Тито на Железничката станица во Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коле Чашуле Р: Трајче Попов К: Во филмот се користени архивски материјали од „Вардар филм“ од следниве автори: Трајче Попов, Бранко Гапо, Димитрие Османли, Љубе Петковски, Бранко Михајловски, Мишо Самоиловски и Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 380 м

## 213. ХАЈКА

1962
Ин. број: 349-М89/6; 350-М89/6; 637-М106/6; 899-М125/6; 2926-М404/6; 2455-М240/2

Филмот е приказ на начинот на ловење на диви свињи во дојранско-богданскиот крај на Македонија, со помош на кучиња и хајкачи, кои ги истеруваат дивите свињи од џбунестите растенија, прнари.

ДЕ: хајка, лов на диви свињи; ловџии, во лов на диви свињи; диви свињи; ловиште богато со диви свињи, месност Карабали во дојранско-богданскиот крај; прнари, џбунести растенија, храна и најдобро скривалиште за дивите свињи; чеки, вештачки возвишенија од каде што ловџиите пукаат на дивите свињи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Михајловски (идеја) Р: Вељо Личеноски К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 214. ШАМПИОНИ НА ВОДНИТЕ ПРОСТРАНСТВА

1962
Ин. број: 329-М87/6; 330-М87/6; 331-М87/6; 3001-М406/6; 3002-М406/6; 1802-М210/1; 3688-М275/2

Репортажа од I светски шампионат во маратонско пливање на слатки води, кој се одржа на 5 август 1962 година на Охридското Езеро. Запознавање со учесниците и со победниците во трите дисциплини: аматери, аматерки и професионалци, кои се натпреваруваа на патека долга 34 км. На натпреварот зедоа учество 22 натпреварувачи од 11 земји.

ДЕ: Охрид, панорама; Охридско Езеро, на кое се одржа I светски шампионат во маратонско пливање на слатки води; Ристо Џунов, претседател на ИС на Македонија, го отвора I свтески шампионат во маратонско пливање на слатки води; Илми Исак, победник на Ла Манш во 1928, ги поздравува учесниците на шампионатот; Набил ел Шазли, Египет, светски аматерски првак во маратонско пливање; Захир Абдел Баки, трикратна светска првенка, на првенството втора; Мустафа Абу Хеиб, Египет, шампион во професионална конкуренција; Џорџ Џаријас, Аргентина; Розмари Џорџ, Англија; Бадри Вахат, Ирак, втор во аматерска конкуренција; Фулвио Берганини, Италија; Вилиен де Вренк, Холандија, втор во професионална конкуренција; Магда Молнар, Унгарија; Рене Врутен, Франција; Леиф Џилберг, Шведска, трет во аматерска конкуренција; Атина Бојаџи, Југославија, светска аматерска првенка; Дики Бојаџи, Југославија, трет во професионална конкуренција; Ристо Бимбиловски, Југославија; Нико Нестор, Југославија; Пештани, 5.08.1962, старт на првенството во селото; I светски шампионат во маратонско пливање на слатки води, Охрид 1962; Ахмед Зоркани, претседател на Светската пливачка федерација, ги предава пехарите
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Вељо Личеноски; Бранко Михајловски Р: Вељо Личеноски К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 359 м

## 215. ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ-ЦИЦО

1963
Ин. број: 352–М89/6; 353–М89/6; 806–М117/6; 807–М117/6; 2153–М220/1; 2154–М220/2

Приказ на богатото творештво на Василие Поповиќ-Цицо, сликар, сценограф, карикатурист.
ДЕ: Славко Јаневски, во ателјето на Василие Поповиќ-Цицо; ателје, на сликарот Василие Поповиќ-Цицо; Димитар Ќостаров; Петре Прличко во „Сомнително лице“; Тодор Скаловски, диригент на операта „Паљачи“; Никола Мартиноски, во своето ателје; Ацо Шопов, во ателјето на Василие Поповиќ-Цицо; карикатура, Петре Прличко; карикатура, Димитар Ќостаров; карикатура, Никола Мартиновски; карикатура, Тодор Скаловски; карикатура, Ацо Шопов; карикатура, Владо Малески; карикатура, Бранко Варошлија; карикатура, Ацо Петровски; карикатура, Трајче Попов; карикатура, Димитрие Османли; карикатура, Бранко Гапо; карикатура, Олга Спиридоновиќ; ентериер, на стариот објект на МНТ; Македонски народен театар, ентериер; карикатура, Илија Милчин; карикатура, Љупка Џундева; карикатура, Слободан Перовиќ; карикатура, Никита Хрушчов; карикатура, Џон Кенеди
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Славко Јаневски К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 360 м

## 216. ДЕВОЈКИТЕ ОД МАЛИ

1963
Ин. број: 364–М90/6; 365–М90/6; 694–М110/6; 881–М123/6; 981–М131/6; 2846–М400/6; 2179–М222/1; 2180–М222/2; 2181–М222/2

Приказ на животот на единаесетте девојки од Република Мали кои престојуваа во Скопје и го учеа ткајачкиот занает во фабриката „Мирка Гинова“. Од сите мостови на светот, најтрајни се мостовите меѓу лугето.
ДЕ: Скопје, под снежна покривка; Студентски дом „Кузман Јосифовски-Питу“, во Скопје; Фабрика за килими „Мирка Гинова“, во Скопје; Скопје, Уметничка галерија; Уметничка галерија, во Скопје; национален танц, од Република Мали; ткајачки разбој
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димче Серафимовски Р: Димитрие Османли К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 431 м

## 217. ЕХОТО НА МОЈОТ ГРАД

1963
Ин. број: 377–М90/6; 378–М90/6; 639–М106/6; 2900–М402/6; 2901–М402/6; 1815–М210/1; 1816–М210/2

Филмот ги прикажува последиците од катастрофалниот земјотрес во Скопје, на 26 јули 1963 година. Разурнати, распукани и оштетени згради, стопан-

ски и инфраструктурни објекти. Скопје е пусто, никаде нема луѓе. Филмот ги прикажува големината и разорната моќ на катастрофата. А тоа не се само материјалните штети...
ДЕ: Вардар, река; Камен мост, Скопје; станбени згради, блокови, скопски населби; Дом на ЈНА, Скопје; Македонски народен театар, зградата во Скопје по земјотресот; статуа, „7-те музи"; релјеф, ликовите на ѕидовите на театарот; Даутпашин амам, уметничка галерија; минаре, кубе; пошта, зграда; телефон; лустер, во разурнатата зграда на МНТ; училиште, зграда; Железничка станица, Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Михајловски (идеја) Р: Бранко Михајловски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 250 м

## 218. ЗА НОВИ ДОСТИГАЊА

1963
Ин. број: 391-М91/6; 392-М91/6; 942-М128/6; 1809-М210/1; 1810-М210/2

Предизборните митинзи и состаноци, како и денот на изборите за новиот Устав од 1963 година.
ДЕ: Камен мост, Скопје, пролетта 1963, снимен од Домот на ЈНА; плоштад „Маршал Тито, Скопје, предизборен митинг за новиот Устав на СФРЈ од 1963; Лазар Колишевски, зборува на предизборниот митинг за новиот Устав во Скопје; Крсте Црвенковски, на предизборниот митинг во Скопје и во Прилеп, каде што зборува; Љупчо Арсов, на предизборниот митинг во Скопје и во Штип каде што зборува; Вељко Влаховиќ, зборува на предизборниот митинг во Тетово; Вера Ацева, на предизборниот митинг во Прилеп; Видое Смилевски-Бато, на предизборниот митинг во Скопје; предизборен митинг во Скоје, по повод донесувањето на новиот Устав на СФРЈ од 1963; избори, во Скопје на 2-6-1963; Александар Грличков, на своето гласачко место и во Собранието на СРМ, каде што е избран за претседател на Извршниот совет на Републиката; Скопје, околу Собранието на СРМ, пред месец јули 1963
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитрие Османли; Киро Билбиловски Р: Димитрие Османли К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 219. ЗАМРЗНАТО ЕЗЕРО

1963
Ин. број: 388-М91/6; 389-М91/6; 390-М91/6; 657-М107/6; 658-М107/6; 1811-М210/1; 1812-М210/2

Репортажа за замрзнувањето на Дојранското Езеро, природен феномен што се случува можеби еднаш на сто години. Приказ на напорите на дојранските рибари да ги ослободат рибите и птиците од канџите на мразот. Кршејќи го мразот парче по парче, тие ги спасуваат северноатлантските галеби, кои им помагаат при риболовот и овозможуваат колку толку да се започне со риболовот.
ДЕ: Дојранско Езеро, замрзнато; риболов на Дојранско Езеро, во зимски услови;

риби, во Дојранско Езеро (подводна снимка); птици, северноатлантски галеб; птици, корморан; пловки, во зимски услови на Дојранско Езеро; мандра, рибарско помагало оковано со мраз
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Ќамберски Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 281 м

## 220. КАТАСТРОФА, СТРАДАЊА, НАДЕЖИ

1963
Ин. број: 356-М89/6; 357-М89/6; 358-М89/6; 3164-М414/6; 3165-М414/6

Филмот е потресен документ за катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26 јули 1963 година и за последиците предизвикани од него. Преку автентични снимки се прикажани моментите непосредно по земјотресот, при спасувањето на повредените и расчистувањето на урнатините, како и напорите за отстранување на последиците од земјотресот, со помош од нашата заедница и од странство.

ДЕ: Скопје, на 26 јули 1963; земјотрес што го погоди Скопје на 26 јули 1963; Скопје, во урнатини по земјотресот; Пошта, зградата во урнатини; Железничка станица во Скопје, во урнатини; расчистување на урнатини и спасување на повредените во скопската катастрофа; Јосип Броз Тито, во посета на Скопје непосредно по земјотресот; Крсте Црвенковски, во придружба на претседателот Тито во обиколка на разурнато Скопје; Лазар Колишевски, во разговор со спасувачките екипи; меѓународна помош за настрадано Скопје; импровизирана болница, под шатори; повредени во скопската катастрофа, кажување; гробишта „Бутел“ во Скопје, тага за најблиските, загинати во земјотресот; евакуација на деца од Скопје, по земјотресот; улица „Маршал Тито“, искршени излози, смачкани автомобили; гробишта „Бутел“, венец од претседателот Тито за загинатите во скопскиот земјотрес; изградба на монтажни објекти, во Скопје по земјотресот, со помош на светската солидарност; младинска работна акција, населба, подигање на југословенското знаме; текст, “...и ќе никне овој град од крвта на својата земја и ќе е споменик на солидарноста на човештвото...”
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски (идеја) Р: Славко Јаневски К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 560 м

## 221. КУЛТУРНО БОГАТСТВО ВО УРНАТИНИ

1963
Ин. број: 379-М90/6; 380-М90/6; 381-М90/6; 886-М123/6; 1014-М135/6; 1820-М211/1; 1821-М211/2; 1822-М211/2; 1823-М211/2; 1824-М211/2; 1825-М211/2

Филмот зборува за културното богатство на Македонија и на Скопје, кое беше уништено од катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година. Материјалот е снимен непосредно по земјотресот и ги илустрира остатоците на голем број културни институции: музеи, библиотеки, кина, театри, културно-историски друго.

ДЕ: скулптура, камен кип на жена со дигнати раце, „Македонска мајка“; Археолошки музеј, во урнатини; музејски експонати, во Археолошкиот музеј; Републички завод за заштита на спомениците на културата, по земјотресот; фрески, спасување од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата; Мустафа-пашина џамија, по земјотресот; Иса-бегова џамија, по земјотресот; црква „Св. Спас“, по земјотресот; саркофаг, гробот на Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“; Куршумли-ан, по земјотресот; Сули ан, по земјотресот; Даут-пашин амам, уметничката галерија по земјотресот; Народен музеј на град Скопје; Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“, по земјотресот; Архив на Македонија, по земјотресот; Институт за фолклор, по земјотресот; музејски експонат на Институтот за фолклор, тапан; Македонски народен театар, по земјотресот; Младинско-детски театар со куклена сцена, по земјотресот; Малцински театар, по земјотресот; „Вардар филм“, зградата по земјотресот; „Техно филм“, зградата по земјотресот; кино „Култура“, по земјотресот; кино „Балкан“, по земјотресот; Дом на култура „Кочо Рацин“, по земјотресот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитрие Османли (идеја) Р: Димитрие Османли К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 222. МАКЕДОНИЈА 1942

1963
Ин. број: 374-М90/6; 375-М90/6; 376-М90/6; 928-М127/6; 1117-М161/6; 2489-М241/2

Филмот преку автентични фотографии и документи ја реконструира борбата на македонските партизански одреди против окупаторот во Македонија, во 1942 година.

ДЕ: мурал „Македонија во НОБ“ од Борко Лазески; географска карта, на Источна и Југоисточна Европа и на Блискиот Исток, напредување на фашистичкиот окупатор (Ленинград, Москва, Кавказ...); географска карта на Југославија, на која се шири слободна територија; географска карта на Македонија, напредување на фашистичкиот окупатор и развој на отпорот во 1942; фотографија, новоформирани партизански одреди; географска карта, југозападна Македонија, околу Преспанското Езеро, патот и дејствијата на партизанскиот одред „Пелистер“; географска карта на Македонија, прилепскиот крај, движењето на партизанскиот одред „Димитар Влахов“; факсимил, документ со кој директорот на Скопската област Димитар Раев го известува царот Борис III за силата на партизанските одреди и илегалната дејност во околината на Велес; факсимил, прогласот „Долу фашистичката тиранија“; факсимил, БИЛТЕН на Главниот штаб на Народноослободителните одреди во Македонија, број 1-2 од септември-октомври 1942; Велес, панорама; фотографија, министер Габровски; Смилево, панорама; фотографија, партизански одред „Даме Груев“; Бистрица; географска карта на Македонија, крушевскиот крај, дејствие на одредот „Питу Гули“; фотографија, средба меѓу Хитлер и цар Борис III; фотографија, Цветан Димов; фотографија, Мирче Ацев; фотографија, Страшо Пинџур; фотографија, затворот во кој биле мачени и убиени Цветан Димов, Мирче Ацев и Страшо Пинџур; фотографија, партизански одред „Димитар Влахов“; фотографија, станица Клајмантово; споменик,

Таки Даскалот; споменик, плоча, Блажо Спиркоски и Киро Бајрамоски; споменик, Стево Наумов–Стив; фотографија, од I заседание на АВНОЈ во Бихаќ, на која зборува Тито пред делегатите; факсимил, извадоци од Прогласот на АВНОЈ
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Перо Ќоробар; Коце Солунски Р: Бранко Гапо К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 350 м

## 223. НАШАТА ДОВЕРБА

1963
Ин. број: 371–М90/6; 372–М90/6; 373–М90/6; 3143–М412/6; 2368–М235/1; 2369–М235/2

Системот на демократско бирање на кандидатите и управување со општеството бара наполно ангажирање на кандидатите. Во нивниот труд и активност избирачите ја вложуваат својата доверба.

ДЕ: Скопје, панорама од Водно; дефиле на деца по повод 25 Мај, во Скопје; погон во стаклара; погон во текстилна ф–ка; машински погон; огласи за избори; Спасе Черепналковски; Веле Димовски; Дрита Старова; Љатифе Муслим; Ахил Тунте
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 250 м

## 224. ОВАА ПРОЛЕТ 1963

1963
Ин. број: 393–М91/6; 949–М129/6; 950–М129/6; 2945–М404/6; 2946–М404/6; 1808–М210/1; 3771–М280/1; 3802–М281/2

Филмот зборува за трудот, за успесите и резултатите во македонското стопанство со одбележување на празникот на трудот – 1 Мај со свечено дефиле на плоштадот „Маршал Тито“ во Скопје. Дискусиите за преднацртот на Уставот од 1964 година, за работата на работничките совети, за функционирањето на самоуправниот систем, за делегатскиот систем итн.

ДЕ: парола, „Пролетери од сите земји, обединете се!“; парола, „За мир и социјализам“; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1946; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1947; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1948; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1950; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1952; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1955; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1958; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1960; Скопје, плоштад „Маршал Тито“, парада во 1963; Лазар Колишевски, ја следи парадата по повод 1 Мај 1963; Страхил Гигов, ја следи парадата по повод 1 Мај 1963; Веселинка Малинска, ја следи парадата по повод 1 Мај 1963; парола, „Работничкиот совет – парламент на нашиот колектив“; Спомен–плоча на Металскиот завод „Тито“, по повод предавањето на фабриката во рацете на работниците на 25 август 1950; индустриски капацитет, фабрика; индустриски капацитет, фабрика во изградба; станбена зграда, во изградба; Јосип Броз Тито, зборува пред работници во преполнета фабричка хала; Сојузно собрание, донесу–

вање на Предлог-уставот на СФРЈ од 1963; Едвард Кардељ, зборува во Сојузното собрание по повод Предлог-Уставот на СФРЈ; Јосип Видмар, во Сојузното собрание; Александар Ранковиќ, во Сојузното собрание; Светозар Вукмановиќ-Темпо, во Сојузното собрание; Драгослав Марковиќ, во Сојузното собрание; Влада Поповиќ, во Сојузното собрание; парола, „Да живее 1 Мај“; парола, „Ја освојуваме науката и технологијата“; парола, „Човекот е наше најголемо богатство - Тито“; фотографија, Ј.Б.Тито; Скопје, панорама
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков; Трајче Попов Р: Кочо Недков; Трајче Попов К: Мишо Самоиловски; Душан Гаиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 225. СКОПЈЕ, 26.7.1963.

1963
Ин. број: 394-М91/6; 395-М91/6; 396-М91/6; 652-М107/6; 653-М107/6; 3797-М281/1/2; 3779-М280/2; 3798-М281/2

Само еден час по катастрофалниот земјотрес, кој го запре животот во Скопје на 26.7.1963 година, снимателите ги забележаа на филмските ленти сиот ужас и размерите на катастрофата. Следуваат и снимки од напорите на спасителите да ги извлечат повредените од урнатините, како и на многубројните жртви за кои немаше спас. Помошта пристигнуваше од сите страни на светот.Во првите денови по катастрофата беше извршена евакуација на најмладите жители од градот.

ДЕ: Скопје, по катастрофалниот земјотрес; Скопје, Домот на ЈНА во урнатини; земјотрес, Домот на ЈНА во урнатини; Скопје, зградата на Народната банка во урнатини; земјотрес, зградата на Народната банка во урнатини; Скопје, Железничката станица во урнатини; земјотрес, Железничката станица во урнатини; Скопје, спасување на повредените под урнатините; земјотрес, спасување на повредените под урнатините; Скопје, извлекување на жртвите под урнатините; земјотрес, извлекување на загинатите под урнатините; Скопје, расчистување на урнатините со механизација; земјотрес, расчистување на урнатините со механизација; Скопје, евакуација на децата по земјотресот; земјотрес, евакуација на децата по земјотресот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 370 м

## 226. СКОПЈЕ, КОМУНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

1963
Ин. број: 385-М91/6; 386-М91/6; 387-М91/6; 3023-М407/6; 3365-М177/6

По земјотресот на 26 јули 1963 година, Скопје, покрај другите проблеми, се судри и со разурнувањата и штетите во комуналната сфера. Во филмот се прикажани штетите што настанале во оваа област, како и податоците за нивната висина.

ДЕ: фотографии, Скопје пред земјотресот; Камен мост, Дом на ЈНА, Банката, Ристиќева палата, Стоковна куќа „НАМА“, Македонски народен театар, Интерна клиника; шаторска населба, во градскиот парк; сообраќај, по улиците на Скопје; Железничка станица „Скопје“, разурната; јавна бања „Пошта“, разурната; јавна бања „Стара нова бања“, разурната; јавна бања „Хуриет“, разурната; трговски објекти, разурнати и оштетени; Пошта, зградата оштетена, како и инсталациите; Градежно-техничкото училиште, зградата по земјотресот; Природно-математичкиот факултет, зградата; Македонски народен театар, зградата тешко оштетена; Собрание на СРМ, зградата оштетена и фотографија пред земјотресот; плоштад „Маршал Тито“, панорама и фотографија пред земјотресот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Гапо (идеја) Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски; Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 328 м

## 227. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.1

1963
Ин. број: 1073-М140/6; 1074-М140/6; 1075-М140/6; 3123-М412/6; 2507-М242/1; 2508-М242/2

Филм за животот на градот непосредно по земјотресот.

ДЕ: меѓународна помош, од Јапонија за Скопје по земјотресот; испитување на земјата, по земјотресот во Скопје; Муто Кијоши, во посета на Скопје; Окомото Шузо, во посета на Скопје; Тихишико Хисада, во посета на Скопје; Иван Пухан, професор на Скопскиот универзитет, обиколка на градилиште на студентски домови; Душан Вељковиќ, на Пленумот на СКМ во Скопје; Дојчин Апчевски, на Пленумот на СКМ во Скопје; Драги Захариевски, на Пленумот на СКМ во Скопје; Бошко Станковски, на Пленумот на СКМ во Скопје; Крсте Црвенковски, на Пленумот на СКМ во Скопје; Благој Попов, на Пленумот на СКМ во Скопје; Благоја Талевски, на Пленумот на СКМ во Скопје; Васка Дуганова, на Пленумот на СКМ во Скопје; Пленум на СКМ, во Скопје непосредно по земјотресот; Киро Миљовски, Ректор на Скопскиот универзитет; Едвард Кардељ, во посета на Скопскиот универзитет по земјотресот; Петре Прличко; Стојка Цекова; Милица Стојанова; Димитар Ќостаров; Македонски народен театар, сместен под шатори; Народен заем за изградба и обнова на Скопје, распишување; РО „ЕЛЕКТРОСОНД“, врши геолошки и сеизмички испитувања во Скопје; Младинска работна акција, во обнова на Скопје; Стопанска банка, подвижна (во автобус); санација на оштетени објекти во Скопје по земјотресот; шаторска населба, во Скопје по земјотресот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Трајче Попов К: Душан Гајиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 228. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.2

1963

Ин. број: 1076-М140/6; 1077-М140/6; 3121-М412/6; 3124-М412/6; 2509-М242/1; 2510-М242/2

Од изградбата на Скопје непосредно по земјотресот, особено на станбени објекти, како и од секојдневниот живот, шаторските населби, железничкиот и градскиот сообраќај.

ДЕ: Фабрика за индустриско производство на станови „Карпош", изградба во Скопје; Попов, советски инженер, консултант во изградбата на ф-ката „Карпош" во Скопје; „Мон-инвест", претпријатие од Белград, во обнова на Скопје; „Браќа Кауриќ", претпријатие од Загреб во обнова на Скопје; Инженериска единица на Црвената армија, во изградба на ф-ката „Карпош" во Скопје; монтажна градба, во Скопје по земјотресот; настава, во Скопје по земјотресот; подвижни куќички, подарок од Хуманитарната организација на тркалезна маса од Англија за Скопје; Организација на тркалезна маса, хуманитарна...од Англија; Киро Георгиевски, на пречекот на делегацијата од НР Монголија во Скопје; Фирус Назим, на пречекот на делегацијата од НР Монголија во Скопје; Детска болница, во населбата „Ѓорче Петров"; шаторска населба „Парк", по земјотресот; Народна банка, во Скопје по земјотресот; Железничка станица „Скопје", по земјотресот; плоштад „Маршал Тито", по земјотресот; товарна станица „Маџари", по земјотресот; станица на милиција „Пролет", сообраќајна; населба „Драчево", изградба на приградска...; „Електра", претпријатие од Мостар, учествува во изградбата на Скопје; „Електромонтажа", претпријатие од Сараево, учествува во изградбата на Скопје; населба „Влае", изградба на приградска...; населба „Козле", изградба на монтажни објекти; населба „Ѓорче Петров" I и II, изградба; помош од Шведска, за Скопје; помош од Данска, за Скопје; помош од СССР, за Скопје; помош од НР Бугарија, за Скопје; помош од Светската организација на црквите, за Скопје; помош од Мексико, за Скопје; помош од СР Германија, за Скопје; помош од Австрија, за Скопје; помош од Канада, за Скопје; помош од Норвешка, за Скопје; помош од Полска, за Скопје; помош од Швајцарија, за Скопје

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: неидентификувано Р: Трајче Попов К: Душан Калиќ

35 мм, црно-бел, звучен, 290 м

## 229. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.3

1963

Ин. број: 1078-М140/6; 1079-М140/6; 1080-М140/6; 3356-М143/6; 2511-М140/1; 2512-М140/2

Магазинот ги содржи следниве информации: за обновата и изградбата на Скопје по земјотресот, особено подигање монтажни бараки и санирање на напукнатите и оштетени згради; за посетата на претседателот на СИС, Петар Стамболиќ, на Скопје; за премерувањето на Скопје заради составување на урбанистичкиот план на градот; за несреќата на бензиската пумпа; за изградбата на нови и широки сообраќајници и за вселувањето на скопјани во санираните згради.

ДЕ: Скопје, разурнато по земјотресот; обнова и изградба на Скопје по земјотресот; механизација, багери, булдожери, во расчистувањето на урнатините; монтажна градба, бараки; шаторска населба, живот во Скопје по земјотресот; училница,

полна со ученици, учителката им зборува; гробишта, скопски... „Бутел", ученици со учителката полагаат цвеќе на гробот на нивната соученичка загината во земјотресот; Петар Стамболиќ, претседател на СИС, во посета на Скопје на 25 октомври; Крсте Црвенковски, во придружба на Петар Стамболиќ при неговата посета на Скопје; Абдул Хумо, во придружба на Петар Стамболиќ; Александар Грличков, во придружба на Петар Стамболиќ; Азис Талир, човекот што со својата присебност успеа да го изгасне пожарот на една скопска бензиска пумпа и да спречи поголема трагедија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 230. СТОПАНСТВОТО ПОД УДАРОТ НА КАТАСТРОФАТА

1963
Ин. број: 359-М89/6; 360-М89/6; 361-М89/6; 3192-М416/6; 3193-М416/6; 1818-М210/1; 1819-М210/2

Филмот зборува за скопското стопанство, кое претрпе големи загуби по земјотресот на 26 јули 1963 година. Стопански и индустриски објекти разурнати или оштетени, инфраструктурни објекти уништени. И скопската трговска мрежа и угостителските објекти во градот претрпеа големи штети. Напорите на вработените за спасување на опремата, машините и за нивно оспособување за работа.
ДЕ: Текстилна фабрика „Кузман Јосифовски-Питу", зграда; Фабрика за чорапи и трикотажа „Црвена Ѕвезда"; фабрика, конфекција, „Прогрес"; фабрика, текстилна „Македонски фолклор"; Металско претпријатие „Коце Металец"; Електродистрибуција - Скопје; Пошта, зградата во Скопје; Скопски саем; пазар, покриен; самопослуга; јавна зграда, аптека; Кафе-ресторан „Победа"; Хотел-ресторан „Скопје"; Народна банка, зградата во Скопје; канцеларија; Фабрика за автобуси „11 Октомври"; стара чаршија, скопска
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов (идеја) Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 390 м

## 231. ШКОЛИТЕ И УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПСКАТА КАТАСТРОФА

1963
Ин. број: 354-М89/6; 355-М89/6; 854-М121/6; 855-М121/6; 3267-М420/6; 1826-М211/1; 1827-М211/1/2; 1828-М211/2; 1829-М211/2; 1830-М211/2; 1831-М211/2

Филмот ги регистрира штетите што земјотресот на 26 јули 1963 година, ги предизвика на училиштата во Скопје и на Скопскиот универзитет. Меѓутоа, и покрај непроценливите штети, наставата во училиштата и на Универзитетот продолжи многу бргу, се разбира, под отворено небо или во шатори. А голем број од учениците учебната 1963/64 година ја завршија во градовите ширум Југославија.

ДЕ: Скопје, разурнато по катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година; гимназија „Цветан Димов", урната; учителска школа „Зеф Љуш Марку", разурната; основно училиште „Тефејуз", по земјотресот; градежно-техничко училиште „Здравко Цветковски", по земјотресот; музичко училиште, по земјотресот во Скопје; Виша педагошка школа, по земјотресот; школски инвентар, уништен во земјотресот; Скопски универзитет, зградата на Ректоратот тешко оштетена; Филозофски факултет, по земјотресот; Правен факултет, по земјотресот; Економски факултет, по земјотресот; котларница на Педагошката академија, каде што беше пренесено книжното богатство на Правниот, Филозофскиот и Економскиот факултет по земјотресот; Земјоделско-шумарски факултет, најмногу оштетен од земјотресот; Медицински факултет, по земјотресот; Поликлиника, Болести на уво, носи и грло по земјотресот; Поликлиника за очни болести, по земјотресот; Гинеколошко-акушерска клиника, под шатор по земјотресот; Технички факултет, по земјотресот; Студентски дом „Стив Наумов", макета; Студентски дом „Кузман Јосифовски-Питу", зградата уништена по земјотресот; студентска населба, под шатори по земјотресот; редакција на студентскиот весник „Студентски збор", работи под ведро небо по земјотресот; книжарница на ИО "Просветно дело", по земјотресот се појавија нови учебници и книги; Педагошка академија, новата зграда
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитрие Османли (идеја) Р: Димитрие Османли К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 460 м

## 232. АРОМАТИЧНО ЗЛАТО

1964
Ин. број: 417-М92/6; 1015-М135/6; 1016-М135/6; 2023-М212/1; 2024-М212/2; 2025-М212/2

Тутунскиот комбинат во Прилеп; начинот на производство и сортирање на тутунот и изработка на финалниот производ, цигарите. Во филмот се присутни и играни секвенци, чија цел е непосредна реклама на цигарите.
ДЕ: Маркови кули, Прилеп; Прилеп, панорама; тутунски полиња; реклама за цигари; тутун, растение во цвет; фабрика за преработка на тутун и производство на цигари, производствениот процес; лабораторија, во фабрика за преработка на тутун
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Панде Поповски Р: Бранко Гапо К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 260 м

## 233. ДОДЕКА ВЛАДЕЕ ОРИЗОТ

1964
Ин. број: 434-М93/6; 825-М119/6; 826-М119/6; 2889-М402/6; 2889-М402/6; 2020-М212/1; 2021-М212/2; 2022-М212/2; 3617-М272/2; 3767-М279/1

Филм за формирањето на Земјоделската задруга „Моша Пијаде" од с.Горни Полог, која требаше да работи на производство, откуп и промет со оризот, но која поради лошото стопанисување и лошите инвестиции, набргу почна да

се распаѓа; како и проблемите што задругата ги имаше со приватните оризови производители. Целиот филм е даден во облик на пародија.
ДЕ: Кочани, панорама; ориз, орање; ориз, сеење; ориз, плевење; Земјоделска задруга „Моша Пијаде", од село Горни Полог; одгледување на ориз, специјално земјоделство
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бошко Смаќоски Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 410 м

## 234. КЕЈ „13 НОЕМВРИ"

1964
Ин. број: 458-M94/6; 459-M94/6; 823-M118/6; 824-M118/6; 3246-M419/6; 2011-M212/1; 2012-M212/2; 2013-M212/2

Приказ на новоизградениот кеј на реката Вардар во Скопје, кој во чест на денот на ослободувањето на Скопје, го добива името кеј „13 Ноември"; евокација на настаните на овој ден, како и на датумите 16 ноември 1962, денот на големата поплава на градот и 26 јули 1963 година, денот на земјотресот, кој беше причина и повод за речиси целосно видоизменување на градот.
ДЕ: Скопје, кеј „13 Ноември"; Скопје, Дом на ЈНА пред земјотресот; Скопје, зградата на Народна банка, пред земјотресот; Скопје, панорама на градот снимена од Скопското кале; Скопје, гимназија „Јосип Броз Тито" пред земјотресот; Скопје, Камен мост; Скопје, Споменик на борците од НОБ; Скопје, плоштад „Маршал Тито"; Скопје, поплава на 16.11.1962; поплава, во Скопје на 16.11.1962; фотографии на борци за ослободувањето на Скопје; Скопје, зградата на скопскиот универзитет пред земјотресот; Скопски универзитет пред земјотресот; црква „Св. Константин и Елена" во Скопје пред 26.07.1963; Скопје, црква „Св. Константин и Елена" пред 26.07.1963; Македонски народен театар, пред 26.07.1963; Скопје, МНТ пред 26.07.1963; минирање на зградите на Домот на ЈНА и Народната банка во Скопје; Скопје, кеј „13 Ноември" по земјотресот од 26.07.1963; Скопје, Гранд хотел „Скопје"; земјотрес
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитрие Османли; Симон Дракул Р: Димитрие Османли К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 390 м

## 235. КРАТОВСКО ЗЛАТО

1964
Ин. број: 368-M90/6; 632-M106/6; 846-M120/6; 847-M120/6; 3144-M413/6; 2004-M211/1; 2005-M211/2

Филм за единствената детска ликовна галерија во земјата што се наоѓа во Кратово. Цртежи на децата од Кратово, „Кратовските сликари", кои на светските изложби на детски цртежи добиле први награди.
ДЕ: Лазар Софијанов, наставник од Кратово; монети, стари; ликовна уметност, детска ликовна колонија, Кратово; Кратово, панорама; Кратовска Река; пазар, во Кратово; архитектура во Кратово; антиквитети, сабја, тепсија, пафта украсена со

обоени камења, женски ѓердан, украсна капа, грутка кристал; камен мост со еден лак, Радин мост на Кратовска Река
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Франце Космач К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 410 м

## 236. ПОЕТОТ ИЗГНАНИК

1964
Ин. број: 363-М90/6; 862-М121/6; 870-М122/6; 1123-М161/6; 3207-М417/6; 1988-М211/1; 1989-М211/2

Филм за животниот и творечкиот пат на поетот Рајко Жинзифов.

ДЕ: фотографија на Рајко Жинзифов; Титов Велес, панорама на градот; Рајко Жинзифов, фотографија; фотографија на Рајко Жинзифов во Русија; факсимил на ракописи на Рајко Жинзифов; факсимил на писмото од таткото на Рајко Жинзифов; фотографии од погребот на Рајко Жинзифов
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Д-р. Александар Спасов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 410 м

## 237. ПОЛОШКИ ОГНОВИ

1964
Ин. број: 404-М91/6; 405-М91/6; 406-М91/6; 910-М125/6; 3069-М410/6; 2014-М212/1; 2015-М212/2

Проблемите што со себе ги носи индустријализацијата на селото, презентирана преку тетовското село Јегуновце, во кое се наоѓа топилница за хромна руда.

ДЕ: Топилница за хромна руда „Јегуновце", во с.Јегуновце; ораница; Јегуновце, село; орање со воловска запрега; кола со воловска запрега; џамија, во с.Јегуновце; исламски обичај, ритуално миење пред џамија; селски гробишта, во с.Јегуновце
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 306 м

## 238. ПОСЛЕДНИ НОМАДИ

1964
Ин. број: 369-М90/6; 370-М90/6; 641-М106/6; 668-М108/6; 688-М109/6; 2000-М211/1; 2001-М211/2; 2002-М211/2; 2003-М211/2; 3821-М282/2

Во планините на Македонија и денес живеат припадниците на племето Каракачани. Тие се тука веќе неколку века. И од кога знаат за себе се сточари. Тие се од последните сточари-номади во Европа. Околу нив многу нешта се изменети, а тие и денес како навидум да го продолжуваат животот...

ДЕ: Каракачани, во потрага по пасишта; стадо овци; гајдаџија; бачило; живеалиште на Каракачаните; молзење овци; правење сирење, цедење; правење сирење, калапење; обред за влегување на девојките во живот; носија на Каракачаните; обичај, породување; песната на Каракачаните; преноќиште на Каракачаните
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Влада Урошевиќ; Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 400 м

## 239. ПРОШТЕВАЊЕ

1964
Ин. број: 407-М91/6; 945-М128/6; 993-М132/6; 2966-М405/6; 2967-М405/6; 2016-М212/1; 2017-М212/1; 2018-М212/2; 2019-М212/2

По земјотресот во Скопје, на 26 јули 1963, останаа голем број распукани, неупотребливи згради и објекти. Филмот зборува за периодот непосредно по земјотресот, кога Скопје се претвори во големо градилиште, кога сите оштетени објекти што не можеа да се санираат, мораше да се урнат. Луѓето се проштаваа од своите домови, од својот стар град.
ДЕ: Скопје, расчистување на урнатините по земјотресот, градот е под прашина; расчистување на урнатините, во Скопје по земјотресот; плоштад „Маршал Тито, во Скопје по земјотресот; Камен мост, во Скопје по земјотресот; Урбанистички план на Скопје; булдожер, во расчистување на урнатините; црква „Св. Константин и Елена"(?), ентериер, распукана
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Гане Тодоровски; Мишо Самоиловски Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 340 м

## 240. РИБАРСТВОТО ВО КАТЛАНОВСКО ЕЗЕРО

1964
Ин. број: 606-М104/6; 2463-М240/1

Многубројните начини на риболов во Катлановско Езеро и обичаите околу риболовот, кои не постојат повеќе поради исушувањето на езерото.
ДЕ: Катлановско Езеро; село Блаце, селска архитектура; штрк; крап; рибарски прибор, мрежи, ноќници, сакови, пезиволи, григови, ости; чамец /кораб или лаѓа/ на Катлановско Езеро; риболов, со раце - тевекел, со котци; езерска вегетација; приготвување на рибата за исхрана
ПР: Етнолошки музеј - Скопје
СЦ: Вера Кличкова Р: Вера Кличкова К: Киро Билбиловски
16 мм, во боја, звучен, 320 м

## 241. СВЕТЛОСТИТЕ ВО КАНОН ЗАКЛУЧАНИ

1964

Ин. број: 336-М90/6; 337-М90/6; 638-М106/6; 843-М120/6; 3152-М413/6; 2006-М211/1; 2007-М211/2

Филм посветен за фреско-сликарството во македонските цркви: „Св. Софија" од Охрид (1036-1056), „Св. Пантелејмон" од Горно Нерези (1164), „Св. Ѓорѓи" од Курбиново (1191), „Св. Богородица Перивлептос" од Охрид (1295), „Св. Никита" од Бањани (1307) и „Св. Ѓорѓи" од Старо Нагоричане (1313).

ДЕ: Фреско-живопис во црквата „Св. Софија" во Охрид; фреско-живопис во црквата „Св. Пантелејмон" во Горно Нерези; фреско-живопис во црквата „Св. Ѓорѓи" во Курбиново; фреско-живопис во црквата „Св. Ѓорѓи" во Старо Нагоричане; Фреско-живопис во црквата „Св. Никита" во Бањани; фреско-живопис во црквата „Св. Богородица Перивлептос", „Св. Климент" во Охрид; црква „Св. Ѓорѓи" во Старо Нагоричане; црква „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос" во Охрид

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Љубиша Јоциќ Р: Љубиша Јоциќ К: Киро Билбиловски

35 мм, во боја, звучен, 410 м

## 242. СКОПЈЕ 63

1964

Ин. број: 995-М132/6; 1112-М160/6; 3534-М184/6; 3535-М184/6; 3536-М184/6

Филмот е хроника на настаните непосредно пред, за време и по катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје на 26 јули 1963 година. Преку изворни материјали се прикажани разурнувањата и последиците од катастрофалниот земјотрес, потоа расчистувањето на урнатините, последниот поздрав со загинатите најблиски, помошта што Скопје ја прими од земјата и од странство, обновата на градот итн.

ДЕ: фотографии, вадење на мртви од урнатините по земјотресот во Скопје на 26 јули 1963; Скопје, пред земјотресот, пуштање нови фабрики, деца во луна парк, пикник во Сарај, ноќе; парада, по повод 1 Мај, плоштад „Маршал Тито" во Скопје; Скопје, непосредно по земјотресот; гробишта „Бутел", копање гробови, подготовка за закоп на загинатите; доброволни младински бригади, пристигнуваат во Скопје за расчистување на урнатините; меѓународна помош за Скопје, со авиони, возови и камиони; евакуација на децата од разурнато Скопје; Благој Попов, претседател на Градското собрание, зборува пред скопјани за катастрофата и за тоа како Скопје стана град на солидарноста; населба под шатори, животот во Скопје по земјотресот под ведро небо; печатница, печатење на некролози; гробишта „Бутел", закоп на загинатите, почесна стрелба и полагање венци; Лазар Колишевски, полага венец за загинатите во скопската катастрофа; Видое Смилевски-Бато, полага венец за загинатите во земјотресот; Железничка станица „Скопје", во урнатини; фреска „Македонија" од Борко Лазески, испукана во зградата на Железничката станица; импровизирана населба, секојдневни активности во новонастанатата ситуација, животот полека се нормализира по земјотресот; Центар за препознавање на загинатите, под шатори; негатив, фотографии и 8 мм филм на странски туристи во Југославија, загинати во скопскиот земјотрес под урнатините на хотел „Македонија"; Матична служба, венчавање под шатори; приредба за Роми, во импровизирана населба; плоштад „Маршал Тито", оркестар на противпожарно друштво свири пред Стоковната куќа;

Есма Реџепова, пее на урнатините на Дом на ЈНА на плоштадот „Маршал Тито“ во Скопје; уривање на зградите оштетени во земјотресот, кои не можат да се санираат, меѓу другите и Дом на ЈНА; монтажни објекти, изградба на хангари од странска помош, од војската на САД; училиште, настава под шатори; гинеколошко-акушерска клиника, под шатори, мајки и бебиња
ПР: Јадран филм - Загреб; Вардар филм - Скопје
СЦ: Ратко Ѓуровиќ; Стеван Булаиќ; Георги Старделов; Јован Бошковски; Матеја Матевски Р: Вељко Булаиќ К: Александар Секуловиќ; Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 2510 м

## 243. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.4

1964
Ин. број: 1081-М140/6; 1082-М140/6; 1083-М140/6; 3125-М412/6; 2513-М242/1; 2514-М242/2

Репортажа за бездомните граѓани на Скопје кои по земјотресот на 26 јули 1963 година, беа сместени во шатори и дрвени бараки, каде што многумина од нив и ја пречекаа зимата. Градителите на Скопје, со помош од земјата и од странство, успеаја да направат монтажни објекти во кои првата зима по земјотресот ја дочекаа десет илјади скопјани.
ДЕ: шаторска населба, живот во зимски услови по земјотресот во Скопје; меѓународна помош за Скопје од СССР, изградба на монтажни куќи; меѓународна помош за Скопје од САД, изградба на монтажни куќи; меѓународна помош за Скопје од Англија, изградба на монтажни куќи; населба „Синѓелиќ“, Скопје, монтажни куќи и хангари; населба „Тафталиџе“, Скопје, проекти и макети на монтажни куќи; Благој Попов, претседател на Градското собрание на Скопје, предава во употреба новоизградени монтажни објекти; Александар Грличков, предава во употреба објекти изградени со англиска помош; подвижни куќички, вселување на скопјани во камп приколки во населба „Карпош II“; Борис Петковски, при предавањето во употреба на подвижните куќички; Љупчо Ставрев, при предавањето во употреба на подвижните куќички; монтажни бараки, вселување на скопјани; населба „Козле“, Скопје, панорама
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Димитрие Османли К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 235 м

## 244. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.5

1964
Ин. број: 1084-М141/6; 1085-М141/6; 1086-М141/6; 2515-М242/1; 2516-М242/2

Информации за пуштањето во употреба на скопските новоизградени населби „Аеродром“, „Козле“, „Влае“, „Маџари“, „Ѓорче Петров“ I и II, потоа за изградбата на монтажните бараки во населбата „Шуто Оризари“, пуштањето на Детската клиника во рамките на Скопската болница, како и за помошта што Скопје секојдневно ја добиваше од сите страни на светот и за приемот по повод денот на ослободувањето на Скопје, во чест на градителите на градот.

ДЕ: Милан Купрешанин, заменик на државниот секретар за Народна одбрана, му ја предава на Скопје населбата „Аеродром“; населба „Аеродром“, Скопје, новоизградени објкети; Благој Попов, зборува при предавањето во употреба на населбата „Аеродром“; Крсте Црвенковски, секретар на СК СКМ, ја предава во употреба населбата „Аеродром“; населба „Козле“, Скопје, изградена од градежниците на СР Србија, предавање во употреба; Мито Мицајков, секретар на Околискиот комитет на СКМ за Скопје, ја предава во употреба населбата „Козле“; населба „Влае“, Скопје, изградена од градежниците на СР Словенија, предавање во употреба; Бено Зупанчич, член на ИС на Словенија, заборува на свеченоста по повод пуштањето во употреба на населбата „Влае“; Александар Грличков, претседател на ИС на Македонија, ја пушти во употреба населбата „Влае“; Кемал Сејфула, потпретседател на ИС на Македонија, ја пушта во употреба населбата „Маџари“; Иберие Киријаз, ја предава во употреба населбата „Железара“; населба „Железара“, Скопје, изградена од градежниците на СР Хрватска, предавање во употреба; Видое Смилевски-Бато, претседател на Собранието на СРМ, зборува на свеченоста по повод пуштањето на населбите „Ѓорче Петров“ I и II; Мајкл Кросвел, британски амбасадор во Белград, при пуштањето на населбите „Ѓорче Петров“ I и II; Френк Менинг, претседател на британската организација „Борба против немаштијата“ при пуштањето на населбите „Ѓорче Петров“ I и II; инженериски единици на советската армија, во расчистување и изградба на Скопје; инженериски единици на американската армија, подигање на монтажните бараки во населбата „Шуто Оризари“; Благој Попов, на свеченоста по повод предавањето во употреба на Детската клиника на Универзитетската болница во Скопје; Драгољуб Ставрев, на свеченоста по повод предавањето во употреба на Детската клиника; госпоѓа Кенп, на свеченоста по повод предавањето во употреба на Детската клиника; Свен Баклунд, шведскиот амбасадор во Белград, на свеченоста по повод предавањето во употреба на Детската клиника; фотографија, Маргит Ливингстон, претседател на шведската организација „Спасете ги децата“, чие име ќе го носи Детската клиника во Скопје; Детска клиника, на Универзитетската болница во Скопје, подарок од Шведска; Џон Памфри, советник во Британската амбасада, при предавањето на 50 камп-куќички, подарок од британската организација „Тркалезна маса“; Чарлс Бредли, капетан на британската армија, при предавањето на 50-те камп-куќички; Санчез Хуарес, амбасадор на Мексико во Белград, ги предава подароците од госпоѓа Ева де Лопез Матеос за скопските деца; прием по повод денот на ослободувањето на Скопје, а во чест на градителите на градот; Благој Попов, ги пречекува и ги поздравува гостите на приемот

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: неидентификувано Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски

35 мм, црно-бел, звучен, 290 м

## 245. СКОПСКИ РЕПОРТЕР БР.6

1964

Ин. број: 1087-М41/6; 1088-М41/6; 1089-М41/6; 3122-М412/6; 3754-М279/1; 2517-М242/2

Магазинот ги опфаќа подготовките на скопјани за пречек на новата 1964

година, како и самиот пречек во шатори, домови и во ресторанот „Метропол".
ДЕ: Скопје, панорама, се гледа зградата на Банката; Камен мост, Скопје, скопјани се движат по...; свеченост, предавање на подароци на скопските деца од госпоѓа Матеос од Мексико; Нова година, Новогодишна ноќ, пречек, во скопските домови (и шатори) и во ресторанот „Метропол"; Гинеколошка клиника, првите новородени скопјани во новата 1964; Скопје, првото утро во новата 1964 на плоштадот и улицата „Маршал Тито"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Димитрие Османли К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 230 м

## 246. СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА

1964
Ин. број: 382-М91/6; 383-М91/6; 384-М91/6; 938-М127/6; 3037-М408/6

Првата годишнина од катастрофалниот земјотрес во 26.07.1963 година во Скопје е одбележана со положување венци и свежи цвеќиња на гробницата на загинатите во земјотресот. Во знак на сеќавање и благодарност на подадената рака и помош од целиот свет, во Скопје е организирана „Средба на солидарноста". На манифестацијата учествуваат културно-уметнички изведувачи од целиот свет.
ДЕ: Градски гробишта „Бутел", со гробовите на загинатите во земјотресот; гробница, мермерна, на загинатите, од граѓаните на Скопје; Благој Попов, положува венец на гробницата на загинатите во скопската катастрофа; митрополитот Доситеј, држи опело за загинатите во скопската катастрофа; комеморација, на жртвите од земјотресот; населба Козле, панорама; велосипедска трка, како придружна манифестација на „Средбата на солидарноста"; квартет, „Голден гејт" настапува на „Средбата на солидарноста" во Скопје; диригент Игор Маркевич, кој диригира со Македонската филхармонија; фолклорни ансамбли, на „Средбата на солидарноста", 1964, во Скопје; „Средба на солидарноста"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Александар Ѓурчинов Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 270 м

## 247. ШКОЛСКИ РАСПУСТ

1964
Ин. број: 939-М128/6; 940-М128/6; 941-М128/6; 3274-М421/6; 3275-М421/6; 3276-М421/6; 3791-М280/1; 2186-М222/2

По катастрофалниот земјотрес во Скопје, најголемиот број деца беа евакуирани од градот. Оние што беа повредени беа сместувани во болниците ширум земјата, а останатите, за да се заштитат од можните епидемии во градот во кој не беше можен нормален живот, се наоѓаа во бројните детски одморалишта. Без детската смеа и радост, градот уште повеќе ја чувствуваше траумата од големата несреќа. Иако далеку од своите домови и своите блиски, заштитени од мачните глетки на својот град, децата беа постојано во мислите со нив. Поздра-

вите и писмата талкаа низ градот. Тешко беше да се пронајдат оние на кои тие им беа упатени. Во сите писма беше истата мисла. Да се вратат дома. Многу од овие дечиња останаа без своите родители. Овој школски распуст на летото во 1963 година, се разликуваше од сите дотогашни весели и безгрижни летни денови.
ДЕ: Скопје, урнатини по земјотресот од 26 јули 1963; основно училиште „Климент Охридски“, во Скопје во урнатини; гимназија „Цветан Димов“, во Скопје во урнатини; кеј „13 Ноември“, во Скопје во урнатини; шаторска населба, во Скопје по земјотресот; Пионерски град, во Белград
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитар Солев; Пуриша Ѓорѓевиќ; Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 248. ВЕСНИЦИ, ВЕСНИЦИ

1965
Ин. број: 400-М91/6; 401-М91/6; 669-М108/6; 670-М108/6; 932-М127/6; 933-М127/6; 2031-М213/1; 2032-М213/2; 2033-М213/1/2

Животот на весниците започнува со нивното излегување од печат и со доаѓањето во рацете на купувачите-читателите, редовните консументи на политичките, забавните па сè до спортските рубрики. Пензионерите ги читаат весниците со првото утринско кафе, луѓето што брзаат на работа во автобусите. Секој го чита својот весник, а некои, прикрадувајќи се, туѓиот. Весникот е постојан придружник во секој миг, на одмор, во фризерниците, при чувањето и шетањето на малите деца во паркот... но и како заштита од сонцето по градските улици, на плажите, на фудбалските натпревари. По прочитувањето на весникот започнува неговата поинаква употребна вредност. Служи за бришење на прозорците, за завиткување на продуктите од пазар, на нив се седи, а некои дури во парче весник завиткуваат и тутун. Старите весници секој ги користи според својата потреба. На крајот, како непотребни, искористени се фрлаат како отпадоци. Сепак и такви, на некои луѓе, собирачи на стари весници, им донесуваат мала заработувачка. Се приближува крајот на денот, а во печатниците се подготвуваат новите изданија, чија судбина ќе биде идентична на претходните.
ДЕ: кеј „13 Ноември“, Скопје; печатница, печатење весници
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Цветан Станоевски Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 260 м

## 249. ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

1965
Ин. број: 411-М91/6; 411-М92/6; 827-М119/6; 3020-М407/6; 3021-М407/6; 3022-М407/6; 3886-М187/6; 2034-М213/1; 2035-М213/2

Филм за Григор Прличев, трагична поетска личност на македонскиот XIX век. Биографски податоци за поетот, како и осврт на неговиот опус нераздвојно врзан за неговиот живот.

ДЕ: биста на Григор Прличев; Самуиловата тврдина во Охрид; црква „Св. Софија“ во Охрид; црква „Св. Наум“ во Охрид; фотографија на Григор Прличев; фотографии на Охрид; фотографија на затвореници во пранги; гробот на Григор Прличев
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Гане Тодоровски Р: Вељо Личеноски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 320 м

## 250. ДВАНАЕСЕТТЕ ОД ПАПРАДНИК

1965
Ин. број: 420-M92/6; 421-M92/6; 422-M92/6; 690-M109/6; 2881-M401/6; 2062-M214/1; 2063-M214/2

По завршувањето на школувањето во Учителската школа во Охрид, дванаесетте тукушто завршени учителки доаѓаат во селото Папрадник, во Западна Македонија, за да им го пренесат своето знаење на учениците.
ДЕ: село Папрадник, Западна Македонија; камен мост, со еден лак; училиште во село Папрадник, Западна Македонија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитрие Османли Р: Димитрие Османли К: Бранко Михајловски
23 мм, црно-бел, звучен, 450 м

## 251. ЖИВОТОТ ВО РАЦЕТЕ НА СЕКУНДАТА

1965
Ин. број: 397-M91/6; 398-M91/6; 399-M91/6; 921-M126/6; 922-M126/6; 3241-M418/6; 2037-M213/1; 2038-M213/2

Барајќи ги и укажувајќи на причините за сè поголемиот број сообраќајни несреќи филмот е еден вид апел за внимателно однесување на учесниците во сообраќајот.
ДЕ: Скопје, сообраќај на градските улици; сообраќајни несреќи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Гане Тодоровски Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 270 м

## 252. LUX AETERNA

1965
Ин. број: 416-M92/6; 2386-M236/1; 2387-M236/1; 2388-M236/2

Со помош на музичките фрагмент од последниот став на „IX симфонија“ од Лудвиг ван Бетовен и со учество на диригентот Живоин Здравковиќ „Ја протеравме убавината, а Грците еднаш војуваа за неа...“ – Алберт Ками. Диригентот Живоин Здравковиќ, за време на диригирање на последниот став на Бетовеновата „IX симфонија“. Со користење на стоп кадар врз лицето на диригентот, во крупен план, наместо величествената музика, се слуша снимка од фудбалски натпревар или, пак, тече тонски запис од збиднувањата во некоја кафеана.

ДЕ: Живоин Здравковиќ, диригент
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Здравко Велимировиќ (идеја) Р: Здравко Велимировиќ К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 260 м

## 253. НАСМЕВНЕТЕ СЕ, МОЛАМ

1965
Ин. број: 413-М92/6; 414-М92/6; 901-М125/6; 2850-М400/6; 2851-М400/6; 2026-М212/1; 3795-М281/1; 2027-М212/1/2; 2028-М212/2

Колаж фотографии, кои регистрираат теми од сите можни области на животот; светот во мир и светот во војна, во изобилие и во сиромаштија, во радост и во тага, филм што го регистрира светот во сета своја различност.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Влада Урошевиќ Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 254. ОД ДЕН ВО ДЕН

1965
Ин. број: 418-М92/6; 601-М104/6; 697-М110/6; 834-М119/6; 835-М119/6; 2029-М213/1; 2030-М213/2

Еднодневен престој на камерата во секојдневието на едно бифе. Во бифето „Прогрес", сместено до едно скопско пазариште, секојдневието е исполнето со постојана клиентела пензионери, кои во игрите со карти и домино се зафатени од страсти, кои во начинот на комуникација ги доближуваат до детско однесување. Денот поминува и атмосферата во бифето станува сè пожешка поради алкохолот и забавата што ја нуди малиот оркестар со пејачка. Старците ги забораваат годините, па се предаваат на ритамот што го нуди музиката... Доцна навечер бифето ги затвора вратите и последните гости заминуваат притоа заемно помагајќи си, како што, впрочем, тоа и го пишува на ѕидот од бифето: „Пролетери од сите земји, обединете се!" Помина уште еден ден, а во следниот, веројатно, сè ќе биде исто како и во претходниот.
ДЕ: кафеана, гостите играат карти и домино
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Ранитовиќ Р: Бранко Ранитовиќ К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 380 м

## 255. ОХРИДСКИТЕ ТРУБАДУРИ

1965
Ин. број: 419-М92/6; 663-М107/6; 664-М107/6; 890-М124/6; 919-М126/6; 3242-М418/6; 3243-М418/6; 3455-М182/6; 2395-М237/1; 2396-М237/2; 3764-М279/2

Филм посветен на „Охридските трубадури", изведувачи и творци на старата градска музика и песна.

ДЕ: фотографии на „Охридските трубадури“; инструментите на „Охридските трубадури“; Охрид; Климе Сардило, последниот охридски трубадур; црква „Св. Богородица Перивлептос“, „Св. Климент“ во Охрид; фотографии на Милтон Манаки: комити, турски аскер, бесилки во Битола
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 256. ПРЕДИЗБОРНИ РАЗГОВОРИ

1965
Ин. број: 415-M92/6; 955-M129/6; 956-M129/6; 2434-M239/1; 2435-M239/2

Предизборна активност за избори на општински, републички и сојузни пратеници од работните колективи во Македонија.

ДЕ: Скопје, центарот на градот; фабрика „Пластика“; Вера Коробар, професор по македонски јазик; Петар Раѓеновиќ, во фабриката „Пластика“; Драгиша Урдаревски, предложен за одборник; весник „Нова Македонија“, насловна страница посветена на изборите; Куманово, изборни активности; Битола, изборни активности
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Заревски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 180 м

## 257. РУДНИК „ДАМЈАН“ РАДОВИШ

1965
Ин. број: 589-M103/6; 624-M105/3

Филмот нè запознава со рудникот „Дамјан“ и целиот комплекс придружни индустриски и други објекти, како и со развојот на Радовиш, во чија непосредна близина е рудникот. Опфатен е целиот период, од подготвувањето на теренот, градежните работи, монтирањето на опремата, па сè до свеченото отворање и пуштање во работа на рудникот.

ДЕ: рудник „Дамјан“, во непосредна близина на Радовиш; рудно наоѓалиште, на магнетитно-хематитна руда; рударско мерење, испитување на теренот; површинско истражување; подготовки за изградба на рудникот „Дамјан“; бетонски канали, за транспорт на рудата; рударска опрема, машини за дробење и мелење на рудата; рударска опрема, машини за пресување и сортирање на рудата, сита и решета; флотациски средства; свеченост, по повод пуштањето во работа на рудникот „Дамјан“; Александар Грличков, зборува на свеченоста по повод пуштањето на рудникот во работа; минирање, со експлозија рудникот и официјално започнува да работи; Радовиш, изградба на станбени објекти
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 258. СЕЛИДБИ

1965
Ин. број: 402–M91/6; 403–M91/6; 634–M106/6; 3025–M407/6; 2053–M214/1; 2054–M214/2

Селото Галичник во планинските масиви на Западна Македонија, пред повеќе векови населено од словенското племе Мијаци, во текот на педесеттите и шеесеттите години на овој век, бележи масовна миграција на своите жители.
ДЕ: Галичник, село, пусто; порта, домашна куќа во село Галичник; разбој, домашен; икона; црква, во с. Галичник, ентериер; трла, пусти над с.Галичник; валавница; надгробни споменици, гробишта во с.Галичник
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Симон Дракул Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 260 м

## 259. ВЕНЧАВКА НА ЕДНА ФОТОГРАФИЈА

1966
Ин. број: 450–M94/6; 451–M94/6; 920–M126/6; 3005–M406/6; 3010–M406/6; 3011–M406/6; 2055–M214/1; 2056–M214/2

Во печалбарските краишта на Македонија, доста распространето е венчавањето карактеристично по тоа што е присутна само невестата, а на местото на младоженецот стојат негова фотографија и полномошник.
ДЕ: печалбари, разделба со најблиските, поздрави и бакнежи; полски работи, земјоделски... жените ораат, вршат, жнеат, прскаат лозја; фотографии, на печалбари и на идниот младоженец преку полномошник; венчавање, со посредник, полномошник на младоженецот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Васко Анастасов Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 307 м

## 260. ГРАД НА ДВЕ ВОДИ

1966
Ин. број: 446–M94/6; 447–M94/6; 866–M122/6; 3016–M407/6; 3017–M407/6; 2041–M214/1; 2042–M214/2; 2043–M214/2

Репортажа за Струга во која се акцентираат локалитетите и збиднувањата по кои е препознатлив овој град.
ДЕ: Струга; река Црн Дрим; долап, наводнување; базилика, ранохристијанска; антички пат, Via Egnatia; фотографии на браќата Миладиновци; јагули; лов на јагули; акумулационо езеро „Глобочица“; Евтушенко на Струшките вечери на поезијата
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Стрезовски; Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 357 м

## 261. МАЛА СКОПСКА ХРОНИКА

1966
Ин. број: 409-М91/6; 410-М91/6; 857-М212/6; 858-М121/6; 972-М130/6; 2046-М214/2

По катастрофалниот земјотрес од 26.07.1963 година во Скопје, секојдневниот живот на населението почнува да се нормализира во изградените провизориуми, како и во новоизградените приградски населби, соочувајќи се со проблемите на превозот и снабдувањето. Започнува да се одвива процесот на санација на полуразурнатите згради. Се предвидува изградба на ново и поубаво Скопје.

ДЕ: макета на урбанистичкиот план, на проектот за идно Скопје; конференција за асеизмичка изградба на Скопје, меѓународна; Кочо Китановски, на Конференцијата за асеизмичка изградба на Скопје; С.В.Медведев, на Конференцијата за асеизмичка изградба на Скопје; Хисада, јапонски стручњак на Конференцијата за асеизмичка изградба на Скопје; Живко Поповски, инж.арх. на Конференцијата за асеизмичка изградба на Скопје; приградска населба, живот по земјотресот; градски сообраќај, по земјотресот недоволно организиран; Скопје, живот во провизориуми по земјотресот; санација, на оштетените згради од земјотресот; импровизирани живеалишта, бараки, шупи, без најосновни комуналии
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Александар Ѓурчинов Р: Александар Ѓурчинов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 225 м

## 262. МАЛОН

1966
Ин. број: 426-М92/6; 646-М106/6; 813-М117/6; 2044-М214/1; 2045-М214/2

Филмот зборува за производството на акрилното влакно „малон“ во Органско-хемиската индустрија ОХИС од Скопје. Во филмот се дадени: производствениот процес, неговата контрола, перењето, сушењето на малонот, пакувањето и транспортот до текстилната индустрија во републиката и земјата.

ДЕ: погони, хемиски; вештачко влакно, синтетичко, малон; лабораторија, хемиска; постапки и опрема, производство на малон, перење, сушење, кадење; Органско-хемиска индустрија ОХИС-Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 263. МАРИОВСКА СВАДБА

1966
Ин. број: 717-М111/6; 2460-М240/1; 2461-М240/2; 3899-М187/3

Мариовска свадба, презентирана во рамките на предсвадбарските обичаи, како и оние по самата церемонија, односно една недела по нејзиното завршување. Според богатството на обичаите што произлегуваат од овој крај на

Македонија, а кои што одвиваат во рамките на свадбарските свечености, неминовно следува заклучокот дека станува збор за апсолутно изворна варијанта, која останала вака архаична поради изолацијата на овој крај во Македонија.
ДЕ: Мариово, Македонија; мариовска свадба, народни свадбарски обичаи; мариовска архитектура; стројникување, договарање за свадба; подготовка на спремата од невестата; свадбарски песни, за секој свадбарски ритуал; замесување погача, се става мед и сребрена пара; плетење рогозина, на која ќе спијат младоженците; китка, карта (матарка) за вино и ткаена торба, канење на кумот и др. свадбари; канење на умрените предци; гајда, музички инструмент; бричење на младоженецот; мерење на облеката на младоженецот и негово облекување; виење невестински венец од бршлен и од цвеќиња; чистење на дворот со запалена слама, растерување зли духови; китење на семеен бајрак, обичај од средниот век; свадбарска поворка со традиционален распоред; облекување на невестата, народна невестинска облека; дарување на невестата со венчални чевли и чорапи; младоженците им бакнуваат рака на гостите на трпезата; венчавка, пред црква; доаѓање на невестата во новиот дом; свадбарско оро; „Нунково оро", испраќање на кумот; калесници, на гости кај родителите на невестата првата сабота по свадбата, првиче
ПР: Етнолошки музеј - Скопје
СЦ: Милан Ристески Р: Вера Кличкова К: Киро Билбиловски
16 мм, во боја, звучен, 600 м

## 264. ОХРИДСКИОТ СВЕТИЛНИК-КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

1966
Ин. број: 427-М92/6; 594-М104/6; 678-М109/6; 679-М109/6; 832-М119/6; 833-М119/6; 986-М131/6; 2048-М214/1; 2049-М214/2; 2050-М214/2; 2051-М214/2

Филмот е посветен на 1050-годишнината од смртта на Климент Охридски, следејќи го неговиот животен пат од Рим до Кутмичевица во Македонија, како и неговата дејност во воведувањето на словенскиот јазик во богослужбата, пишувањето со словенското писмо и на словенски јазик и просветителската работа со населението во овој крај на Македонија.
ДЕ: икона со ликот на св.Климент од црквата „Св. Климент" во Охрид; црква „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос" во Охрид; книги за богослужба на словенски јазик и со словенско писмо; словенско писмо, книги за богослужба; фреска со ликот на св.Климент; гробот на св.Кирил во Рим; Фреска со ликот на св.Кирил; Охрид, Самуилова тврдина; црква, „Св. Јован Канео" во Охрид; препишувачка школа, Климентов универзитет /фрагменти од фрески/; скулптура во дрво со ликот на св.Климент, XIV век; „Св. Климент", скулптура од XIV век; реликвија, череп на св.Климент; икони во окови; свети книги во кожни подврски; црква „Св. Софија" во Охрид, фреска со ликот на св.Климент; црковна архитектура, ентериер; Калишта кај Струга, црква; испосничка ќелија во Калишта кај Струга; светилиште - свет изор, кај Калишта; црква „Св. Наум" кај Охрид; црква „Св. Заум" кај Охрид
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Харалампие Поленаковиќ Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 440 м

## 265. ПАТЕМ

1966
Ин. број: 443–М94/6; 444–М94/6; 661–М107/6; 662–М107/6; 916–М126/6; 2059–М214/1; 2060–М214/2; 2061–М214/2

Филм за секојдневната работа на патарите, кои се грижат за исправноста на патиштата.

ДЕ: автопат; ораница; работа на одржување на автопатот
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Димитар Солев; Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 266. ПРЕМОНТАЖА

1966
Ин. број: 448–М94/6; 449–М94/6; 904–М125/6; 2961–М405/6; 2962–М405/6; 2963–М405/6; 2047–М214/2

Филм–колаж монтиран од рестлови на документарни и кратки филмови на „Вардар филм“.

ДЕ: Скопје, улица „Маршал Тито“; карикатури на Василие Поповиќ–Цицо; Скопје, улица „Иво Рибар Лола“, Автобуската станица за меѓуградски сообраќај, Камен мост; плоштад „Маршал Тито“
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно–бел, звучен, 160 м

## 267. СВЕТЛИНКИ НА СЕДЕФОТ

1966

Филмот ги прикажува значењето и убавината на седефџискиот занает преку работата на мајсторот Неби Хамду од Охрид и неговото семејство.

ДЕ: седеф; изработка на седефни орнаменти
ПР: ТВ Скопје
СЦ: Благоја Дрнков Р: Благоја Дрнков К: Благоја Дрнков
16 мм, цвај банд., црно–бел, звучен, 186 м

## 268. ТЕМЕЛИ НА СОЛИДАРНОСТА

1966
Ин. број: 424–М92/6; 802–М116/6; 803–М116/6; 3254–М420/6; 3257–М420/6; 2346–М233/1; 2347–М233/2

Репортажа за посетата на Јосип Броз Тито и полските функционери Гомулка и Циранкиевич на Скопје во 1965 година. При посетата на високите гости од Полска им беше предадена повелба со која беа прогласени за почесни граѓани на Скопје. Разгледување на новите урбанистички решенија на градот, скици и макети.

ДЕ: седница, на Градското собрание на Скопје, прогласување на Гомулка и Циранкиевич за почесни граѓани на Скопје; Благој Попов, зборува на седницата на Градското собрание, во придружба и при испраќањето на високите гости; Јосип Броз Тито, на седницата на Градското собрание и во разгледување на градот заедно со гостите од Полска; Владислав Гомулка, прв секретар на ЦК на ПОРП, во посета на Скопје; Јозеф Циранкиевич, член на Политбирото на ПОРП, во посета на Скопје; Скопје, кадри од градот за време на посетата на Тито, Гомулка и Циранкиевич; фотографии, Скопје по земјотресот, обнова и изградба, санација, посети на високи гости од земјата и странство, нови населби; Крсте Црвенковски, во придружба на Тито, Гомулка и Циранкиевич; нови урбанистички решенија на Скопје, макети, нацрти, планови; Гинеколошко-акушерска болница „Чаир", подарок од Синдикатот на ЧССР; поликлиника „Букурешт", подарок од СР Романија; детска претшколска установа, подарок од организацијата „Спасете ги децата"; високоградба, „Романски кули" во населбата „Тафталиџе I"; основно училиште „Јан Амос Коменски", подарок од ЧССР; детска градинка „Копенхаген"; Универзална сала; гимназија „Георги Димитров", подарок од НР Бугарија; Никола Минчев, на испраќањето на Тито, Гомулка и Циранкиевич, на скопската железничка станица; Видое Смилевски-Бато, на испраќањето на Тито, Гомулка и Циранкиевич; Љупчо Арсов, на испраќањето на Тито, Гомулка и Циранкиевич
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Бранко Михајловски; Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 370 м

## 269. ХРОНИКА НА ЗЛЕТОВСКИТЕ РУДНИЦИ

1966
Ин. број: 425-М92/6; 3773-М280/1

Хроника за развојот на злетовските рудници од најстари времиња, од нивното формирање па сѐ до повоениот период кога се отвораат нови рудници, а старите се модернизираат. Посебен осврт на работата на рудниците „Добрево" и „Саса".

ДЕ: Кратово, стара градска архитектура; цртеж, рудници од старо време; музејски експонати, стари ковани пари; Осоговски Планини, остатоци од некогашни рудници; музејски експонати, рударски алат, копач, лопати и др.; фреска, со претстава на војна; фреска со претстава на Цар Душан; фреска со претстава на Јован Олибер, кој се збогатил од злетовските рудници и оставил паметење во Лесновскиот манастир „Св. Отец Гаврил"; фотографија, султан Бајазит; црква, „Св. Отец Гаврил", манастир; фотографија, зулуми на турскиот аскер по Карпошовото востание; фотографија, Скопје, Камен мост на Вардар; фотокопија, Одобрение за пренос на правото за користење на рудникот „Злетово" од Марјан Вујовиќ на Ѓурѓина Пашиш; грб, на рударите на Англија, Велс и Северна Ирска; фотографија, рудар убиен од германски окупатор; рударско производство, кадри снимени во 1946 година; весник, ѕиден..."Младинец" во синдикалната подружница на рудникот „Злетово"; рудници, „Злетово", кадри од производство, од библиотеката, од управната зграда и од работата на управните органи; Рудник „Добрево", процесот на производство; Рудник „Саса", процесот на производство;

вагонетки, со кои се пренесува рудата во рудникот „Добрево"; жичарница, надземен транспорт на рудата од рудникот „Добрево"; фабрика, за преработка и производство на олово и цинк, добивање олово и цинк
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Мето Петровски К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 340 м

## 270. ЛЕТО ГОСПОДОВО '67

1967
Ин. број: 456-М94/6; 457-М94/6; 897-М125/6; 963-М130/6; 3066-М410/6; 2057-М214/1; 2058-М214/2

Збиднувањата во врска со верскиот празник посветен на Св. Димитрија кој е патрон на истоимената црква во Велес.
ДЕ: црква „Св. Димитрија" во Титов Велес; Камбанарија на црквата „Св. Димитрија" во Титов Велес; колење јагниња; машко оро; народен инструмент - зурла; принесување дарови на црквата - јагниња и петли. На јагнињата им се отсекува врвот на увото и со него на челото на дарителот се бележи крвав крст; жени со волница ја обвиткуваат црквата повеќепати молејќи за машки пород; скулптура на св.Димитрија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Варошлија Р: Бранко Гапо К: Киро Билбиловски; Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 355 м

## 271. ЛУЃЕ И ФАСАДИ

1967
Ин. број: 440-М94/6; 441-М94/6; 442-М94/6; 893-М124/6; 3749-М279/1; 2052-М214/2

Луѓето и фасадите имаат слична судбина, настануваат, постојат и исчезнуваат. Постојат различни луѓе и различни фасади, луѓе со фасада и фасади без луѓе. ИМА ЛУЃЕ СО ФАСАДИ... И ФАСАДИ БЕЗ ЛУЃЕ... ИГРА СО ЛУЃЕ И ФАСАДИ - телоп. Утринска атмосфера во градот, раздвиженост на луѓето. Средни и доминантно крупни планови на ликови во исчекување, во барање, во рамнодушност... Компарирање на човечки ликови со средни планови и тотали на архитектура што ги опкружува, односно со фасадите, од разиграни, нови, до руинирани. Млади и стари луѓе, како и младоста и староста на куќите...
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Зоран Младеновиќ-Окан К: Зоран Младеновиќ-Окан
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 272. НА ОХРИДСКИТЕ ИЗВОРИ

1967
Ин. број: 445-М94/6; 814-М117/6; 815-М117/6; 1113-М160/6; 3035-М408/6; 2425-М238/2; 2426-М238/2

Филм во кој станува збор за културното, историското и уметничкото наследство на Охрид, за убавините на Охридското Езеро и животот на оној дел од населението што егзистира од риболов.
ДЕ: црква, „Св. Јован Канео“ во Охрид; Охрид, Самуилова тврдина; икона „Благовести“, од црква „Св. Климент“, „Св. Богородица Перивлептос“ во Охрид; скулптура, „Св. Климент“ од црквата „Св. Климент“ во Охрид; црква, „Св. Софија“ во Охрид; црква, „Св. Наум“ во Охрид; црква, „Св. Богородица Заумска“ во Охрид; риболов на Охридското Езеро; рибарски мрежи, риболов на Охридското Езеро; народна носија од охридскиот крај; Охридско Езеро; Охрид, месноста „Св. Наум“; охридска градска архитектура, екстериер и ентериер; Охрид, панорама на градот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Миќа Милошевиќ Р: Миќа Милошевиќ К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 410 м

## 273. ПРВ НАТПРЕВАР НА МЕТАЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

1967
Ин. број: 3401-М180/3

Филмски запис за натпреварот на металците на Македонија, текот на натпреварот, доделување на наградите и изложбата што е организирана по тој повод.
ДЕ: Металски завод „Тито“, Скопје; натпревар на металците од Македонија; Лазар Колишевски на натпреварот на металците на Македонија; Благој Попов на натпреварот на металците на Македонија; Драгољуб Ставрев на натпреварот на металците на Македонија; Никола Минчев на натпреварот на металците на Македонија
ПР: непознато
СЦ: непознато Р: непознато К: непознато
16 мм, црно-бел, снимката на звукот одвоена од снимката на сликата

## 274. ТИТО ВО ЖЕЛЕЗАРНИЦАТА „СКОПЈЕ“

1967
Ин. број: 1041-М137/6; 1042-М137/6; 1043-М137/6; 3283-М421/6; 3284-М421/6; 2625_247/1; 2626-М247/2

Филмски документ за почетните работи на изградбата на железарницата во Скопје, расчистување на теренот, нивелација, градба на сите придружни објекти во кругот на железарницата, постројки за складирање и подготовка на суровината, топилницата, челичарницата, валавницата; пуштањето во работа на објектот; од работниот процес во новиот објект на тешката индустрија.
ДЕ: Железарница „Скопје“; валавница, топилница, челичарница, на Железарницата „Скопје“; Валавница за студено валање лимови, Валавница за топло валање лимови, висока печка во Железарницата „Скопје“; Јосип Броз Тито, во посета на Железарницата „Скопје“; Јованка Броз, во придружба на претседателот Тито при посетата на Железарницата; Крсте Црвенковски, Киро Глигоров, Лазар Колишевски, Благој Попов, во придружба на претседателот Тито

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 330 м

## 275. ТИТО ВО ОХРИД

1967
Ин. број: 1027-М136/6; 1028-М136/6; 1029-М136/6; 1044-М137/6; 1045-М137/6; 4058-М199/6; 2631-М247/6

Од посетата на претседателот Тито во Охрид. Претседателот Тито е срдечно поздравен од граѓаните на Охрид. За време на престојот во Охрид, тој ги разгледува најзначајните културно-историски споменици.

ДЕ: црква, „Св. Софија", црква, „Св. Јован Канео", црква, „Св. Наум", во Охрид; извори, Билјанини, во Охрид; рибарски мрежи; Работничко одморалиште на заводите „Црвена застава" од Крагуевац; скијање на вода; Јосип Броз Тито во Охрид; Јованка Броз во Охрид; Крсте Црвенковски, во придружба на претседателот Тито; резиденцијата на претседателот Тито во Горица; хотел „Палас", ентериер; Охридско Езеро; Самуилова тврдина; црква, „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос" во Охрид; фреска, „Оплакувањето на Богородица"; епископска катедрала во Охрид; мозаици; црква „Св. Пантелејмон", во Охрид
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 277 м

## 276. ВИРОВО

1968
Ин. број: 455-М94/6; 934-М127/6; 935-М127/6; 2998-М406/6; 2401-М237/1; 2642-М248/1; 3761-М279/2

Етнолошки филм за еден од најстарите сочувани занаети на Балканот - валавничарството, кој сè уште се негува во селото Вирово, Демирхисарско. За тоа погодува и хидрографскиот терен на селото, кое се наоѓа меѓу планински водотеци, каде што со помош на природните благодети се изведува овој занает.

ДЕ: колско тркало, крупно, снимено во движење; валавница; валавничарство, занает; ткаење, рачно на веленца и јамболлии; Вирово, село во Западна Македонија; волна, предење на фурка /рачно/; сушење на веленца и јамболлии
ПР: ФРЗ - Скопје
СЦ: Петре М. Андреевски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 277 м

## 277. ВО ПАЗУВИТЕ НА ШАРА

1968
Ин. број: ПР.БР.1351

Приказ на туристичките привлечности на регионот Полог, кој го карак-

теризира планината Шара. Зимските спортови, планинарењето, прекрасната природа, двата града Тетово и Гостивар со своите културни особености, руралните карактеристики на селата Галичник и Лазарополе, ловот и риболовот, како и спортската пловидба по мавровската акумулација се само дел од туристичката понуда на регионот. Филмот е реализиран во типичен пропагандно-економски манир.
ДЕ: скијачи; планински врв Попова Шапка; Тетово; староградска архитектура на градот Тетово; Шарена џамија во Тетово; Галичник и Лазарополе, села во западниот дел на Македонија; рибари и речно рибарење; лов; Мавровско Езеро
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Нешо Марковски Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 278. ДЕБАР 1967

1968
Ин. број: 429-М93/6; 864-М122/6; 865-М122/6; 2877-М401/6; 2878-М401/6; 3784-М280/1; 2064-М214/2

Филмот е сведоштво за настаните пред и по земјотресот што го зафати Дебар на 30 ноември 1967 година. Како и многупати досега, уште еднаш на дело се покажаа човековата храброст и солидарност. Дебар повторно заживеа радосно и весело, како и детската игра.
ДЕ: Дебар; Дебарска бања, лековита вода; занаетчиство, килимарство; разбои, рачно килимарство; индустриски погон за производство на килими; Дебар, разурнат од земјотресот на 30 ноември 1967; Пошта, зградата во Дебар оштетена; училиште во Дебар, зградата распукана, расфрлани клупи и столчиња; Никола Минчев, претседател на ИС на Македонија, во посета на Дебар по земјотресот; Бошко Станковски, во посета на Дебар по земјотресот; помош за настраданиот Дебар; Југословенска народна армија, прва во давањето помош за разурнат Дебар; заштита, спасување на покуќнината по земјотресот; евакуација на населението по земјотресот; Летувалиште за подмладокот на Црвениот крст на Југославија, „Идадија", во Охрид; Мика Шпиљак, претседател на СИС, во посета на разурнатиот Дебар; Фабрика за килими „Новост", продолжува да работи по земјотресот; бараки, нови монтажни објекти; хидроцентрала „Шпиље", изградба; основно училиште „Атанас Таневски", новоизградено во Дебар по земјотресот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Владо Поповски; Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 300 м

## 279. ДОВИКУВАЊЕ НА ПРОЛЕТТА

1968
Ин. број: 432-М93/6; 433-М93/6; 698-М110/6; 841-М120/6; 988-М132/6; 2070-М215/1; 2293-М229/1; 2294-М229/1; 2295-М229/2; 2071-М215/2

Филмот зборува за дервишкиот ритуал, на денот на пролетта, 22 март. Секоја година, оваа муслиманска секта го изведува овој ритуал во Призрен, и

според нивното верување, годината почнува со доаѓањето на пролетта и мора да ги дразнат боговите за пролетта да дојде.
ДЕ: џамија, каде ќто се одвива дервишкиот ритуал; верници, дервиши, оџа, на дервишкиот ритуал довикување на пролетта; верски обичај, дервишки ритуал на денот на пролетта, 22 март, во Призрен
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 380 м

## 280. ПИСМО ОД СКОПЈЕ

1968
Ин. број: 423-M92/6; 804-M116/6; 805-M116/6; 3050-M409/6; 3051-M409/6; 2389-M236/1; 2390-M236/2; 2391-M236/2

Во форма на преписка меѓу Огнен и неговиот професор, илустрирана со оригинални документарни материјали, прикажано е Скопје погодено од катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година, и неговата обнова и развој со помош на меѓународната заедница. Прикажани се достигнувањата во областа на обновата и развојот на Скопје во периодот по земјотресот до 1968 година. Скопје стана симбол на светската солидарност.
ДЕ: Јосип Броз Тито, во посета на Скопје по катастрофалниот земјотрес; Крсте Црвенковски, во придружба на претседателот Тито при посетата на разурнато Скопје; Скопје, расчистување на урнатините по земјотресот; писмо, Огнен пишува до својот професор; Крсте Црвенковски, зборува на собир за организирањето на животот во Скопје по катастрофалниот земјотрес; Скопје, големо градилиште по земјотресот, помош од целиот свет; станбени населби, новоизградени монтажни куќи; Благој Попов, зборува пред собирот на светските стручњаци за новиот изглед на Скопје; макета, изработка на планови и помошни средства за обнова на Скопје; станбени објекти, повеќекатници, готови и во изградба; кеј „13 Ноември", во Скопје по земјотресот; проектантско биро, работа на архитекти на обновата на Скопје; Дом на младина и техника, изградба по земјотресот; Стара железничка станица, макета; Воена болница, изградена во Скопје по земјотресот; Трговски центар, макета; основно училиште „Владо Тасевски", изградено во Скопје по земјотресот; детска градинка „Копенхаген", изградена во Скопје по земјотресот; гимназија „Георги Димитров", изградена во Скопје по земјотресот; поликлиника „Букурешт", изградена по земјотресот во Скопје; Машински факултет, зградата во Скопје; Универзална сала, изградена во Скопје по земјотресот; плоштад „Маршал Тито", Скопје; издавачко претпријатие „Македонска книга", зградата во Скопје; булевар „Партизански одреди", во изградба
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 420 м

## 281. ПО ПАТ ОДАМ ЗА ПАТ ПРАШАМ

1968

Ин. број: 430-M93/6; 431-M93/6; 686-M109/6; 687-M109/6; 696-M110/6; 3804-M281/1; 2478-M240/2

Филм посветен на животот во Мариово, еден од најпасивните краишта на Македонија, не само поради оскудноста на природните можности за егзистенција туку и поради изолацијата на овој простор.

ДЕ: оро, с.Врпско - Мариово; село Врпско, Мариово; рудник во Мариово; обработка на земјата во Мариово; плуг; рало; воловска запрега; печење леб под сач; гробишта во село Врпско; училиште во село Врпско, Мариово; стадо овци; трло; фурна за печење леб; Велигден, прослава на празникот во село Врпско; црква во село Врпско - Мариово; крштавка во црквата во село Врпско - Мариово; погреб во село Врпско - Мариово

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Петар Т. Бошковски Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски

35 мм, црно-бел, звучен, 410 м

## 282. ПРИЛЕПСКИ ХИДРОСИСТЕМ

1968

Ин. број: 3915-M188/6, 2376-M236/1; 2377-M236/2

Прикажани се работите околу изградбата на прилепскиот хидросистем во траење од три години. Режисерот и монтажерот успешно и наменски ни ја прикажуваат оваа голема градежна акција, започнувајќи го приказот во моментите кога започнува изградбата, следејќи ја во повеќе развојни фази, сè до финализацијата и употребата на хидромелиорациskiот систем.

ДЕ: Маркови кули, Прилеп; град Прилеп; изградба на брана; брана од хидросистем

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Бранко Михајловски Р: Бранко Михајловски К: Бранко Михајловски

35 мм, црно-бел, звучен, 707 м

## 283. ХЕ „ГЛОБОЧИЦА"

1968

Ин. број: 592-M103/6; 3033-M408/6; 3034-M408/6; 2359-M234/1; 2360-M234/2

Изградбата на хидроелектраната „Глобочица". Од испитување и мерење на теренот, преку детално планирање, менување на коритото на реката Црн Дрим, преместување на разни објекти и патишта, па сè до градежните работи на хидроелектраната, браната, доводниот канал, водостанот и сите други неопходни објекти и опрема. Сите овие работи се завршија во тек на само четири години, 1961-1964 година.

ДЕ: хидроелектрана „Глобочица", изградба; река Црн Дрим; инж. Коста Хаџиев, автор на проектот за користење на водите на Црн Дрим; Струга, регулација на коритото на Црн Дрим; карта, пресек на браната на ХЕ „Глобочица"; брана, градежни работи; Охридско Езеро, за време на големите поплави во ноември 1962; градежна механизација, дампери, багери, тешки ежови, пневматички набивачи; инјекционен канал, изградба; доводен тунел; машинска зграда; генератор,

монтирање; трансформатор; турбина; водостан; челичен цевовод; командна постројка; шахтен прелив; разводна постројка, и три трансформатори; село Глобочица, иселување, селото е потопено од вештачкото езеро; вештачко, акумулационо езеро „Глобочица“
ПР: неидентификувано
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: неидентификувано
35 мм, црно-бел, звучен, 1010 м

## 284. ЕДЕН ЛЕТЕН ДЕН ВО ОХРИД

1969
Ин. број: 674-М108/6; 675-М108/6; 676-М108/6; 991-М132/6; 2411-М237/2; 2412-М237/2; 2413-М237/2; 2414-М237/2;

Природните убавини на Охридското Езеро, културно-историските споменици на градот Охрид и можностите за бројни доживувања на туристите видени во текот на еден летен ден во прекрасниот амбиент.
ДЕ: Охрид, панорама на градот од горен ракурс; Охридско Езеро, крајбрежјето од горен ракурс; копаничар; народни носии од Охридско; низ стариот дел на Охрид; Охрид, локалитетот „Св. Наум“; Вангел Наумовски во ателјето; црква „Св. Софија“, ентериер
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Голаб Чинго Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35мм, во боја, звучен, 364 м

## 285. ЗИК ПЕЛАГОНИЈА

1969
Ин. број: 462-М95/6; 463-М95/6; 937-М127/6; 3139-М412/6; 3140-М412/6; 2074-М215/1; 2487-М241/2

По извршената повоена мелиорација на пространствата на Пелагонија, со здобивање нови обработливи површини, се формира Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“, кој остварува врвни резултати на планот на земјоделското производство и индустриската преработка на тие производи.
ДЕ: мочуришта, изгледот на Пелагонија пред изведената мелиорација; мелиорација, изведување, на Пелагониското Поле; тешка механизација, во изведување на мелиорација; Земјоделско-индустриски комбинат „Пелагонија“; обработка на земјоделски култури, сопственост на ЗИК „Пелагонија“; земјоделска механизација, во разновидна обработка на земјата; собир, на стручњаци од областа на земјоделството; жетва, која ја изведува механизацијата на комбинатот; Јосип Броз Тито, во посета на полињата со шеќерна репа, на ЗИК „Пелагонија“; преработка, индустриска на шеќерната репа; фабрика за шеќер, сопственост на ЗИК „Пелагонија"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 284 м

## 286. И ВОДИТЕ НА ВАРДАР ЌЕ БИДАТ СКРОТЕНИ...

1969
Ин. број: 467-М95/6; 468-М95/6; 469-М95/6; 959-М129/6; 1018-М135/6

Од подготовките за изработка на проектот за регулација на реката Вардар и почетокот на изведбените работи.

ДЕ: река Вардар, горен ракурс; центарот на Скопје, горен ракурс; поплава во Скопје во месец ноември 1962 година; Дирекција за регулација на реката Вардар; Институт „Јарослав Черни", Белград; регулација на реката Вардар; регулација на Маркова Река; Благој Попов
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 340 м

## 287. MAGNA CARTA LIBERTATUM (ДОКУМЕНТИ ЗА И ПРОТИВ НАШЕТО ВРЕМЕ)

1969
Ин. број: 471-М95/6; 472-М95/6; 473-М95/6; 645-М106/6; 3129-М412/6; 2067-М215/1; 2068-М215/2; 2069-М215/2

Преку автентични фотографски и филмски материјали, прикажана е единственоста на борбата на човекот за слобода.

ДЕ: војници, во акција; демонстрации; војници во движење; невеста и младоженец; Кипот на слободата, споменикот во Њујорк; гробишта; надгробни споменици, плочи; илустриран плакат, политичка реклама; затворска ќелија; специјална милиција, во борба против демонстранти
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, црно-бел, звучен, 280 м

## 288. ПО ТРАГИТЕ НА ПРИЈАТЕЛСТВОТО

1969
Ин. број: 861-М121/6

Од изградбата на основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје, подарок од Швајцарија, остварен преку Парламентарната унија на оваа земја.

ДЕ: училиште „Јохан Хајнрих Песталоци", Скопје; Скопје, видено од Водно; Скопје, Железничката станица по 26 јули 1963 година; училиште, на отворено по земјотресот во 1963 година; минирање на објект оштетен во земјотресот; изградба на училиштето „Јохан Хајнрих Песталоци"; Рот, архитект, автор на проектот за училиштето „Јохан Хајнрих Песталоци"; Хубер, инженер од Швајцарија; Благој Попов; Швајцарија, група деца од Скопје во посета на оваа земја
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: инж. Михајло Чепреганов Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 410 м

## 289. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО ПОСЕТА НА ЗИК „ПЕЛАГОНИЈА"

1969
Ин. број: 1047–М137/6; 1048–М137/6; 1049–М137/6; 1050–М137/6; 3357–М143/6; 2488–М241/2

Посетата на претседателот на Републиката Јосип Броз Тито на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија" во Битола.

ДЕ: Железничка станица „Битола", пристигнува „Синиот воз" со претседателот Тито; Јосип Броз Тито, во посета на Битола и ЗИК „Пелагонија"; Јованка Броз, во придружба на претседателот Тито при посетата на ЗИК „Пелагонија"; Гога Петковски, директор на ЗИК „Пелагонија", го запознава претседателот Тито со достигнувањата на комбинатот; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито при посетата на ЗИК „Пелагонија"; Никола Минчев, во придружба на претседателот Тито при посетата на ЗИК „Пелагонија"; Крсте Црвенковски, во придружба на претседателот Тито при посетата на ЗИК „Пелагонија"; Земјоделско индустриски комбинат „Пелагонија", Битола, посета на претседателот Тито со придружбата
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 231 м

## 290. СВИЛЕН КОНЕЦ

1969
Ин. број: 493–М96/6; 915–М126/6; 1725–М205/1; 2457–М240/1; 2458–М240/2; 3690–М275/2; 3691–М276/2

Филмот зборува за процесот на создавање на свилениот конец, од формирањето на гасениците на свилените буби, преку чаурите, па сè до индустриското производство во текстилната индустрија.

ДЕ: црница, бесцветно дрво, храна за гасениците на свилените буби; семе, свилобубно, од кое излегуваат гасениците; свилени буби; кожурец; свилен конец, свила
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 291. ВРЕМЕ ЗА ЧОВЕКОТ

1970
Ин. број: 590–М103/6; 2365–М235/1; 2366–М235/2

Филмот е посветен на 25-годишнината на Народниот фронт и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

ДЕ: Јосип Броз Тито, Јованка Броз, Вера Ацева, Љупчо Арсов, Страхил Гигов, Благој Попов; Никола Минчев, Лазар Колишевски, Драгољуб Ставрев, Ангел Чемерски, Бошко Станковски; Крсте Црвенковски, Ксенте Богоев, Моша Пијаде,

Димитар Влахов; Светозар Вукмановиќ - Темпо, Едвард Кардељ, Васка Дуганова; Титов Велес, спомен-куќа на Васил Главинов; фотографии, снимени за време на Крушевската република; фотографија, учесници на Прва балканска социјалистичка конференција; „Социјалистичка зора“, весник; фотографија, припадници на Македонско народно движење; фотографии, Страшо Пинџур, Цветан Димов, Мирче Ацев; Скопје, центарот на градот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 500 м

## 292. ИНДУСТРИЈА ЗА СТАКЛО И СТАКЛЕНИ ВЛАКНА; АМБАЛАЖНО СТАКЛО

1970
Ин. број: пр.бр. 2361

Краток пропаганден филм за скопската стакларница, која во еден од своите производни процеси го опфаќа и амбалажното стакло. Прикажан е процесот на производство, готовите производи и нивната примена.
ДЕ: производство на амбалажно стакло; асортиман од амбалажното стакло
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 100 м

## 293. ИНДУСТРИЈА ЗА СТАКЛО И СТАКЛЕНИ ВЛАКНА; ИЗОЛАЦИОНИ СТАКЛЕНИ ВЛАКНА

1970
Ин. број: 588-М103/6

По повод 15-годишнината од работата на скопската стакларница, во фабриката е извршено предавање во употреба на новиот погон за изработка на стаклена хартија. Свечениот чин се случува на 6 мај 1970. Претседателот на град Скопје, Драгољуб Ставрев, го промовира новиот индустриски капацитет. Прошетката по фабриката, на која присуствува и Лазар Колишевски, е искористена да се соопштат основните перформанси на погонот и на новиот производ. Објаснета е употребната можност на овој производ, кој се придружува на стаклената волна, производ што исто така наоѓа широка примена во изолационото градежништво.
ДЕ: фабрика за стакло и стаклени влакна во Скопје; Драгољуб Ставрев во фабриката за стакло; Лазар Колишевски во фабриката; стаклена волна; стаклена хартија; Скопје, панорама на градот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 200 м

## 294. ИНДУСТРИЈА ЗА СТАКЛО И СТАКЛЕНИ ВЛАКНА; РАЧНО ДУВАНО СТАКЛО - КРИСТАЛ

1970
Ин. број: пр/бр. 959

Рекламен филм за скопската стакларница, која во еден од своите производни процеси го опфаќа и производството на кристал. Прикажан е процесот на производство, што претставува стар уметнички занает, како и асортиманот и неговата примена.

ДЕ: фабрика за стакло и стаклени влакна во Скопје; изработка на кристал; производи од кристал
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 180 м

## 295. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

1970
Ин. број: 495-М96/6; 863-М121/6; 1122-М161/6; 2372-М235/6; 2373-М235/2; 2374-М235/2; 2375-М235/2

Животот и делото на словенските просветители, создавачите на кирилицата, браќата солунци, Константин Кирил-Филозоф и Методиј, кои со неколкумина ученици ги преведуваат богослужбените книги на јазикот на македонските Словени од Солунско. Прикажан е нивниот пат на кој тргнале со цел да го шират христијанството на словенски јазик. На пат тргнуваат од Цариград. Потоа, преку Моравија, прикажана е географска карта на која се гледаат териториите на Бугарите, Унгарите, Словените, моравските Словаци, на Србите и на Германите, стигнуваат до Венеција. Од Венеција, по покана од римскиот папа Никола, браќата доаѓаат во Рим, каде што ги пречекал апостолскиот наместник Адријан II „со сите Римјани, носејќи свеќи во рацете и пеејќи пофални песни, минувајќи го Тибар преку најстариот мост“. Во црквата „Св. Марија“, папата Никола ги осветил словенските книги и пеел над нив света литургија. На 14 февруари 6377 година по стариот црковен календар (869 год.), на 42-годишна возраст, Кирил умира во манастирот „Св. Прокседа“. Кирил е погребан во базиликата „Св. Климент“. Во 885 година, по смртта на Методиј, нивните ученици биле прогонети и расштркани низ цела Европа. Преку икони, фрески, книги и др. веќе 11 века се слават словенските учители.

ДЕ: фреска „Св. Кирил и Св. Методиј“; Цариград, обелисци, порфирен столб на Константиновиот форум, гробишта и др.; „Аја (Св.) Софија“, џамија во Цариград; скулптура, во дрво, Кирил и Методиј; мозаик, Цар Михаило, византиски император, кој на браќата им ја дал задачата во Моравија да го шират христијанството на словенски јазик; фреска, византиски император Михаило; словенско писмо, азбука, кирилица; богослужбени книги, преведени од Кирил на словенски јазик и писмо; фреска, евангелистот Јован, негови стихови на словенски јазик и писмо, кирилица; географска карта на Моравија каде што работеле браќата Кирил и Методиј; камен крст, претстава на Богородица со Исус во рацете; Венеција, мапа;

Венеција, кадри од градот, канали, мостови и др. архитектура; слика на папата Никола од Рим; Рим; фреска, претстава на доаѓањето на словенските учители и нивните ученици во Рим со ковчегот со моштите на Климент-папата Маченикот; слика, апостолски наместник Адријан II; најстар мост во Рим, преку реката Тибар; црква, „Св. Марија"; фотографија, на црквата на апостол Павле; манастир „Св. Прокседа"; слика, Кирил на смртниот одар, оплакуван од неговите ученици и од граѓаните на Рим; базилика, „Св. Климент" во која се наоѓа гробот на Кирил, во Рим; фреска на св.Климент, во црквата „Св. Климент" во Охрид; фреска, портрети на православни црковни татковци во епископска облека, во црквата „Св. Климент" во Охрид; црква „Св. Климент", „Св. Богородица Перивлептос" во Охрид; црква, „Св. Наум" кај Охрид; светец, св.Кирил, св.Методиј, св.Ангеларij
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: проф. д-р Харалампие Поленаковиќ Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 435 м

## 296. КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ

1970
Ин. број: 496-М96/6; 497-М96/6; 822-М118/6; 1120-М161/6; 1121-М151/6; 2098-М217/1; 2099-М217/2

Биографски филм за животот и делото на познатиот македонски филолог, историчар и борец за правата на македонскиот народ, Крсте Петков Мисирков, кој најголемиот дел од својот живот го поминал во туѓи и далечни земји, далеку од својот роден крај. Преку фотографии и факсимили се дадени најпознатите и најзначајни дела и постигнувања на Мисирков меѓу кои, секако, најпозната е книгата „За македонцките работи" издадена во Софија 1903 година.
ДЕ: фотографија, Крсте Петков Мисирков; фотографија, Белград, К.П.Мисирков учи гимназија; фотографија, Софија, К.П.Мисирков учи гимназија; факсимил, писмо на К.П.Мисирков до министерот за просвета на Србија, моли враќање во белградската гимназија; Охрид, Самуиловата тврдина и црквата „Св. Климент"; списание, „Лоза", издавач Млада македонска книжевна дружина; факсимил, свидетелство на К.П.Мисирков за положен учителски испит; фотографии, Одеса; фотографии, Петербург; факсимил, на билет за влез во петербуршкиот универзитет, бр.95, студент К.П.Мисирков студира на Историско-филолошкиот факултет; фотографија, К.П.Мисирков во библиотека; факсимил, пишани документи на Тајниот македонско-одрински кружок; факсимил, ракописи на дипломската работа на К.П.Мисирков за Крали Марко; факсимил, диплома на К.П.Мисирков; весник, „Балкански гласник", 7 јули 1902 година; фотографија, Стефан Јаќимов; фотографија, Дијамандија Мишајков; фотографија, Димитрија Чупоски; фотографија, Гаврил Константиновиќ; факсимил, документи на Македонското научно-литературно другарство, прв потписник бил К.П.Мисирков; факсимил, на молбата за признавање на другарството, основа на денешната МАНУ; фотографија, Петербург, на чиј универзитет работи К.П.Мисирков; фотографија, Битола, каде што извесно време работи Мисирков; фотографии, од убиството на рускиот конзул во Битола, Ростковски; фотографии, од погребот на Ростковски, на кој зборува и К.П.Мисирков; книга, „За македонцките работи", првата страница и делови од книгата; факсимил, насловна страница на ревијата

„Македонски преглед“; факсимил, списание „Вардар“, насловна страна и содржината на списанието; фотографија, Екатерина Михаловна, сопругата на К.П.Мисирков; фотографија, весник „Одески листок“, чиј соработник бил К.П.Мисирков; фотографија, географска карта на Македонија со нејзиниот Пирински и Егејски дел, на која се гледа како е поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија; факсимил, весник „Македонски глас“, 14 август 1913 година; факсимил, писма од К.П.Мисирков со кои моли за враќање во Кралството СХС; факсимил, статии во бугарски весници, на К.П.Мисирков; надгробна плоча, на гробот на Крсте Петков Мисирков
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Д-р. Блаже Ристовски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 390 м

## 297. НАДЕВАЈ СЕ ДОДЕКА ДИШЕШ

1970
Ин. број: 488-М95/6; 489-М95/6; 490-М95/6; 642-М106/6; 2843-М400/6; 3790-М280/1; 2614-М246/2; 2615-М246/2; 2619-М247/2

Додека во вистинската природа на човекот се неговата борба и надеж за опстанок, како и за вистински достоинствен живот и покрај сите физички и ментални оштетувања, во исто време нагонот за самоуништување често го деградира до фатални последици.

ДЕ: Завод за рехабилитација на лица со оштетен слух; Завод за рехабилитација на лица со оштетен вид; Завод за медицинска рехабилитација
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 240 м

## 298. ПРАЗНИК

1970
Ин. број: 498-М96/6; 924-М126/6; 925-127/6; 2096-М217/6; 2097-М217/2

Прослава на празникот на трудот 1 Мај. Додека Скопје е искитено со знамиња и транспаренти по повод празникот и градот е пуст, излетничките места се полни со луѓе, кои на најразновидни начини се забавуваат, за потоа, зад себе, и по празникот, да ја остават природата загадена со отпадоци.

ДЕ: кеј „13 Ноември“ во Скопје; Скопје; Сарај, излетничко место крај Скопје, на празничен ден; Сарај, по празникот на трудот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Александар Ѓурчинов Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 250 м

## 299. РУДНИК „ТАЈМИШТЕ“ КИЧЕВО

1970

Ин. број: 499–М96/6; 2100–М217/1; 2101–М217/2

На падините на планината Бистра е отворен рудникот „Тајмиште". Во филмот се прикажуваат сите активности околу испитувањето на теренот, потоа изградбата на сите индустриски и други објекти неопходни за вадење, транспорт и обработка на рудата, која ќе се преработува, односно користи во Скопската железарница.

ДЕ: рудник „Тајмиште", Кичево; рударско мерење, истражување; изградба на рудникот и подготовки за отворање; надземен рударски транспорт, со дампери; надземен рударски транспорт, со транспортна лента; надземен рударски транспорт, со жичарница; рудник „Тајмиште", свечено пуштање во работа; рударско производство, во рудникот „Тајмиште"; збогатување на рудата, во рудникот „Тајмиште"; телекомуникациски уред за увид и управување со машините за обработка и збогатување на рудата; автоматски систем за товарање на рудата во вагони, во рудникот „Тајмиште"

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски

35 мм, црно-бел, звучен, 360 м

## 300. СВАДБА НА ШАРПЛАНИНЕЦОТ

1970

Ин. број: 494–М96/6; 2471–М240/1; 2111–М217/2; 2477–М240/2

Филмот зборува за парењето на познатите кучиња - шарпланинци, кое се претвора во вистинска борба на живот и смрт. Само најсилните опстојуваат во таа борба и успеваат да го продолжат родот.

ДЕ: куче, овчарско, шарпланинец; размножување, на шарпланинците; љубовна игра на шарпланинците, мажјак и женка; борба, меѓу шарпланинците, за женката, за продолжување на родот

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Трајче Попов; Драгош Стевановиќ Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски

35 мм, во боја, звучен, 400 м

## 301. ТИТО ВО МАКЕДОНИЈА

1970

Ин. број: 1030–М136/6; 1031–М136/6; 1032–М136/6; 2624–М247/1; 3753–М279/2

Филмот претставува репортажно видување на престојот на претседателот Тито на Македонија, во 1970 година. Една од причините за неговиот престој е предавањето на дипломата на прв почесен член на МАНУ. При престојот во Македонија претседателот Тито ги посети и градовите Штип, Струмица, Дојран, Гевгелија. На својот пат претседателот Тито насекаде беше срдечно поздравен: Богданци, Неготино, Кавадарци, Титов Велес, како и на улиците на Скопје.

ДЕ: Јосип Броз Тито, пристигнува на скопскиот аеродром; Јованка Броз, пристигнува на скопскиот аеродром; Ангел Чемерски, го пречекува и го поздравува претседателот Тито на скопскиот аеродром; Никола Минчев; Љупчо Арсов;

Бошко Станковски; Блаже Конески, претседател на МАНУ; Харалампие Поленаковиќ; Крсте Црвенковски; Киро Глигоров; Лазар Колишевски; мелиоративни канали, мелиорации; Работнички универзитет, во Штип; Јосип Броз Тито, во Струмица; предилница „Струмичанка"; Јосип Броз Тито, во Гевгелија; Фабрика за високо фреквентна керамика
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 288 м

## 302. ОРДАН ПЕТЛЕВСКИ

1971

Филмот е посветен на уметничкиот опус на сликарот Ордан Петлевски. Тој потекнува од Прилеп, но својот животен век го минува во Загреб каде што го дооформува својот авторски стил и ја достигнува својата уметничка зрелост. Од Загреб како негов втор дом се афирмира во Европа и светот како автор препознатлив по својот оригинален уметнички пристап и сензибилитет. Во филмот гледаме кадри од разговорот, без звучен фон, со Бранко Гапо, во екстериер снимен во Загреб, потоа голем број уметнички дела во ателјето и галериите, каталози и исечоци од бројните изложби и афирмативни критики во светскиот печат.
ПР: Телевизија Скопје
СЦ: Соња Бојаџиева Р: Франце Космач; Бранко Ивановски Гапо К: Благоја Прличков
16 мм, во боја, звучен, 314 м

## 303. ПОЛЕ

1971
Ин. број: 460-М94/6; 461-М94/6; 946-М128/6; 2524-М242/1; 2525-М242/1; 3816-М282/2; 3818-М282/2

Филм за селата Мешеиште и Климештани, места познати по големата економска миграција во Австралија, предизвикана поради лошите економски услови за живеење во овој крај на Македонија.
ДЕ: село Мешеиште; запрежна кола; селска носија; сновење; клање петел; ѕидана фурна во двор; црква во село Мешеиште, ентериер; гробишта во село Мешеиште
ПР: ФРЗ - Скопје
СЦ: Живко Чинго Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 310 м

## 304. ПРИДРУЖНИЦИ

1971
Ин. број: 485-М95/6; 486-М95/6; 487-М95/6; 2970-М405/6; 2529-М243/1; 3763-М279/2

Приказна за луѓето што својата егзистенција ја обезбедуваат на гробиштата за време на погребите и задушниците, кога и за нив ќе се најде неопходното парче леб.
ДЕ: погребна поворка; погребна кола; камбана; гробишта; раздавање храна при погреб; верска служба при погреб; погреб
ПР: Филмско студио - Скопје
СЦ: Ацо Филип Р: Душан Наумовски К: Љубомир Вагленаров
35 мм, црно-бел, звучен, 290 м

## 305. РУДНИК ДЕМИР ХИСАР СОПОТНИЦА

1971
Ин. број: 869–М122/6; 615–М105/6; 2129–М219/1; 2130–М219/2
Во филмот е презентиран процесот на отворање на новиот рудник за површински коп, етапите на монтажа на сите погони, како и на придружните објекти на новата рударска населба.
ДЕ: рудник Демир Хисар, Сопотница; површински коп на железна руда; низ погоните за сеење, дробење и збогатување на рудата; транспорт на руда
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Кочо Недков К: Киро Билбиловски
35мм, црно-бел, звучен, 380 м

## 306. ТАПАНЏИИ

1971
Ин. број: 501–М96/6; 509–М96/6; 3813–М282/2
Филм за семејството Мајовски, чии машки членови шест дена во седмицата се занимаваат со својот ковачки занает, за седмиот да биде празник за нив и за оние што ја слушаат нивната музика на свадбите, панаѓурите и во многуте други пригоди во мијачкиот крај и Горна Река.
ДЕ: село Росоки, Дебарско; река Радика; Дебар; гробишта во село Лешок; Мајовски, семејство музичари; свадбарски свечености во село Росоки; боречки вештини; ковачница, на семејството Мајовски; зурла, музички инструмент; тапан, музички инструмент; народна носија од дебарскиот крај
ПР: ФРЗ - Скопје; Косово филм - Приштина
СЦ: Петре М. Андреевски; Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 410 м

## 307. ГРАД НА ЧОВЕКОВОТО ПРЕПОЗНАВАЊЕ

1972
Ин. број: 530–М98/6; 587–М102/6; 600–М104/6; 3028–М408/6; 3457–М182/6; 2350–М234/1; 2351–М234/2; 2352–М234/2
Филмот е посветен на Скопје, на неговиот развој низ векови, на борбата

против разните окупатори и природните стихии, за посетите на претседателот Тито, за сето она што било значајно во неговиот развој.
ДЕ: фотографии, Скупи, црква „Св. Спас", предвоено Скопје, I и II светска војна, развојот на Скопје по ослободувањето; Јосип Броз Тито, зборува во Скопје, од плоштадот „Маршал Тито" и од Старата железничка станица; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; плоштад „Маршал Тито", Скопје, преполн со народ, пред земјотресот; Дом на ЈНА, Скопје, од каде што зборува претседателот Тито; Народна банка на Македонија, Скопје, снимена од зградата на Дом на ЈНА, пред земјотресот; Скопски универзитет, зградата спроти Гранд хотел; пароли, „Долу италијанскиот империјализам" и „Животот го даваме-Трст не го даваме"; Природно-математички факултет, зградата во Скопје пред земјотресот; Јосип Броз Тито, го пушта во употреба автопатот „Братство-единство", делницата низ Македонија, 1961 година; поплава, што ги зафати Скопје и Републиката во ноември 1962; кеј „13 Ноември", поплавен од десната страна; Македонски народен театар, зградата при поплавата; „Вардар филм", зградата поплавена; Скопје, панорами од Водно и од Кале; земјотрес, Скопје на 26 јули 1963; Јосип Броз Тито, во посета на Скопје по земјотресот, во неколку наврати; Петар Стамболиќ, Крсте Црвенковски, во придружба на Ј.Б.Тито, при неговата посета по земјотресот; помош, расчистување и обнова на Скопје по земјотресот; состанок, одржан во Белград а посветен на скопскиот земјотрес; Јосип Броз Тито, Лазар Колишевски, Крсте Црвенковски, на состанокот во Белград посветен на скопскиот земјотрес; Александар Ранковиќ, Петар Стамболиќ, Јован Веселинов, на состанокот во Белград посветен на скопскиот земјотрес; евакуација на најмладите скопјани, по земјотресот; Никита Хрушчов, во посета на разурнато Скопје; населба под шатори, Скопје по земјотресот; гробишта „Бутел", могила на загинатите во земјотресот во Скопје; обнова на Скопје, изградба на водовод, на канализација, на населбите „Козле" и „Карпош" по земјотресот; Кензо Танге, експерт за асеизмичка градба од Јапонија, во Скопје; Благој Попов, Љупчо Ставрев, Јосип Броз Тито, го разгледуваат новиот урбанистички план на Скопје; Крсте Црвенковски и Владислав Гомулка, го разгледуваат новиот урбанистички план на Скопје; помош за Скопје по земјотресот, од СССР и од СР Романија, поликлиника „Букурешт"; Градски ѕид, Скопје, изградба по земјотресот; основно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци", изградба, помош за Скопје од Швајцарија; Архив на град Скопје; Воена болница во Скопје, снимена од хеликоптер; Ксенте Богоев, Љупчо Ставрев, У Тант, на седница на Градско собрание на Скопје; населба „Сингелиќ", Скопје, повеќекатници; населба „Тафталиџе", Скопје, повеќекатници; Основно училиште „Владо Тасевски", во Скопје; Органско-хемиска индустрија Скопје, панорама на ОХИС; Железарница „Скопје", Ј.Б.Тито со шлем на главата во посета на железарницата; Македонска академија на науките и уметностите, прогласување на Јосип Броз Тито за почесен член; Блаже Конески, претседател на МАНУ, му ја врачува дипломата почесен член на Ј.Б.Тито; Јованка Броз, Лазар Колишевски, Киро Глигоров, во МАНУ, при прогласувањето на Ј.Б.Тито за почесен член; Никола Минчев, со Тито, Јованка и Љ.Ставрев го разгледуваат градот од Кале; Студентски дом „Гоце Делчев", изградба; Фабрика за автобуси „11 Октомври", Скопје, монтирање автобуси; Мијалко Тодоровиќ, со Тито, Јованка, Љ.Ставрев и Н.Минчев разгледуваат макета на Скопје; Благој Попов, на приредбата во ОУ"Ј.Х.Песталоци" по повод неговото пуштање во работа; нов железнички јазол,

во Скопје, го разгледуваат Ј.Б.Тито, Јованка, Љ.Ставрев и К.Глигоров; Ангел Чемерски, со Ј.Б.Тито во резиденцијата на Водно; ЦК-СКМ, зградата во која пристигнуваат Ј.Б.Тито, А.Чемерски и Н.Минчев; седница на ЦК-СКМ, на која присуствува и Јосип Броз Тито; Славко Јаневски, Димитар Митрев, Христо Андонов Полјански, Лазар Колишевски, на седницата на ЦК-СКМ; Димче Беловски, Томе Момировски, Александар Грличков, Киро Глигоров, Никола Минчев, на седницата на ЦК-СКМ; Ангел Чемерски, Гане Тодоровски, Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, на седницата на ЦК-СКМ; прослава, 25-годишнина на АСНОМ, во Универзална сала во Скопје; Никола Минчев, зборува на прославата на 25-годишнината на АСНОМ и на Ј.Б.Тито му предава спомен-плакета; Јосип Броз Тито, Лазар Колишевски, Благој Попов, на прославата на 25-годишнината на АСНОМ; Михајло Апостолски, Љупчо Ставрев, Крсте Црвенковски, на прославата на 25-годишнината на АСНОМ; Мијалко Тодоровиќ, Ангел Чемерски, Јованка Броз, на прославата на 25-годишнината на АСНОМ; Стоковна куќа „Мост“, изградба; мост „Гоце Делчев“, изградба и свечено пуштање во употреба; регулација на коритото на реката Вардар, во Скопје; Ангел Чемерски, го предава во употреба мостот „Гоце Делчев“; Бошко Станковски, Никола Минчев, Љупчо Ставрев, на свеченоста при пуштањето на мостот „Гоце Делчев“; Споменик на ослободителите на Скопје, пред зградата на ЦК-СКМ, пионери даваат пионерска заклетва; Скопје, станбени објекти, Студентски дом „Гоце Делчев“, Железарница „Скопје“, Фабрика за цемент „УСЈЕ“, Архив на Македонија; Скопје, Музеј на современа уметност (ентериер), Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски“; Скопје, Македонски народен театар, Драмски театар, супермаркетот во „Карпош II“, бутик „Грација“, Воена болница; Скопје, булевар „Партизански одреди“, зоолошка градина, гимназија „Орце Николов“, плоштад „Маршал Тито”-сообраќај и паркинг; Скопје, фонтаната и споменик на Гоце Делчев во Градскиот парк, зградата на ЦК-СКМ-ноќе, мост „Гоце Делчев” - ноќе, панорама од Водно
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 1220 м

## 308. *11 ОКТОМВРИ, ФАБРИКА ЗА ЗАВАРЕНИ ЦЕВКИ И ПРОФИЛИ*

1972
Ин. број: 4559-М150/6; 2448-М239/1; 2449-М239/2

Посетата на претседателот Тито на фабриката „11 Октомври“ е искористена да се соопштат генералиите на фабриката, историјата и достигнувањата на овој колектив. Сето тоа со колаж кадри од работниот процес и делегацијата.
ДЕ: Јосип Броз Тито, претседател на СФРЈ; Јованка Броз, сопруга на претседателот; Куманово; Споменик на борците од Втората светска војна; Фабрика за заварени цевки и профили од Куманово
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 292 м

## 309. СВЕТЛИНИТЕ НА ГРАДОТ

1972
Ин. број: 491-М96/6; 2356-М234/1; 2357-М234/2; 2358-М234/2
Од работата на службата на Електродистрибуција, погон Скопје, во одржувањето на електричната мрежа во градот, како и реализацијата на планот за модернизирање на услугите на корисниците на електрична енергија.
ДЕ: потстаница, за електрична енергија; електрична централа; електрична мрежа, електрификација; трафостаници; Скопје; ХЕЦ „Матка"; ХЕЦ „Пена" - фотографија; Скопје, фотографии од предвоениот период; шах, олимпијада во Скопје
ПР: Филмско студио - Скопје
СЦ: Јован Поповски Р: Мето Петровски К: Никола Христовски
35 мм, црно-бел, звучен, 520 м

## 310. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

1973
Ин. број: 502-М96/6; 503-М96/6; 701-М110/6; 2140-М219/2; 2141-М219/2
Филмот е биографија на македонскиот идеолог и револуционер Гоце Делчев. Неговиот животен пат даден преку оригинални фотографии и документи, илустрирани со помош на инсерти, делови од македонски играни филмови.
ДЕ: географска карта на Македонија, обележан Кукуш, родното место на Гоце Делчев; фотографија, Гоце Делчев, македонски идеолог и револуционер; фотографија, родителите на Гоце Делчев; фотографија, Солун; фотографија, Григор Прличев, Кузман Шапкарев и Васил Главинов; фотографија, Фридрих Енгелс, Карл Марк и Џузепе Гарибалди, чии дела ги проучувал Делчев; фотографија, Софија и питомци на Софиската воена школа, каде што учел и Делчев; Устав и Правилник на Тајната македонско-одринска револуционерна организација; фотографии, симболите на ТМОРО; фотографија, Спиро Булавчев, Коста Шапов и Иван Хаџи-Николов, истакнати македонски револуционери; Штип, куќата каде што за првпат се сретнале Гоце Делчев и Даме Груев; фотографија, Ристо Татарчев, Дамјан Груев, Петар Поп-Арсов, истакнати македонски револуционери; фотографија, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Јане Сандански, истакнати македонски револуционери; фотографија, Христо Матов, Димо Хаџи-Димов и Крсто Чернопеев; фотографија, Панде Плашев, Васил Чакаларов и Пејо Јаворов; фотографија, бугарскиот генерал Николаев; споменик, на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје; фотографија, врховистот Иван Гарванов; фотографија, на четата на Гоце Делчев; фотографии, репресалиите врз македонскиот народ по првото предавство во организацијата, во Виничката афера
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Димитар Башевски Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 545 м

## 311. 99

1973

Ин. број: 500–M96/6; 692–M110/6; 859–M121/6; 2330–M232/1; 2331–M232/2; 2332–M232/2

Приказна за начинот на живот, убедувањата и реализацијата на она во што верува професорот по географија и уметник на хавајска гитара Илија Џаџев.
ДЕ: Илија Џаџев, уметник на хавајска гитара; концерт на Илија Џаџев на хавајска гитара
ПР: Академија за театар, филм, радио и телевизија – Београд; Вардар филм – Скопје
СЦ: Столе Попов, студент на III година во класа на професорот Радош Новаковиќ
Р: Столе Попов, студент на III година во класа на професорот Радош Новаковиќ
К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 360 м

## 312. ЛУЃЕ ЗАД ПЛАНИНАТА / КИЧЕВО 1971

1973
Ин. број: 504–M96/6; 868–M122/6; 2146–M220/1; 2147–M220/2

Развој на градот Кичево од времето на неговото ослободување до денес.
ДЕ: Кичево; фотографии на борци од НОБ по повод ослободувањето на Кичево; транспорт со коњска запрега на албанско семејство; спомен–плочата на Коста Рацин на местото на загинувањето; Никола Минчев
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно–бел, звучен

## 313. БОГДАНЦИ '74

1974
Ин. број: 505–M96/6; 2131–M219/1; 2132–M219/2

– „По иницијатива на општествените и работните организации филмот е снимен по повод 30–годишнината од формирањето на НО одбор во Богданци на 15.12.1943 година.За првпат филмот е прикажан на 10.10.1974 година" – Развојот на земјоделството во Богданци и околината. Во последните години, Богданци стана центар на одгледување на раноградинарските култури, како и на бостанот и лозјето.
ДЕ: Богданци, кадри од градот и полагање венци на бисти на револуционери; свечен собир по повод 30–годишнината од формирањето на I НО одбор; ЗИК „Изворски", одгледување раноградинарски култури во стаклени оранжерии; домати, краставици, пиперки, каранфили, лубеници, грозје, берба; калинка, дрво со цвет и млади плодови; Автотранспортно претпријатие „Млаз", цистерни, камиони, автобуси; оро, „Русалиско"; Дојран
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Мито Теменугов; Јово Камберски; Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 470 м

## 314. ГОЦЕВ ДЕН

1974
Ин. број: 512–M97/6; 513–M97/6; 705–M110/6; 706–M110/6; 845–M129/6; 2138–M219/1; 2139–M219/2

Приказ на одбележувањето на 100–годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, преку низа културни манифестации како што се: „Гоцеви денови", „Илинденски денови", „10 дена Крушевска република" и други, во чии рамки е и оддавањето почит на великанот, на неговиот гроб во црквата „Св. Спас" во Скопје и полагањето венци на Мечкин Камен, во сеќавање на хероите паднати за одбрана на Крушевската република.

ДЕ: црква „Св. Спас", во Скопје, саркофаг на Гоце Делчев, полагање венци и свежо свеќе; Ангел Чемерски, при полагањето венец на гробот на Гоце Делчев; Крушево, панорама; манифестација „Гоцеви денови", играорци и публика; оро „Тешкото", играорци го играат на манифестацијата „Гоцеви денови"; споменик на Гоце Делчев, во Делчево; Љубен Лапе, зборува на еден собир за значењето и улогата на Гоце Делчев; Блаже Конески, на собирот посветен на Гоце Делчев; Михајло Апостолски, на собирот посветен на Гоце Делчев; Трново, село во кое пред манастирот се одржува голем народен собир во сеќавање на Гоце Делчев и Крушевската република; Битола, панорама и кадри од градот; Фестивал на македонски народни песни и игри „Илинденски денови", во Битола, играорци; оро „Комитско", играорци го играат на фестивалот „Илинденски денови"; манифестација „10 дена Крушевска република", во Крушево, симболично започнување на Илинденското востание со биење на камбаните на крушевската црква; месност Мечкин Камен, каде што загина Питу Гули со својата чета во одбрана на Крушевската република; споменик на Мечкин Камен, во сеќавање на бранителите на Крушево

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 420 м

## 315. ЗИМСКИ ЦЕНТРИ ВО МАКЕДОНИЈА

1974
Ин. број: 510–M97/6; 511–M97/6; 989–M132/6; 3265–M420/6; 4055–M198/6; 2135–M219/1; 2443–M239/2

Пропаганден филм за природните зимски убавици во Македонија: Галичица, Пелистер, Бистра и Шар Планина. Со своите природни убавини и со можностите што ги даваат за одмор и рекреација, центрите на овие планини, како и Крушево, го привлекуваат вниманието на голем број луѓе, како рекреативци така и активни скијачи.

ДЕ: Пелистер, панорама од авион, планински масиви; Галичица, под снег; скијачи, на Галичица, во Крушево, на Маврово, на Попова Шапка; Крушево, панорама и кадри од градот; архитектура, стара македонска, куќа во Крушево (екстериер и ентериер); жичарница, од Крушево до околните скијачки терени; Бистра, Маврово, викендички и одморалишта; жичарница-едносед, од Маврово до скијачките терени; натпревар, во слалом, „Мавровски меморијал"; Шар Планина,

Попова Шапка; жичарница, од Тетово до Попова Шапка, најдолга на Балканот; жичарница, од хотелот на Попова Шапка до Ценипашина и другите терени; натпревар, во слалом, Меѓународен шарпланински куп
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 400 м

## 316. ОГАН

1974
Ин. број: 492–М96/6; 643–М106/6; 644–М106/6; 2944–М404/6; 2159–М22/1; 2160–М220/1; 2161–М220/2

Апотеоза на човековото знаење и способност во процесот на работа да ја потчини и насочи огнената стихија.
ДЕ: панорама на Титов Велес; топилница, за олово–цинкова руда во Титов Велес; висока печка во топилница за олово–цинкова руда; топилничар; квасење на руда, од процесот на работа во високата печка; истекување на металот од високата печка
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Столе Попов Р: Столе Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 330 м

## 317. ПОПОВА ШАПКА - ИНЕКС

1974
Ин. број: 483–М95/6; 2440–М239/1; 2469–М240/1; 2441–М239/2; 2442–М239/2; 2620–М247/2

Филм со кој се презентираат природните убавини на зимскиот рекреативен центар Попова Шапка и можностите што за престојот на гостите во зимската сезона ги нуди хотелот „Инекс".
ДЕ: Попова Шапка; Тетово, горен ракурс; жичарница; хотел „Инекс Попова Шапка"
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 200 м

## 318. РАЦИН

1974
Ин. број: 508–М96/6; 703–М110/6; 811–М117/6; 3214–М417/6; 2167–М221/2; 2168–М221/2

Филмот е снимен по повод 30–годишнината од смртта на Кочо Рацин. Визуелна илустрација на поезијата на овој македонски поет и револуционер.
ДЕ: фотографија, Кочо Рацин, родителите Марија и Апостол, затворски ќелии; факсимил, весници „Пролетер", „Работнички неделник", „Борба", „Наш збор", „Белградски студент", „Стварност"; стихозбирка „Бели мугри"; планина Лопушник,

местото каде што загинал Рацин; грнчар, изработка на глинен ќуп; тутун, ниви, берење, нижење, сушење; фотографија, предвоен Велес, Државен монопол, илустрација на стравотиите од II светска војна; Велес, саат кула, река Вардар; надгробна плоча на гробот на Рацин и споме- обележје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 410 м

## 319. SIC TRANSIT GLORIA MUNDI / ХЕРАКЛЕА

1974
Ин. број: 481-M95/6; 911-M126/6; 912-M126/6; 3027-M407/6; 2136-M219/1; 2137-M9Ѓ219/2

Преку филмот се запознаваме со историјата на еден од најстарите градови на тлото на Македонија, Хераклеа, оформен во IV век пред нашата ера и со неговите културно-уметнички остатоци (скулптури, столбови, мозаици, базилики...).

ДЕ: Хераклеа, најголема градска населба во Линкестида од IV век пред н.е., ископини, археологија; статуа, кип на Тит Флавио Орест, првосвештеник на Хераклеа; ископини, базилики, украсни столбови, мозаици и скулптури, во Хераклеа; ископини, римски театар во Хераклеа; ископини, римски терми во Хераклеа; римска базилика, во Хераклеа; Хераклеа, остатоци од некогашни домови и украсни столбови со крстови, симбол на христијанскиот бог; Баптистериум, остатоци во Хераклеа; мозаик на Виника Доместикус, во Хераклеа; статуа, елинистичка копија на Фидиевата „Атена Партенос“, во 1931 од Хераклеа е преселена во белградскиот Народен музеј; биста, копија на Есхин, филозоф и говорник, противник на Демостен, во Хераклеа
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Живко Василевски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 280 м

## 320. СКОПСКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ЈАЗОЛ

1974
Ин. број: 2271-M228/1; 2272-M228/2

Во филмот се третира повеќедецениската изградба на скопскиот железнички јазол. Хронолошкиот пристап на темата нè запознава со сите етапи и сегменти на еден ваков голем проект од витално значење за железничкиот сообраќај.

ДЕ: Скопје, кадри пред 1963 г.; железнички јазол, Скопје пред 1963; железнички јазол, во проект; железнички јазол, во изградба; железнички јазол, изграден со сите придружни елементи; железнички рампи во Скопје; железничка станица во „Ѓорче Петров“; железничка станица во Скопје, пред 1963 г.; железнички надвозник, Скопје; железничка рампа во „Ѓорче Петров“; Кензо Танге во Скопје; Бошко Станковски на пуштање на станицата „Скопје-Север“; Драгољуб Ставрев на пуштање на станицата „Скопје-Север“; Ангел Чемерски на пуштање на стани-

цата „Скопје-Север“; Крсте Црвенковски на пуштање на станицата „Скопје-Север“; железничка композиција во движење
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35мм, црно-бел, звучен, 1105 м

## 321. СТО ГОДИНИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

1974
Ин. број: 514-M97/6; 515-M97/6; 2392-M236/1; 2393-M236/2; 2394-M236/2

Филмот е посветен на стогодишнината од железничкиот сообраќај во Македонија. Архивските снимки и фотографии ги илустрираат почетоците на изградбата на првите железнички пруги на овој простор.

ДЕ: железничка пруга, снимена од воз во движење; фотографии, илустрација на економската неразвиеност на Македонија во минатиот век; Барон Хирш, најголем градител на железници на Балканот; фотографија, железнички станици во Македонија; фотографија, изградба на железничка пруга; фотографија, од Милтон Манаки; филмски материјал од Милтон Манаки, Битола; фотографија, работници на железница; фотографија, штрајк на железничарски работници; фотографија, изградба на железничка станица во Скопје; железнички сообраќај, обнова по ослободувањето; железнички сообраќај, предавање во сообраќај пруга од нормален колосек Скопје-Гостивар 1952; филмски материјал, од 1926 година, пуштање во сообраќај на пругата Битола-Прилеп; железничка станица Скопје, по земјотресот на 26 јули 1963; железничка станица во Скопје, изградба на нова; Кензо Танге, во Скопје; Железничка работилница; патнички вагони; парна локомотива; електрична локомотива; дизел локомотива; шинобус; железница со тесен колосек; товарни вагони
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: д-р Мишо Хаџи Ристиќ; Трајан Петровски; Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 490 м

## 322. СТОЛЕТИЕ НА ПРЕКАЛЕНИТЕ

1974
Ин. број: 4535-M149/6; 4536-M149/6; 2269-M228/1; 2270-M228/2

Пригоден филм по повод 100-годишнината од постоењето на железниците во Македонија. Обработени се историските аспекти во развојот, но поголем дел од филмот е посветен на модернизацијата на железничкиот сообраќај, пуштањето на новиот скопски железнички јазол и воведувањето на современите дизел и електрични локомотиви. Режисерот овие теми ги обработува со помош на фотографии, архивски снимки, автентични кажувања на железничарите итн.

ДЕ: воз, разни возови во разни кадри; фотографии од железнички работници од почетокот на 20 век; фотографии од Балканските војни; фотографии од Прва светска војна; железнички штрајк, 1920, фотографии; фотографии и филмски

снимки од Втората светска војна; железничко самоуправување; објекти од железничката инфраструктура
ПР: Вардар филм - Скопје
Р: Мето Петровски К: Мишо Самоиловски, Драган Салковски
35 мм, црно бел, звучен, 552 м

## 323. VI КОНГРЕС НА СКМ

1974
Ин. број: 484-М95/6; 930-М127/6; 2348-М233/1; 2349-М233/2

Филмот е приказ на работата на VI конгрес на Сојузот на комунистите на Македонија, одржан во Скопје 1974 година. Паралелно со работата на конгресот се прикажани и работни колективи, индустриски капацитети, како и патот на штафетата на младоста, носена од рака в рака, која таа година на својот пат тргна од Македонија. И учесниците на конгресот ја поздравија штафетата.
ДЕ: Железарница, Скопје; Скопје, свечено украсено по повод одржувањето на VI конгрес на СКМ 1974 година; VI конгрес на СКМ, одржан во 1974 година во Скопје; штафета на младоста, носена од рака в рака, низ улиците на Скопје и на VI конгрес; споменик, пред зградата на ЦК-СКМ; фонтана, во Градскиот парк во Скопје; Собрание на СРМ, зградата; Ксенте Богоев, на VI конгрес на СКМ; Ристо Џунов, на VI конгрес на СКМ; Михајло Апостолски, на VI конгрес на СКМ; Киро Глигоров, на VI конгрес на СКМ; Васка Дуганова, на VI конгрес на СКМ; Васко Карангелески, генерал-полковник, на VI конгрес на СКМ; Благој Попов, на VI конгрес на СКМ; Ангел Чемерски, поднесува воведен реферат на VI конгрес на СКМ; Видое Смилевски-Бато, на VI конгрес на СКМ; Благоја Талески, на VI конгрес на СКМ; Александар Грличков, на VI конгрес на СКМ; Лазар Колишевски, на VI конгрес на СКМ; Стеван Дорonjски, на VI конгрес на СКМ; Крсте Црвенковски, на VI конгрес на СКМ; Никола Минчев, на VI конгрес на СКМ; Љупчо Арсов, на VI конгрес на СКМ; Димче Беловски, на VI конгрес на СКМ; Матеја Матевски, на VI конгрес на СКМ; Стипе Шувар, на VI конгрес на СКМ; Георги Старделов, на VI конгрес на СКМ; ФАС „11 Октомври“, Скопје; Душан Поповски, на VI конгрес на СКМ; Славко Јаневски, на VI конгрес на СКМ; Блаже Конески, на VI конгрес на СКМ; Татијана Копачева, на VI конгрес на СКМ
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 310 м

## 324. ВИВА ЛА МУЗИКА

1975
Ин. број: 506-М96/6; 507-М96/6; 891-М124/6; 1136-М161/6; 1137-М161/6; 2144-М220/1; 2145-М220/2

Филмот зборува за штипските пензионери, кои во Здружението на пензионерите го организираат своето слободно време, во мандолински оркестар и хор, и на тој начин се дружат и си ги олеснуваат староста и осаменоста. - „Се заблагодаруваме на Здружението на пензионерите од Штип, за соработката во

реализацијата на овој филм".
ДЕ: Здружение на пензионерите од Штип; мандолински оркестар на пензионери, од здружението во Штип; хор, на здружението на пензионерите од Штип; манифестација, „Тетовски хорски одзиви", ТЕХО 1975, настап на хорот и мандолинскиот оркестар на Здружението на пензионерите од Штип; награди, признанија и благодарници, кои ги добило Здружението на пензионерите од Штип, за активноста на неговата мандолинска и хорска секција
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Сталин Лозановски; Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 335 м

## 325. ВИДУВАЊА

1975
Ин. број: 480-M95/6; 655-M107/6; 973-M130/6; 2155-M220/1; 2156-M220/2

"За жителите на охридски Дримкол зимата е најсаканото годишно време. Тогаш печалбарите се враќаат дома од разни страни на светот, се враќаат во своите домови и со векови тие видувања со своите, ги прославуваат секој 13 и 14 јануари на ним својствен начин." Според вековниот обичај, луѓето што потекнуваат од овие краишта, а се раселени под економска присила, се враќаат во старите огништа за да го прослават празникот на еден, малку невообичаен, но атрактивен начин, кој своите корени ги носи од дамнина. Луѓето што се облечени карневалски, со денес веќе модифицирани маски, не ги заобиколуваат ни шталите на домашните животни. Тие се движат низ улиците, играат и се веселат давајќи му на белиот од снег Дримкол необичен колорит.
ДЕ: село Вевчани, штала; маскенбал
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Столе Попов Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 405 м

## 326. КОЧО СОЛЕВ РАЦИН

1975
Ин. број: 516-M97/6; 883-M123/6; 983-M131/6; 1107-M160/6; 1108-M160/6; 2164-M221/1; 2165-M221/2; 2166-M221/2

Филмот зборува за животниот пат и делото на македонскиот поет и револуционер Кочо Солев Рацин. Овој голем борец за македонската историја и јазик е и основач на македонската современа поезија и автор на првата песна на македонски јазик.
ДЕ: цртеж, Кочо Рацин; Титов Велес, родното место на Кочо Рацин; архитектура, стара македонска во Велес; фотографија, Јордан Хаџи-Константинов Џинот, Рајко Жинзифов, Васил Главинов; цртежи, на родителите на Кочо Рацин; факсимил, „Будење на Македонците", од 05.02.1920 година, издаден во Велес; факсимил, „Обзнана"; весник, „Организовани радник" чиј дописник станува Рацин на 18-годишна возраст; списание, „Критика", насловна страница и песната на Рацин „Синови на гладта"; фотографија, Стево Гологажа, уредник на „Критика";

фотографија, Дрезден, каде што е одржан IV конгрес на КПЈ на кој присуствува и Рацин, како најмлад и единствен делегат од Македонија; фотографија, затвор во Дрезден, каде што Рацин е уапсен и останува 30-ина дена; списание, „Литература", за расказот „Во каменоломот" Рацин добива награда; фотографија, Скопје каде што престојува Рацин извесно време; фотографија, од судењето на Георги Димитров; фотографија, Никола Орочанец, инструктор на ЦК на КПЈ, близок пријател на Рацин; фотографија, на затворот во Скопје каде што Рацин е подложен 8 месеци на големи измачувања; фотографија, Јосип Броз Тито, пред војната; фотографија, на затворот во Сремска Митровица, каде што Рацин ја издржува казната од 5 години; фотографија, Рацин во затворот во Сремска Митровица; фотографија, Моша Пијаде, Огњан Прица, Отокар Кершовани, Борис Зихерл, Родољуб Чолаковиќ; факсимил, на списанието „Раднички тједник", каде што за прв пат е објавена песна од Рацин на македонски јазик, „До еден работник"; фотографија, Белград 1936 година, каде што престојува Рацин; списанија, „Уметност и критика", „Култура", „Младост и критика" и др., во кои има текстови на Рацин; Загреб, во 1939 година, каде што престојува Рацин; Самобор, печатница, каде што е печатена збирката „Бели мугри"; бомбардирање, од авиони, на 6 април, нападот на Југославија; фотографија, Јосип Броз Тито, портрет од партизанските денови; фотографија, Јане Сандански; Скопје, во 1942 година, каде што Рацин престојува и е уапсен; стихозбирка, „Македонски народноослободителни песни", издадена во печатницата „Гоце Делчев", на планината Лопушник, со работата на печатницата раководи Рацин
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Перо Коробар Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 1200 м

## 327. ЛЕОПОЛД СЕДАР СЕНГОР

1975
Ин. број: 531-M98/6; 532-M98/6; 685-M109/6; 4047-M198/6; 2237-M226/1; 2238-M226/2; 2613-M246/2

Филмот е портрет на африканскиот државник и поет, Леополд Седар Сенгор, претседател на Република Сенегал и добитник на „Златниот венец" на Струшките вечери на поезијата 1975 година.
ДЕ: Република Сенегал, кадри од...; Атлантски Океан, на бреговите на Сенегал; Леополд Седар Сенгор, претседател на Република Сенегал и како поет кажува своја поезија; фотографија, Сенгор како дете; книги од Сенгор, поезија и политичка литература, преведени на повеќе јазици; Ацо Шопов, во разговор со Сенгор во неговата резиденција; претседателска резиденција на Сенгор; Африкански национален музеј во Дакар, изложба на скулптури од дрво, човечки фигури, маски, животни и др.; Дакар, главен град на Сенегал; Гореи, историско место сместено на остров недалеку од Дакар; национални танци во изведба на Ансамблот за национални игри и песни на Сенегал; Црн Дрим, Струга; Охридско Езеро, панорама
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: неидентификувано Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
16 мм, во боја, звучен, 215 м

## 328. СЛАВА НА ЖИВОТОТ

1975
Ин. број: 794–М116/6; 795–М116/6; 2112–М218/1; 2113–М218/2; 3748–М279/2

Филмот е сведоштво за немилосрдното сечење на шумите. Се менуваат кадри од мануелна и машинска сеча на дрвја, забивање клинови и влечење на стеблата. Опустошен предел каде што се гледаат само пенушки, за потоа од нив да се појават млади ластари како апотеоза на новиот живот.
ДЕ: шума; планински шумски предел; сеча на шума
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Драган Салковски
35мм, во боја, звучен, 292 м

## 329. АВСТРАЛИЈА, АВСТРАЛИЈА

1976
Ин. број: 788–М115/6; 3388–М179/6; 3389–М179/6; 2312–М231/1; 2314–М231/1; 2313–М231/2

Филмот го одразува животот на македонските иселеници и печалбари во Австралија. Со нивното заминување во далечната земја, во туѓина, некои од нив успешно се социјализираат, а некои, пак, постојано остануваат со дилемата за своето враќање. Преку личните искажувања и метафоричната дескрипција на севкупниот живот во новото опкружување, изразена со мозаични филмски експресии, се запознаваме со работата на македонските иселеници, едукацијата на нивните деца, црковните светковини какви што се крштавките и венчавките, но и смртта како неизбежен дел од човековото битисување.
ДЕ: океан, Пацифик; кенгур; коала; ној; стадо овци; староседелци во Австралија; стадо крави; јато галеби; православни македонски гробишта во Австралија; Македонска православна црква „Св. Илија", Австралија; гајда, македонски народен инструмент; железарница во Порт Кембел; македонски клуб во Австралија; венчавка, во црквата „Св. Илија"; крштавање во црква; погреб; настава на македонски јазик во училиште во Австралија; јавно училиште во Порт Кембел; македонски иселеници во Австралија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Божин Павловски Р: Столе Попов К: Бранко Михајловски
35мм, во боја, звучен, 2240 м

## 330. AMEN SIAM BUT ROMA

1976
Ин. број: 479–М95/6; 683–М109/6; 684–М109/6; 836–М119/6; 4039–М197/6; 2177–М222/1; 2178–М222/2

Филмот ги прикажува Ромите и нивниот живот во текот на два дена, и тоа дијаметрално спротивни. Првиот, како што обично сме навикнале да ги гледаме, при прославата на Ѓурѓовден, кога се пее и игра, а вториот, Ромите вклучени во нашето општество, занимавајќи се со одредена професија.

ДЕ: Роми, млади и стари, подготовки за прослава на Ѓурѓовден; Ѓурѓовден, прослава, народен обичај, колење овца; народна веселба, на Ѓурговден, се игра и се пее, се јаде и се пие; основно училиште „26 Јули“, дечиња-Роми одат на училиште; населба, „Шуто Оризари“, ромска...
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Гане Тодоровски Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 337 м

## 331. ВО СВОЈОТ ГРАД

1976
Ин. број: 965-М130/6; 1051-М137/6; 1052-М137/6; 2437-М239/1; 2438-М239/2

Културниот и стопанскиот развој на Титов Велес даден низ неколку историски настани, како и неколку посети на претседателот Тито на градот што го носи неговото име. При неговата последна посета, на 1 април 1975 година, на претседателот Тито му беше предадена и златна плакета на градот.

ДЕ: Титов Велес; фотографии, црно-бели; фотографија, Васил Главинов; факсимил, победа на изборите на КП во низа места во кој е и Велес; пароли, „Влас народу-доле кундак“, „Доле влада“; фотографија, Јосип Броз Тито пред војната; фотографии, демонстрации во Велес 1939 година; куќата на Кочо Рацин, екстериер и ентериер; фотографии, II светска војна, Велес разурнат; Јосип Броз Тито, во посета на Титов Велес; Јованка Броз, во придружба на претседателот Тито; Лазар Колишевски, во придружба на претседателот Тито; Фабрика за порцелан „Борис Кидрич“ во Титов Велес; Текстилен комбинат „Нонча Камишова“; Топилница за олово и цинк „Злетово“, производство; Фабрика за масло „Благој Ѓорев“; Крзнарска индустрија „Димко Митрев“; Титов Велес, свечено украсен на 1 април 1975 година; Јосип Броз Тито, во посета на Титов Велес на 1 април 1975; Ангел Чемерски, во придружба на претседателот Тито; Стево Ќулумов, претседател на Општинско собрание; Јонче Котески, директор на Топилницата за олово и цинк; „Златна плакета“ на Титов Велес, подарок за претседателот Тито
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски; Драган Салковски
16 мм, во боја, звучен, 386 м

## 332. ВРАНЕШТИЦА

1976
Ин. број: 482-М95/6; 707-М111/6; 708-М111/6; 1130-М161/6; 1131-М161/6; 2157-М22-/1; 2158-М220/2

Вранештица, село во близината на Македонски Брод, Западна Македонија, за разлика од другите села во овој крај, и денес егзистира благодарение на единствениот свој занает - грнчарството.

ДЕ: пазарен простор; женска народна носија; грнчарски садови; глина; грнчарско тркало; печка за печење глинени садови; украсување грнчарски садови; гробишта во Вранештица; Задушница, верски празник
ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 310 м

## 333. ЕУГЕНИО МОНТАЛЕ

1976
Ин. број: 533-M99/6; 534-M99/6; 535-M99/6; 2232-M226/1; 2233-M226/2

Портрет на познатиот италијански поет Еугенио Монтале, добитник на „Златен венец“ на Струшки вечери на поезијата 1973 година. Во филмот, поетот говори за себе, како и за својата поезија. Презентирање на дел од неговата поезија.

ДЕ: Еугенио Монтале; Ценова, родниот град на поетот; изложбено пано, со извадоци од печат за Монтале; Миланска скала, ентериер, салата и фоајеата, полни со посетители; катедрала ("Оспедале Маџоре"), во Милано; скулптури, на врвот од покривот на миланската катедрала; архитектура, градска, на Милано; Дом на културата, во Струга, домаќин на Струшките вечери на поезијата; Струга, реката Црн Дрим, по своето течение во градот; награди, признанија, кои му се доделени на Монтале
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кирил Ценевски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35мм, во боја, звучен, 488м.

## 334. КАЈАК 75

1976
Ин. број: 523-M97/6; 633-M106/6; 4048-M198/6; 2175-M221/1; 2176-M221/2

14. Светско првенство во кајак и кану, одржано во 1975 година во Македонија, на реките Радика и Треска. На првенството учествуваа натпреварувачи од целиот свет. Во дивите и распенети води спортистите го совладуваат поставениот резултат, но и сопствениот предизвик на вештина и издржливост.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Бранко Михајловски; Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 385 м

## 335. КОЗИТЕ... И ДРУГО ПО ДЕСЕТ ГОДИНИ

1976
Ин. број: 885-M123/6; 2114-M218/1; 2115-M218/2

Десет години пред снимањето на овој филм, екипа на Вардар филм со режисерот Бранко Гапо направи филм чијашто тема беше забранета - темата за чување кози. Враќањето во овие предели, село Новичани-Кочанско, по една деценија од настаните што ги вознемируваа жителите, покажа дека овој пат темите што ги засегаат луѓето се многу пожестоки од оние порано...

ДЕ: с.Новичани 1966 г.; с.Новичани 1976 г.; Кочани во 1976 г.; запрежна кола со две тркала.; кози на паша; орање со ѕевгар волови.

ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски
35мм, во боја, звучен, 640 м

## 336. ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ - СЕРИЈА ПОРТРЕТИ

1976
Ин. број: 526–М98/6; 527–М98/6; 528–М98/6; 1114–М160/6; 115–М160/6; 2172–М221/1; 2171–М221/2

Филм за творечкиот и животниот пат на нашиот истакнат сликар Лазар Личеноски.

ДЕ: Димитрија Андонов – Папрадишки; Никола Мартиноски; Лазар Личеноски; ателје, на Лазар Личеноски; Галичник; Тетово, улица; овци, стадо; фотографии, Белград меѓу двете светски војни; фотографија, семејството Личеноски; сликарството на Лазар Личеноски
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Зое Личеноска Р: Вељо Личеноски К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 600 м

## 337. ФАЗИЛ ХИСНИ ДАГЛАРЏА

1976
Ин. број: 524–М97/6; 525–М97/6; 2339–М226/1; 2240–М226/2

Филмски портрет на познатиот турски поет Фазил Хисни Дагларџа, добитник на „Златен венец“ на Струшките вечери на поезијата, во Струга 1974 година. Како поет, тој е еден од најзначајните претставници на националната литература во Турција, со извонредно плоден поетски опус. Човек со нагласена хуманистичка определба.

ДЕ: Истанбул, џамија „Аја Софија“, градска ориентална архитектура; Фазил Хисни Дагларџа, турски поет, добитник на „Златен венец“ во Струга 1974; Струшки вечери на поезијата, 1974 година; пристаниште, бродови и чамци, рибари со мрежи; Босфор, мостот што ги поврзува европскиот и азискиот дел; книги, познати дела од светската книжевност на антикварски пазар; доделување на „Златен венец“ на Фазил Хисни Дагларџа, архивски снимки; Блаже Конески, му честита на Дагларџа на добиеното признание
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Фахри Каја Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 440 м

## 338. ШЕСТИОТ ИГРАЧ

1976
Ин. број: 477–М95/6; 478–М95/6; 635–М106/6; 923–М126/6; 2361–М234/1; 2362–М234/2

Личноста на Лазар Лечиќ, тренер на кошаркарскиот клуб „Работнички“ од

Скопје, е пример за огромен динамизам и професионализам во работата. Следејќи ги неговите реакции за време на кошаркарскиот натпревар, присуствуваме на вистинска драма исполнета до максимум со најразлични емоции. Неговото лице во полна мера и на многу карактеристичен начин го изразува сето она што се случува на теренот. Во филмот наизменично се менуваат кадрите од збиднувањата на теренот, играта на кошаркарите, реакциите на публиката, а пред сè, мимиката, гестовите и вербалните реакции на тренерот Лазар Лечиќ.
ДЕ: кошаркарски натпревар; спортска сала; кошаркарски клуб „Работнички" од Скопје; Лазар Лечиќ, кошаркарски тренер
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 289 м

## 339. ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАВРОВО

1977
Ин. број: 547-М100/6; 2363-М235/2; 2364-М235/2

Врз основа на архивски снимки, автентично снимен материјал, како и фотографии, во филмот се прикажани почетоците, развојот и модернизирањето на најголемото градежно претпријатие во Македонија - „Маврово". Хронолошкиот приказ ги набројува и ги опишува речиси сите изведби на ова претпријатие во земјата и во странство. Имено, овие градби се проследени во самиот процес на нивното настанување - од подготвувањето на теренот до завршниот изглед.
ДЕ: Градежно претпријатие „Маврово", проектантско биро; хидроенергетски систем „Маврово", архивски снимки; лавина, во 1956 г. при изградбата на хидроенергетскиот систем; Јосип Броз Тито, Јованка Броз, во посета на хидроенергетскиот систем „Маврово"; хидроцентрала, „Вруток", „Глобочица", „Шпиље"; Скопје, земјотрес од 1963, центар, Градски ѕид, Железничко-транспортен центар, Скопски саем; Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј", Гранд хотел, Радио-телевизија, Студентски дом „Гоце Делчев"; аеродром „Охрид", писта и аеродромска зграда
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Столе Попов Р: Столе Попов К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 1290 м

## 340. ГРАД ХЕРОЈ - ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ВО НОВ

1977
Ин. број: 536-М99/6; 1106-М160/6; 2382-М236/2; 2383-М236/2

Со помош на автентични материјали, фотографии и факсимили, во филмот се прикажани борбата и учеството на жителите на Прилеп и околината во Народноослободителната војна и Револуцијата.
ДЕ: фотографија, Прилеп; фотографија, Кузман Јосифовски - Питу, Борка Талески, Мирче Ацев; факсимил, пресуди на Трајко Бошковиќ и Борисав Талевиќ; фотографија, германски и бугарски војници и офицери, паради; Прилеп, саат-кула, тесни улички, куќи; фотографија, Вера Ацева, Орде, Лазе, Бале, членови на

Месниот оперативен штаб на Прилеп; фотографија, Јосип Броз Тито, од партизански денови; факсимил, Проглас на ЦК-КПЈ со повик за оружено востание; фотографија, Ѓоре Велкоски, Трајко Бошкоски, Киро Крстески, Борко Белески, Илија Игески, први партизани; фотографија, Лазар Колишевски, секретар на ПК-КПЈ за Македонија; фотографија, Диме наредникот, Драган, Миле, Аспарух, Душко и Блаже, учесници во нападот на участокот; фотографија, напад на участокот; скица, реконструкција на нападот на участокот; фотографија, членови на штабот на Прилепскиот партизански одред со партизански имиња, командир-Стрелка; фотографија, политички комесар-Октомвриски, комесар-Сандански, заменик-комесар-Лавски; фотографија, комесар по исхрана-Андреа, заменик-комесар по исхрана-Даскалот; Царевиќ, село во кое на 9.11.1941 е одржан I партизански митинг; фотографија, предавник Трајко Гулабот и неговите убијци, Стеван и Спасе, најмладите партизани на одредот „Гоце Делчев"; паметник, во чест на народните хероі Борка Талески и Лазо Филипоски - Левски; фотографија, Орде Чопела, Јоска, Мара и Оцката; фотографија, командир Горанов и комесар Даскалов од одредот „Димитар Влахов"; фотографија, бугарски генерал Маринов и поручник Куцаров, најголеми крвници во Прилеп; факсимил, насловна страница на весникот „Пролетер" бр.16, декември 1942; фотографија, Страшо Пинџур; факсимил, наредба за користење оружје само во воени цели од командантот Платник; фотографија, Февруарски поход; фотографија, Киро Гаврилоски и Круме Волнароски, членови на Месниот комитет на КПМ за Прилеп; фотографија, работен логор во Бугарија; факсимил, писмо од Борко Темелковски - Лилјакот за формирање НО одбор; фотографија, ослободен Прилеп; митинг на Ат-пазар во слободен Прилеп, архивски материјал снимен од аматерот Киро Миноски; биста, народни хероі Мирче Ацев, Круме Волнароски, Кире Гаврилоски, Илија Игески, Кузман Јосифовски - Питу; биста, Борка Левата, Рампо Левката, Борка Талески, Лазо Филипоски, Ордан Чопела; Могила на непобедените, полагање венци и свежо свеќе; Ангел Чемерски, Благој Попов, Александар Грличков, Бошко Станковски, доделување на орден „Народен херој" на градот Прилеп
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коце Солунски Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 1390 м

## 341. ЈАС, БЛАГА МИЦАНОВА

1977
Ин. број: 577-М102/6; 650-М107/6; 1132-М161/6; 1133-М161/6; 2475-М240/1; 2476-М240/2

Животниот пат на Блага Мицанова, која како млада селска девојка, растејќи преку работните акции, го остава селото и станува прва жена во Македонија, која работи со булдожер.

ДЕ: работна акција во Македонија, 1947; курс, за управувачи на булдожер; Скопје, низ улиците; Трговски центар, Скопје; градилиште, дигалка и друга современа механизација
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 295 м

## 342. КОНЦЕРТ МАЈСТОР

1977
Ин. број: 576–М102/6; 648–М106/6; 649–М106/6; 1138–М161/6; 1139–М161/6; 2291–М229/1; 2292–М229/2

Двеиполгодишно момче го осознава светот на музиката преку звуците на неколку музички инструменти, особено преку ритмите на тапанот, кој му е најдрага играчка, и гајдите, на кои свират десетина возрасни мажи. На тој начин се пренесува традицијата.

ДЕ: гајда, музички инструмент; гајдаџија, музичар; турска носија, машка; турска носија, женска; кавал; мандолина; канун, музички инструмент; тапан
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Томе Момировски Р: Кочо Недков К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 252 м

## 343. МАТУРАНТИ

1977
Ин. број: 538–М99/6; 539–М99/6; 850–М120/6; 3044–М408/6; 3045–М408/6; 2173–М221/1; 2174–М221/2

Запис за првата генерација матуранти од Средното училиште за внатрешни работи во Скопје.

ДЕ: кеј, на реката Вардар; џудо, вежби; карате, вежби; Скопје; училиште за внатрешни работи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јордан Спасевски; Сталин Лозановски; Александар Ѓурчинов Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 430 м

## 344. НИКОЛА МАРТИНОСКИ

1977
Ин. број: 792–М116/6; 793–М116/6; 809–М117/6; 1129–М161/6; 3220–М417/6; 2151–М220/1; 2152–М220/2

Портрет на истакнатиот македонски ликовен уметник Никола Мартиноски /1903–1973/, кој во нашиот ликовен живот го донесе експресионизмот како нов ликовен правец. Преку фотоси, документи и ликовни дела е презентиран животниот и творечкиот пат на овој познат сликар.

ДЕ: фотографии на Никола Мартиноски; Крушево, панорама на градот; Скопје, Старата чаршија; сликарството на Никола Мартиноски; автопортрет на Никола Мартиноски; Крушево, куќата на семејството Мартиноски; Скопје, куќата на Мартиноски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Борис Петковски Р: Стево Црвенковски К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 500 м

## 345. НОВ ЖИВОТ

1977
Ин. број: 546–M100/6; 1127–M161/6; 1128–M161/6; 2325–M232/1; 2326–M232/2; 2327–M232/2

Минатото и сегашноста на Каравласите, народ од Источна Македонија. Стариот начин на живеење на Каравласите на падините на Осоговските Планини и новиот живот, вклучување во урбаниот начин на живеење.

ДЕ: Каравласи, номадски народ од романско потекло, кои живеат во Македонија; селидба на Каравласи, двапати годишно; привремено пребивалиште, под шатори, тенда; крст, втиснат со вжарено железо меѓу веѓите, симбол на Каравласите за верноста спрема Бога; село, планинско, секојдневни активности на Каравласите, жени печат леб, молзат овци, перат волна; стрижење овци; производство на сирење; предење волна; ткаење, домашно; свадба во Штип, потомци на Каравласите; ориз, Каравласи работат на полиња; сеење ориз; ветеринарен лекар, Каравлав; шофер на автобус; шнајдерка, Каравлаинка; директор во „Интеримпекс" од Скопје; доктор; фабрика „Астибо" од Штип, работничка; професор по географија; гинеколог, операција и визита; свадбен обичај, бричење на младоженецот; оперски пејач; свадбен обичај, невестата влегува во идниот дом одејќи по бела патека; младоженците се поклонуваат пред вратата на идниот дом; геодет, трасира пат што ќе минува низ планината

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Драган Салковски

35 мм, во боја, звучен, 640 м

## 346. ОЧИТЕ МОРА ДА ГЛЕДААТ А СРЦЕТО СПИЕ

1977
Ин. број: 578–M102/6

Преку кажување на неколкумина машиновозачи, предадена е судбината на овие луѓе, кои се занимаваат со оваа тешка професија. Драмата на овие луѓе и нивните трауми по железничката несреќа се единствената причина за нивното предвремено пензионирање, веднаш по несреќата, па макар таа и да не била по нивна вина.

ДЕ: железнички сообраќај, делница Белград–Бар, тунели, кањони, мостови; железничка станица, возови, патнци; Гојко Миќиќ, машиновозач, зборува за работата; железничка несреќа, архивски снимки; машиновозачи, зборуваат за тешките услови за работа

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски

16 мм, во боја, звучен, 280 м

## 347. РАДОСТ

1977
Ин. број: 570–M102/6; 636–M106/6; 3346–M142/6; 2384–M236/1; 2385–M236/2

Од самиот чин на раѓање, па низ целото детство, во детската игра и творење, како чин на осознавање на светот, доминантно е чувството на радост.
ДЕ: бебе, врзување на папокот, капење, повивање; дете од предучилишна возраст во детска игра; детска игра, градење објекти од коцки; детска градинка, јасли; исхрана на бебиња; манифестација „Радост на Европа", фестивал на децата од целиот свет
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 348. ТУЛГЕШ

1977
Ин. број: 537-М99/6; 812-М117/6; 996-М133/6; 997-М133/6; 1134-М161/6; 1135-М161/6; 2210-М224/1; 2432-М239/2

Филмот обработува еден трагичен настан по поразот на Демократската армија на Грција - во 1948 година. Станува збор за егзодусот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, кои по поразот на ДАГ - во 1948 година беа протерани од своите огништа и раселени во неколку источноевропски земји. Преку потресни кажувања на самите учесници во овој срамен настан, кои долго време живеат во Полска, Чехословачка, Романија... и кои исто толку години не се виделе со своите најблиски, филмот зборува за трагедијата што ги снајде тие некогашни деца. Да живеат далеку од својот роден крај.
ДЕ: фотографии, стари жени во црнина; Стара железничка станица, Скопје, средба на мајка и син; стари жени во црнина, „омадархи", мајки-негувателки, за време на бегањето со децата-бегалци од Егејска Македонија; архивски материјал, деца-бегалци од Егејска Македонија; Колевски Панило, Андригов Томе, некогашно дете-бегалец, живее во Романија, родителите не ги видел од 1948; Варшава, кадри од градот; Миновски Гиро, некогашно дете-бегалец, од 1965 живее во Варшава; Сороманов Лазар, Маџуновски Димитар, некогашно дете-бегалец; Вроцлав, кадри од градот; згради, некогашни детски домови во кои биле прифаќани децата-бегалци од Егејска Македонија; Настов Коле, некогашно дете-бегалец, сега сликар што живее во Вроцлав; сликарско ателје на Коле Настов, ја кажува песната „Т'га за југ"; Когаровска Доца, некогашно дете-бегалец; Христов Таки, некогашно дете-бегалец, од 1956 живее во Чехословачка; Сабатин, Чехословачка, кадри од градот; Прага, кадри од градот; железничка станица, Прага; Медгидија, железничка станица и кадри од градот; Папунов Васил, некогашно дете-бегалец, од 1949 живее во Борша (?); Борша (?), кадри од градот; автобуска станица, Скопје, средба на стара бабичка со маж и жена што не ги препознава
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коле Манев Р: Коле Манев К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 1550 м

## 349. ФАУЛБАЛ

1977

Ин. број: 571-М102/6; 671-М108/6; 974-М130/6; 4038-М197/6; 4045-М197/6; 2182-М222/1; 2183-М222/2

Филмот ја прикажува привлечноста на најважната споредна работа на светот, фудбалската игра, но овој пат во нејзината деструктивна форма. Покрај сета привлечност, која собира илјадници приврзаници, преку дуелите, судирите и повредите, прикажани ни се сите карактеристики на нашето време. За постигнување на целта не се бираат средства.

ДЕ: Скопје, навивачи пред фудбалски натпревар; фудбалски натпревар, Вардар-Раднички од Ниш; публика, со навивачки реквизити; Градски стадион Скопје

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Љубе Петковски Р: Зоран Младеновиќ-Окан К: Мишо Самоиловски; Љубомир Вагленаров; Ѓоко Поповски; Слободан Стојков; Никола Христовски

35 мм, во боја, звучен, 290 м

## 350. ЦРН БОР

1977

Ин. број: 560-М101/6; 2569-М245/1; 2570-М245/1; 2571-М245/2; 2572-М245/2

Филм направен за рекламирање на производите на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн бор“ од Прилеп.

ДЕ: ДИК „ЦРН БОР“ Прилеп; преработка на дрво за правење мебел; тапетарско одделение во ф-ката „Црн бор"

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Драган Салковски

35 мм, во боја, звучен, 100 м

## 351. ДУПЧАЧИ

1978

Ин. број: 580-М102/6; 994-М132/6; 3339-М142/6; 3340-М142/6; 2162-М221/1; 2163-М221/2

Во постојаната и сурова борба на човекот да ја совлада проородата, тој ќе започне со уништување на својот најголем сојузник. Автентична приказна за една помалку позната професија, која започнува таму каде што завршува асфалтот. Во планински амбиент доаѓа човекот, за да внесе немир во оддамнина скротената утроба на земјата и исконскиот мир во природата го нарушува со татнежот на експлозивот и револтот на машините.

ДЕ: употреба на механизација во расчистување на теренот; минирање на земјиште; планински пејзаж

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Драган Салковски

35 мм, во боја, звучен, 296 м

## 352. ЖЕЛЕЗНИОТ ПРЕГРАБ

1978

Ин. број: 564–M101/6; 3305–M422/6; 3306–M422/6; 3307–M422/6; 3308–M422/6; 2317–M231/1; 2318–M231/2

Филмот зборува за старата традиционална боречка вештина, која особено се негува кај припадниците на албанската народност. Станува збор за пеливанството. Можеби, и тоа е една од причините за создавањето спортски боречки кадри во нашите краиште, кои со покажаните резултати стигнаа до светскиот врв. Еден од нив е и Тефик Демири, кој преку пеливанството стигнува до повеќекратен државен шампион во борење слободен стил.

ДЕ: пеливанство, традиционална народна боречка вештина; борење, слободен стил, натпревар; Тефик Демири, повеќекратен државен шампион во борење

ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Гане Тодоровски Р: Скендер Кули К: Мишо Самоиловски

35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 353. ЛЕТО ГОСПОДОВО 77

1978

Ин. број: 704–M110/6; 878–M123/6; 879–M123/6; 3215–M417/6; 2499–M241/1; 2500–M241/2

Запис за човековите трауми и неговата немоќ да им се спротивстави на инстинктите што почиваат во него од дамнина. Спасувањето понекогаш се бара во најпримитивното наследство на човековата култура.

ДЕ: манастирска црква „Св. Атанасиј" во село Лешок, Тетово; верска служба во манастирската црква „Св. Атанасиј" во село Лешок; црква „Св. Пречиста", Струшко; манастирска црква „Св. Наум", Охридско; манастирска црква „Св. Јован Осоговски"; машко оро кое што е игра со петли во рацете

ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Киро Билбиловски; Мишо Самоиловски

35 мм, во боја, звучен, 575 м

## 354. ПОДМОЛНА СИЛА

1978

Ин. број: 797–M116/6; 798–M116/6; 3218–M417/6; 3219–M417/6; 2123–M219/1; 2124–M219/2; 2125–M219/2

Сознанијата здобиени по трагичните елементарни непогоди, земјотресите во Скопје и Бања Лука, се ползуваат во иновирање на изградбата на објекти за живеење и објекти од јавен карактер. Голема улога во примената на новите сознанија, како и до доаѓање до нив, има Институтот за сеизмологија, инженерство и земјотреси од Скопје.

ДЕ: Институт за сеизмологија, инженерство и земјотреси во Скопје; архивски материјали од Скопје по земјотресот; Бања Лука по земјотресот во 1969 г.; советување во ИСИЗ по земјотресот; мостот на Босфор

ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Иван Томовски; Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Љубе Петковски

35мм, во боја, звучен, 520 м

## 355. СРЕЌНА НОВА ГОДИНА

1978
Ин. број: 561–М101/6; 562–М101/6; 680–М109/6; 2315–М231/1; 2316–М231/2

Судбините на неколкумина затвореници во КПД „Идризово", кои поради своите деликти Новата година ја пречекуваат во затвор. И влијанието на нивните судбини врз животот на нивните семејства, кои невини, веројатно, се судруваат со поголеми проблеми и од оние на затворениците.

ДЕ: затвор, КПД „Идризово"; работа, на затвореници во металска и столарска работилница и во ковачница; затвореници, зборуваат зошто се осудени, поради убиство; оркестар, затвореници свират во...; разонода, на затвореници во слободно време, дама, домино; Нова година, пречек на ... во затвор, затвореници; жена, на еден затвореник, зборува како таа со децата е повеќе осудена од мажот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Владимир Блажевски Р: Владимир Блажевски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 400 м

## 356. УГИЧ

1978
Ин. број: 566–М101/6; 567–М101/6; 660–М107/6; 689–М109/6; 4044–М197/6; 2319–М231/1; 2320–М231/2

Филмот е приказна за овенот-предводник на стадото, од неговото станување водач, преку патешествијата на стадото до крајната цел, местото каде што се колат овците, каде што го снемува неговото стадо, на што сведок е и самиот тој.

ДЕ: овци, стадо, на пасиште; овен-предводник; кастрирање на овенот, за да стане водач; овенот-предводник го донесе стадото до кланица
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Драган Салковски
35мм, во боја, звучен, 360 м

## 357. ХЕ ШПИЉЕ

1978
Ин. број: 1275–М166/3; 1321–М167/3; 1330–М168/3; 1350–М168/3

Филмот ја регистрира изградбата на хидроенергетскиот систем „Шпиље" од почетните работи на расчистување на теренот, па сè до пуштањето во работа на хидроцентралата во близината на Дебар.

ДЕ: Струга; Црн Дрим; Стар мост, во месноста Шпиље; изградба на насипна брана, тунел, доводен канал, објекти за хидроцентралата; трансформатор, пренос; Горенички мост; Мелнички мост; Дебар; Дебарски бањи; Дебарско Езеро
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, црно-бел, звучен, 1650 м

## 358. ЏАФРА

1978
Ин. број: 542-М100/6; 543-М100/6; 544-М100/6; 3374-М177/6; 3387-М178/6; 2257-М227/1; 2258-М227/2

Страдањата на палестинскиот народ преку сеќавањата на млади Палестинки, сведоци на трагедијата, масакрот во палестинскиот логор Тал Ел Затр.

ДЕ: Тал Ел Затр, палестински логор во кој е извршен невиден масакр; Алаа Ма Аруф, Јафа Ма Аруф, Амаал Хамид, палестинки, зборуваат за животот во логорот и за масакрот; архивски снимки, од животот во логорот и од масакрот; Палестинци, со карактеристични марами и со автоматски пушки; Јасер Арафат; палестински гробишта, гробови со слики на убиените
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 550 м

## 359. БАКНЕЖ

1979
Ин. број: 572-М102/6; 4040-М197/6; 4041-М197/6; 4042-М197/6; 2142-М220/1; 2143-М220/2

Во секојдневниот живот на човекот, бакнежот има посебно место и се користи во најразлични моменти и ситуации, во зависност од состојбата на психата.

ДЕ: погреб, и други адети; погребна поворка (бакнување на мртвиот); пензионери, играат карти; аеродром, скопски... Петровец, прегратки и бакнежи при средбата со најблиските; земјотрес, скопскиот... прегратки и бакнежи со преживеаните најблиски, тага за загубените; клиника, гинеколошко-акушерска, бебиња и леунки; натпревар, коњички... во прескокнување пречки, џокејот го бакнува коњот по успешната трка; претстава, театарска... драма, по... цвеќе и бакнежи за актерите за успешните креации; парк, градски... во Скопје заљубени парови; кеј, „13 Ноември" во Скопје, на Вардар, заљубени парови; венчавка, честитки и бакнежи по...
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Миле Грздановски Р: Миле Грздановски К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 270 м

## 360. ГОЛГОТА

1979
Ин. број: 556-М101/6; 837-М120/6; 838-М120/6; 3032-М408/6; 2208-М224/1; 2209-М224/2

Во Лесново, во злетовскиот крај, од памтивек се изработува воденички камен од карпите на околните планини. Изработката на овие камења, особено нивното качување по високите стрмнини, претставува вистинска сизифовска мака.

ДЕ: воденички камен, изработка од карпа; пченица, мелење во воденица
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Љубе Петковски
35 мм, во боја, звучен, 440 м

## 361. ДАЕ

1979
Ин. број: 555-М101/6; 4035-М197/6

Еден исечок од животот на Ромите номади, посветен на празнувањето на ѓурѓовденскиот празник. Во филмот, користејќи особена ширина и сила во изразот, оваа тема се обработува во контрастите со современата урбанизација. Филмот изобилува со многустрана иконографија како извор на инкарнација на романтичното и без огради разбирање на животот. Атмосферата на балада неминовно ги доловува реминисценциите на далечните митови. Оваа поетска визија за животот на последните номади е снимена во автентичниот амбиент на чергарската населба наспроти празнувањето на најголемиот ромски празник. Како атавистички обележја на нивните верувања, во кои спаѓа и ритуалното капење како симболично пречистување и причест на душата и телото, мистеријата на раѓањето и дочекувањето на новиот живот, па сè до желбата за живот без стеги, презентирана низ метафората на бесниот галоп на коњите, тие атакуваат врз сетилата на гледачот и не го оставаат рамнодушен по гледањето на филмот.
ДЕ: Роми, група номади; ромски камп; празнување на Ѓурѓовден; ромски ритуали
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Столе Попов К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 450 м

## 362. ДОБРО НИ ДОЈДЕ

1979
Ин. број: 984-М131/6; 1037-М136/6; 1038-М136/6; 3377-М177/6; 3378-М177/6; 2439-М239/1; 2630-М247/2

Филмот е репортажа од последниот престој на претседателот Тито во СР Македонија. Посебен акцент е ставен на зборовите на претседателот Тито на свечената вечера во негова чест, како и од неговата посета на езерото „Треска" и на седницата на ЦК на СКМ. Низ улиците на Скопје претседателот Тито е срдечно поздравуван од огромен број скопјани.
ДЕ: Скопје, панорама на... пред пристигнувањето на претседателот Тито; аеродром, „Петровец", пристигнување на авионот на претседателот Тито; Видое Смилевски-Бато, Лазар Колишевски, Лазар Мојсов, Ангел Чемерски, во придружба на претседателот Тито; Крсте Марковски, Александар Грличков, Благој Попов, Благоја Талески, во придружба на претседателот Тито; Јосип Броз Тито, во посета на Скопје; Тодо Куртовиќ; Скопје, на улиците на... претседателот Тито срдечно поздравуван од голем број скопјани; парола, „Тито творец на сите наши победи"; Славко Јаневски
ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Марко Илиевски Р: Столе Попов К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 440 м

## 363. ДОДЕКА ВОДАТА ТИВКО ШУМОЛИ

1979
Ин. број: ПР.БР.959

Филм за велосипедистите и напорите што ги изискува една велосипедска трка.

ДЕ: велосипедисти; велосипедска трка
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ѓоко Поповски Р: Коле Ангеловски К: Ѓоко Поповски
16 мм, во боја, звучен, 169 м

## 364. ЕЖЕН ГИЛВИК

1979
Ин. број: 545-М100/6; 2234-М226/1; 2235-М226/2; 2336-М226/2

Приказ на поетскиот опус на Ежен Гилвик, еден од најголемите современи француски поети, со осврт на неговата биографија во која спаѓа, без сомнение, и наградата, „Златен венец“ на Струшките вечери на поезијата.

ДЕ: Ежен Гилвик; фотоси што ја презентираат биографијата на поетот Ежен Гилвик; Париз; Охридско Езеро; Париз, реката Сена; Сена, река во Париз; „Св. Софија“, црква во Охрид; Струшки вечери на поезијата
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 500 м

## 365. ИКАР

1979
Ин. број: 541-М99/6; 819-М118/6; 820-М118/6; 2939-М404/6; 2333-М232/1; 2334-М232/2

Филм за умеењето на човекот со своето знаење и способност да направи нешта што многуте сништа на минатите генерации ќе ги направи возможни.

ДЕ: авион; аеродром; работилница на техничка оператива
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Владимир Блажевски Р: Владимир Блажевски К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 370 м

## 366. РАКУВАЊА

1979
Ин. број: 1002-М134/6

Филмот претставува исцрпен приказ на враќањето на исечената рака на

една жена, која настрадала во судир со воз, на преостанатиот дел од раката, процесот на реанимација на раката и нејзиното враќање во комплетна функција.
ДЕ: доктор Андреа Мишковски; оперативен зафат за реплантација на рака; оперативни зафати по реплантација на рака
ПР: Вардар филм - Скопје; Телевизија Скопје
СЦ: Зоран Вангелов; Скендер Кули Р: Скендер Кули К: Ѓоко Поповски
16 мм, во боја, звучен

## 367. РАФАЕЛ АЛБЕРТИ

1979
Ин. број: 529-М98/6; 2229-М226/1; 2230-М226/2; 2231-М226/2

Приказ на животот и делото на еден од најголемите шпански поети, Рафаел Алберти, кој поголемиот дел од својот живот го минал во прогонство, надвор од родната Шпанија. Во 1979 година Алберти го доби највисокот светско поетско признание, „Златниот венец" на Струшките вечери на поезијата.
ДЕ: Пуерто де Санта Марија, родното место на Рафаел Алберти; Рафаел Алберти, шпански поет, негови цртежи и илустрации; Мадрид, споменик на Дон Кихот и Санчо Панса; музеј Прадо, екстериер и ентериер, слики; архивски снимки, војната во Шпанија; театар „Марија Цереро де Мадрид", ентериер; театарска претстава, „Ноќите на борба во музејот Прадо"; фотографии, ц/б, Алберти и на собир чита поезија; црква „Св. Софија", Охрид, вечер посветена на добитникот на „Златниот венец" на СВП; Струшки вечери на поезијата, манифестација „Мостови", доделување на „Златниот венец"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 700 м

## 368. КОГА

1980
Ин. број: 586-М102/6; 2404-М237/1; 2405-М237/2

"Огниште живо, видливо. И огниште згаснато. Зад затворената порта - повик на детството, црвена боја на лалето во дворот. Метафора за живото огниште - во душата".
ДЕ: порти
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Киро Билбиловски
35 мм, во боја, звучен, 290 м

## 369. КРВТА НА МОРЕТО

1980
Ин. број: 2255-М227/1; 2256-М227/2

Филм посветен на луѓето од турското крајбрежје, кои својата егзистенција

ја обезбедуваат собирајќи сунѓери од дното на морето.
ДЕ: сунѓер, собирање; море, пловни објекти, чамци; кафеана; џамија; археолошки локалитет, амфитеатар
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Тарик Дурсун Р: Кочо Недков К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја

## 370. НАЈДРАГИОТ УЧИТЕЛ

1980
Ин. број: 585-M102/6; 2583-M245/1; 2584-M245/2

Филмот е приказна за учителот Петре Јовановски, кој во 1979 година беше избран меѓу 10-темина најсакани учители во Југославија. По 35 години работа со учениците, со децата, учителот оди во пензија со 3.000 динари.
ДЕ: фотографии, свеченост на прогласување на најсаканиот учител во Југославија, учителот Петре Јовановски; учител, Петре Јовановски, држи час; училиште, селско... во кое работи Петре Јовановски; настава, Петре Јовановски држи... со помош на препарирани животни; свеченост, по повод одењето на Петре Јовановски во пензија и признанието за најсакан учител, меѓу 10-темина во Југославија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Љубе Петковски
16 мм, во боја, звучен, 160 м

## 371. ВО ПОСЕТА НА ПРЕСПА...СТРУГА...ОХРИД...

1981
Ин. број: 557-M101/6; 1001-M134/6; 2301-M230/1; 2302-M230/2; 2303-M230/2; 2616-M246/2; 2617-M247/2; 2618-M247/2

Пропаганден материјал чија што цел е презентација на природните убавини на Преспанското и Охридското Езеро и можностите што ги нуди организираниот туризам за престој во крајбрежните одморалишта и хотелски организации.
ДЕ: Преспанско Езеро; Отешево, на Преспанското Езеро; Царина, на Преспанското Езеро; Претор, на Преспанското Езеро; црква „Св. Ѓорѓи“ во Курбиново; фрески во црквата „Св. Ѓорѓи“ во с.Курбиново; Ресен, центарот на градот; Ресен, грнчарска ликовна колонија; Струга, пазарот на Струга; сликарството на Вангел Коџоман со мотиви од Струга; Струга, Народен музеј „Д-р Никола Незлобински“; Струга, хотел „Дрим“; Струга, туристички камп кај селото Радожда; туристички камп кај месноста Ливадищта, Струшко; хотел „Изгрев“ кај селото Калишта; хотел „Бисер“ кај селото Калишта; аеродром меѓу Струга и Охрид; хотел „Палас“, Охрид; хотел „Метропол“; хотел „Инекс Горица“; хотел „Десарет“; туристички камп кај „Св. Наум“, месност во Охридско; Охрид, кафеана „Летница“; Охрид, за време на туристичката сезона; Охрид, Климентовиот универзитет; Охрид, црква „Св. Климент“, „Св. Богородица Перивлептос“, фрески; црква „Св. Софија“ во Охрид; Самуилова тврдина во Охрид; црква „Св. Јован Канео“, во Охрид; туристички камп, „Градиште“; риболов на пастрмки во Охридско Езеро; Петре Прличко во кампот

„Градиште“ кај Охрид; месноста Св. Наум на Охридското Езеро; црква „Св. Наум“, кај Охрид
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 425 м

## 372. БОПС

1982
Ин. број: 565-М101/6; 2585-М245/1; 2586-М245/2; 2587-М245/2

Човековата желба за победа прикажана преку борбите на Светското првенство во борење - слободен стил, кое се одржа во 1981 година во Скопје.
ДЕ: Скопје, кеј на Вардар, зградата на Македонскиот народен театар; Скопски саем, хотел „Континентал“; Светско првенство во борење слободен стил, Скопје 1981 година
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 287 м

## 373. ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ

1982
Ин. број: 575-М102/6; 2592-М245/1; 2593-М245/2; 2594-М246/2

Филмот ни го претставува сликарот Вангел Наумовски, се запознаваме со почетоците и развојот на неговата работа. Преку сопствените кажувања на сликарот, се запознаваме со основните мотиви на неговите платна, од каде тој ги црпи тие мотиви и која е движечката сила што го води и го инспирира во неговата ликовна уметност. Тоа е, како што вели самиот, она што го чини животот, ротацијата, од која потем произлегува облината, облата форма, која всушност владее во неговите слики.
ДЕ: Вангел Наумовски, сликар; сликарство, платна на Вангел Наумовски; црква, „Св. Наум“; Црн Дрим, извори; Охридско Езеро; сликарско ателје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски
16 мм, во боја, звучен, 201 м

## 374. ВРАТИ НА БЕСКРАЈОТ

1982
Ин. број: 540-М99/6; 709-М111/6

Артистот Драги Костовски тешко болен од карцином на белите дробови, зборува за соочувањето со болеста и смртта. Воведена секвенца од филмот „Македонска крвава свадба“, во која една од главните улоги ја има Драги Костовски.
ДЕ: Драги Костовски, артист; Ацо Јовановски, артист; Виолета Шапковска,

артистка; Шишман Ангеловски, артист; Марин Бабиќ, артист; Димитар Мешковски, артист; Ѓокица Лукаревски, артист; шминкерница во Драмскиот театар во Скопје; коцкарница во Охрид; една охридска улица; Трговскиот центар во Скопје
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Владимир Блажевски К: Владимир Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 480 м

## 375. МОСТОВИ - СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА

1982
Ин. број: 548–М100/6; 549–М100/6; 2286–М229/1; 2287–М229/2; 2288–М229/2

Струшките вечери на поезијата е позната и призната манифестација во светски рамки. Филмот е ретроспектива на неколкуте изминати години кога познати поети од земјата и светот дадоа свој придонес на овој празник на поезијата.
ДЕ: Ацо Шопов; Леополд Седар Сенгор; Матеја Матевски; Славко Јаневски; Анте Поповски; Еугенио Монтале; Фазил Хисни Дагларџа; Рафаел Алберти; Ежен Гилвик; Михаил Ренџов; Гане Тодоровски; Јуре Каштелан; Јован Стрезовски; Ханс Магнус Енцесбергер; Булат Окуџава; Димитар Солев; Благоја Иванов; Влада Урошевиќ; Ацо Алексов; Артур Лундквист; Блаже Конески; Харалампие Поленаковиќ; фотографија на Милан Ѓурчинов; фотографија на Радован Павловски; фотографија на Десанка Максимовиќ; фотографија на Мирослав Крлежа; Евгениј Евтушенко; Лазар Колишевски; Боро Денков; Душан Вељковиќ; Бошко Станковски; Благоја Талевски; Васка Дуганова; национален танц од Африка; мостови; црковна архитектура во Милано; црковна архитектура во Џенова; рибарски бродови во Турција; река Сена; црква „Св. Софија“ во Охрид; Охрид, црква „Св. Софија“; фреска со Ликот на Богородица со Исус; Истанбул, црква „Аја Софија“; црква „Аја Софија“ во Истанбул; камбанарија во Андалузија; Декар; Стокхолм; Милано; Џенова; Истанбул; Париз; Струга; Струшки вечери на поезијата
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 1190 м

## 376. ОГНЕНА БРИГАДА

1982
Ин. број: 581–М102/6; 640–М106/6; 2280–М229/1; 2281–М229/2

Во фабриката за производство на стаклена амбалажа производствениот процес е прекинат со хаварија на високата печка. Во борба со огнената стихија, човекот излегува како победник и производството продолжува нормално.
ДЕ: фабрика, за производство на стаклена амбалажа, Стакларница; висока печка, за топење на стакло; топење на стакло; дување на стакло, производство на стаклена амбалажа; шишиња, производство; висока печка, хаварија
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Кочо Недков Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 290 м

## 377. СНИМКА ЗА ИСТОРИЈАТА

1982
Ин. број: 568-М102/6; 569-М102/6; 2327-М233/1; 2328-М233/2

Филм за таткото и синот Ангелески, фотографи од Кичево, низ чие фотографско ателје, за време на војната, во времето на седумкратното ослободување на градот, поминаа голем број борци. На тој начин останаа неброено многу фотографии-животни стории за партизаните од I македонска бригада.

ДЕ: фотографско ателје; фотографии на борци од НОБ во Македонија; фотографија на генерал Шаревски од војната; фотографии по повод ослободувањето на Кичево; фотографии на минофрлачка чета
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Вера Бужаровска Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски
35 мм, црно-бел, звучен, 304 м

## 378. СУНЕТ

1982
Ин. број: 582-М102/6; 3794-М282/2; 3852-М284/2

Муслиманскиот обичај да се врши обрезување на машките деца се врши и кај Македонците-муслимани во нашите краишта. Филмот ги регистрира придружните ритуали и самиот чин на обрезување.

ДЕ: обрезување-сунет; ритуал поврзан со обрезувањето; клање говедо; река, планинска; село
ПР: Вардар филм - Скопје; Телевизија Скопје
СЦ: Бранко Варошлија Р: Лаки Чемчев К: Диме Пејовски
16 мм, во боја, звучен, 213 м

## 379. ТКААЧКИ

1982
Ин. број: 584-М102/6; 2561-М244/1; 2562-М244/2

Во филмот е прикажан процесот на производството, вештината на ткаењето на т.н. пиротски килими. Работата на ткајачките, т.е. нивните прсти, занает што се граничи со уметност. Извонредна синхронизација, игра на движења и бои. Ткаењето на пиротските килими, од самиот почеток, па се до крајната форма, во најразлични големини и шари.

ДЕ: разбои, ткаење на пиротски килими; изработка на пиротски килими; ткаење, пиротски килими
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски; Добри Јаневски Р: Мето Петровски К: Добри Јаневски
16 мм, во боја, звучен, 125 м

## 380. ЛИКВИДАТОР

1983

Ин. број: 558-M101/6; 2265-M227/1; 2266-M227/2

Работите во врска со ликвидацијата на рудникот за азбест „Богословец“, во истоименото село, му се доверени на еден човек што таа работа ја врши седумнаесет години. Објектите на рудникот и машините што пропаѓаат зборуваат самите за апсурдноста на целата постапка.

ДЕ: рудник за азбест во с. Богословец (во ликвидација)

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Трајче Попов Р: Трајче Попов К: Драган Салковски

35 мм, во боја, звучен, 400 м

## 381. ОТВОРЕН КОЛОСЕК

1983

Ин. број: 583-M102/6

Филмот зборува за трагичната судбина на Илија Баштовански, машиновозач во ЖТО-Скопје, кој бил исклучен од Сојузот на комунистите, избркан од работа, пратен на лечење во лудница и кривично гонет. Самиот Илија зборува за својата агонија.

ДЕ: Илија Баштовански, машиновозач; судски процес, судење; фотографии, Илија Баштовански покрај локомотива; исечоци од весници; „Дуга“, текст во списанието под наслов „Одмазда за непослушните“; Скопје, Луна-парк

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Слободан Петровиќ; Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски

16 мм, во боја, звучен, 183 м

## 382. ПАТ ЗА УМОР

1983

Ин. број: 559-M101/6

Можностите што ги нудат современите средства, повисокиот животен стандард и желбата за патување прават современите номади да бидат многубројни во летниот период, за време на годишните одмори. Филмот е снимен на граничниот премин кај селото Богородица на македонско-грчката граница. Колона од автомобили со југословенски регистрации се враќаат во земјата, сведочејќи за големата посетеност на грчките одморалишта со југословенски гости. Очигледен е заморот кај патниците и царинската контрола, која има полни раце работа поради вообичаените купувачки страсти на Југословените. Конечно, во спарниот ден малку освежување донесува летниот дожд.

ДЕ: Граничен премин кај с. Богородица, Гевгелија; царинска контрола

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Зоран Младеновиќ-Окан Р: Зоран Младеновиќ-Окан К: Мишо Самоиловски

35 мм, во боја, звучен, 325 м

## 383. АРХЕОЛОГИЈА И АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ОД IV ДО XVII ВЕК

1984
Ин. број: 1005-М134/6; 2220-М225/1; 2223-М225/2; 2224-М225/2; 2225-М225/2; 2226-М225/2; 2417-М238/2; 2418-М238/2

Филмот прави преглед на најбитните архитектонски споменици во Македонија од доцната антика, преку раното христијанство, средновековието, па сè до 17 век, од кои оние што датираат од почетокот на првиот милениум влегуваат и во антологиите на археолошката наука. Архитектонските споменици се третираат како комплексност на нивната екстериерна и ентериерна содржина, а нивната сочуваност низ вековите им дава дополнителна немерлива вредност, која сведочи и за историските случувања на просторите на Македонија.
ДЕ: археолошки локалитет „Хераклеа“; Голема базилика од Хераклеа, мозаици со геометриски, флорални и елементи од фауната; археолошки локалитет „Стоби“, Епископска базилика, палатите на Партениус, Перистериус, Полихармос; Баптистериумот, малите и големите терми, амфитеатарот, подните мозаици; археолошки локалитет „Баргала“, големи бедеми, базилика со мозаичен под; Самуиловата тврдина во Охрид, кулите, двете порти, базилика со четири конхи мозаичен под, странични анкеси, катихуменум, баптистериум; катедрална црква „Св. Софија“, голема трободна базилика од 11 век, нартекс, егзонартекс, фрескоживопис, Богородица со Исус во конхата на апсидалниот простор.; црква „Св. Ѓорѓија“ во Старо Нагоричани; црква „Св. Богородица Перивлептос“ во Охрид од 13 век, екстериер, ентериер, фрескоживопис од Михаило и Еутихие; црква „Св. Никола“ од Варош, Прилеп; Маркови кули во Прилеп; Марков манастир, црква „Св. Димитрие“, Скопје; исламски верски и профани објекти во Македонија; Мурат-пашината џамија во Скопје, Даут-пашин амам, Камениот мост.
ПР: Вардар филм
СЦ: Д-р Коста Балабанов Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
16мм, во боја, звучен, 170 м

## 384. ФРЕСКИ И ИКОНИ ВО МАКЕДОНИЈА

1984
Ин. број: 1004-М134/6; 2221-М225/1; 2222-М225/2; 2419-М238/2; 2420-М238/2; 2421-М238/2; 2422-М238/2; 2423-М238/2; 2424-М238/2;

Филмот е посветен на културното наследство во Македонија од средниот век, чиј максимум е достигнат во градежништвото на сакралните христијански објекти, нивното ентериерно украсување со фрескоживопис и иконопис. Од над стотината цркви што се вбројуваат во споменици на културата, во филмот се акцентирани само оние најпознатите, најексплоатираните и најцитираните во нашата и светската литература од оваа област. Станува збор за црквите: „Св. Софија“ и „Св. Богородица Перивлептос“ од Охрид, „Св. Ѓорѓија“ од Курбиново - Преспа, „Св. Ѓорѓија“ од Лесново, „Св. Андреа“ од Матка - Скопје. Покрај забележувањето на екстериерниот изглед преку архитектурата специфична за секоја поодделно, овие цркви со своето колоритно мајсторство во изразот во

фрескоживописот, во иконописот, во орнаменталните камени и дрвени иконостаси во резба сведочат за раскошниот талент на нивните творци и длабоката размисла во барањето одговор на вечните прашања што пред себе си ги поставувале.
ДЕ: архангелот Гаврил од црквата во Курбиново, Преспа, фрескоживопис; црква „Св. Софија" во Охрид, фрескоживопис; црква „Св. Пантелемон" во Нерези, Скопје, фрескоживопис; црква „Св. Богородица Перивлептос", Охрид, фрескоживопис; црква „Св. Ѓорѓи", Старо Нагоречани; Лесновскиот манастир, фрескоживопис; црква „Св. Андреа", Матка, Скопје
ПР: Вардар филм
СЦ: Д-р Коста Балабанов Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
16мм, во боја, звучен, 170 м

## 385. ХЕК ЈУГОХРОМ - ПОПОВА ШАПКА

1984
Ин. број: 550-М108/6; 987-М132/6; 2203-М223/1

Убавините на рекреативниот центар Попова Шапка и можностите за престој во хотелските капацитети на „ХЕК Југохром".
ДЕ: Попова Шапка; скијање; жичарница; хотелот „ХЕК Југохром" на Попова Шапка
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Столе Попов Р: Столе Попов К: Бранко Михајловски
35 мм, во боја, звучен, 400 м

## 386. ХУАСКАРАН - АНДИ 82

1984
Ин. број: 551-М100/6; 552-М100/6

Филмот зборува за првата македонска експедиција, АНДИ 82, која успешно ги совлада сите пречки и освои три врвови во областа на Белите Кордиљери, на северо-исток од Перу. 15-членета експедиција на патот од Скопје, преку Париз, до врвовите на Хуаскаран.
ДЕ: алпинизам, македонска алпинистичка експедиција АНДИ 82; Париз, попатна станица на патот до Перу; алпинистичка опрема; Лима, главен град на Перу; Јунгај, село во подножјето на Белите Кордиљери; Енденуко, глечерска долина во која е поставен базниот логор; висински логори; Анди, Бели Кордиљери; Хуаскаран, планински масив на Белите Кордиљери; јужен врв, 6768 метри
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кирил Ценевски; Слободан Стојков Р: Кирил Ценевски К: Слободан Стојков
16 мм, во боја, звучен, 230 м

## 387. ЦРНО ВО ЦРНО

1984
Ин. број: 763-М114/6

Преку драматичните судбини на жените завиткани во црно, на вдовиците чиишто мажи загинале во војната, преку архивски и автентични снимки, уште еднаш се нагласуваат бесцелноста и последиците од воените судири во светот.
ДЕ: Скопје, плоштад „Маршал Тито", тотал; вдовици, возрасни жени во црнина; архивски снимки, војна, тенкови, топови
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коле Манев Р: Коле Манев К: Мишо Самоиловски
16 мм, во боја, звучен, 160 м

## 388. АНГРОИНЖИЊЕРИНГ

1985
Ин. број: 702-М110/6; 2298-М230/1; 2299-М230/2; 2300-М230/2
Пропаганден филм за работните успеси на работната организација „Ангроинжињеринг" од Скопје во изградбата и опремувањето на деловни, хотелски, индустриски и други објекти во Републиката и во земјата.
ДЕ: Скопје, панорама, мост „Гоце Делчев", Пошта, Стоковна куќа „Мост"; Работна организација „Ангроинжињеринг", состанок, проектантско биро; ресторан „Метропол", Скопје, ентериер; „Електромонтажа"; бутик „3М", Градски трговски центар, излог и ентериер; работна единица „Производство" во состав на „Ангроинжинеринг", обработка на дрво и иверка; фабрика „Благој Ѓорев", Титов Велес, ентериер; аптека во Гевгелија, ентериер; пицерија во Кавадарци, ентериер; хотел во Берово; Хотел за самци „Рудници Саса", Македонска Каменица; хотел „ХЕК Југохром", Попова Шапка; одморалиште „Макотекс", на Охридско Езеро; фабрика „Винојуг", Гевгелија, производство и дел од асортиманот; хотели, Црногорско Приморје, целосен проектант, изведувач и опремувач е „Ангроинжињеринг"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 525 м

## 389. ПОЛНОЌНИ ТАНЦУВАЧИ

1985
Ин. број: 563-М101/6; 990-М132/6; 2263-М227/1; 2264-М227/2
Преку работата во ноќната смена на еден бурекџија, како и преку ритмичните движења при правењето бурек, кои изгледаат како своевиден танц, филмот зборува за сите професии на луѓето, кои поради својата дејност својот работен век го минуваат ноќе.
ДЕ: Фабрика за изработка на бурек и бели печива „Ванила", Скопје; бурек, производство, третирање на тестото, развивање, растегнување кори, печење
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Мишо Самоиловски
35 мм, во боја, звучен, 350 м

## 390. СКОПЈЕ - ТУРИСТИЧКА МОНОГРАФИЈА

1985
Ин. број: 1090–М141/6

Пропаганден, наменски филм на Туристичкиот сојуз на Македонија за градот Скопје и неговата блиска околина.
ДЕ: Скопје; аеродром „Петровец“; Железничка станица; мост „Гоце Делчев“; Католичка црква; литографија на средновековно Скопје; Соборна црква; зградата на ЦК–СКМ; плоштад „Маршал Тито“; Трговски центар; зградата на ТВ Скопје; Музеј на современа уметност; Камен мост; Скопско кале; црква „Св. Спас“; Мустафа–пашина џамија; Куршумли–ан; Археолошки музеј; црква „Св. Андреа“, крај реката Треска; црква „Св. Пантелејмон“, Нерези; Археолошки локалитет „Скупи“; Стара скопска чаршија
ПР: ТВ Скопје
СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Серафим Серафимовски; Трајче Ефтимовски
16 мм, во боја, звучен

## 391. ГОТЕКС

1986
Ин. број: 2321–М231/1; 2322–М231/2

Филм за развојниот пат на Текстилната фабрика „Готекс“ од Гостивар, реализиран по повод дваесетгодишнината од почетокот на работата на овој индустриски комплекс.
ДЕ: Гостивар, 1986 година; Текстилна фарбика „Готекс“; Саем на модата „Модест 86“ во Скопје
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Слободан Стојков
16мм, во боја, звучен, 180 м

## 392. ДВА БУКЕТА РАЈСКИ ЦВЕТ

1986
Ин. број: 4523–М145/6

Старците Стојан и Марија ја раскажуваат својата љубовна приказна. Стојан од с. Љубојно оди во Америка на печалба. Се вљубува во Марија, родена Американка и се венчаваат. По краткиот престој во стариот крај, Стојан се враќа во Америка, додека Марија останува во Љубојно. По 12 години Стојан се враќа во Љубојно, овој пат за навек.
ДЕ: Староградски фолклорен ансамбл. „Распеани ресенчани“; архивски снимки од колонизацијата на Америка во 20–тите години од 20–от век; Љубојно, село во Битолско–преспанска околија
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Поповски Р: Иван Митевски К: Димитар Владички
16мм, колор, звучен, 380 м

## 393. МАНАСТИР

1986
Ин. број: 4550-М150/6; пр.бр. 2260

Манастирот Св. Наум Охридски, сместен на Охридското крајбрежје е значаен културно историски споменик. Покрај тоа манастирот е и особено духовно место кое оваа функција ја исполнувала низ вековите во кои опстојувал.
ДЕ: манастир „Св. Наум", на Охридското Езеро; Охридско Езеро; архитектонски карактеристики на манастирот; ликовни карактеристики на манастирската црква, икони и фрески; религиски обичаи
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Драган Салковски
16 мм, во боја, звучен, 159 м

## 394. СЕСТРА

1986
Ин. број: 4562-М150/6

Филм за сестрата на француски војник, кој за време на Првата светска војна загинал на боиштата на Македонија. Неговата сестра и по 70 години доаѓа секое лето во Македонија да го бара неговиот гроб.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Сталин Лозановски Р: Сталин Лозановски К: Ѓоко Поповски
16 мм, во боја, звучен, 180 м

## 395. ТЕТОВО НИЗ ИСТОРИЈАТА И ДЕНЕС

1987
Ин. број: 3392-М179/6; 2650-М249/1; 2651-М249/2

Во филмот го следиме развитокот на градот Тетово низ историјата. Полошкиот регион е населен уште од времето на антиката за што сведочат бројните археолошки артефакти, како што е и познатата Тетовска менада датирана во петтиот век пред нашата ера. И од времето на Отоманската Империја се сочувани бројни паметници, подвижни археолошки наоди, како и архитектонски објекти што сѐ уште се наоѓаат во градот. Такви се, на пример, амамот, теќето, Шарената џамија, крепоста на Абдурахман-паша на Балтепе. Во исто време се градат и христијански објекти во градот и блиските села, од кои особено внимание заслужува црквата „Св. Атанасиј" во манастирскиот комплекс во селото Лешок, каде што како јеромонах престојувал македонскиот преродбеник Кирил Пејчиновиќ-Тетоец. Во филмот е третиран и периодот меѓу двете светски војни, документиран со голем број фотографии, а на ист начин се проследува и времето од Народноослободителната борба во овој крај, како и периодот по ослободувањето. Брзиот економски развиток на регионот, како и менувањето на ликот на градот во архитектонска смисла, спортските и културните активности исто така наоѓаат свој простор во филмската сторија за овој град.
ДЕ: скулптура, „Тетовската менада" /танчарка/; Шар Планина; Тетово, панорама

на градот; камени мостови, со еден и повеќе лакови; трло, на Шар Планина; Пена, река чиишто извори се на Шар Планина; Попова Шапка, месност на Шар Планина; рибари на реката Пена; силоси за жито во Тетово; железничка пруга, композиција; саркофази од античко време; надгробни плочи од античко време; надгробни плочи од турско време; минаре, џамија; црква, ентериер; тврдина, крепост, Абдурахман-пашина на Балтепе; теќе, тетовско; црква „Св. Атанасиј" во Лешок; црква, „Св. Богородица" во Тетово; црква „Св. Богородица" во Непроштено, село во Тетовско; црква „Св. Никола" во Челопек; црква „Св. Никола" во Стенче; црква „Св. Ѓорѓија" во Мала Речица; јеромонах Кирил Пејчиновиќ-Тетоец; надгробна плоча на гробот на Кирил Пејчиновиќ; автографот на Кирил Пејчиновиќ што се наоѓа во Софија; фотографија на Тетово снимена во 1903 година; факсимил на весникот „Социјалистичка зора" од 26.10.1929 година; факсимил на весникот „Комунист" од април-мај 1935 година; факсимил на леток со кој се повикуваат на генерален штрајк чевларските работници; Споменик на загинатите во Втората светска војна во Тетово; фотографија, влегување на германските војски во Тетово на 9 април 1941 година; фотографија, окупаторски војници и балисти; фотографија на Јосип Броз Тито, генерален секретар на Комунистичката партија на Југославија; село Вратница, месност Буклево, на 10 април 1942 година се формира Шарски партизански одред; Тетово, куќата каде што на 19 март 1942 година е одржана I седница на Централниот комитет на тукушто формираната Комунистичка партија на Македонија; фотографија на партизани; спомен-гробишта кај селото Беличица каде што Третиот тетовски партизански одред доживува трагична судбина; споменик на Иљо Антески-Дрен, народен херој од Тетово; фотографии од ослободувањето на Тетово на 19 ноември 1944 година; индустриски капацитети во Тетово: „Алумина", „Шик", „Јелак", „Тетекс", „Југохром"; текстилните погони на „Тетекс" Тетово; погоните на индустрискиот капацитет „Југохром" во Јегуновце; ЗИК „Тетово"; пазар во Тетово; Медицинскиот центар во Тетово; песни, народни и староградски, од Тетово; народни ора од Тетово; ателје на ликовен уметник од Тетово; хор, хорски свечености во Тетово; народна носија од Тетово
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Владо Кочоски; Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски; Владимир Самоиловски
16мм, во боја, звучен, 340 м

## 396. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „БРЕГАЛНИЦА"

1987
Ин. број: 1021-М135/6; 2204-М224/1; 2205-М224/2

– Филмот е дел од серијата филмови со заеднички наслов „Страдни за вода, страдни од вода" во која е забележана изградбата на сите хидромелиоративни системи во Република Македонија. - Во конкретниот наслов се следи процесот на изградба на хидромелиоративниот систем „Брегалница", потем земјоделските посеви во Кочанско и Овче Поле, како и индустриските капацитети во овој крај.

ДЕ: ориз, стар начин на обработка, орање, наводнување, сеење; хидромелиоративен систем „Брегалница", мелиорација, изградба; брана „Грапче" и брана

„Калиманци", изградба; река Брегалница, регулирање; магистрални канали, преливи, тунели, изградба на хидротехнички објекти; акумулација, вештачко езеро „Калиманци"; Кочанско Поле, оризови полиња и земјоделски култури; Кочани, Институт за ориз, испитување на нови семиња ориз; „Метална", фабрика за производство на цевки и други метални производи од Штип; Овче Поле, земјоделски посеви, оризови полиња и индустриски капацитети; Фабрика за производство на добиточна храна; Кланица „Македонија"; „Хартија", фабрика за производство на целулоза од слама; Фабрика за производство и обработка на ориз; Земјоделска задруга „Моша Пијаде" од село Горни Полог, обработка на оризови полиња
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 855 м

## 397. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „ПЕЛАГОНИЈА"

1987
Ин. број: 1025-М135/6
- Филмот е дел од серијата под заеднички наслов „Страдни од вода, страдни за вода" која ги опфаќа филмовите за изградба на сите хидромелиоративни системи во Ррепублика Македонија. - Целосен приказ на изградбата на хидромелиоративниот систем „Пелагонија", резултатите во зголемувањето на земјоделското производство благодарение на наводнувањето од овој систем, како и развојот на индустриските и преработувачките капацитети и на градските и селските населби во најголемата македонска рамнина Пелагонија.
ДЕ: Пелагонија, рамнина, мочуришта, поплави; младинска работна акција, исушување на Пелагонија; мелиорација на Пелагонија, 1955 година, изградба на Хидромелиоративен систем „Пелагонија"; река Црна, корито со каскади; река Драгор, во ново корито; Земјоделско-индустриски комбинат „Пелагонија", жетва на пченица и сончоглед, собирање шеќерна репа; Јосип Броз Тито, во посета на ЗИК „Пелагонија"; фабрика за преработка на шеќерна репа, производство на шеќер; село Породин, Земјоделска задруга „Светлост"; индустриски капацитети, живинарска фарма, млекарница; рибник, помали акумулации во хидросистемот „Пелагонија"; Битола, панорама, индустриски капацитети, пазар; погон каде што се полни минерална вода „Пелистерка"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 771 м

## 398. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „СТРУМИЦА"

1987
Ин. број: 1023-М135/6
- Филмот е дел од серијата филмови под наслов „Страдни од вода,

страдни за вода“ во која е прикажана изградбата на сите хидромелиоративни системи во Република Македонија. – Од изградбата на хидромелиоративниот систем „Струмица“. Регулирање на реките Струмешница и Мантово, изградба на брани, канали, страничен прелив и други придружни објекти. Како резултат на наводнувањето, богат род на житни и градинарски производи во Струмичко Поле.
ДЕ: примитивен начин на наводнување, користење на подземни води; мочуриште, Моноспитовско Блато; река Мантово, регулирање и изградба на брана „Мантово“; река Струмешница, регулација; хидромелиоративен систем „Струмица“, изградба на браните „Мантово“, „Турија“ и „Водоча“; Струмичко Поле, наводнување на земјоделски и лозови плантажи, сончоглед; Земјоделско-индустриски комбинат „Струмица“, берба на домати, пиперки и краставици; Фабрика за конзервирање „Моша Пијаде“, производствениот процес; Струмица, станбени и угостителски објекти, приватни домови
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 680 м

## 399. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „ТИКВЕШ“

1987
Ин. број: 1022-М135/6

– Филмот е дел од циклусот филмови под наслов „Страдни од вода, страдни за вода“ во кој е забележана изградбата на сите хидромелиоративни системи во Република Македонија. – Во овој филм се забележани изградбата на хидромелиоративниот систем „Тиквеш“; потем разни начини на наводнување со водите од системот, како и богатите плантажи на Агроиндустрискиот комбинат „Тиквеш“.
ДЕ: хидромелиоративен систем „Тиквеш“, изградба на главна брана, доводни и инјекциони канали, тунели и др.; акумулационо вештачко езеро „Тиквеш“ од водите на река Црна, наводнување и производство на електрична енергија; Кавадарци, кадри од градот, земјоделска изложба и манифестацијата „Тиквешки гроздобер“; Тиквешко Поле, лозови плантажи, земјоделски култури, овошни насади, разни начини на наводнување; Агроиндустриски комбинат „Тиквеш“, плантажи со лозје, бостан, овоштарници; Винарска визба „Тиквеш“, производство на вино, полнење на шишиња и пакување
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 745 м

## 400. КАЛЕНДАР

1988
Ин. број: 3895-М187/3

Филмот ги третира оние тематски содржини од фрескоживописот во

храмот „Св. Ѓорѓи“ во Старо Нагоричани што ја презентираат свирепоста во прогонувањето на вистинските борци за христијанската вера. – „Лето господово илјада триста и седумнаесетта беа повикани големите живописци – Евтихие и Михаило Астрапа, да го украсат со преубави слики храмот на свети Ѓорѓи во Старо Нагоричани: блескотната отменост на стилот не им пречи, во календарот и житието на свети Ѓорѓи да прикажат сцени на незапирлива џелатска инвенција. Може да се верува дека и во овој чин на илуминирање, приказната е измислена, а секоја случајност со сегашните изрази на трпеливост – случајна. Лето господово 1988“. – ДЕ: црква „Св. Ѓорѓи“ во Старо Нагоричани, фрескоживопис; фреска „Смртта на Богородица“; фрагменти од фрески со претстава на мачења на борците за христијанство
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Глигор Чемерски Р: Мето Петровски К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен

## 401. ПЧЕЛАРНИК

1988
Ин. број: 4518-М145/6

Во нашите краишта сè уште се свежи сеќавањата од минатите војни. Преку пчеларникот се симболизира вечниот вриеж на балканското буре барут.
ПР: Вардар Филм - Скопје
СЦ: Живко Чинго Р: Мето Петровски К: Зоран Николиќ
35 мм, црно бел, звучен

## 402. СИЗИФ

1988
Ин. број: 2275-М228/1; 2611-М246/1; 2276-М228/2

Ибро Исмаили роден како здраво дете, поради повреда на ногата во детството, станува тежок инвалид. На седумнаесет години, по четири години поминати во болниците, се соочува со светот којшто на него гледа како на помалку вредна единка. Неговата силна волја и упорна работа го доведуваат во извонредна психофизичка кондиција. Пред себе си поставува цел – да се поминат 1452 километри пат со велосипед низ СФР Југославија, од Словенија до Скопје. Во филмот гледаме кадри од овој маратон на волјата, проследен со наизменични кадри од семејниот живот на Ибро, кој со сопругата и детето живее во скудни услови, наизменични кадри од Ортопедскиот завод каде што за него е изработена протеза, кадри од Заводот за вработување и социјалните служби каде што Ибро бара помош за вработување, демонстрирајќи ги своите физички способности, кои се тешко изводливи и за човек што не е инвалид. Предрасудите се најтешка форма на отпор што луѓето ги манифестираат во комуникација со оние што се разликуваат од мнозинството. Што се случи со Ибро Исмаили?
ДЕ: Звонко Стојановиќ, новинар во Македонското радио; Ибро Исмаили, велосипедист-инвалид на маратонот од Сежана до Скопје
ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Мето Петровски Р: Мето Петровски К: Драган Салковски
16мм, во боја, звучен, 223 м

## 403. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „МАНОТВО" РАДОВИШ

1988
Ин. број: 1026–М135/6; 2201–М223/1; 2202–М223/2

– Филмот е дел од циклусот филмови под заеднички наслов „Страдни за вода страдни од вода" во кој е забележана изградбата на сите хидромелиоративни системи во Република Македонија. – Приказ на функционирањето на хидромелиоративниот систем за наводнување „Мантово" во Радовишко Поле, како и користа и предностите на производството во земјоделството, овоштарството и индустриските култури.

ДЕ: Радовиш, станбени и инфраструктурни објекти; Радовишко Поле, земјоделски и индустриски култури, пченица, луцерка, тутун, сончоглед, јаболка, круши, грозје, шипинки; хидромелиоративен систем „Мантово", магистрални канали, тунел Брашница и други хидротехнички објекти; акумулација, вештачко езеро „Мантово", наводнување по пат на вдождување и гравитација
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Драган Салковски
35 мм, во боја, звучен, 475 м

## 404. ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „СТРУШКО ПОЛЕ"

1988
Ин. број: 1024–М135/6

– Филмот е дел од циклусот филмови под заеднички наслов „Страдни од вода, страдни за вода" во кој е забележана изградбата на сите хидромелиоративни системи во Република Македонија. – Изградбата на хидромелиоративниот систем „Струшко поле", неговата работа, како и собирање на плодовите од богатото Струшко Поле, благодарение на водите од ХС „Струшко поле".

ДЕ: Охридско Езеро, панорама; мочуриште, уништување на маларичен комарец; хидромелиоративен систем „Струшко поле", мелиорација, одводни канали; река Црн Дрим, регулирање, изградба на корито; поплава, 1962 година, евакуирање на луѓе, покуќнина и стока; река Сатеска, изградба на корито и брана; Земјоделско-индустриски комбинат „Струшко поле", овошни насади, берба на јаболка, жетва на пченица; Струга, кеј на реката Црн Дрим, станбени, трговски и угостителски објекти, пазар, Дом на културата
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Трајче Попов; м-р Ѓорѓи Георгиев Р: Трајче Попов К: Љубе Петковски; Драган Салковски
35 мм, црно-бел, звучен, 377 м

## 405. НЕРЕЗИ

1989
Ин. број: 4574-М151/6

Манастирот „Св. Пантелејмон“ е сместен во скопското село Нерези, јужно од Скопје. Ктитор на црквата бил византискиот принц Алексеј Комин. Архитектурата, фреските и иконите изведени во црквата на манастирскиот комплекс претставуваат ремек-дела на византиската средновековна уметност.
ДЕ: манастир „Св. Пантелејмон“ во с. Нерези, Скопско; археолошки карактеристики на манастирот; ликовните особености на манастирската црква, фрески и икони.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Зоран Младеновиќ Р: Зоран Младеновиќ К: Карпо Година
16 мм, во боја, звучен, 245 м

## 406. РИБИТЕ ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

1990
Ин. број: 4551-М150/6

Опишани се рибите на Охридското Езеро. Нивните особености, видовите, начинот на живот: исхраната, размножувањето... Исто така, прикажани се и начините за лов на рибите од езерото. Прикажана е и дејноста на Хидробиолошкиот завод од Охрид, кој игра значајна улога во одржувањето на овие ендемични и ретки животни.
ДЕ: Охридско Езеро; Риби, од Охридското Езеро; Хидробиолошки завод „Охрид“
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Милчо Точко; Зоран Спирковски; Трајче Талевски Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
16 мм, во боја, звучен, 250 м

## 407. ПЛАНАРИИТЕ ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО И ОКОЛНИТЕ ИЗВОРИ

1990
Ин. број: ПР.БР. 1787

Филмот говори за живиот свет во Охридското Езеро, односно за планариите, кои се ендемски видови. Приопштени ни се голем број стручни елементи од оваа област, а тоа е направено со користење на анимации и трикови. Истражувањата на овие животни форми продолжуваат во Хидробиолошкиот завод во Охрид, со решавањето на проблемите во врска со класификацијата на нижите метазони.
ДЕ: Охридско Езеро; планарии, троделни трепчести црви; Хидробиолошки завод „Охрид“
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Здравко Крстановски Р: Кочо Недков К: Драган Салковски
16 мм, во боја, звучен, 250 м

## 408. ЉУБОВТА НА КОЧО ТОПЕНЧАРОВ

1991
Ин. број: 3544–М185/6; 3545–М185/6

Автентична приказна за Кочо Топенчаров, кој животот го минал во логорите во Албанија после Информбирото.

ДЕ: Охрид
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Антонио Митриќески Р: Антонио Митриќески К: Рафаел Марцијано
35 мм, во боја, звучен, 475 м

## 409. РОЗА

2000
Ин. број: 4513–М144/6; 4514–М144/6

Филм за хендикепираната Роза Мојсовска и нејзиниот пат до верата во живеењето и во бога.

ПР: Бирарија филм – Скопје
Р: Маја Младеновска К: Дејан Димески
35 мм, во боја, звучен, 500 м

## 410. РАСПЕАНИ ГРАДОВИ - БИТОЛА

Ин. број: 719–М111/6

Телевизиска музичка емисија во која, покрај тоа што имаме можност да слушнеме песни од Битола и Битолско, се гледаат и стари урбани објекти од градот.

ДЕ: Битола, стара градска архитектура; староградски песни; женско оро
ПР: Македонска телевизија
СЦ: Јонче Христовски; Благоја Андреев Р: Благоја Андреев К: Драги Таневски
16 мм, црно-бел, звучен

## 411. РАСПЕАНИ ГРАДОВИ - КРАТОВО

Ин. број: 718–М111/6

Во оваа музичка емисија, во која се поместени повеќе староградски песни од Кратово, имаме можност да ја видиме и старата градска архитектура на ова македонско гратче.

ДЕ: Кратово, стара градска архитектура, фортификации, мостови во Кратово; староградска облека; музички инструменти, песни и оро од Кратово
ПР: Македонска телевизија
СЦ: Јонче Христовски; Благоја Андреев Р: Благоја Андреев К: Драги Таневски; Јован Петровски
16 мм, црно-бел, звучен

## 412. РАСПЕАНИ ГРАДОВИ - РЕСЕН

Ин. број: 720–М111/6

Телевизиска музичка емисија во која можат да се слушнат песни од Ресен и Ресенско, а притоа се регистрирани природните убавини на овој крај, како и самиот град, кој сè уште се одликува со амбиентот на помал македонски град каде што централно место зазема чаршијата со разни занаетчиски дуќани.
ДЕ: Ресен, чаршија, занаети; македонска куќа, ентериер; староградски песни и игри; Преспанско Езеро
ПР: Македонска телевизија
СЦ: Јонче Христовски Р: Благоја Андреев К: Драги Таневски
16 мм, црно-бел, звучен

## 413. СЕЕЊЕ НА ОРИЗОТ

Подготвување на оризовото семе и процесот на сеење на оризот.
ДЕ: селски двор; волови, ѕевгар; биволи; ориз, миење, рачно сеење, поле
ПР: неидентификувано
СЦ: неидентификувано Р: неидентификувано К: Трајче Попов
35 мм, црно-бел, нем, 42 м

## 414. СЛОБОДНИ ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Ин. број: 3419–М180/1

Слободните технички активности што го преокупираат вниманието на учениците од основното училиште „11 Октомври“ од Скопје, моделарство, радиоаматеризам, фотоклуб.
ПР: неидентификувано
СЦ: Светислав Велисов Р: С.Велков; В.Шуман; З.Даниловиќ К: С.Велков; В.Шуман; З.Даниловиќ
16 мм, црно-бел, снимката на звукот одвоена од снимката на сликата, 105 м

## 415. СЛОБОДНИ ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ/2

Ин. број: 3405–М180/1

Во филмот се презентирани слободните технички активности со кои се занимаваат учениците од основното училиште „11 Октомври“ од Скопје. На крајот од филмот се гледа центарот на Скопје снимен од горен ракурс, како и реката Вардар.
ДЕ: Скопје, горен ракурс
ПР: непознато
СЦ: Светислав Велисов Р: С.Велков; В.Шуман; З.Даниловиќ К: С.Велков; В.Шуман; З.Даниловиќ
16мм, црно-бел, снимката на звукот одвоена од снимката на сликата, 114 м

## 416. ТИТО МЕЃУ НАС

Ин. број: 3917–М181/6

Филмот (материјалот што го поседуваме) е хронологија на посетите на претседателот Јосип Броз Тито на Македонија. Овој материјалот ги опфаќа посетите од 1957 сè до 1967 година. При реализација на филмот се користени веќе снимените филмови од продукцијата на Вардар филм, така што овој филм претставува компилација од оваа продукција. Препознатливи се поголеми делови од филмовите „Со Тито низ Македонија“ (1957), „Претседателот Тито се врати во земјата“ (1959), „Тито меѓу младината“ (1962), „Тито во железарницата“ (1967), потоа има кадри од повеќе филмови, кои го обработуваат скопскиот земјотрес и сл. Режисерот ја сведува на минимум интервенцијата на спикерот–наратор, а како тон–позадина ги истакнува говорите на претседателот, кои ги илустрира паралелно со прикажување на говорникот и темата за која зборува.

Овој филм не е комплетен. Недостасуваат првата ролна и дел од крајот. Насловот е земен според ознаките на стартните бланкови. Веројатно, станува збор за еден од филмовите „Помеѓу два илиндена “ или „Тито во Македонија“, двата од 1971 година а во продукција на ФРЗ.

ДЕ: Јосип Броз Тито, претседател на Југославија, посетите во Македонија, 1957, 1959, 1961, 1963, 1965, 1967; Лазар Колишевски, претседател на ЦК на СКМ, во придружба на Тито, 1957, 1959, 1961; хидроцентралата во Маврово, пуштање во погон, 19557; Битола, пречек на Тито, 1957, 1967; Милтон Манаки, го снима пристигањето на претседателот Тито во Битола 1957; Јованка Броз, придружба на Тито, 1957, 1959, 1961; Охрид, културно–историски споменици, 1957, 1967; митинг во центарот на Скопје, говори Тито, 1961; Крсте Црвенковски, претседател на ЦК на СКМ, 1963, 1965, 1967; Железара „Скопје“, пуштање во погон, 1967; Велес, панорама, пречек на Тито во Велес; Могила на непобедените, Прилеп, Тито полага венец, 1967

35 мм, црно–бел, звучен, 122 м

# АНИМИРАНИ ФИЛМОВИ

## 417. ВОДАЧ

1964
Ин. број: 733-M112/6; 729-M112/6; 730-M112/6; 731-M112/6; 732-M112/6; 733-M112/6; 734-M112/6; 735-M112/6; 2927-M404/6; 2928-M404/6; 2929-M404/6; 2930-M404/62008-M212/1; 2009-M212/1; 2010-M212/1

Филмот е правен според истоимениот расказ на Радое Домановиќ.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Божидар Виолиќ; Бранко Ранитовиќ Р: Бранко Ранитовиќ К: Среќко Бркиќ
35 мм, во боја, звучен, 120 м

## 418. ЕМБРИО НО. М.

1971
Ин. број: 979-M131/6; 736-M112/6; 760-M114/6; 2259-M227/1; 2260-M227/2

“Во вечната желба на секоја единка е да го оплоди светот, да го организира, да му даде смисла и идеја; еден човек докажувајќи ја својата идеја се крева до пиедестал на општествената машинерија за на крајот да стане жртва на својата идеологија.“

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Петар Глигоровски Р: Петар Глигоровски К: Мирко Вучиќевиќ АН: Петар Глигоровски
35 мм, во боја, звучен, 220 м

## 419. ГРАНИЦА

1976
Ин. број: 742–M112/6; 317–M87/6; 318–M87/6; 319–M87/6; 320–M87/6; 598–M104/6; 742–M112/6; 743–M112/6; 2289–M229/1; 3792–M281/1; 1803–M210/2; 2290–M229/2; 2536–M243/2; 2904–M402/3

Вечната тема „секој судир ги зајакнува границите" е презентирана со помош на анимацијата на многубројните колорирани топчиња.

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Иван Херцигоња АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 165 м

## 420. СТОП

1976
Ин. број: 761–M114/6; 976–M131/6; 1010–M134/6; 3317–M422/6; 3318–M422/6; 2252–M227/1; 2253–M227/1; 2254–M227/2

Филмот е посветен на VI светска галерија на карикатури - Скопје 74, на тема „Стоп". Неколку стотици карикатуристи од целиот свет со своите сатирични пораки укажуваат каде треба да застане човекот за човештвото да оди напред. Во филмот се користени карикатури од 54 автори, учесници на VI светска галерија на карикатури.

ДЕ: карикатури, од VI светска галерија на карикатури - Скопје 74

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: група автори Р: Дарко Марковиќ К: Теофил Башагиќ АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 288 м

## 421. ТРИ МИНУТИ ВО СВЕТОТ НА МИРОСЛАВ БАРТАК

1976
Ин. број: 762–M114/6; 874–M122/6; 2541–M244/2

Анимација на 32 карикатури кои беа изложени на Седмата светска галерија на карикатури во Скопје, како самостојна изложба на Мирослав Бартак од Чехословачка.

ДЕ: карикатури од Мирослав Бартак

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Теофил Башагиќ АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 102 м

## 422. ФЕНИКС

1976
Ин. број: 737–M112/6; 738–M112/6; 1008–M134/6; 3296–M421/6; 3297–M421/6; 3298–M421/6; 2248–M226/1; 2249–M226/2

Според мотивите на песната „Барбара" од Жак Превер. Птица што прави гнездо и потоа седнува врз него. Од гнездото по една трансформација на волу-

менот израснува град. Се појавува и јајцето, кое се трансформира во око, во кое се гледа море, следува повторна трансформација, овој пат тоа се жена и маж. Следуваат љубов и раѓање и повторно градот израснува од гнездо. Веќе се забележуваат предзнаците на катаклизмата што следува. Повторно се појавуваат почетните облици на филмот и следуваат слични трансформации, но овој пат со збогатени облици. Возови во движење, машини во работа и движење на луѓе. Повторно птицата феникс на истиот простор го гради своето гнездо.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Петар Глигоровски Р: Петар Глигоровски К: Мирко Вучиќевиќ АН: Петар Глигоровски
35 мм, во боја, звучен, 289 м

## 423. АДАМ (5 ДО 12)

1977
Ин. број: 724-М112/6; 725-М112/6; 726-М112/6; 727-М112/6; 728-М112/6; 2406-М237/1; 2407-М237/2

"Според библиското предание, првиот човек поминал по земјата во 5 минути до 12 часот. Тоа бил Адам и живеел 930 години." Долго време часовникот стои на 5 до 12 часот. Се поставува прашањето до кога? Зашто, кога ќе почне одбројувањето, крајот е неминовен (архивски снимки од војни).
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Петар Глигоровски Р: Петар Глигоровски К: Мирко Вучиќевиќ АН: Петар Глигоровски
35 мм, во боја, звучен, 150 м

## 424. БЕЛО ТОПЧЕ

1977
Ин. број: 774-М114/6; 773-М114/6; 977-М131/6; 978-М131/6; 3893-М187/6; 2543-М244/1; 2544-М244/2

Филмот е работен со анимација на топчиња во разни бои. Прикажан е човекот, неговиот карактер, т.е. неговата сугестивност, убедливост, неговото влијание врз другите луѓе. Проблемот е во човековиот интегритет и во борбата за негово зачувување.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Иван Херцигоња АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 100 м

## 425. БЛИЖНИ НАШИ...

1977
Ин. број: 876-М122/6; 2559-М244/1; 2560-М244/2

Анимациски приказ на десет различни теми со наслови: Слободно творештво, А н с, 69, Продуктивност, Автобиографија, Шутирање, Тиранија,

Технобирократија, Инвестиција и Ротација. Главните „јунаци“ на кратките стории се предмети што се дел од човековото секојдневие.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Боро Пејчинов Р: Боро Пејчинов К: Слободан Стојков АН: Боро Пејчинов
35 мм, во боја, звучен, 166 м

## 426. ПЕТ ФИЛМА ОД РАКА

1977
Ин. број: 768-M114/6; 769-M114/6; 770-M114/6; 3326-M142/6; 3327-M142/6; 2545-M244/1; 2546-M244/2

Со анимација на предмети, односно пантомимски движења на дланки, прикажани се во пет филмови, пет теми: љубов, корупција, ораторство, социјалниот проблем и зближувањето меѓу луѓето.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Иван Херцигоња
35 мм, во боја, звучен, 85м

## 427. СТРЕЛБИ

1977
Ин. број: 758-M114/6; 755-M114/6; 756-M114/6; 757-M114/6; 3311-M422/6; 2241-M226/1; 2242-M226/1; 2243-M226/2

Човекот постојано доаѓа во судир со стрелката како симбол на секојдневната ориентација и посочување. Во правецот на стрелката доаѓа раѓањето, како и смртта.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Иван Херцигоња АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 271 м

## 428. HOMO EKRANIKUS

1977
Ин. број: 772-M114/6; 3294-M421/6; 3295-M421/6; 3333-M142/6; 2553-M244/1; 2554-M244/2

Преку 17 различни ситуации и исто толку кадри се презентира човековата опседнатост со медиумот на телевизијата.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Делчо Михајлов Р: Делчо Михајлов К: Сања Пилиќ АН: Делчо Михајлов
35 мм, во боја, звучен, 107 м

## 429. БУКВАР ЗА ПИСМЕНИ

1978
Ин. број: 746-M113/6; 873-M122/6; 975-M131/6; 2267-M227/1; 2268-M227/2

Давајќи им на буквите и зборовите човечки дух и карактер, направен е обид на невообичаен начин да се разјаснат одредени поими и состојби на современиот човек.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Ненад Пукмајстер АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен

## 430. ОТПОР

1978
Ин. број: 751-М113/6; 752-М113/6; 753-М113/6; 1007-М134/6; 3337-М142/6; 2246-М226/1; 2247-М226/2

Филмот е работен со анимација на домашен алат (чекан, клешти, шајки). Едната од шајките никако не влегува во дрвото, не може да се закова. Асоцира на достоинството, издржливоста, непоколебливоста. Човек секогаш мора докрај да стои на (зад) своите принципи и определби. Волјата на човекот е нескршлива.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Боро Пејчинов Р: Боро Пејчинов К: Мирко Вучиќевиќ АН: Боро Пејчинов
35 мм, во боја, звучен, 172 м

## 431. ПОВЛЕЧИ-ПОТЕГНИ

1978
Ин. број: 785-М115/6; 786-М115/6; 3299-М421/6; 3300-М421/6; 3301-М421/6; 2555-М244/1; 2556-М244/2

Најобичното, секојдневно повлекување на јажето на казанчето во тоалетот, овој пат предизвикува необични и несекојдневни, непредвидливи ситуации. Автоматизмот на дејствието не е можно да се прекине, со што се доаѓа и до автоматизам на мислите, при што нема свесно расудување.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мице Јанкуловски Р: Мице Јанкуловски К: Ненад Пукмајстер АН: Мице Јанкуловски
35 мм, во боја, звучен, 84 м

## 432. РАСТЕЊЕ

1978
Ин. број: 877-М122/6; 2542-М244/1; 2568-М244/1; 2542-М244/2

Во само два кадра преку неочекуваното растење на саксијата наместо на светот - како метафора, се соочуваме со сопствената вечна зачуденост спрема светот надвор и во нас.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Боро Пејчинов Р: Боро Пејчинов К: Слободан Стојков
16 мм, во боја, звучен, 27 м

## 433. УСПЕХ

1978
Ин. број: 3331-M142/6; 3332-M142/6; 2547-M244/1; 2548-M244/2

Релативноста на успехот по кој човекот толку се стреми. Иако човекот успева да стигне до врвот, сепак не ја постигнува целта, затоа што не успева да се задржи на врвот.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Делчо Михајлов Р: Делчо Михајлов К: Сања Пилиќ АН: Делчо Михајлов
35 мм, во боја, звучен

## 434. ЛУДА ПТИЦА

1979
Ин. број: 744-M102/6; 875-M122/6; 3335-M142/6; 2402-M237/1; 2403-M237/2

Борба за зачувување на човековата средина и животот на Земјата, кои се сѐ повеќе загрозени.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славољуб Игњатовиќ Р: Славољуб Игњатовиќ К: Ненад Пукмајстер; Славољуб Игњатовиќ
35 мм, во боја, звучен, 140 м

## 435. ПОСЛЕДНИОТ ПРОЗОРЕЦ

1979
Ин. број: 3334-M142/6; 2601-M246/1; 2602-M246/2

Доколку внимателно и трпеливо не му се пријде на секој проблем неуспехот во неговото разрешување е неизбежен. Погледот низ прозорецот што не нуди ништо, доколку не се причека, е уште една приказна за еден човек, кој нема трпение детално и смирено да го проучи проблемот за кој постоело решение. По избрзаниот чекор, се разбира погрешен, тој ист прозорец нуди една поинаква глетка. Го нема веќе празниот ѕид. Секако тоа може да го види само оној којшто знае студиозно да им пријде на нештата и којшто умее да биде трпелив и смирен.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Ненад Пукмајстер
35 мм, во боја, звучен

## 436. ЦИРКУС

1979
Ин. број: 782-M115/6; 783-M115/6; 784-M115/6; 3328-M142/6; 3329-M142/6

Циркуска точка. Човек стои пред дрвена табла. Друг, на одредено растојание, фрлајќи ножеви ја оцртува силуетата на човекот пред таблата, забивајќи ги ножевите околу него. На крајот човекот што стои пред таблата паѓа мртов, прободен со нож во грбот. Homo homini lupus est. Од онаму од каде што најмалку се надеваш...

ПР: Вардар филм–Скопје
СЦ: Александар Блатник Р: Дарко Марковиќ К; Иван Херцигоња
35 мм, во боја, звучен, 50 м

## 437. ПАРАБОЛА

1980
Ин. број: 721–М111/6; 722–М111/6; 2603–М246/1; 2604–М246/2

Филмот ја изразува вечната дијалектика меѓу човекот и неговиот труд, поточно неговото дело. Човекот создава, вложува извонреден напор од една гранитна карпа во форма на коцка да создаде тркалезна топка. Откако сè ќе се заврши и топката ќе биде готова и светната, таа започнува да се тркала по надолнината, при што во парабола, повторно се враќа и го прегазува човекот.

ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Мирослав Грчев Р: Мирослав Грчев К: Валерија Радановиќ АН: Мирослав Грчев
35 мм, во боја, звучен, 150 м

## 438. РАКА

1980
Ин. број: 747–М113/6

Преку дланката, метафорично е претставена судбинската животна енергија, која низ животот го води човекот. Со згаснувањето на животот на раката, престанува и човековото битисување. За да не дојде до тоа, потребни се извонредна храброст, самостојност и животен полет.

ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Иван Херцигоња; Теофил Башагиќ; Валерија Радановиќ; Фрањо Малогорски АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 300 м

## 439. ЦРНО ЗНАМЕ

1980
Ин. број: 775–М115/6; 776–М115/6; 1012–М134/6; 2549–М244/1; 2550–М244/2

Со голема група луѓе лесно е да се командува. Масата лесно се води од еден човек, под едно знаме, па макар тоа и да е погрешно. Корista е голема, но само за предводникот. Човек со црно знаме во рацете предводи голема група луѓе. Масата ги слуша командите на водачот, и покрај тоа што тој ги води во бездна. Меѓутоа, знамето што тој го носи е врзано за дрво, и од масата што пропаѓа, се спасува само предводникот, качувајќи се по знамето. Филмот има 15 кадри.

ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Мирослав Грчев Р: Мирослав Грчев К: Теофил Башагиќ
35 мм, во боја, звучен, 40 м

## 440. ШОУ

1980
Ин. број: 779-М115/6

Циркуска арена. Човек, кротител на лавови, и лав. Кротителот ја става главата во устата на лавот. Лавот му ја јаде главата и ја вади маската. Под маската се појавува човек.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ѓуро Варга Р: Славољуб Игњатовиќ К: Ненад Пукмајстер
35 мм, во боја, звучен, 40 м

## 441. ДЕМАГОГ

1982
Ин. број: 777-М115/6; 778-М115/6; 1013-М134/6; 2563-М244/1; 2564-М244/2

Проблемот е уште во зачетокот. Јајцето. Од него излегува птица, во кафез?! Човекот со сите сили ја убедува, ја учи птицата да лета. Ни зборовите, ни делата не помагаат. Кафезот е посилен и од птицата и од демагогот. На крај и тој завршува како и птицата. Во кафез. Не е сè во убавите зборови. И од нив има нешто посилно...

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славољуб Игњатовиќ Р: Славољуб Игњатовиќ К: Ненад Пукмајстер
35 мм, во боја, звучен, 85 м

## 442. ЉУБОВНА ПРИКАЗНА

1982
Ин. број: 787-М115/6

Филмот е составен од 17 кадри во кои човек влегува во кафеана, пие едно по друго и се опијанува. На шанкот близу него седи жена, тој ѝ се доближува испивајќи ги чашите наредени до неа и кога доаѓа до неа ја испива и последната и паѓа на земја опијанет. Тогаш забележуваме дека тоа е само кукла, мамка за пијаниот гостин. Светот во кој живееме до таа мера е комерцијализиран, при што не се бираат средства за да се оствари профит.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Делчо Михајлов Р: Делчо Михајлов К: Ненад Пукмајстер
35 мм, во боја, звучен, 68 м

## 443. ЧИСТАЧ

1982
Ин. број: 780-М115/6; 1011-М134/6; 3894-М187/6; 2557-М244/1; 2558-М244/2

Власта е слатка. Еднаш кога ќе се земе, со сите средства се брани. Токму поради тоа, диктаторот живее во постојан страв да не ја загуби власта. Тој го ликвидира сето она што би можело да му ја загрози положбата, па макар тоа била и фиктивна опасност.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Милутин Рогановиќ Р: Милутин Рогановиќ К: Милена Ѓурѓевиќ АН: Милутин Рогановиќ
35 мм, во боја, звучен, 75 м

## 444. А (УФО)

1985
Ин. број: 739-M112/6; 740-M112/6; 741-M112/6; 2427-M238/1; 2428-M238/1; 2429-M238/2; 2430-M238/2

Од искона, кај човекот постои судир меѓу силите на доброто и злото. Повремено злите сили се надвиснуваат и врз поединецот, а и врз целото човештво, што предизвикува катаклизмични состојби, кои во крајна линија значат самоуништување на човештвото. Тоа, секако, се војните со современо оружје, чии последици најдобро ги чувствуваат жителите на Хирошима и Нагасаки врз кои се исфрлени двете атомски бомби. Овој филм ја одбележува, на метафоричен начин, заканата од војните, при што преку сликите на стравотиите од последиците на атомската бомба во Хирошима, се изразува апел до човештвото, тоа веќе никогаш да не се повтори.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Петар Глигоровски Р: Петар Глигоровски К: Мирко Вучиќевиќ М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 208 м

## 445. СЕПАК СЕ ДВИЖИ

1985
Ин. број: 764-M114/6; 765-M114/6; 766-M114/6; 767-M114/6; 2576-M245/6

Преку песочниот часовник, кој метафорично го претставува незапирливиот тек на движењето, односно на циклусот на живеење, претставен е, отпрвин поединецот, за понатаму, преку колективизмот и структуралната симбиоза на индивидуите да се одбележи целокупното човештво во рамките на затворениот животен круг, наречен битисување.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Боро Пејчинов Р: Боро Пејчинов К: Петар Ќортошев АН: Боро Пејчинов
35 мм, во боја, звучен, 40 м

## 446. БУШАВА АЗБУКА

(1980-1986)

Цртаните секвенци од телевизиската серија „Бушава азбука" се поврзани целина преку која е предадена целосната македонска азбука на интересен, забавен и популарен ненаметлив начин. Секоја буква има свој збор и своја анимација.
ПР: Македонска телевизија

СЦ: Душан Петричиќ Р: Душан Петричиќ К: Пепи Ќортошев
16 мм, во боја, звучен, 95 м

## 447. НАПРЕД-НАЗАД

1986
Ин. број: 745-М112/6; 2282-М229/1; 2283-М229/2

Во град, низ улиците еден човек постојано се движи наназад. Во тоа движење, тој доживува разни незгоди, се удира во улична светилка, пропаѓа во шахта, наназад се прекачува преку ѕид и др. Избркан од берберски дуќан, го среќава друг човек, кој најпрвин е вчудоневиден, но потоа го советува и го подучува дека треба да се движи напред. Восхитен од глетката кон една прекрасна градина со цвеќе, човекот навистина тргнува напред. Стигнува до градината и токму кога се наведнува да набере од прекрасното цвеќе, од зад грб го напаѓа хомосексуалец.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Ненад Пукмајстер АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 130 м

## 448. ТОА Е МОЈОТ ЖИВОТ

1986
Ин. број: 665-М107/6; 2284-М229/1; 2285-М229/2

Филмот е комбинација од анимација и играни секвенци. И во двата дела сврзно ткиво е чукањето на врата. Тоа е приказна за човек што се наоѓа во разни ситуации за време на својот живот, па дури и да биде стрелан, при што по секоја од тие ситуации слуша чукање на врата и кога ја отвора, се појавува човек пред неа што го удира по главата. Тоа е анимираниот дел, кој има 32 кадра. Играниот дел е составен од 18 кадри, поделени во две секвенци. Во првата секвенца, аниматорот го прави веќе видениот цртан филм, слуша чукање на вратата и кога ја отвора, и него го удира човек по главата. Во втората секвенца, жена прави збир од фотографии на кои е аниматорот во разни ситуации, и одеднаш слуша чукање на вратата. Се појавува дилемата дали да ја отвори вратата?
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Боро Пејчинов Р: Боро Пејчинов К: Слободан Стојков М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 270 м

## 449. ФИЛМ ОД ХАРТИЈА

1986
Ин. број: 723-М111/6

Филмот зборува за пренагласените бирократски односи кои владеат во административниот апарат, особено во управните органи, каде што раководните лица ги затрупуваат со огромни топови хартија, во вид на материјали за седница. Изразена е и безизлезност дека дури и во вселената, на друга планета, постојат

истите тие бирократски односи. Инаку, филмот е составен од 61 кадар.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Дарко Марковиќ К: Ненад Пукмајстер АН: Дарко Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 145 м

## 450. АПАРТМАН

1988
Ин. број: 754-М114/6; 2199-М223/1; 2200-М223/2

Заедничкото живеење започнува многу порано. Куќата ја прават сите оние што ќе живеат заедно во неа. Но, кога таа е готова, системот се распаѓа околу едно најобично Веце. Сите не можат истовремено да го користат. Затоа, секој си прави сопствено, но набргу куќата целата се распаѓа. Не минува многу, повторно сите се заедно и работата почнува одново.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Афродита Марковиќ Р: Афродита Марковиќ К: Ненад Пукмајстер
АН: Афродита Марковиќ
35 мм, комбинација на црно-бело и боја, звучен, 185 м

## 451. (НАЈ)ТЕШКОТО

1988
Ин. број: 771-М114/6; 3892-М187/6

Сатиричен приказ на националното оро „Тешкото“ во кој е вметнат синдромот на меѓусебното човечко уништување.

ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Дарко Марковиќ Р: Афродита Марковиќ К: Ненад Пукмајстер; Мирослав Ерцеговиќ АН: Афродита Марковиќ
35 мм, во боја, звучен, 40 м

# ИГРАНИ ФИЛМОВИ

## 452. ФРОСИНА

1952

Ин. број: 61-M19/6; 3480-M60/6; 1-M1/1; 2-M1/1; 3-M1/1; 4-M1/2; 5-M1/2; 6-M1/3; 7-M1/3; 3862-M288/1

Фросина е една од многуте измачени македонски печалбарски жени, кои со мажачката не го добиле вистинското семејно огниште, туку се обремениле со сите проблеми што кои ги носи животот. По краткотрајните престојувања на мажот дома, таа раѓа деца, кои поради сиромаштијата се кусовечни. Фросина е сама и кога ги раѓа и кога тие умираат. Единствено Климе, нејзиното последно дете, ги совладува сите болести што ги демнеат децата и расте пред очите на Фросина како нејзина последна и единствена радост. Доаѓа војната. Климе заработува ловејќи риба со постарите рибари. Тоа е момче со сите манифестации својствени на неговата возраст. Неговата љубов останува залудна поради различните социјални средини на кои им припаѓаат тој и неговата сакана. Средбата со ранетиот партизан Крсте прави од Климе, дотогашен пасивен симпатизер, активен учесник во борбата против окупаторот. Мајката Фросина останува сама, во постојан страв за животот на синот. Доаѓа и денот кога партизаните влегуваат во градот. Со нив е и Климе, кој доаѓа да ја види својата мајка. По неговото заминување Фросина ја забележува крвта на своите раце и го бара низ градот, на чии улици се водат борби. Тешко ранетиот Климе умира на рацете на својата мајка. Борците заминуваат. Мајката Фросина останува сама со својата болка.

ДЕ: Стара македонска архитектура; црква Св. Јован Канео, Охрид; Разбој; Движење на отпорот; македонски партизани; мајчина љубов

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Владо Малески Р: Воислав Нановиќ К: Киро Билбиловски М: Миланка Нановиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 2107 м

## 453. ВОЛЧА НОЌ

1955
Ин. број: 62-М19/6; 63-М19/6; 9-М2/1; 3858-М286/2

Ноќ во планински предел во делот на Македонија под бугарска окупација. Уште една офанзива, чија цел е да се оневозможи партизанското дејствување. Одредот партизани е соочен со можниот напад на окупаторот. Затоа заминува од теренот оставајќи зад себе, како отстапница, една своја десеттина предводена од десетарот Божин. Оваа група борци има задача три часа да ја задржи својата позиција, за потоа да му се придружи на одредот на место што му е познато само на десетарот. Десетарот заминува во извидување. Времето изминува, а Божин не се враќа. Партизаните се наоѓаат во дилема дали да заминат. Една бугарска извидница наидува на нивното засолниште и доаѓа до престрелка во која гине стариот Паун. Останувањето на старата позиција е веќе невозможно и групата партизани заминува во потрага по одредот. Десетарот Божин, кој беше заробен од бугарските војници, успева да побегне, но на местото каде што беше десеттината го наоѓа само загинатиот. Започнува кошмарно талкање на десеттината и на нејзиниот десетар во ноќта во која снегот, студот, заморот и потерата се подеднакво опасни и за физичкиот и за духовниот интегритет на групата. Притоа, гинат Благоја и Стане, а партизанката Вела е обесена од бугарските војници заедно со жената на десетарот Божин, која ја заштити во својата куќа. Последниот жив од групата, партизанот Марко, талка низ планината гонет од глутница волци. Го спасуваат другарите од одредот. Доаѓа и Божин носејќи го синот на раце. Повторно е ноќ. Одредот спие. Единствено се будни Божин и Марко кои молчешкум се обидуваат да ги разрешат дилемите што зад себе ги остави изминатата волча ноќ.
ДЕ: македонска селска куќа; народна носија; партизани; II светска војна
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Франце Штиглиц К: Бранко Михајловски; Љубе Петковски М: Воислав-Вања Бјењаш
35 мм, црно-бел, звучен, 2260 м

## 454. МАЛИОТ ЧОВЕК

1957
Ин. број: 3490-М64/6; 65-М20/6; 128-М41/6; 3471-М57/6; 3472-М57/6; 3482-М61/1; 64-М19/6; 10-М2/1; 11-М3/1/2; 3863-М288/2

Мишо е дете на разведени родители. Живее со мајката, која не му обрнува многу внимание и малку време минува со синот. Случајното кршење на излогот на слаткарницата, средбата со љубовникот на мајката и инцидентот во училиштето се случуваат едно по друго и ги потенцираат збрката и тагата во детската душа. Мишо бега од училиштето и на брегот на реката наоѓа нови другари не претпоставувајќи дека тоа се мали крадци предводени од возрасниот Бајо, кој

за разлика од неговата мајка знае да разговара со него. Мајката го пријавува исчезнувањето на детето во милиција. Бајо, кој му понудува засолниште на малиот Мишо, прави план за ограбување на една продавница во која е можно да се влезе низ мал прозорец. За таа цел го користи Мишо. Соочен со вистината, Мишо го привлекува вниманието на милицијата кршејќи го излогот на продавницата. Бајо е фатен, а малиот човек трчајќи заминува во ноќта.
ДЕ: Белград, улици; кеј, на реката Сава; пловни објекти, на реката Сава; Сава, кеј
ПР: Вардар филм – Скопје
СЦ: Жика Чукулиќ; Светолик Маричиќ; Ѓорѓе Радишиќ; Јосип Новак Р: Жика Чукулиќ К: Јосип Новак М: Маја Лазаров; Нева Хабиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 2300 м

## 455. ДУБРОВСКИ

1958
Ин. број: 127-М41/6; 3531-М77/6

Додека Владимир Андреевич Дубровски службува во царската гарда и притоа достигнува до капетанскиот чин, неговиот стар татко Андреј Гаврилович Дубровски живее на имотот Кристењевка. Имотот на стариот благородник граничи со оној на Кирил Петрович, богат човек со сомнително потекло, кој сакајќи да ја земе Кристењевка фалсификува документи за своето потекло. Така тој му го одзема имотот на стариот Андреј Дубровски, кој поради тоа добива срцев напад. Во исто време, во селото се враќа неговиот син Влад Дубровски и таткото му умира на раце. Повеќето од селаните на стариот господар бегаат од имотот, а нив ги предводи синот на починатиот господар, кој поради пожарот во кој гори семејната куќа е прогласен за мртов. Правејќи план како да го врати одземениот имот, го грабнува учителот Французин, кој треба да го подучува синот на Кирил Петрович и лажно претставувајќи се влегува во домот на својот непријател. Додека ја врши улогата на учител, Дубровски се запознава и со Пафнутич, сликар, судски калиграф и фалсификатор на документите, кои ги чува во своето ателје. За разлика од својот татко, Маша, ќерката на Кирил Петрович, е благородна млада дама, која се вљубува во учителот затоа што многу ја потсетува на нејзината љубов од детството, соседот Владимир Дубровски. Откако го составува мозаикот на измамата, Дубровски се договара со своите селани како да ги земат доказите и во мешаницата што настанува тој ѝ го открива својот идентитет на Маша. Таа бега заедно со него во збегот каде што наскоро напаѓаат луѓето на нејзиниот татко. Маша е ранета, силите на Кирил Петрович претрпуваат пораз, а селаните што се ослободени од младиот господар заедно со него и Маша се враќаат на имотот.
ПР: Вардар филм - Скопје ; Хесперија-филм, Рим
СЦ: Акос Толнаи; Џино де Санктис; Сценариото е напишано според новелата „Дубровски“ на Александар Сергеевич Пушкин. Р: Вилијам Дитерле К: Алдо Џордани М: Роберто Чинквини
35 мм, во боја, звучен, 2815 м

## 456. МИС СТОН

1958

Ин. број: 66–M20/6; 67–M20/6; 68–M20/6; 169–M54/6; 3481–M61/6; 3487–M63/6; 3488–M63/6; 12–M3/1; 3861–M287/2; 13–M3/8

1901 година. Во Македонија расте отпорот против Отоманската Империја. Многубројни чети комити сведочат за готовноста на македонскиот народ да се бори за својата слобода. Во исто време, разни верски мисии се обидуваат да го прошират своето влијание меѓу народот. Во Солун се наоѓа центарот на американската протестантска мисија за Македонија. По добиената дозвола за отворање верски курс во село Банско, мисионерите тргнуваат на пат. Во мисионерската група се Елен Стон, Американка, и брачниот пар Цилка, Македонци воспитувани во Америка. Нивното заминување од Солун ќе го искористи ВМРО како начин пред светската јавност да се проговори за состојбата во Македонија и да се овозможи вооружување на нови чети комити. Со таа цел, четата на Јане Сандански ја грабнува Елен Стон и за неа од турската влада бара откуп во висина од 25. 000 златни лири. Во почетокот, Мис Стон, пацифистички ориентирана, не се согласува со барањето на комитите, за потоа, минувајќи низ борби со турскиот аскер и станувајќи сведок на ѕверствата на кои е изложен незаштитениот народ, да застане на страната на комитите и да го потпише писмото со кое барањата на ВМРО ќе бидат исполнети.

ДЕ: македонско население; македонско село; ентериер на македонска куќа; екстериер на македонска куќа; комити; турски аскер; битка меѓу комити и турски аскер

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Ѓорѓи Абаџиев, според историски настан; Трајче Попов, според историски настан Р: Жика Митровиќ К: Миша Стојановиќ М: Воислав-Вања Бјењаш

35 мм, во боја, звучен, 2610 м

## 457. ВИЗА НА ЗЛОТО

1959

Ин. број: 69–M21/6; 70–M21/6; 129–M41/6; 157–M49/6; 3498–M66/6; 3526–M76/6; 3527–M76/6; 15–M4/1; 3856–M285/1; 14–M4/1/2; 3745–M17/2; 3857–M286/6

Симон, млад човек што решил бргу да се збогати, учествува во шверцувањето на марихуана. При една средба со човекот кому што треба да му ја предаде стоката ги открива милиција. Бегајќи, Симон го губи паричникот и претпоставува дека поради тоа неговиот идентитет ѝ е познат на милицијата. Калпак, бескрупулозен човек и организатор на оваа шверцерска група, инсистира тој и Симон да заминат од земјата. Симон се согласува илегално да ја помине границата. Во аферата случајно се вмешуваат Лена, девојка на Симон, и Цветко, негов брат. На пат тргнуваат сите заедно. Лена се обидува да го убеди Симона да се предаде на власта, но аргументите на Калпак, кој манипулира со изгубениот паричник, се појаки. Во обидот сите заедно да го минат езерото, со украден чамец и гонети од милицијата, Калпак загинува, Симон е ранет, а девојката Лена ја истура марихуаната во езерските води.

ДЕ: Скопје, панорама; Стара чаршија, скопска... ноќе; Камен мост, во Скопје, со

поранешните скали од едната страна; бар; Дојранско Езеро, крајбрежје, панорама
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Франце Штиглиц К: Бранко Михајловски М: Јелена Бјеќаш; Воислав-Вања Бјеќаш
35 мм, црно-бел, звучен, 2430 м

## 458. ТРИ АНИ

1959
Ин. број: 71-M21/6; 72-M21/6; 3504-M69/6; 3524-M75/6; 16-M4/1; 3860-M287/2

Пензионираниот железничар Марко Петриќ ги живее монотоно своите пензионерски денови сè до оној момент кога ја открива можноста дека неговата ќерка Ана ја преживеала војната. Започнува да трага по неа преку Црвениот крст и печатот. На неговата адреса пристигнуваат податоците за три млади жени од кои секоја подеднакво ја има можноста да биде неговата ќерка Ана. Најпосле, стариот Марко, сепак доаѓа до сознанието дека вистинската Ана загинала во војната.
ДЕ: II светска војна; распад на семејство; Црвен крст; барање на исчезнати во војната
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Слободан Глумац Р: Бранко Бауер К: Бранко Блажина М: Радојка Иванчевиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 2390 м

## 459. МИРНО ЛЕТО

1961
Ин. број: 73-M22/6; 74-M22/6; 130-M42/6; 3502-M67/6; 3521-M75/6; 3854-M284/1; 3855-M285/2; 17-M4/1/2; 18-M5/1/2

Младиот научен работник Заре Мисевски и неговата сопруга Мира, костимограф во театар, живеат во изнајмена соба како потстанари, постојано изложени на вознемирувања и љубопитност на соседите. Во вакви околности, на Заре му се доделени клучевите на Етнографскиот музеј во Охрид, заради негово средување, што за семејството Мисевски значи бегство во оаза на мир и тишина, за време на трите летни месеци, колку што треба да престојуваат во Охрид. Сакајќи својата радост да ја споделат со пријателите, Заре и Мира, секој за себе, раскажуваат за добиената „премија". Лето е, Заре и Мира се веќе во Охрид, во музејската зграда. Заре работи на својот проект, а Мира слика и се труди да не му пречи во работата. Но, проблемите почнуваат кога еден ден на гости им доаѓа колешката на Мира, Дара Љубина, разочарана од неславниот крај на последната љубовна врска. Револтот на Заре сè уште не е стивнат, а во нивниот привремен дом доаѓа Нестор Гиевски, некогашен факултетски професор на Заре, кој патувајќи кон Атина, наминал кај нив на одмор. На новонастанатата ситуација Заре и Мира бргу се привикнуваат, но не за долго. Братот на Мира, со своето друштво, дошол на гости кај сестрата и зетот. Инвазијата на музејот продолжува. Во дворот на музејот стигнуваат стрикото и стрината на Заре, и семејството Поп-Коцеви, кои, имајќи проблеми со сместувањето, по покана на стрико Тале дошле

во музејот. Ситуацијата во куќата веќе не може да се контролира, владее општ метеж. Сета оваа бркотница ќе се расчисти дури откако сопругата на Заре, изнервирана и лута, ќе побара мир во хотелот. Гостите конечно сфаќаат дека не можат веќе да сметаат на толерантноста на домаќините и го напуштаат музејот. Мира се враќа дома, сè е мирно. Заре повторно ќе може да работи, а Мира да слика. Но, не за долго, бидејќи новите гости веќе пристигнуваат.
ДЕ: Скопје, Стара железничка станица; Охрид, панорама; црква „Св. Јован Канео“, во Охрид; чинарот, во Охрид; Охридско Езеро; црква „Св. Климент“, „Св. Богородица Перивлептос“ во Охрид; архитектура, стара охридска куќа
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Фрида Филиповиќ Р: Димитрие Османли К: Љубе Петковски М: Маја Лазаров
35 мм, црно-бел, звучен, 2700 м

## 460. СОЛУНСКИ АТЕНТАТОРИ

1961
Ин. број: 23-М6/6; 77-М23/6; 78-М23/6; 158-М50/6; 173-М55/6; 3469-М57/6; 3491-М6/6; 19-М5/1; 20-М5/2; 21-М5/1; 3867-М289/6; 3868-М289/2; 22-М5/4

Во почетокот на XX век, Македонија и понатаму се наоѓа во ропска положба под власта на Отоманската Империја. Како одговор на теророт на кој е изложен македонскиот народ, меѓу другото, се појавуваат и акциите на гемиџиите во Солун. Сакајќи да го привлечат вниманието на светската јавност врз Македонија, гемиџиите, група македонски анархо-социјалисти, синови на богати трговци, кои се под влијание на руската нихилистичка литература и идеите на женевските анархисти, во април 1903 година, решаваат да извршат низа напади на објекти во Солун во кои е инвестиран странски капитал. Целта на овие напади се: францускиот брод „Гвадалкивир“, Отоманската банка, Електричната централа, Поштата. Оружјето со кое се подготвуваат да ги извршат своите акции Коста Кирков, Орце Поп-Јорданов, Илија Трчков, Павле Шатев, Димитар Мечев, Пингов и Иван Попов го снабдуваат, меѓу другото, и преку трговската фирма на Кирков. Подготовките се вршат во голема тајност, но власта сепак претпоставува одредени терористички напади. За ден на нападите е одбрана ноќта на карневалските свечености кога во објектите одбрани за акција нема луѓе. Акциите се извршуваат синхронизирано и во нив, како што и пред тоа беше одлучено, гинат повеќето од учесниците, свесно жртвувајќи го својот живот за иднината на слободна Македонија.
ДЕ: Куршумли-ан, пред 26. 07. 1963; автентичен историски настан; тероризам; турски аскер; Солун
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Бошковски Р: Жика Митровиќ К: Љубе Петковски М: Катарина Стојановиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 2900 м

## 461. ПОД ИСТО НЕБО

1964

Ин. број: 75–М22/6; 76–М22/6; 161–М51/6, 3513–М71/6; 3514–М71/6; 3865–М288/1; 24–М6/2; 25–М6/1/2

По капитулацијата на Италија во западниот дел на Македонија, кој беше под италијанска окупација, власта ја преземаат балистите. Подготвувајќи се да го нападнат градот, партизаните праќаат тројца борци, кои со акции би го свртеле вниманието на балистите од вистинската акција. При случајна средба на тројцата партизани со балистите во градот, гине братот на Мифтар. Мифтар, кој е водач на балистите, ги бара партизаните. Ги претресува куќите и уценувајќи го стариот Реџеп открива дека тие се наоѓаат во куќата на неговиот сосед Крсте. Скривницата во која се наоѓаат двајца партизани балистите не успеваат да ја откријат. Крсте е готов да го жртвува и својот живот, но Мифтар сака да се одмазди и го убива неговиот внук. Во тој момент, доаѓа до жестока пресметка во која учествува и третиот партизан, кој се засолнил во блиската џамија, а започнува и нападот на градот во кој влегуваат ослободителите.

ДЕ: џамија; архитектура, на стара македонска градска куќа; ентериер на муслиманска куќа

ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Јован Бошковски Р: Миомир Стаменковиќ; Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Јелена Бјењаш

35 мм, црно-бел, звучен, 2090 м

## 462. ДЕНОВИ НА ИСКУШЕНИЕ

1965

Ин. број: 79–М24/6; 80–М24/6; 131–М42/6; 132–М42/6; 133–М42/6; 134–М42/6; 3474–М58/6; 26–М7/1; 27–М7/1/2; 29–М8/2; 30–М8/1/2; 28–М7/4

По завршувањето на Балканските и Првата светска војна, во 1918 година, повеќе стотини Македонци емигрираат во Бугарија. Меѓу нив се и врховистички ориентираните Македонци, кои сакаат емиграцијата да ја искористат за свои политички цели. Се елиминираат повеќемина чесни борци за слободата на Македонија. Во еден од атентатите, организирани во Софија, убиен е и Ѓорче Петров. Атентаторот е младо момче, кое не знае дека го убива човекот што е еден од последните вистински пропагатори и борци за слободна Македонија. Сознанието дека е вовлечен во редовите на врховистите и искористен за извршување на овој подол чин, значи смртна пресуда и за него.

ДЕ: воз, пристигнува на железничка станица; железничка станица; ентериер на богата куќа; стар фотографски апарат; песна, за Гоце Делчев; пајтон; гробишта (закоп)

ПР: Вардар филм – Скопје

СЦ: Димитар Солев; Гане Тодоровски; Бранко Гапо, според драмата на Коле Чашуле „Црнила“ Р: Бранко Гапо К: Киро Билбиловски М: Блаженка Јенчиќ

35 мм, црно-бел, звучен, 2600 м

## 463. ДО ПОБЕДАТА И ПО НЕА

1966

Ин. број: 36–М9/6; 83–М25/6; 84–М25/6; 134–М43/6; 135–М43/6; 137–М43/6; 162–М51/6; 8–М2/1; 31–М8/1; 32–М8/2; 33–М8/1/2; 34–М9/1/2; 35–М9/4

Во последниот ден од окупацијата, жителите на едно мало македонско гратче се сведоци на уште еден крвав чин на окупаторот - стрелање на 12 родољуби, предадени од соработник на окупаторот. И во овој случај, како и повеќепати пред тоа, предавникот останува непознат за неговите сограѓани. Веќе утредента партизаните влегуваат во градот. Населението учествува во правењето барикади и го оневозможува повлекувањето на непријателот. Заробен е бугарскиот мајор со неговите соработници. Комесарот на одредот дознава дека меѓу стреланите е и неговиот син, непосредно пред тоа испратен во градот, со задача да го открие соработникот на окупаторот. Комесарот стоички ја прима веста за загубата. Тој не му дозволува на народот одмазда врз крвниците. Меѓу заробените, на денот на ослободувањето, по барање на народот, се наоѓаат и оние што според јавното мислење соработувале, или пак, имале каква било врска со окупаторот. Сите тие, следени од долга колона сограѓани, тргнуваат на пат до соседното место каде што Народниот суд треба да им суди за злоделата. На овој пат стануваат јасни одредени судбини и групата на обвинетите се намалува. Случајот прави да се открие и виновникот за многубројните провали во партиската организација. По патот, по кратка престрелка, партизаните заробуваат група германски војници. Пристигнуваат на железничка станица каде што е крајот на патот. Пристигнува возот. Додека партизаните полни со оптимизам заминуваат, покрај пругата остануваат нивните придружници и патот што повторно мораат да го минат.

ДЕ: нацизам; воени заробеници; партизани; меана; стрелање (играна секвенца); улични борби (играна секвенца); Втора светска војна

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Симон Дракул Р: Жика Митровиќ К: Љубе Петковски М: Катарина Стојановиќ
35 мм, црно-бел, звучен, 2620 м

## 464. КАДЕ ПО ДОЖДОТ

1967

Ин. број: 81–М24/6; 82–М24/6; 139–М44/6; 3470–М57/6; 3473–М58/6; 37–М10/1; 38–М10/1; 39–М10/2

Лела е ќерка на родители чиешто учество во војната им овозможило успешни кариери. Таа ги има сите предуслови за лесна и богата егзистенција. Можеби затоа, младата девојка се спротивставува на малограѓанското разбирање на животот. Момчето за кое треба да се мажи, во почетокот толку инспиративно во своите постапки и размислувања, сега значи уште едно разочарување повеќе. Некогаш туѓ, конформизмот и за него станува единствен начин на живот. Поради тоа, Лела од каприц влегува во краткотрајна врска со едно сосема непознато момче. Не можејќи докрај да се спротивстави на наметнатите норми на средината во која се наоѓа, таа го прифаќа и го прави она што другите го очекуваат и го бараат од неа. Филмот завршува со текстот: "Постои време за плач и време за смеа... време кога се стекнува и време кога се губи", од книгата на Пророкот, глава 3.

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Јован Ќирилов Р: Владан Слијепчевиќ К: Киро Билбиловски М: Маја Лазаров
35 мм, црно-бел, звучен, 2472 м

## 465. МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА

1967
Ин. број: 89-М26/6; 90-М26/6; 140-М44/6; 155-М48/6; 3523-М75/6; 3525-М76/6; 43-М12/1; 44-М12/2; 45-М12/1; 3859-М287/2

Додека во втората половина на XIX век Европа ја потресуваат буржоаските револуции, Македонија сѐ уште егзистира во рамките на закоравената феудална Турција. Македонскиот народ е изложен на самоволието на турските феудални земјопоседници. Во царството владеат анархија и терор врз незаштитениот народ... На имотот на еден од многубројните бегови во Македонија, работат „неговите" селани. Време е за жетва. Бегот гони еден Турчин, кој поради своите прогресивни идеи мора да биде казнет. Во бегството му помага овчарот Спасе. Трагата по избеганиот Турчин го доведува аскерот до жетварите. Меѓу нив е и селската девојка Цвета, чија убавина не може да остане незабележана. Бегот ја грабнува девојката. Ја носи во својот сарај меѓу другите жени од харемот. Ветувањата за лесен живот, како една од неговите жени, не се доволни да ја убедат Цвета да ја промени верата и да се откаже од своите. Нејзините соселани, предводени од попот и овчарот Спасе, саканиот на Цвета, го бараат нејзиното ослободување. Во случајот се ангажираат и дипломатските претставници на големите сили со седиште во Битола и девојката е ослободена. Но, на денот на нејзината свадба доаѓа бегот со своите војници. Цвета гине, Спасе го убива бегот и заминува во комити.
ДЕ: ентериер на беговска куќа; селска православна црква; жетва (играна секвенца); машко оро, свадбарско
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски, според мотивите од истоимената драма на Војдан Чернодрински Р: Трајче Попов К: Киро Билбиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 2750 м

## 466. МЕМЕНТО

1967
Ин. број: 87-М26/6; 88-М26/6; 138-М44/6; 159-М50/6; 174-М55/6; 3497-М66/6; 3499-М66/6; 40-М11/1; 41-М11/2; 42-М11/1/2

Еден ден спроти земјотресот во Скопје, се запознаваат Вили Милер, германски диригент на пропатување низ Македонија, и Јана, млада девојка, студентка. Нивната повторна средба е по неколку години кога Вили Милер диригира еден концерт на Средбата на солидарноста во Скопје. Тие неколку дена минати заедно се исполнети со своевидна реминисценција на Јана за доживеаната семејна трагедија, за нејзините талкања и барање начин повторно да се започне животот запрен на денот на земјотресот. Можноста да замине со Милер е привлечна, но Јана останува во Скопје. Нејзиното место е покрај момчето за кое ја врзува вистинска љубов.

ДЕ: старо скопско маало; расчистување на урнатини, по земјотресот во Скопје на 26 јули 1963 година; шаторска населба „Парк“; гробишта, скопски... „Бутел“; Брандебуршка порта; Берлин, по Втората светска војна; Офицерскиот дом, по скопската катастрофа; концентрационен логор; Хирошима; Ѕидот на плачот, во Ерусалим; војна, на море; војна, во пустиња; терасата, на „Матка“
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Бошковски; Ташко Георгиевски; Димитрие Османли Р: Димитрие Османли К: Бранко Михајловски М: Маја Лазаров
35 мм, црно-бел, звучен, 2625 м

## 467. ПЛАНИНАТА НА ГНЕВОТ

1968
Ин. број: 85-М25/6; 86-М25/6; 3484-М61/6; 46-М13/1; 47-М13/2

По Втората светска војна, ослободувањето на земјата и победата на социјалистичката револуција, настапува време на обнова. Тоа е и време кога се инсистира на колективизација на селските имоти. И во Западна Македонија се настојува да се спроведат новите идеи за развој на земјоделското стопанство и на сточарството. Претседател на селската задруга е Стамат, поранешен борец, кој со сиот свој жар и револуционерен елан работи и верува дека колективизацијата е единствениот излез за сиромашниот селанец. На својот пат за подобра иднина тој се судира со спротивставувањата на поимотните селани, кои тешко се разделуваат од имотот. Наспроти тоа, Стамат се соочува и со решението на Околискиот комитет, планината, која селаните ја сметаат за своја и која им обезбедува егзистенција, да се додели на дрвниот комбинат. Настојувањето на Стамат да се промени решението е без успех. Тој чувствува дека неговиот револуционерен идеал е брутално изневерен поради нечии бирократски решенија. Во овие околности, Стамат се соочува со вистината дека селаните не му веруваат, но и покрај тоа застанува на вистинската страна.
ДЕ: пагански обичаи; сеча на шума; ентериер на црква; село
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 2190 м

## 468. ВРЕМЕ БЕЗ ВОЈНА

1969
Ин. број: 91-М27/6; 92-М27/6; 141-М45/6; 163-М51/6; 3492-М64/6; 48-М13/1

Фидан е млад човек, кој живее и работи во градот. Неговиот татко Дичо, селанец и борец во војната и револуцијата, по војната ја застапува идејата за колективизација и индустријализација на селото. Искрено верувајќи и работејќи на тоа, Дичо се судрува со повеќето од селаните, но најжестоко се конфронтира со својот добар пријател, соборец и побратим Лазар. По пропаѓањето на задругарството, Дичо заминува од селото. По неговата смрт Фидан, исполнувајќи ја татковата желба, го погребува во родното село. Престојувајќи таму, Фидан се

обидува да се пронајде себеси во новата средина, во новиот ангажман со сточарството, кој за него значи голем предизвик, како и во контактите со нови лица. Тука доживува и нова љубов со девојката Благуна, ќерка на Лазар, која ќе биде негова жена. Иако изложен на недовербата на соселаните, Фидан со сиот елан се занимава со одгледувањето на овците. Меѓутоа, законите на пазарот се немилосрдни и во тие услови не е можна реализација на неговата замисла. Враќањето на Фидан на татковото огниште не му го донесува бараниот мир ниту, пак, нова содржина во животот.
ДЕ: планинско македонско село; погребни обичаи; гробишта, селски; овци во трло; бележење јагниња; стрижење овци; стадо овци
ПР: ФРЗ - Скопје
СЦ: Симон Дракул Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски М: Маја Лазаров
35 мм, црно-бел, звучен, 2186 м

## 169. РЕПУБЛИКАТА ВО ПЛАМЕН

1969
Ин. број: 93-М27/6; 94-М28/6; 3510-М70/6; 3522-М75/6; 49-М14/1; 50-М14/2; 51-М14/4; 3870-М289/4

На 2 август 1903 година, на светиот ден Илинден, во Македонија се крена востание. Тоа беше одговор на повеќевековното ропство и теророт на кој беше изложен македонскиот народ. Илинденското востание кулминираше во создавањето на Крушевската република, која опстојуваше десет дена и беше единствена република на Балканот во тоа време. За да се објаснат целта и намерите на востанието, Никола Карев, претседател на Крушевската република, го пишува Манифестот на Крушевската република, кој според прогресивноста на идеите изнесени во него е далеку пред времето на настанување. Веднаш по започнувањето на востанието, кое претендираше да се прошири на поголемиот дел од Македонија, стана јасно дека е кренато без целосни подготовки... Бројна турска војска го напаѓа Крушево. Востаниците го напуштаат градот. Останува само четата на Питу Гули. Тој е решен да даде пример како се сака сопствениот народ и како се гине за негова слобода. Нивната херојска смрт на Мечкин Камен ја заслужи и почитта на непријателот. „... Мала, но според своите идеи Крушевската федерација беше величествена. Македонија го имаше својот прв Илинден проследен со крвави години на тешките страдања. Македонија ќе го има и својот втор Илинден, но при идната епоха на блиски победи и ослободувања. Овој втор Илинден е близок, тој доаѓа... “ („Илинденец“, Димо Хаџи Димов)
ДЕ: црква, „Св. Никола“ во Крушево; Крушево, панорама на ... ; текстот на Крушевскиот манифест; црковна служба; ентериер на црква; битката на Мечкин Камен (играна секвенца)
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Јован Бошковски; Љубиша Георгиевски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 2870 м

## 470. ЦЕНАТА НА ГРАДОТ

1970
Ин. број: 95–M29/6; 96–M29/6; 3477–M60/6; 3505–M69/6; 52–M15/1; 53–M15/2; 54–M15/1/2; 3869–M289/4

Во очекување на крајот на војната, еден македонски град ги живее последните денови под германска окупација. Жителите на градот им помагаат во бегството на руските и италијанските заробеници. Германскиот командант бара од граѓаните да ги предадат ослободените заробеници, уценувајќи ги со минирање на градот. Но, љубовта што командантот ја чувствува за гимназијалката Елена го попречува во извршувањето на злосторството. Како откуп за градот ја бара девојката. Таткото на Елена, свештеник, се жртвува себе си и ќерка си, и ги венчава. Партизаните влегуваат во градот и во германскиот штаб ги убиваат штотуку венчаните во моментот кога на лицето на Елена за првпат се забележува чувство спрема германскиот командант.
ДЕ: охридски улици; црква „Св. Софија“ во Охрид, екстериер и ентериер; Самуилова тврдина; чинарот, во Охрид; ентериер на охридска куќа; венчавка, во црква „Св. Климент“, „Св. Богородица Перивлептос“ во Охрид
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Симон Дракул Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 2300 м

## 471. ЖЕД

1971
Ин. број: 97–M29/6; 98–M29/6; 153–M47/6; 3941–M371/6

Жителите на едно село во пасивен македонски крај својата егзистенција ја обезбедуваат испраќајќи ги мажите на печалба. Во селото работат и живеат три учителки, младите девојки Елица, Марија и Николина, од кои секоја на свој начин се обидува да му даде смисла на животот, кој им е наметнат во оваа средина. Најголем проблем во селото е снабдувањето со вода. Од далечниот планински извор водата ја носи водоносецот Марко, кој е вљубен во сиромашната девојка Кате. Нивната врска нема перспектива поради исклучителната сиромаштија во која живеат. Монотонијата на селскиот живот се разбива со доаѓањето на групата рударски инженери, кои во планината вршат истражувања. Меѓу нив е и инженерот Виктор, кој го привлекува вниманието на учителката Марија. Таа е во дилема дали да ја прифати можноста да замине со него од селото и коренито да го измени својот живот. Сепак, пресудна е нејзината желба да им се помогне на децата и жителите од селото и таа останува. Враќањето на остарениот печалбар Трендафил, вујко на Кате, претставува своевиден настан за животот на селото. Судбината на многумина во селото зависи од „богатството“ на вујкото што се врати од Америка. Внуката Кате се надева дека ќе бидат овозможени нејзината љубов спрема водоносецот Марко и желбата да има свое семејство. Интересирање покажува и учителката Елица, сметајќи дека парите од стариот печалбар ќе значат излез за бегство од селото. Меѓутоа, место за надеж нема, бидејќи Трендафил се враќа од Америка без пари. Надежите на многумина се изневерени. Кате останува сама бидејќи Марко заминува на печалба, Елица се соочува со

уште едно разочарување, а стариот печалбар умира осамен и презрен од сите.
ДЕ: оро, „Тешкото"; училиште на село; селска меана; црква, ентериер; пагански обичај за довикување на дождот, додоле; село
ПР: Филмско студио - Скопје; Македонија филм - Скопје
СЦ: Живко Чинго Р: Димитрие Османли К: Љубе Петковски М: Миланка Нановиќ
35 мм, во боја, звучен, 2405 м

## 472. МАКЕДОНСКИОТ ДЕЛ ОД ПЕКОЛОТ

1971
Ин. број: 102-М30/6; 103-М31/6; 56-М16/1; 57-М16/2

Филмот е снимен според вистинит настан. При крајот на 1942 и во почетокот на 1943 година, за да го спречат ширењето на Револуцијата во Битолско, бугарските фашистички окупатори ги засилија прогоните и насилствата над цивилното население. По предавството на селанецот Диме Пафтар дека во селото Лавци се наоѓаат партизани, меѓу кои е забележан и легендарниот учител Тодор Ангелов, по кого е распишана и потерница, бугарскиот полициски началник и мајорот на бугарската војска во Битола организираат заедничка акција за напад на селото. По голема борба, партизаните успеваат да го пробијат обрачот, но селаните и Даскалот остануваат во селото. Бугарската војска и полиција влегуваат во селото. Сите машки жители на селото постари од 15 години се собираат сред село, а на жените и децата им е забрането да излегуваат од куќите. За да го фатат Даскалот, мајорот и полицискиот началник одбираат 25 селани и им се закануваат дека ќе ги стрелаат. Времето одминува и селанките, исплашени за животите на своите мажи, масовно излегуваат сред село. Покажани од предавникот се издвојуваат и се измачуваат: Илинка, девојката на убиениот партизан Кајзер, Паца, жената на Јосиф, и Јосиф, кого го горат со вжештено железо. Никој не го предава Даскалот. Во ноќта кога започнува одбројувањето на осудените на смрт, селаните се вртат кон селскиот сокак и ја забележуваат силуетата на Даскалот. Не дозволувајќи невини жртви, тој започнува да пука. Опколен од сите страни, бара засолниште во шталата. Шталата е запалена, и Даскалот, слушајќи ја песната на селаните, ја активира бомбата.
ДЕ: македонско село; ентериер на селска куќа; плевна
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски; Панде Ташкоски; Ватрослав Мимица, според книгата „Доследни на заветот" од Панде Ташкоски Р: Ватрослав Мимица К: Киро Билбиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 2480 м

## 473. ЦРНО СЕМЕ

1971
Ин. број: 99-М30/6; 100-М30/6; 142-М45/6; 152-М47/6; 3508-М70/6; 3530-М77/6; 55-М16/1; 2699-М261/1; 2700-М262/2; 1419-М170/3

За време на Граѓанската војна во Грција, во 1946 година, од кралската војска, во чиј состав влегуваат и Македонците од Егејска Македонија, под обви-

нение дека се комунисти и непријатели на кралска Грција, се казнуваат со упатување во логор на пуст остров. Поради своите убедувања и етничкото потекло некои од нив ги совладуваат сите тешкотии, задржувајќи го своето човечко достоинство. Некои од нив не успеваат во тоа и наместо очекуваниот спас, доживуваат целосен морален пад. Централни личности се Андон Совичанов, Парис и Христос, кои минувајќи низ страдањата манифестираат разни димензии на човековиот отпор. Голготата започнува со одземањето на оружјето на Македонците од Егејска Македонија, припадници на кралската војска, и со нивно депортирање, најпрвин во воен затвор каде што ги сослушуваат, а потоа, натоварени на брод во тешки и сурови услови, и на пуст и каменест остров. На островот нема вода, така што понудувањето вода е еден од методите за кршење и уривање на достоинството на жедните затвореници, при што од нив се бара да потпишат изјава за лојалност спрема кралот и откажување од организацијата. Репресалиите продолжуваат со постојани измачувања, тепања и стрелања на секој што на каков било начин ќе даде отпор или ќе покаже непослушност. На денот на независноста, од затворениците се бара да ја пеат песната на независноста. Затворениците одбиваат, следува мешаница и бунт, кој завршува неуспешно, при што некои залудно гинат. Андон Совичанов плука во командантот и користејќи момент на изненадување, залудно бега низ беспаќето на островот.
ДЕ: брод; остров, карпест
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ташко Георгиевски; Кирил Ценевски, според романот „Црно семе“ од Ташко Георгиевски Р: Кирил Ценевски К: Љубе Петковски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 2410 м

## 474. ИСТРЕЛ

1972
Ин. број: 101-М30/6; 164-М52/6; 171-М54/6; 2682-М256/1; 2683-М256/1; 2684-М256/2; 60-М17/2; 59-М17/3; 58-М17/4

Младоста чијашто храброст е секогаш без предрасуди, и во Скопје, за време на бугарската окупација во Втората светска војна, сакајќи ја слободата за својот народ, се решава во низа акции, меѓу кои е најголемата - атентатот врз бугарскиот полицаец Емануел Мачков. По пристигнувањето на Емануел во началството, тој на своите агенти им наредува да обрнат големо внимание на младите од Дебар-маало, Пајко-маало и Чаир. Во меѓувреме, заради безбедно поминување на партизанскиот одред во близината на Скопје, во градот треба да се организираат низа помали акции, кои би го свртеле вниманието на полицијата врз себе. Така, другарите Дано, Доне, Игор и Боро преземаат акција на аеродромот, при што ги палат авионите. Како реакција, полицијата врши рација, се собираат само млади луѓе, кои се изложени на големи мачења. Истовремено, партизанскиот одред при преминувањето на Вардар упаѓа во заседа. Момчињата му помагаат на ранетиот Мите Димов да ја избегне заседата и го пренесуваат кај Анѓа, додека Никола е отсутен. Полицијата ги претресува сите сомнителни куќи и го наоѓа ранетиот партизан во куќата на Никола. По тешки измачувања и непризнавање пред полицијата, Мите е убиен. Поради убиството на Мите во градот се растураат летоци, железничарите свират со сирените, се затвораат дуќаните.

Месниот комитет решава да се организира атентат врз Емануел. На денот на атентатот, момчињата ги заземаат своите места на улицата, пред куќата на Емануел, и по заминувањето на неговиот автомобил, тие го убиваат. По атентатот момчињата мора да заминат од градот. Меѓутоа, при излегувањето од градот, поставена им е заседа, и сите освен Дано, гинат.
ДЕ: Скопје, Дебар-маало; Скопје, Маџар-маало; Треска, крај Скопје
ПР: Филмско студио - Скопје; Босна филм - Сарајево
СЦ: Димитар Солев, според неговиот истоимен роман Р: Бранко Гапо К: Мишо Самоиловски М: Спасе Тасевски
35 мм, во боја, звучен, 2670 м

## 475. ТАТКО (КОЛНАТИ СМЕ ИРИНА)

1973
Ин. број: 104-М31/6
Меѓу селските момчиња што заминуваат во војска е и тукуштo оженетиот Дамјан, единствениот син на воденичарот Витан. Младата жена останува во куќата на свекорот кадешто заеднички го носат бремето на работата во воденицата и околу имотот. Во долгите и монотони вечери младата Ирина го посакува враќањето на Дамјан. Честите наминувања на Мечето, селскиот клисар и трговец, ја вознемируваат Ирина. Таа не го поднесува поради невкусните шеги што алудираат на нејзината младост, убавина, а сепак самотија. Додека Витан собира дрва во планината, Ирина пере на потокот. Водата ја мами и таа се бања. Од грмушките ја гледаат селските момчиња. Ја гледа и Витан обземен од нејзината убавина. Слушајќи ги гласовите на момчињата и самиот фатен во грев, бесен и на нив и на себе, ги гони, гонејќи се и себеси. Заемната привлечност меѓу Витан и Ирина, на еден силен маж и една пожелна жена, се случува спонтано и речиси неминовно во осамата во која живеат. Но, и двајцата, оптоварени од грешноста на желбата што подеднакво ја чувствуваат, наоѓаат сили да ѝ се спротивстават. Една ноќ, кога Витан, по изминатиот ден во планината каде што беснее сечејќи дрвја, се враќа во куќата, паѓаат сите табуа, страста станува посилна од сите забрани. Дамјан се враќа, а во планината ги наоѓа татка си и жената, кои во љубовен занес не го забележуваат неговото пристигнување. Гонет од љубомора и под бремето на неверојатниот грев, кога доаѓа во воденицата, Дамјан се однесува како подивен ѕвер и ја силува Ирина. Таа му се одмаздува убивајќи го. Ирина заминува, а самотијата за Витан и за неа ќе биде вечниот придружник.
ДЕ: „Св. Илија Горни“, Скопско, манастирскиот двор на ... ; воденица
ПР: Филмско студио - Скопје; Центар филм - Београд
СЦ: Коле Ангеловски, според мотивите на расказот „Татко“ од Живко Чинго Р: Коле Ангеловски К: Мишо Самоиловски М: Хуан Карлос Ферро; Спасе Тасевски
35 мм, црно-бел, звучен, 2200 м

## 476. ЈАД

1975
Ин. број: 105-М31/6; 106-М32/6; 151-М47/6; 160-М50/6; 3515-М72/6; 3516-М72/6;

2714–M266/1; 2715–M267/1; 2717–M267/1; 2718–M267/1; 2716–M267/2; 3864–M288/2

Крај на XI век. Охрид, Византија. Силен духовен отпор на словенското население спрема византиската власт и христијанската догма, искажан преку ересот на богомилското движење и автентичната самобитност на народот. Прогони, анатеми, убиства, чуми, несреќи... вител во кој ја следиме судбината на семејството на Аврам, како вековен симбол на човековото опстојување на балканските крстопати. Во селото на Аврам владее епидемија на големи сипаници. Посакувајќи наследник една ноќ кога селаните изведуваат во шумата ритуали за изгонување на болестите, Аврам ја забележува младата и убава Далија со која посакува да има син. Се раѓаат два сина. Едниот, Вардан, и неговата мајка Далија се сместени во манастир, а другиот, Гаврил, ја има сета таткова љубов. Момчињата израснуваат и се запознаваат на еден црковен празник и стануваат пријатели. Во селото се случува помор на новороденчиња. Под обвинение дека се виновни, сите стари жени бидуваат фрлени во реката и тие се даваат, а последна останува мајката на Гаврил. Тој и татко му без милост ја фрлаат во реката, но Вардан ја спасува. Тоа што останува жива е доказ за нејзиното вештерство, па затоа синот и мажот ја каменуваат. Вардан се враќа во манастирот. Ја наоѓа мајка си силувана од пијаните калуѓери. Таа умира. Вистината за своето потекло Вардан ја дознава од еден ослепен Самуилов војник што живее во манастирот. Потоа, тој им се придружува на богомилите, кои се гонети од византиските војници. При еден напад, тој е заробен и нему му се суди. Гаврил го спасува Вардан. Зурли и тапани ја најавуваат свадбата на Гаврил и Галија на која се придружува и Вардан и му кажува на Гаврил дека се браќа. Само еден од нив може да биде наследник на Аврам. Испиваат чаши со вино. Во едната од нив има отров. Гаврил, блед и немоќен, стои покрај својата невеста. Наеднаш паѓа мртов. Аврам ја знае причината за смртта на саканиот син и сака да му се одмазди на другиот, го крева ножот подготвувајќи се да го убие. Тоа не се случува зашто племето Аврамово мора да се продолжи.

ДЕ: богомилско движење; ентериер на православна црква; богослужба во православна црква; погребни средновековни обичаи, народни средновековни обичаи и свадбени обичаи кај македонските Словени

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Кирил Ценевски Р: Кирил Ценевски К: Љубе Петковски М: Лаки Чемчев

35 мм, во боја, звучен, 3180 м

## 477. НАЈДОЛГИОТ ПАТ

1976

Ин. број: 107–M32/6; 108–M33/6; 150–M46/6; 3475–M59/6; 3476–M59/6; 3478–M60/6; 2674–M254/1; 2675–M254/1; 2677–M255/1; 2678–M255/1; 2676–M255/2; 2679–M255/2; 2680–M255/2; 2681–M255/4

Март, 1903 година. Отоманската Империја е во распаѓање. На Балканот единствено Македонија уште не е слободна. Македонското револуционерно движење е во полн растеж. Османлиите прават сè за да го задржат своето последно упориште во Европа. Македонскиот народ е изложен на разни репресии, каква што е и одмаздата за давање заштита и помош на комитите. Во еден

таков случај, Турците го опколуваат селото во кое е во тек свадбарска свеченост. Пукаат во селаните, ги собираат и повеќето од нив ги одведуваат. Заробените селани, повеќе од двесте, се затворени во тврдина. Тука веднаш се изрекуваат пресудите. Најмалата казна е 15, а најдолгата 101 година затвор. Следува патување со брод. Целта е Мала Азија. По патот се судираат и со курдските племиња, кои овие предели ги контролираат како свои. Нападот е одбиен и со помош на затворениците, кои добиваат пушки за да им помогнат на турските војници, кои се малубројни. На овој мачен пат, и турските војници, кои ги водат затворениците до крајното одредиште, ја делат нивната судбина. По патот пристигнуваат до големата река, Еуфрат, која ја минуваат со чунови. Во блискиот град, заробениците имаат можност да купат храна. Многумина се прејадуваат и умираат. Престојот во градот го искористува даскалот и бега со помош на месното турско население, кое смета дека на овие страдалници треба да им се помогне. Патувањето продолжува. Пристигнуваат до еден антички театар каде што умира и попот. Во октомври 1908 година, осудените пристигнуваат на местото каде што ќе ја издржуваат казната. Осудените ги пречекува грчкиот поп, кој им ја соопштува амнестијата. Сега сите се ослободени и можат да се вратат дома. Осудените тргнуваат повторно на пат. Овој пат тие се сами. Нив нема кој да ги води. Од далечината им се приближува даскалот. Ги очекува пат исполнет со низа опасности. Сите од преживеаните селани пристигнуваат во своите села.
ДЕ: македонско село; Самуилова тврдина; турски аскер; македонско селско население; брод, транспорт на заробеници; пустински предели
ПР: Вардар филм – Скопје; Македонија филм – Скопје
СЦ: Петре М. Андреевски Р: Бранко Гапо К: Киро Билбиловски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 3382 м

## 478. ИСПРАВИ СЕ, ДЕЛФИНА

1977
Ин. број: 111-М34/6; 112-М34/6; 146-М45/6; 147-М45/6; 148-М46/6; 149-М46/6; 2704-М263/1; 2706-М264/1; 2707-М264/1; 2708-М264/1; 2709-М264/1; 2705-М264/2; 2710-М265/1/2

Филм за девојката Делфина, која е решена да ги совлада сите тешкотии и разочарувања што ги носи животот со себе и да истрае во совладувањето на Ла Манш. Делфина се подготвува да го преплива Ла Манш. Меѓу случајните минувачи е и Рене, инвалид во количка, кој го препливал каналот и сите пливачи ги испраќа на нивниот долг пат. Борбата со непредвидливиот канал започнува. Во бродот што ја придружува, покрај судиите, се нејзиниот тренер Атанас и пријателот Петко. Тоа се единствените луѓе што вистински ја сакаат Делфина и сакаат да ѝ помогнат во остварувањето на подвигот. Додека плива во разбранетото море, Делфина се сеќава на изминатиот живот... Како се запознава со Младен, тренер на републичката репрезентација во пливање, за првите интимни контакти со него, за наставата во угостителското училиште и за членувањето во локалниот пливачки клуб. Кога еден ден добива стипендија за школување на ДИФ, Делфина не се двоуми и заминува за Скопје, зашто очекува многу повеќе од животот, и е решена ништо да не ја спречи во намерата да го осмисли својот

живот и да го најде вистинскиот пат. Сите напори, сите достигнувања, сите падови и омаловажувања, Делфина ги надминува стоички. Дури и кризата во препливувањето на каналот Делфина успева да ја надмине, овој пат со помош на Петко, кој скока во водата и плива заедно со неа. Препливувањето на Ла Манш ќе значи единствена можност Делфина да ги врати самодовербата, желбата за нормално живеење и самопочитта. Делфина ја води последната битка, со крајни напори се исправува на своите нозе и го прави невозможното. Го победува Ла Манш. На приемот што се одржува во Скопје, во нејзина чест е и Младен, но таа се поздравува со Петко и заминува по патот што сама го одбрала.
ДЕ: брод, на воздушна перница; инсерт од документарен филм за јагули; тренинг, на студенти од ДИФ; Скопје, панорама снимена од тврдината Кале; Охрид, пристаниште; Охрид, поглед од езеро
ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје
СЦ: Александар Ѓурчинов Р: Александар Ѓурчинов К: Киро Билбиловски М: Димитар Грбевски; Лазар Паковски
35 мм, во боја, звучен, 2500 м

## 479. ПРЕСУДА

1977
Ин. број: 109-М33/6; 110-М34/6; 143-М45/6; 144-М45/6; 145-М45/6; 3511-М71/6; 3512-М71/6; 2663-М250/1; 2666-М251/1; 2668-М251/1; 2664-М259/2; 2667-М251/23695-М276/1/2

Во судир со непријателот, во една однапред изгубена битка со наполно извесен крај, што би значело да се загине залудно, партизанот Ангелов го напушта боиштето, качувајќи се на еден воз и оди да ја види својата мајка, тукушто вратена од интернација. Поради тоа, партизанот Ангелов е прогласен за дезертер и кога тој се враќа во бригадата, го разоружуваат и врзан го носат до комесарот. Тој го праќа голорак во борба, за да се избори за ново оружје. Во поставената заседа за германската колона, голоракиот Митко Ангелов убива еден германски војник и со неговото оружје сам пука во колоната камиони, бидејќи сите партизани од патролата, освен еден тешко ранет, се убиени. Мислејќи и за него дека е загинат, Митко Ангелов, плачејќи, го остава до другите загинати и сите заедно ги покрива со суви лисја и гранки. Митко Ангелов се враќа во бригадата, но никој не му верува дека тој е единствениот преживеан. Командантот Кораб го разоружува. Ранетиот партизан Ване се извлекува од под лисјата. Партизанот Митко Ангелов е затворен во една визба заедно со озлогласениот Аспарух Савов, соработник на окупаторот и убиец на неговиот татко. Митко, знаејќи дека тој е убиецот на неговиот татко, го убива. Повторно започнува испрашувањето на Митко Ангелов. Во тоа време, пристигнува ранетиот борец Ване со тројцата заробени војници. Ване раскажува за херојската борба на борецот Ангелов. Митко повторно го добива своето место во првата чета. Во бригадата пристигнува Кораб, кој соопштува дека претседателот на Воениот суд го осудил Митко Ангелов на смртна казна поради дезертирање. Избраните војници што треба да ја извршат пресудата го фрлаат оружјето, а им се придружуваат и останатите борци од бригадата. На крајот, командантот му го дава оружјето на Митко Ангелов и тој го зазема своето место во стројот.

ДЕ: Народноослободителна војна; партизани; германски војници; борба меѓу партизани и германски војници
ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје
СЦ: Јово Камберски Р: Трајче Попов К: Мишо Самоиловски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 2905 м

## 480. ВРЕМЕ, ВОДИ

1980
Ин. број: 115-М36/6; 118-М37/6; 156-М49/6; 3501-М267/6; 3950-М194/6; 3956-М196/6; 2720-М268/1; 2722-М269/1; 2723-М269/1; 2724-М269/1; 2719-М267/2; 2721-М269/2

Животната приказна на Петар Ќушко и на неговите соселани од селото Сушево судбински е поврзана со недостаток на вода. Со благослов на попот, селаните од Сушево го свртуваат течението на реката и им ја крадат водата на селаните од селото Каменово. По тепачката меѓу селаните, поткупливиот судија пресудува во полза на селаните од Каменово. Во 1940 година, во селото има епидемија на тифус. Пресушуваат и последните извори, а жандармот Жика ја наплатува водата за пиење. Селаните со молитви и со различни пагански ритуали се обидуваат да дојдат до вода. Селанецот Ќушко, заедно со своите три сина гимназијалци, вооружен, се соочува со селаните од Каменово. Притоа, еден од неговите синови гине. Телалот ја соопштува веста за општата мобилизација. Мажите заминуваат во војска. Настаните бргу се менуваат. Телалот ја соопштува веста за капитулација на Југославија. Следуваат денови на италијанската окупација. Италијанскиот офицер наредува водата да му припадне на Сушево. Воденицата на Ќушко проработува. Во селото доаѓаат фашистички италијански одреди и прават колеж во селото, меѓу убиените е и еден од синовите на Петре Ќушко. На денот на ослободувањето, Петре Ќушко ја добива веста за смртта на уште еден син. Во селото се појавува последниот син на Ќушко, кој сака да се ожени со ќерката на неговиот непријател од селото Каменово. Новата власт донесува за водата соломонско решение - таа да припаѓа три дена на едното, а потоа на другото село. Сепак, последното решение е да се направи акумулационо езеро на теренот на двете села. Ќушко останува сам во намерата да се спротивстави на ваквото решение. Браната на акумулацијата е направена. Селото исчезнува во длабочините на водата. Високо над езерото, на карпата што се надвисува над него, Петре Ќушко ја гледа долината исполнета со вода и скока во езерото.
ДЕ: планинско село; воденица; селска свадба (играна секвенца); акумулационо езеро
ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје
СЦ: Јован Стрезовски, според мотивите на сопствениот роман „Води“ Р: Бранко Гапо К: Љубе Петковски М: Олга Лукова
35 мм, во боја, звучен, 3510 м

## 481. ОЛОВНА БРИГАДА

1980

Ин. број: 113-M35/6; 114-M35/6; 154-M48/6; 3520-M74/6; 3954-M196/6; 2672-M253/1; 2673-M253/2

Зима во една рударска населба. Во рударското окно, заедно со рударите, се симнува и инженерот Лазар. Злокобното завивање на сирената ја прекинува работата во рудникот. Рударот Шило алармира кај рударите за тројцата завеани рудари, кои доаѓајќи на работа од околните села останале во снежните наноси. Сите рудари се готови да помогнат. Во возилото на рудникот седнува инженерот Лазар и тргнува во потрага. За еден од рударите помошта пристигнува предоцна. Едно од окната во рудникот, окното 815, е забрането за работа. Во него е наоѓалиштето на талиумовите минерали потребни за извршување на експериментите со соларната енергија. Инженерот Лазар е млад и принципиелен човек, кој ги застапува интересите на рударите, но неговите забелешки не го засегнуваат директорот на рудникот. Во рудникот, во посета на инженерот, пристигнува неговата сопруга, која живее во друг град. Нивниот брак нема перспектива и Лазар инсистира неговата сопруга веднаш да замине од неговата соба во рударскиот хотел, како да претчувствува дека причината за нејзиното доаѓање е интересот за ретките минерали со кои таа тргува. Откритието на новите минерали предизвикува и премногу негативни страсти кај колегите на Лазар, па дури и кај инспекторот, кој е негов долгогодишен пријател. Во рудникот доаѓа до одрон во еден коп. Рударите се фатени во стапица. Причината за несреќата е експлозијата предизвикана од крадците на ретките минерали. Затрупаните рудари се обидуваат да најдат излез од подземните ходници. Групата се раздвојува и на тој начин уште повеќе се потенцира антагонизмот меѓу интересите на обичните рудари и оние на директорот на рудникот, кој исто така се наоѓа во окното за време на несреќата. Конечно, рударите го расчистуваат одронот и излегуваат од окното.
ДЕ: рударско окно; железничка станица; Скопје, трговскиот центар
ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје
СЦ: Кирил Ценевски Р: Кирил Ценевски К: Мишо Самоиловски М: Спасе Тасевски
35 мм, во боја, звучен, 3167 м

## 482. ЦРВЕНИОТ КОЊ

1981
Ин. број: 116-M36/6; 117-M37/6; 170-M54/6; 172-M55/2; 3942-M371/6; 3947-M373/6; 2687-M259/1; 2690-M260/1; 2694-M261/1; 2696-M261/1; 2697-M261/1; 2688-M259/2; 2689-M260/2; 2691-M260/2; 2692-M260/2; 2693-M261/2; 2695-M261/2; 26980M261/2

По поразот на Демократската армија на Грција во 1949 година, чии операции се одвиваа претежно во северниот дел на земјата /Егејска Македонија/, голем дел од припадниците на ДАГ и на невиното население ја доживеаја судбината на политичко прогонство... Граничен појас на Албанија кон Грција 1949 година. Се разоружуваат борците на ДАГ. Обезоружените борци ги пренесуваат во Узбекистан. Борците, кои се ангажирани во работата на оризовите полиња, за потоа да бидат вработени во металуршкиот комбинат, сè уште не веруваат во наметнатото прогонство. Борис Тушев, вдовец и татко на три ќерки од кои е разделен поради прогонството, се запознава со Олга, која му нуди, макар

навидум, семеен живот. Пријателите на Борис го одобруваат неговиот брак, иако за нив тоа ја потврдува апсурдноста на илузијата за враќањето дома. Вани Јосмов нагризан од постојаната болка, носталгијата, умира во светот во кој не успева да се интегрира. Неговата смрт вистински го потресува Борис и му дава сила да ги надмине своите внатрешни конфликти, прави компромис и низа отстапки што ги бара од него грчката власт и се враќа во родното село... Со радост ги гледа познатите предели, купува црвен коњ и со галоп влегува во селото. Го пречекува последната, неговата најмала и сè уште немажена ќерка... Малкумина од селото, во кое живее македонско и грчко население, гледаат добронамерно на Борис. И во контактите со братот нема братска топлина. Оној што остана во селото и требаше да ги сочува семејството и имотот не успеа во тоа, а другиот што замина не ја донесе слободата... Еден конфликт во кафеаната кога Борис е обвинуван дека е комунист и дека и бојата на неговиот коњ го потврдува тоа значи негова осуда. Во тепачката што следува, во која Борис е сам наспроти повеќемина Грци и Македонци, завршува трагичниот животен пат на Борис Тушев.

ДЕ: Демократска армија на Грција, борци на..., Македонци (играна секвенца); брод, транспорт на припадници на ДАГ, Македонци; воз, транспорт на припадници на ДАГ, Македонци

ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје

СЦ: Ташко Георгиевски Р: Столе Попов К: Бранко Михајловски М: Димитар Грбевски

35 мм, во боја, звучен, 3460 м

## 483. ЈУЖНА ПАТЕКА

1982

Ин. број: 121-М39/6; 122-М39/6; 3955-М196/6; 2711-М265/1; 2712-М265/2; 2713-М266/2

Во домот во кој постојано се слушаат расправиите на мајката Неда и нејзината ќерка, се очекува пристигнувањето на синот Ѓорѓи, по завршувањето на постдипломските студии во друг град. Мајката, која нема големи приходи, е принудена да изнајмува една соба од куќата. Веднаш по пристигнувањето во домот, Ѓорѓи се сретнува со новата потстанарка. На негово големо изненадување, тоа е Ана, неговата поранешна девојка. Не можејќи да се снајде во неочекуваната ситуација, Ѓорѓи веднаш оди кај својот другар Данчо. Ја наоѓа само неговата сопруга, која го известува дека нивниот брак се распаѓа. Ана работи во еден фотографски дуќан, но нејзините амбиции се многу поголеми. Таа се обидува преку познатите на Борис, нејзиното момче, да добие улога на филм. На закажаната средба со режисерот, таа и без пробно снимање ја добива главната женска улога во новиот филмски проект. Борис нема битно место во животот на Ана. Особено по повторната средба со Ѓорѓи, за кого сè уште ја врзуваат емоции. Ана започнува да го избегнува Борис, кој разумно го прифаќа нејзиното решение за разидување. Средбите меѓу Ѓорѓи и Ана се исполнети со непријателство поради забелешките на Ѓорѓи за нејзиното поранешно однесување спрема него. Поради тоа, Ана бара сместување во друг стан. Се обидува да разговара уште еднаш со Ѓорѓи, но тој поради некогашните недоразбирања се однесува капри-

циозно. Сепак, љубовта е посилна и тие двајцата заедно ја минуваат ноќта. Меѓутоа, веќе утредента, Ѓорѓи е изненаден поради селидбата на Ана. За нејзината постапка тој не наоѓа разбирање. Ана интензивно работи на снимањето на филмот и добро се снаоѓа во својата улога. Сепак, таа постојано мисли на Ѓорѓи и се обидува да стапи во контакт со него. Во општата мешаница, која е присутна на снимањето, таа не е во состојба да му ги соопшти вистинските чувства. Кога една вечер, вообичаено доцна, Ѓорѓи се враќа дома, во својата соба ја наоѓа Ана. Тоа ветува нов почеток во нивната врска.
ДЕ: Скопје, центарот на градот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Стево Црвенковски; Гојко Шкариќ Р: Стево Црвенковски К: Љубе Петковски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 2940 м

## 484. НЕЛИ ТИ РЕКОВ

1984
Ин. број: 123-М40/6; 2702-М262/1; 2703-М262/2

Повеќе разбиени чети по пропаста на Илинденското востание продолжуваат да ѝ даваат отпор на турската власт. Александар Турунџе доаѓа во селото во кое треба да се најде со својата дружина, но во куќата во која треба да се најде со своите, ги наоѓа само убиените комити. Во исто време, војводата Ѓорѓија и неговата чета ги прогонува Селим-ага. Комитите успеваат да се извлечат од обрачот на потерџијата. Четата на војводата Ѓорѓи се дели на две групи за да може полесно да го најдат Турунџе. Разговорот меѓу комитите Јован и Марко, кои решаваат да одат во селото Шарлаганци, го прислушкува еден селанец и тој ги предава на турскиот аскер. Во нападот, тие гинат заедно. Другата група се сретнува со војводата Турунџе, кој веќе нема своја чета. Нивниот јатак во селото Мршино им кажува дека е собрана триилјадна војска за да се фати Турунџе. Турските војници не го очекуваат нападот. Во борбата загинува Селим-ага. По овој судир со Турците, Турунџе и останатите се сретнуваат со последните двајца комити од четата на Методија Патчев, кој заедно со свои седуммина комити го одбрал храбриот крај, не сакајќи да биде заробен од аскерот. Една ноќ, комитите бараат засолниште кај Митре Гинков и тој ги задржува во својата куќа, но домаќинката ги предава. Куќата ја опколува аскер. Турунџе е фатен. Врзан го носат во селото. Народот го гледа прочуениот јунак, продаден за 150 жолтици. Војводата Ѓорѓија останува сам со уште двајца свои комити. Тој се враќа во татковиот дом. Еден од селаните му носи порака од Расим-бег, кој утредента ќе дојде да го фати војводата. Ѓорѓија и неговите комити пораката ја примаат наполно мирно. Тие се изморени од бегање. Херојската смрт на овие тројца, кои тргнуваат во пресрет на пушките, останува во сеќавањето на народот.
ДЕ: македонска куќа, ентериер и екстериер; фотографски апарат, стар; песна, за Александар Турунџев; песна, за Методија Патчев; песна, за Селим-ага
ПР: Вардар филм - Скопје; Радио-телевизија Скопје
СЦ: Русомир Богдановски Р: Стево Црвенковски К: Љубомир Вагленаров М: Кемал Демировиќ
35 мм, во боја, звучен, 2640 м

## 485. ЈАЗОЛ

1985
Ин. број: 119–М38/6; 120–М38/6; 3517–М73/6; 2685–М257/1; 2701–М262/1; 2686–М258/2

Дејствието на филмот се случува во март 1943 година кога според планот на геноцидното однесување спрема Евреите беа транспортирани и Евреите од Скопје... Хирургот Никола, кому му е одземена дозволата за работа од страна на бугарската окупаторска власт, ги минува долгите монотони вечерни часови во хотелскиот бар. Еден од луѓето на партијата, кој често доаѓа во градот за да одржува врски и да пренесува директиви, е Јанко Подгорник. Во празниот дом на хирургот Никола го пречекува неговата поранешна девојка Марија. Врската со неа му носи немир, таа бара докази за неговата љубов и притоа покажува љубомора спрема поранешната соработничка на Никола, медицинската сестра Нора, Еврејка. Бугарските полицајци го апсат Никола поради илегално извршената хируршка интервенција врз ранетиот Јанко Подгорник. Бугарскиот началник Симеонов, кој е пријател на Марија, го сослушува Никола. Симеонов го ослободува Никола забележувајќи дека неговите пријатели од илегалата ќе мислат дека тој е предавникот на Подгорник. Ранетиот Подгорник нема можност да се спаси и затоа инсистира другиот илегалец да замине за да ѝ помогне на групата млади луѓе што треба да заминат од градот. Останат сам и без муниција, Подгорник извршува самоубиство... Знаејќи дека се подготвува транспортот на Евреите од Скопје, Никола со задоцнување оди во Домот на чесните сестри за да го земе својот син,но веќе е доцна. Тој е вон себе. Сиот во бунило, заминува на железничката станица каде што во толпата луѓе се обидува да го најде. Меѓу луѓето ја забележува Нора, која е водена од еден полицаец. Тој вика по неа, таа му потрчува во пресрет, но паѓа под истрелите на полицаецот. Никола го убива полицаецот, а потоа, бегајќи на улицата во близина на куќата на Марија, убива еден Германец. Ранет доаѓа кај Марија, а тука се појавува и Симеонов. Марија донесува одлука, го убива Симеонов за да остане со Никола. Но тој ѝ умира на рацете.

ДЕ: железничка станица, скопска; хотел „Бристол“, Скопје; Куршумли ан, Скопје, влезната врата и скалите од...
ПР: Вардар филм – Скопје; Македонија филм – Скопје; Градски кина – Скопје
СЦ: Славко Јаневски, според мотивите на својот роман „Две Марии“ Р: Кирил Ценевски К: Драган Салковски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 3200 м

## 486. СРЕЌНА НОВА '49

1986
Ин. број: 125–М40/6; 166–М52/6; 167–М53/6; 168–М53/6; 3938–М370/6; 3952–М195/6; 3953–М195/6; 2669–М251/1; 2670–М252/1; 2671–М252/2

Дејствието на филмот започнува во месец јуни 1948 година. Група југословенски студенти, кои беа на школување во СССР, по несогласувањата меѓу двете земји, се враќаат дома, меѓу кои се и Драгослав, неговата девојка Вера и блискиот пријател Градимир, кого разидувањето со СССР го доведува до

низа внатрешни конфликтни ситуации, за конечно да кулминираат со чинот на самоубиството на железничката станица во Суботица. Семејството на Драгослав го очекува неговото враќање до толку повеќе што неговата мајка, тешко болна, е пред умирање. Таткото Стојан, по професија каменорезец, се грижи за егзистенцијата на семејството. Тука се уште и неговата сестра Нела во годините кога престанува да биде дете, и браќата, помалиот Коле и Коста, гимназијалец, кој пред матурата заминува од училиштето. За него нема веќе авторитети како што нема ни непознатици во животот на работ. Драгослав дома ја доведува и Вера со која сака да се ожени. Драгослав е одведен од ОЗНА и обвинет дека е советски агент. Судбината на Драгослав е неизвесна, а Вера и понатаму живее во куќата на неговиот татко. Една вечер, Вера и Коста остануваат сами во куќата. По ова, останувањето на Вера во празната куќа е невозможно и Коста ја сместува во изнајмен стан. Тука, дотогаш недефинираните и забранети чувства во нивната ситуација стануваат реалност. Драгослав е ослободен, тој се враќа дома, видно остарен и со безброј дилеми за сето она што се случуваше со него во времето на истрагата. Драгослав ја игнорира Вера, но сè до оној момент кога Коста му соопштува дека Вера, всушност, работела за НКВД, уценета со судбината на братот во СССР. Дури тогаш, Драгослав оди кај неа и кај него е доминантен презирот што го чувствува поради нејзиното „предавство“. За Вера веќе нема надеж, сама е во својата пустош и се самоубива. Драгослав, откако ја предава Вера на ОЗНА, се самоубива во исто време кога неговиот брат Коста, барајќи го својот пат илегално, под вагонот на железничката композиција, ја минува границата.
ДЕ: ентериер на македонска куќа; македонска чаршија; железничка станица; јато гуски; воз; затвор; меана
ПР: Вардар филм - Скопје; Македонија филм - Скопје; Градски кина - Скопје; Унион филм - Београд
СЦ: Гордан Михиќ Р: Столе Попов К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен

## 487. ХАЈ-ФАЈ

1987
Ин. број: 124-М40/6; 165-М52/6; 3494-М65/6

Преку фрагмент од животот на Борис и неговиот син Матеј, филмот зборува за судирот на генерациите, за создадениот јаз поради идеолошката обоеност, која едниот ја има, а другиот не ја поседува или, пак, кај него се манифестира на друг начин и, секако, поинаквото однесување во умеењето или неумеењето да се помине животот достојно за едно човечко битие... Политичкиот затвореник Борис, по неколкуте години минати во затвор, се враќа дома. Во станот во кој по разводот со жената живее сам, вселен е неговиот син Матеј. Синот е веќе возрасен човек, кој се обидува да заработи и да се афирмира како музичар. Начинот на кој живее Матеј, неговата врска со девојката Мира, луѓето со кои тој контактира не му се допаѓаат на Борис. Тој смета дека тоа е бесмислен живот, без планови и идеали. Во меѓувреме, умира жената со која Борис сака да го помине останатиот дел од животот. Сега единствено што му преостанува е да го „врати“ синот на вистинскиот пат. Временската бариера во заедничкото живеење не се надминува лесно. Воведува суров режим во животот на синот. Ги

прекинува сите негови контакти. Го врзува со лисици и сите потреби и комуникацијата се сведуваат на таткото. Нивните денови минуваат во играње шах и пречукување на затворскиот дневник, кој Борис го водел секојдневно без исклучок. Најпосле Борис, сепак, го ослободува синот. Тие тргнуваат на пат кон родното село на таткото. За прв пат Матеј влегува во куќата на своите прадедовци. Соочен со пустошот на своето родно село, Борис го доживува дефинитивниот пораз. Се враќа во куќата како човек што наеднаш го видел сиот свој залудно и со заблуди исполнет живот. Му вели на Матеј дека може да си оди. Следното утро, Матеј за прв пат по многу години, веројатно уште од детството, го нарекува Борис, тате. Но, за Борис е предоцна. Неговиот живот завршува таму каде што и започнал. Матеј тешко ја прима вистината за заминувањето на таткото. Времето минато заедно, и покрај трауматичноста на постапките зад кои се криеја љубовта и грижата, не беше залудно. Овој пат, навистина сам, тој беспомошно талка низ селото.

ДЕ: политички затвореник; осаменост; отуѓеност; татко и син

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Горан Стефановски Р: Владимир Блажевски К: Мишо Самоиловски М: Петар Марковиќ

35 мм, во боја, звучен, 2800 м

## 488. ВИКЕНД НА МРТОВЦИ

1988

Ин. број: 126-М41/6; 3940-М371/6; 3943-М372/6; 4034-М197/6

Филмот зборува за една апсурдна ситуација кога поради невнимание, во болницата се заменуваат умрените пациенти, па така семејствата добиваат туѓ мртовец за закопување и тргнуваат во потрага по сопствениот. Тасе Стопаревски, службеник од Прилеп, по втор пат останува вдовец. Телото на неговата жена го презема синот на Тасе од првиот брак. Во меѓувреме, Тасе, кој го очекувал оздравувањето на жената, се договорил со двајца молери да го средат станот. Молерите, кои во работно време работат и приватни зделки, доаѓаат во неговата куќа и започнуваат со работа. Во куќата пристигнуваат роднините на Ката и другите членови на семејството на Тасе, кои го очекуваат пристигнувањето на сандакот. Се расправаат со молерите, кои прават неред во куќата и најпосле пристигнува Тасе, кој ги исплатува молерите и ги кани на закоп. Камбаните бијат. Првиот комшија на Тасе, во исто време, прави свадба на синот единец. Поради тоа, тие двајца се договараат двете церемонии да се одвиваат наизменично, во интервали од по 15 минути. Пристигнува сандакот со Ката. Домашните сакаат да ја измијат покојницата според обичајот и се соочуваат со фактот дека во сандакот не е нивната Ката. Тасе се јавува во болницата во Скопје и дознава дека поради грешката на сестрата е направена замена и неговата умрена жена се наоѓа кај Климе во Охрид. По телефонскиот разговор, тие двајцата тргнуваат кон Ѓавато каде што ќе ги заменат умрените. На Ѓавато настанува вистинска брктотница. Пристигнуваат прилепчаните, охриѓаните, молерите што се враќаат од Претор, како и две Германки-автостоперки. Молерите доаѓаат до заклучок дека станува збор за тргување со органите на умрените. По отворањето на сандаците, охриѓаните се соочуваат со вистината дека и во другиот сандак не е нивната баба

Зора, па затоа заминуваат со празниот сандак. Останува избезумениот Тасе со двете покојници. Во очај, тој ѝ ветува на својата умрена жена дека ќе најде и други умрени и заскитани жени и дека ќе ја закопа со голема придружба.
ДЕ: комедија; Македонија; покојница; свадба
ПР: Вардар филм – Скопје; ТВ Скопје; Македонија филм – Скопје; Градски кина – Скопје
СЦ: Миле Поповски Р: Коле Ангеловски К: Мишо Самоиловски М: Кемал Демировиќ
35 мм, во боја, звучен, 2585 м

## 489. ТЕТОВИРАЊЕ

1991
Ин. број: 3467–М56/6; 3468–М56/6; 3951–М194/6

Приказната се случува во летото 1989 година, во време на умирање на комунизмот, „последната голема човекова завера кон Бога". Филмот зборува за беспрекорноста на функционирањето на апсурдот, репресијата и насилството. Дејствието на „Тетовирање" се развива тргнувајќи од една апсурдна ситуација кога главната личност, Илија, кој и инаку, според својот нескротлив темперамент, како да е предодреден да биде во конфликт со официјалните сили што го „штитат" поредокот, по една караница со сопругата го напушта домот со единственото што го поседува, празниот куфер. Сакајќи да најде малку мир, оди на железничката станица каде што им станува сомнителен на двајца полицајци, поради само ним познати причини, и тие го апсат. Во Истражниот затвор, Илија со неколкумина други уапсени истиот ден се третираат априори како криминалци. Тие се подложени на неверојатно драстична вербална и физичка тортура. Илија, свесен за својата невиност, не може да се согласи со тоа и со право очекува да биде ослободен, уште повеќе што таткото на неговата сопруга е познат адвокат. Меѓутоа, истражната постапка се одолговлекува и Илија се соочува и ги преживува сите „финеси" на затворското живеење во кое, покрај присилата од затворските чувари, затворениците се изложени и на уште една, на свој начин дури и посурова тортура, од страна на закоравените криминалци. По една таква ситуација, кога борејќи се за сопствениот живот во тепачка со криминалецот Љупчо, кој потоа, не по вина на Илија, им подлегнува на повредите, тој е обвинет за убиство и упатен на издржување на затворска казна. Односот меѓу сопружниците сега добива нова, дури и побогата димензија, и тие мигови на посети му даваат на Илија сила да истрае и да се бори за ревизија на процесот. Меѓутоа, еден ден, очекувајќи го доаѓањето на сопругата, Илија е принудно вовлечен во бегството на затвореникот Змија. Бегството завршува трагично и за самиот Илија. Убиен е од специјалец со куршум испукан во челото на Исус, кој е истетовиран на неговите гради.
ДЕ: затвор; убивање; затворски живот
ПР: Вардар филм – Скопје; Македонска радио-телевизија
СЦ: Мирко Ковач Р: Столе Попов К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 3660 м

## 490. МАКЕДОНСКА САГА

1993
Ин. број: 3485-М62/6

Доаѓањето на младиот учител Дамјан во едно село во Западна Македонија го разбранува вообичаеното секојдневие на неговите жители, кои припаѓаат на различни вероисповеди. Тој по многу нешта се разликува од поранешните учители во селото. Со својата младост, начинот на комуницирање со децата и различност го привлекува вниманието на селаните. Во таквиот склоп на околности, тој е почитуван гостин во многу селски домаќинства. Во едно од нив живее и девојката Џемиле, сестра на новиот пријател на учителот, кој по игра на случајот е и првата личност што тој ја запознава по пристигнувањето во селото. Убавата девојка го привлекува вниманието на Дамјан, кој во почетокот, можеби, и неодговорно, се додворува не водејќи сметка за патријархалноста на средината во која се наоѓа. Се раѓа љубов, чија трагична компонента е присутна од самиот нејзин почеток. Различната верска припадност не ветува можност за среќен крај на љубовта што наскоро ќе престане да биде тајна. Под силниот притисок на семејството на Џемиле и на селото воопшто, Дамјан ќе го напушти селото за бргу потоа, и како во бунило, да се врати. Но, во тој временски интерегрум Џемиле се самоубива скокајќи во надојдените води на реката, покрај која започна нејзината голема љубов.
ПР: ТФРЗ Пегаз - Скопје; Вардар филм - Скопје
СЦ: Симон Дракул; Бранко Гапо Р: Бранко Гапо К: Владимир Самоиловски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 3115 м

## 491. СВЕТЛО СИВО / ЃАВОЛ ВО СРЦЕТО

1993
Ин. број: 3486-М62/6

Главна личност во третата сторија од филмот „Светло сиво", под наслов „Ѓавол во срцето", е лукавиот човек. Ѓаволот ја врши својата функција сè до оној момент додека не се појави некој поитар од него. Во случајот, тоа е лукавиот, кој го манипулира Фидан, соседот на Бронски, кој има агенција за паранормални нешта, со својата приказна за неисполнување на договорот што го склучил со ѓаволот. Станува збор за говорната маана на лукавиот, кој за да се ослободи од неа си ја продава душата на ѓаволот. Фидан е кроток човек под постојана пресија од сопругата поради својата плашливост и нерешителност во помалку или повеќе битните моменти во својот живот. Тој истиот Фидан се согласува да му помогне на лукавиот и да ја исправи неправдата што му ја направил ѓаволот. Ѓаволот е личност со манири, кој држи до себе и до кажаното и потпишаното. Дотогаш не му се случило да згреши, но лукавиот спроти него навистина сеуште ја има говорната маана, тешко зборува. Збунетиот ѓавол се согласува да го раскине договорот, ги наоѓа заемно потпишаните документи за продажбата на душата. Тогаш лукавиот се демаскира, почнува да зборува јасно и ѓаволот, кој се соочува со некој што и него го измамил, добива срцев напад. Го пренесуваат со амбулантна кола во болница, а тој тогаш признава дека на сличен начин го презел тронот од претходниот

ѓавол и дека секогаш ќе се најде некој што од лукавиот е полукав.
ПР: Пегаз – Скопје; Факултет за драмски уметности, Скопје; Вардар филм – Скопје
СЦ: Дејан Дуковски; Дарко Митревски Р: Дарко Митревски К: Владимир Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен

## 492. СВЕТЛО СИВО / ПРЕКРАСЕН СВЕТ

1993
Ин. број: 3486–М62/6

Насловот на втората сторија од „Светло сиво", „Прекрасен свет", е инспириран од истоимената песна, која една од личностите во филмот ја пее во текот на целото дејствие и со тоа ги иритира сите други. Ринго, тапанар без постојано вработување, живее во постојан конфликт со сопругата, па најпосле решава да замине од дома земајќи го единственото што му е битно – тапаните натоварени на детска количка. Слава, жена без идентитет, постојано тепана од мажот, конечно решава да замине од дома и да започне нов живот. Досте, хомосексуалец, изневерен од момчето, разочаран во љубовта, скита без конкретна цел, барајќи утеха за својата болка. Овие тројцата случајно се сретнуваат и го продолжуваат патот заедно. Доаѓаат до преноќиштето со кафеана и добиваат сместување во заедничка соба со повеќе кревети. Тука веќе спие еден тотално чуден, изморен клошар. Ринго, Досте и Слава одат во кафеаната обидувајќи се да добијат храна. Во амбиентот на кафеаната од најдолно ниво пее Бранкица, а на нејзиниот шарм не може да му одолее Цветко, кој има само една желба, да ја освои пејачката. Трендафил, келнер којшто секојдневно се сретнува со секакви губитници, ги нервира гостите со своето однесување. Тројцата новодојдени, поврзани еден со друг на нејасен начин и во чудна симбиоза, влегуваат во неверојатни ситуации барајќи љубов во своите недефинирани животни приказни.
ПР: Пегаз – Скопје; Факултет за драмски уметности, Скопје; Вардар филм – Скопје
СЦ: Дејан Дуковски Р: Срѓан Јаниќијевиќ К: Апостол Трпески М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен

## 493. СВЕТЛО СИВО / ПТИЦАТА УРУБУ И ДЕВИЦА

1993
Ин. број: 3486–М62/6

Дејствието на „Птицата ѕрубу и девицата" се одвива во една висококатница каде што живеат протагонистите на филмот. Меѓу нив, по својата специфична индивидуалност и ексцентричност се издвојуваат: ѓубреџијата, девицата, бабата–воајерка, човекот што постојано решава крстозбори и неговата жена, која не може да ја поднесе неговата опседнатост со енигматика. Тука по лифтовите и ходниците се сретнуваат многу чудни и несекојдневни личности. Ѓубреџијата е опседнат со летањето и од контејнерите прибира најлони, кои ги

морални предрасуди, силеџија и љубовџија, човек што ги почитува само своите страсти. Тој спрема сопругата Стојна, работничка во фабрика, се однесува како спрема сопственост, па таа ропски послушна ги исполнува неговите барања и го поднесува неговото грубо и просто однесување. Цоле, неговиот син-студент, е малтретиран од својот татко, кој спрема него не чувствува татковска љубов ниту обврска. Единствена слабост Куплунг покажува спрема својата љубовница Шила, кафеанска пејачка, која се мажи за полицискиот инспектор, брат на Стојна. Само тогаш Куплунг е исфрлен од шемата по која живее и веднаш бара нов сексуален објект. Жртва станува девојката на неговиот син, Вилма, наивна и приглупа девојка, која по силувањето станува негова љубовница. Во оваа тајна врска, таа останува бремена. Цоле во една брутална сцена на насилство на Куплунг врз Стојна го напаѓа таткото, кој потоа останува инвалид врзан за количка. Цоле се жени за Вилма, таа раѓа син, а Стојна и понатаму ропски ја поднесува судбината обременета со нови тешкотии.

ДЕ: скопски улици; предградие; хотел; кафеана

ПР: Нова продукција

СЦ: Сашо Насев Р: Ербил Алтанај К: Синан Ѓунѓор М: Мевлут Кочак; Демир Кескин

во боја, звучен

## 497. GYPSY MAGIC

1997

Ин. број: 4091-М202/6

Дејствието на филмот се одвива во една ромска населба, а главни протагонисти се членовите на едно многубројно ромско семејство. Таип и Ремзија имаат шест деца, а егзистенцијата ја обезбедува Таип пребарувајќи по градската депонија и препродавајќи ги старите работи. На депонијата претендираат и други Роми, па така Таип доаѓа во конфликт со Омер, водач на една „банда", чии членови без многу размислување го користат ножот во пресметките. Бедата во која живее семејството не го попречува Таип да сонува, да мечтае за Индија, прататковината на сите Роми. Едно случајно познанство со докторот Риџу, Индиец по потекло, а инаку припадник на американските сили на УНПРОФОР во Македонија, му дава идеја како да дојде до толку потребните пари за купување коњ, кој ќе го однесе семејството во Индија. Парите, меѓу другото, му се потребни и за купување голем, жолт метален кревет, долгогодишна желба на Ремзија. Така, започнуваат редицата „несреќни случувања" во семејството на Таип. Посмртниците за бабата, мајката, синовите ги потпишува докторот Риџу, а Таип ги добива парите што му следуваат од „социјалното" за умирачките. Вака „умрените" се осудени на живот во затворениот простор на импровизираниот дом на Таип, скриени од светлината на денот. Еден од синовите, во ваквите околности, ја открива својата вистинска природа, па како травестит започнува љубовна врска со Индиецот Риџу. При погребот на третиот „починат" син Бајрам, кој се согласува да „умре" под услов да му приредат вистинско закопување, Таип доцни со откопувањето и несреќата влегува во неговото семејство. Големиот мечтател Таип се соочува со несреќите што им се случуваат на неговите блиски. Земените пари не се доволни за исполнување на неговите сништа. Најпосле, во одмазда за Омер,

кој беше убиен од Таиповиот син Фазли, гине и Таип. Неговото тело потпрено на скалилата на товарниот вагон заминува некаде далеку од чергарската населба.
ДЕ: Роми; ромска населба
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Владимир Блажевски Р: Столе Попов К: Апостол Трпевски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен, 3666 м

## 498. ПРЕКУ ЕЗЕРОТО

1997
Ин. број: 4575-М154/6

Филмот е инспириран од вистински настан. Времето што го опфаќа дејствието е период од неколку децении, а местото, со исклучок на почетокот и крајот на филмот, е Албанија во времето кога беше „голем бункер, затвор во кој никој не можеше да влезе, ниту да избега, години на лудило кога секој секому му беше непријател". Младиот Константин Бочваров во Охрид ја сретнува Елена Златарева, Македонка што живее во Корча, Албанија. Се случува силна љубов во годината 1948, позната по трагичните последици во индивидуалните судбини на многумина во тогашна Југославија, како и во соседните земји, чиј избор беше социјализмот според режимот на Сталин во Советскиот Сојуз. Границата со соседна Албанија е затворена. Комуникацијата меѓу младите вљубени е оневозможена. Константин мечтае по Елена, која е преку езерото и се решава за неизвесна авантура, пат преку езерото во кајче, за да дојде до неа. Тргнува на пат од кој нема да се врати следните четири децении. Во невремето што го зафаќа ги губи веслата, ја губи просторната ориентација и се препушта на судбината. Го пронаоѓа еден стар Албанец на албанскиот брег на езерото. Во Албанија, земјата на бункерите, се чини неверојатна неговата приказна. Го третираат како шпион, применуваат физичка тортура врз него, казнет е со затворање во логор каде што има многумина други несреќници како него. По излегувањето од логорот, ја пронаоѓа Елена и нивниот заеднички живот најпосле започнува. Константин добива работа во Тирана, таму им се раѓа ќерката, но животот под постојан стрес и беда се рефлектира и врз односите меѓу сопружниците. Константин мечтае да се врати во татковината. Но, наместо враќање во Охрид, тој повторно е затворен во логор. По многу години, остарен и измачен се враќа кај Елена во Корча. Ќерката Донка е веќе девојка. Животот продолжува без многу зборови, но со голема мечта по својата земја. Најпосле, доаѓа и времето на враќањето. Елена, Константин и нивната ќерка се во Охрид, градот на Константин и градот каде што започна нивната љубов.
ДЕ: Охрид; Охридско Езеро; град во Албанија; затвор; манастир; црква
ПР: Вардар филм - Скопје ; Studio Filmove Logos; Telewizja Polska S. A.; Telewizja Polsat S. A.
СЦ: Ташко Георгиевски; Антонио Митриќески Р: Антонио Митриќески К: Бартоломеј Мај М: Мирослава Гарлицка; Малгоржата Орловска
35 мм, во боја, звучен

## 499. ЗБОГУМ НА 20 ВЕК

1998
Ин. број: 4533-M149/6

Филмот „Збогум на 20 век" е жанровски комбиниран филм. Со своите футуристички, постмодернистички и ирониско-пародиски жанровски обележја, филмот претставува еден полижанровски конципиран филм, сакајќи да промовира еден нов и релативно поинаков пристап од оние во македонскиот филм претходно. Филмот е константно проткаен со разни библиско-митолошки теми и мотиви, па мотиви од народното творештво, како и со разни цитати и парафрази од целокупната светска филмска историја наназад. Структурно и временски, филмот е поделен на три дела, рамковно врзани во една поголема, релативно релаксирана целина. Првиот дел е лоциран во една релативно блиска, претпоставена иднина. Футуристичкиот карактер жанровски доминира во овој дел од филмот. Основната приказна е базирана врз повеќе митолошко-библиски теми и мотиви, но пред сè, тие се преземени од македонското орално народно творештво: најсилно препознатлива во фабулата е легендата/митот за Болен Дојчин. Главниот лик е Кузман, Човекот-кој-не-може-да-умре. Тој врз себе го носи проклетството да не може да умре. Вториот дел, значајно пократок од другите два, е лоциран некаде во почетокот на 20-от век. Доминира формата на квазидокументарниот запис. Овој квазидокументарен запис зборува, наводно, за првиот инцест и казната за него - регистриран на филмската лента на Балканот. Третиот дел е лоциран на самиот крај од 20-от век, поточно на денот на Нова година 2000-та. Како доминанта се јавуваат ирониско-пародиско-цитатните жанровски карактеристики на изразот и формата. Главен лик е Дедо Мраз, кој, разочаран и изиритиран од декаденцијата и расипаноста на луѓето, особено од работите што му се случуваат токму на денот на преодот од еден милениум во друг, решава да го уништи светот точно на полноќ. Како лик, на почетокот од овој дел, се јавува и Кузман, главниот лик од првиот дел - како мало дете и заедно со Дедо Мраз, кој на крајот од филмот ги испишува судбините на идните луѓе на еден од ѕидовите на градот (оној истиот ѕид што во првиот дел беше цел на Кузмановата потрага), се основните нишки што ја поврзуваат оваа приказна со другите две. На тој начин и се затвора кругот на рамковната приказна на филмот, со што тој завршува.

ПР: Мирко и Славко-Прва партизанска продукција, Скопје
СЦ: Александар Поповски; Дарко Митревски Р: Александар Поповски; Дарко Митревски К: Владимир Самоиловски М: Петар Јакониќ
35 мм, во боја, звучен

## 500. МАКЛАБАС

1998
Ин. број: ВХС видео лента

Агентот Ансаров, еден од главните ликови на филмот, е вовлечен во чудна истрага за серија убиства. Жртвите се агенти на разни странски разузнавачки служби. Дознава, со помош на своите врски и контакти, дека тие луѓе се вмешани во некаква замрсена игра, која се концентрира околу испитувањето и

експлоатацијата на еден многу редок минерал, дотолку поскап и поскапоцен поради фактот што од него се произведува некаков ексклузивен наркотик. Истовремено, елитните научници во тој минерал гледаат можност да навлезат во хибернираните димензии на антиматеријата. Утврдено е дека минералот (зелениот дијамант) е свесен за себе, односно дека поседува некаков вид свест (аспект на космички ум). Ансаров одеднаш се наоѓа себеси во брутална и беспоштедна војна меѓу двете мултинационални корпорации што сакаат да остварат стратегиска предност во регионот каде што се наоѓа минералот и да остварат слободна експлоатација. Сите нивни обиди завршуваат трагично поради средбите со примитивниот и исконски (митолошки обликуван) шумски човек Маклабас. Тој е митолошки заштитник на планините (а со нив и самиот минерал), и не ја дозволува експлоатацијата на минералот, сметајќи го тоа за скврнавење на исконската невиност на природата...
ПР: Влатко Галевски
СЦ: Ацо Станковски Р: Ацо Станковски К: Влатко Галевски М: Војо Живојиновиќ
35 мм, во боја, звучен

## 501. ВРЕМЕ ЖИВОТ

1999
Ин. број: ВХС видео лента

"Време, живот" е филм којшто е преадаптиран од телевизиската серија во три епизоди „Трето доба", снимена во 1986 година.
Во овој филм, станува збор за животот на старите луѓе во градската средина како што е Скопје, за љубовта во т.н. „трето доба" од животот, прикажана со блага нишка на хумор, и една лирска претпоставеност на карактерите. Протагонистите на оваа филмска приказна се луѓе што работат на филм - од актерите, преку филмските техничари, па сè до статистите - во текот на снимањето на филм. Животните приказни на овие филмски работници им се испреплетуваат со приказните на ликовите од филмот чиешто снимање е во тек. Со неколкуте перипетии во кои тие стари но витални луѓе покажуваат една завидна енергија, инвентивност и желба за живот и љубов, во филмот - полека но сигурно, се кристализираат односите меѓу нив, за на крајот, повеќето од нив да си ги пронајдат своите животни сопатници - и вон и во филмот, заклучувајќи дека во ниедно време од животот не е доцна да се живее со полна сила и да се ужива во животот што на човека му е даден на располагање.
ПР: Носталгија филм - Скопје; Министерство за култура на Република Македонија; Македонска телевизија
СЦ: Русомир Богдановски Р: Иван Митевски К: Димитар Владички М: Дилавер Мустафа
35 мм, во боја, звучен

# КРАТКИ ИГРАНИ ФИЛМОВИ

## 502. БУНТ НА КУКЛИТЕ

1957
Ин. број: 231-M82/6; 851-M121/6; 852-M121/6; 3726-M278/1; 3768-M279/1; 3783-M280/2

Детскиот сон е фантастичен. Детето што си игра со оловни војници сонува и се поистоветува со нив, при што ги заборава детските игри и другарството. Во сонот куклите, здружени, се побунуваат против детето и го победуваат. Детето се буди и сфаќа дека другарството и детската игра со ништо не можат да се заменат.

ДЕ: детска игра, војна на оловни војници; кукла, детска играчка, без една нога; оловен војник, детска играчка; детски сон; танц, на куклите; луна-парк, девојче со кукла во рацете

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Љубе Петковски Р: Димитрие Османли К: Љубе Петковски М: Драгомир Панков

35 мм, црно-бел, звучен, 500 м

## 503. ПОДАРОК ОД ВЕСЕЛИОТ МОЛЕР

1957
Ин. број: 230-M82/6; 808-M117/6; 3225-M418/6; 1759-M207/1; 3810-M282/2

Децата, играјќи си, цртаат по ѕидот на собата. Затоа доаѓа молер за да го префарба станот. Молерот на децата им слика на ѕидот и со тоа ги развеселува. Но, и откако ќе го префарба ѕидот, децата во својата фантазија и понатаму ја

гледаат сликата и ѝ се радуваат. За нивната тајна, за сликата-подарок од молерот, никој не знае.
ДЕ: деца, 2 машки и едно женско, си играат, помалото момче црта на ѕидот; улица, по која доаѓа молерот, минувачи; молер, ја молерисува собата на децата; слика, молерот црта на ѕидот, подарок за децата
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: според расказот на Михаљ Мајтењи Р: Димитар Ќостаров К: Киро Билбиловски М: Драгомир Панков
35 мм, црно-бел, звучен, 685 м

## 504. СОНЦЕ ЗАД РЕШЕТКИ

1957
Ин. број: 232-М82/6; 871-М122/6; 872-М122/6; 3224-М418/6; 3630-М272/2

Приказна за љубовта меѓу детето и кучето. И во моментите кога кучето го фаќа шинтер, детето останува покрај својот другар и со својата упорност го принудува шинтерот да му го врати кучето.
ДЕ: дете, во игра со куче; куче, најдобриот другар на детето; шинтер; шинтерска кола, запрежна; Скопје, стариот подвозник
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Славко Јаневски К: Бранко Михајловски М: Драгомир Панков
35 мм, црно-бел, звучен, 470 м

## 505. ДАВИД, ГОЛИЈАТ И ПЕТЕЛ

1960
Ин. број: 282-М85/6; 656-М107/6; 821-М118/6; 880-М123/6; 2883-М402/6; 2884-М402/6; 1785-М209/1; 3604-М271/2

Скитникот е гладен, а детето има петел. За да ја оствари својата цел, да се најаде, скитникот му го зема петелот на детето. Но, поради тагата на детето, скитникот се премислува и детето е повторно со својот пријател. -...И доброто и злото му се вродени на човекот, а ти суди што повеќе му лежи... (од ненапишаните Голијатови псалми) -
ДЕ: скитник, Магус, кој е гладен и по секоја цена сака да го изеде петелот на детето; дете, единствен пријател му е петелот, кој сака да го изеде скитникот; петел, околу кој се врти целата борба меѓу детето и скитникот
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Славко Јаневски Р: Славко Јаневски К: Киро Билбиловски М: Драгомир Панков
35 мм, во боја, звучен, 580 м

## 506. ТВОЈОТ РОДЕНДЕН

1961

Ин. број: 290-М86/6; 291-М86/6; 292-М86/6; 699-М110/6; 1793-М209/1; 2415-М237/1; 2416-М237/1; 3614-М272/1; 3613-М272/2; 3615-М272/2; 3725-М278/2

На роденденот на малото девојче доаѓаат пријателите на нејзините родители. Добиените подароци се натрупуваат во нејзината соба и повеќето од нив се исти. Гостите ја заборавaат малата славеничка и се затвораат во салонот. Започнува танцот, а постарите играат карти. Малечката останува сама. Соседите се вознемирени од бучавата и бараат од домарот да интервенира. Тој оди во станот каде што се слави. Вратата му ја отвора девојчето. Таа го кани стариот добар домар во својата соба за да му ги покаже играчките. Сакајќи да ѝ го разубави роденденот, домарот се обидува да ја развесели малечката. Со помош на нејзините играчки, ја внесува во светот на бајките. Куклите оживуваат и девојчето со радост учествува во нивната игра. Времето минува, веќе е доцна во ноќта и девојчето заспива. Домарот тивко заминува, оставајќи ја во нејзината соба, исполнета со играчките.

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Илхами Емин Р: Здравко Велимировиќ К: Бранко Михајловски М: Драгомир Панков

35 мм, црно-бел, звучен, 540 м

## 507. НЕВОЉИТЕ НА ПОКОЈНИКОТ К.К.

1963

Ин. број: 362-М90/6; 651-М107/6; 816-М118/6; 817-М118/6; 3159-М413/6; 2490-М241/1; 2491-М241/2; 2492-М241/2; 2493-М241/2; 2494-М241/2

Неочекуваната смрт на безначајниот и скромен службеник Крсте Крстевски, сиот свој живот потстанар и неженет, ги изненадува неговите колеги и познаници. Дури потоа, тој е во состојба да им се одмазди за ситните сплетки, па дури може да се рече дека неговиот вистински живот започнува по неговата смрт.

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Коле Чашуле Р: Здравко Велимировиќ К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев

35 мм, црно-бел, звучен, 420 м

## 508. НЕ

1966

Ин. број: 452-М94/6; 453-М94/6; 454-М94/6; 672-М108/6; 673-М108/6; 2039-М213/1; 2040-М213/2

Во своите игри низ планината, три момчиња наоѓаат заборавено оружје од војната и тогаш започнува една нова, опасна игра...

ДЕ: шума; карпест предел; јато орли во лет

ПР: Вардар филм - Скопје

СЦ: Љубиша Георгиевски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев

35 мм, црно-бел, звучен, 340 м

## 509. ЛИФТ ГОРЕ ЛИФТ ДОЛУ

1967
Ин. број: 435-М93/6; 2380-М236/1; 2381-М236/2

Група деца наоѓаат простор за игра меѓу недоизградените станбени куќи и цигланата, градејќи свој свет во неисцрпните можности што ги нуди нивната фантазија. Нивната игра, радоста и смеата му пречат на чуварот на градилиштето, па тоа значи и крај на играта.
ДЕ: циглана; градилиште
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Ташко Георгиевски Р: Душан Наумовски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 376 м

## 510. ПАТЕКА

1967
Ин. број: 436-М94/6; 437-М94/6; 438-М94/6; 439-М94/6; 2956-М40/6; 2065-М215/1; 2066-М215/2

Луѓето често одат по иста патека, претходно направена, па макар и од пијан човек. Не обрнуваат внимание ни на нејзината форма, ни на нејзината должина, ниту, пак, на тоа дали може да се скрати или до саканото место да се стигне по поправ или пократок пат. Така и луѓето во филмот се буткаат и одвај се разминуваат, но упорно одат по патеката што претходната вечер во снегот ја направил еден пијан човек.
ДЕ: пијан човек, пијаница
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Коле Ангеловски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 200 м

## 511. СПОМЕНИК

1968
Ин. број: 428-М93/6; 666-М107/6; 906-М125/6; 907-М125/6; 3236-М418/6; 2072-М215/1; 2073-М215/2

Приказна за човекот што присвојува туѓи знаења и достигнувања и си подигнува самиот себеси споменик во чија оправданост и неопходност верува. Телоп: „Внимание. За оние што не присуствуваа утре пак ќе се откријам."
ДЕ: Скопје, центарот на градот; Скопје, Технолошки факултет
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Бошко Смаќоски Р: Вељо Личеноски К: Љубе Петковски М: Олга Лукова
35 мм, црно-бел, звучен, 245 м

## 512. ОЧИ

1969
Ин. број: 474–M95/6; 475–M95/6; 496–M95/6; 667–M107/6; 892–M124/6; 2482–M240/1; 2483–M240/2

Филм за внатрешните состојби на човекот: радост, болка, молба, страв, прикажани преку расположението на девојчето, поточно преку нејзините очи. Нишката што ги поврзува сите тие состојби, во филмот, е една топка, со која девојчето си игра кога е среќно, а, пак, кога ја нема, тоа е тажно. Во моментите на страв, девојчето не може да воспостави комуникација со луѓето, топката ја нема.

ДЕ: девојче, во игра со топка ; калеидоскоп
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Гане Тодоровски Р: Бранко Ставрев К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 298 м

## 513. ТЕМНО ОГЛЕДАЛО

1969
Ин. број: 470–M95/6; 913–M126/6; 914–M126/6; 3553–M183/6; 2126–M219/1; 2127–M219/2; 2128–M219/2

Човековиот ум и организам, способни за врвни дострели во уметноста и техниката, во ситуации надвор од човековата моќ, или поради монотонијата на работниот процес во кој доминира машината, доживуваат повреди, кои значат не само физички туку и психички трауми. Со цел да се вратат во нормален животен процес овие пациенти во Заводот за рехабилитација се подложени на несебична помош, лекување и внимание, за да им се овозможи повторно враќање во нормалните текови на живеењето. Филмот е реализиран во соработка со Сојузот на трудовите инвалиди на Македонија.

ДЕ: Завод за рехабилитација на трудови инвалиди ; топилница ; машинска хала ; гардероба на балетски играчи ; фрагмент од балетска претстава ; урбан амбиент, ноќе ; урбан амбиент, дење
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Џоџа Ајановски Р: Мето Петровски К: Бранко Михајловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 298 м

## 514. ХОМО АПСУРДИКУС

1969
Ин. број: 464–M95/6; 465–M95/6; 466–M95/6; 2916–M403/6; 2917–M403/6; 2094–M217/1; 2095–M217/2

“Самоубиство! Што е тоа? Свесно и намерно уништување на сопствениот живот. Но, дали е тоа хероизам, протест против животот или кукавичко однесување. - Мислам дека не е ни едно од тоа. Сепак, тоа е фатален конфликт на имагинарниот субјективизам со реалната стварност на денешниот живот, кој често се завршува со смрт, на еден корисен и општествено оформен човек.

Човекот што е предиспониран за самоубиство во животот се среќава со некој интимен мотив, субјективно оценет и донесува решение со својата слободна волја. Понекогаш се случува интимно-субјективно оценет мотив во последен момент да биде победен со вродениот нагон за живот, па самоубиецот се откажува од извршувањето на својата одлука." Д-р Вељко Бујан, професор по судска медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Кирил Петров ; Ванчо Хиљадников ; Кирил Ефремов Р: Ванчо Хиљадников К: Мишо Самоиловски М: Олга Лукова
35 мм, црно-бел, звучен, 260 м

## 515. ЧОВЕКОТ ВО ЦРНО

1970
Ин. број: 597-М104/6; 2378-М236/1; 2379-М236/2

На луѓето им треба водач. Нив некој мора да ги води, па макар тој бил и болен. Човекот во црно стои на автобуска станица и кој како доаѓа го опоменува да застане во ред. Редот е сè подолг. Кога доаѓа автобусот, човекот ги пропушта луѓето од редот да влезат пред него и кога тој се подготвува да влезе, доаѓаат болничари и го одведуваат.
ДЕ: Скопје ; саем, скопски ; мост, пешачки, на Вардар ; станица, автобуска, пред старата зграда на МНТ, на бул. „ЈНА"
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Мето Јовановски Р: Бранко Ставрев К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, црно-бел, звучен, 288 м

## 516. КОЈ ВЕК МИНУВА НАДВОР ДЕЦА

1975
Ин. број: 520-М97/6; 3344-М142/6; 3345-М142/6; 2409-М237/1; 2410-М237/2

Приказна за едно македонско село, кое ги живее своите последни денови со последниот жител, старец, сведок на сите настани, кои ја прават историјата на селото.
ДЕ: македонско село ; црква, во македонско село ; камбанарија ; селски гробишта
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Анте Поповски Р: Љубиша Георгиевски К: Бранко Михајловски М: Олга Лукова
35 мм, во боја, звучен, 230 м

## 517. ДЕНЕС ТРЕБА НЕШТО ДА СЕ СЛУЧИ

1976
Ин. број: 522-М97/6; 2116-М218/1; 2117-М218/2; 2118-М218/2464-М95/6;

Двајца старци што сè уште се сакаат, а се разделени од двете страни на границата, која не им допушта да бидат заедно, се видуваат секојдневно. Таа,

сета во црнина, доаѓа да собира тревки во шумичката, а тој седнат на стебло и со луле во раката е во постојано очекување на нејзиното појавување. Војниците, граничари, се неумоливи. Нејзиниот обид да ја мине границата тие го оневозможуваат. И така, минува времето исполнето со сеќавање за една среќа, така можна, а нереализирана поради граничниот камен, кој ја разделува земјата.
ДЕ: фотографии снимени за време на војната ; збегови ; логори ; војници
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Миле Гроздановски Р: Миле Гроздановски К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
35 мм, во боја, звучен, 280 м

## 518. ДЕН КОГА СЕ ПРОШТЕВА

1976
Ин. број: 521-М97/6; 691-М109/6; 839-М120/6; 840-М120/6; 2474-М270/1; 2497-М241/1; 2470-М240/2

Филмот е инспириран и претставува адаптација на расказот „Прочка“ од Блаже Конески. Паганскиот обичај, ритуалот со маски по повод празникот Прочка, низ сонот на детето, кое е опседнато со тешката болест на сестра си.
ДЕ: пилекатник, стапица за птици ; мандра ; Прочка, верски празник, ритуал со маски
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Љупчо Билбиловски Р: Љупчо Билбиловски К: Драган Салковски ; Љупчо Билбиловски М: Олга Лукова
35 мм, во боја, звучен, 500 м

## 519. ГЛАВА

1979
Ин. број: 748-М113/6; 749-М113/6; 750-М113/6; 3539-М185/6; 3540-М185/6; 2250-М227/1; 2251-М227/2

Филмот го прикажува настанувањето на една глава од глина, која вајарот ја прави по сеќавање на еден настан од детството, кога на еден човек му е отсечена главата и набиена на кол. Паралелното прикажување на овие две дејствија ни асоцира на денешнината во која теророт, насилството, суровоста се развиваат до невидени размери и ги минуваат сите граници.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Паскал Гилевски ; Лаки Чемчев Р: Лаки Чемчев К: Мишо Самоиловски М: Лаки Чемчев
16 мм, во боја, звучен, 210 м

## 520. МИСТЕРИОЗНИОТ ПРЕДМЕТ

1982
Ин. број: 579-М102/6; 2304-М230/1; 2205-М230/2

Филм за моќта на злото и искушението, за алчноста и за крепкоста на пријателството што ги води двајцата пријатели до самоуништување, а сето тоа го користи некој трет.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Слободан Деспотовски Р: Слободан Деспотовски К: Киро Билбиловски М: Олга Лукова
35 мм, во боја, звучен, 296 м

## 521. ПОЛНОЌНО СОНЦЕ

1982
Ин. број: 574-М102/6; 2590-М245/1; 2591-М245/2
Приказна за сиромашниот човек, кој излез од својата ситуација наоѓа бегајќи во соништа и желби. Сценариото е работено според расказот „Едно малечко сонце“ од современиот писател од Сирија, Зекерија Тамир.
ДЕ: Скопје, Стара чаршија, Камен мост, ноќе
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Љупчо Билбиловски Р: Љупчо Билбиловски К: Киро Билбиловски М: Димитар Грбевски
16 мм, во боја, звучен, 238 м

## 522. ВИНОВНИК

1983
Ин. број: 4561-М150/6
Кои се можните причини што доведуваат до сообраќајна несреќа. Шоферот на камионот е несовесен спрема работата. И покрај предупредувањата дека возилото му е неисправно, тој заминува на пат. Покрај тоа навратува и во локалното меанче. Потоа тој предизвикува сообраќајна несреќа со автобус. Има петмина загинати и повеќемина тешко повредени.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Тања Битољану ; Мирче Данаилов Р: Зоран Младеновиќ К: Мишо Самоиловски М: Димитар Грбевски
35 мм, во боја, звучен

## 523. ОПАСНА БАБА

1985
Ин. број: 573-М102/6; 2581-М245/1; 2582-М245/2
Една вечер, една баба случајно останува заклучена во стоковна куќа. Патот од стравот до задоволството, ја менува и самата баба како личност.
ПР: Вардар филм - Скопје
СЦ: Милчо Манчевски ; Милое Радаковиќ Р: Милчо Манчевски К: Мишо Самоиловски М: Димитар Грбевски
16 мм, во боја, звучен, 180 м

## 524. ГЛАС

2000
Ин. број: 4515-М144/6

"Глас" е респектабилен дневен весник, кој штотуку го прославува тиражот на деценијата. Во валканите игри за весникот да го смени сопственикот, како уредник на весникот е назначена неискусната новинарка Ана. Ана, која има сопствени идеи за тоа што е новинарство, го доведува весникот до ситуација да не продаде ниту еден број од дневниот тираж. Сепак, таа ја открива сплетката околу нејзиното именување и околу ненадејната смрт на стариот директор и ја објавува. Аферата во која е вклучен и еден министер повторно го враќа тиражот на дневникот. Ана доаѓа до сознанието дека целта на новинарите е да го разоткријат хаосот.

ПР: Министерство за култура на Република Македонија ; Македонска телевизија
Р: Филип Апостолски К: Димитар Владички М: Љубомир Атанасовски
35 мм, во боја, звучен, 507 м

## 525. ТАБАКЕРАТА

„Табакерата" е телевизиски филм, кој обработува еден период од животот на македонскиот револуционер Гоце Делчев.

ПР: Македонска телевизија
СЦ: Ташко Георгиевски Р: Душан Наумовски К: Добри Јаневски М: Борче Мирчевски
16 мм, црно-бел, звучен, 435 м

# ИНДЕКС НА ФИЛМОВИ


## А

А (УФО) 197
АВСТРАЛИЈА, АВСТРАЛИЈА 154
АВТОПАТОТ БРАТСТВО-ЕДИНСТВО (НЕГОТИНО-ДЕМИР КАПИЈА) 78
АДАМ (5 ДО 12) 191
АЗОТ 62
АЛЕКСАНДАР КАРАЃОРЃЕВИЌ ВО ПОСЕТА НА БИТОЛА 28
AMEN SIAM BUT ROMA 154
АНГЕЛИ НА ОТПАД 230
АНГРОИНЖИЊЕРИНГ 177
АПАРТМАН 199
